**РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Климент Охридски “- Битола**
**Економски факултет - Прилеп**

**-докторска дисертација-**

# Ефектите на странските директни инвестиции врз економскиот развој на Република Косово

**Кандидат,**
**М-р Афердита Шабани**
**досие број 3059**

**Ментор,**
**Проф.д-р Мирослав Гвероски**

**Прилеп, 2021**

Содржина

Апстракт ........................................ 4

ABSTRACT ........................................ 5

Вовед ........................................ 6

1. ПРВ ДЕЛ ........................................ 21

1.1 Дефинирање на темата и проблемот на истражување (истражувачки прашања) 21

1.1.1 Цели и хипотези за работа ........................................ 22

1.2 Методи, техники и инструменти за истражување ........................................ 24

1.3 Очекувани резултати од истражувањето ........................................ 26

2. ВТОР ДЕЛ ........................................ 27

2.1 СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ КАКО КЛУЧЕН ДЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ........................................ 27

2.1.1 Теоретски аспекти на процесот на глобализацијата ........................................ 27

2.2 Предности и негативни страни на глобализацијата ........................................ 34

2.3 Основни историски текови на глобализацијата ........................................ 41

2.4 Карактеристики на учесниците во глобализациskiot процес ........................................ 46

2.5 Улогата на странските директни инвестиции во процесот на глобализација ........................................ 53

2.5.1. Значење на меѓународниот бизнис за економиите во развој ........................................ 58

2.5.2. Економски ефекти од зголемувањето на странските директни инвестиции- предности и предизвици ........................................ 63

2.5.3. Улогата на мотивите во тековите на СДИ ........................................ 70

2.5.4. Стратегии и политики за привлекување СДИ ........................................ 72

2.5.5. Краток преглед на општите трендови на СДИ во светот и одделни региони 76

3. ТРЕТ ДЕЛ ........................................ 83

3.1. Краток осврт на макроекономскиот амбиент во Р.Косово ........................................ 83

3.2. Клучни фактори на економскиот развој во Р.Косово ........................................ 93

3.3. Градење макроекономска стабилност ........................................ 97

3.4. Приватизација и реформа на јавните услуги во Р.Косово ........................100
3.5. Регулирање на пазарот и лојалната конкуренција..................................104
3.6. Натамошно унапредување на даночниот систем ...................................106
3.7. Развој на финансискиот и кредитниот систем ........................................109
4. ЧЕТВРТ ДЕЛ........................................................................................ 120
4.1. Оценка на досегашните ефекти од странските директни инвестиции врз економскиот развој на Р.Косово .......................................................................120
4.2. Директни странски инвестиции во повоениот период на Р.Косово...........122
4.3. Ефекти од досегашните СДИ во Р.Косово..............................................126
4.4. Комуникациски канали и мотиви за инвестирање..................................142
4.5. Анализа на структурата на СДИ ...........................................................145
4.6. Фактори за привлекување СДИ во Р.Косово ..........................................149
5. ПЕТТИ ДЕЛ ........................................................................................ 155
5.1. Оценка на инвестициската клима за привлекување странски директни инвестиции во Р. Косово ...........................................................................155
5.2. Досегашни мерки и политики за привлекување СДИ ..............................157
5.2.1. Мерки за спречување на корупцијата во земјата, како предуслов за привлекување СДИ ........................................................................ 158
5.2.2. Реформи во правосудниот систем ............................................. 163
5.2.3. Реформи и унапредување на даночниот систем .......................... 168
5.2.4. Мобилизација на капиталот од косовската дијаспора .................. 176
5.2.5. Ограничувања и пречки за странски инвестиции во Р. Косово...... 182
5.2.6. Интензитет на плаќањата ......................................................... 185
5.3. ПОЛИТИКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СДИ...............................................186
5.3.1. Промоцијата во функција на СДИ.............................................. 188
5.3.2. Избор на меѓународна конкурентска стратегија .......................... 190
5.3.3. Концептот на меѓународната бизнис стратегија .......................... 191
5.3.4. Мотиви за акции во странските земји......................................... 192
5.3.5. Приходи наспроти нови ризици.................................................. 192
5.3.6. Имплементација на стратегиите................................................ 194

5.3.7. Мешани стратегии ........................................................................ 195

5.3.8. Оперативни одлуки........................................................................ 195

5.3.9. Унапредување на субјективноста на Р.Косово во меѓународните економски односи ........................................................................ 196

6. ШЕСТИ ДЕЛ ........................................................................ 202

6.1. Компаративна анализа на политиките за привлекување СДИ во Р.Косово202

6.2. Компаративна анализа на СДИ во земјите од Западен Балкан.................210

6.3 Предлог – модел на политика за привлекување СДИ во Р.Косово...........224

6.4. Симулација на развојните ефекти од примената на предлог-моделот за политика за привлекување СДИ во Р. Косово ..........................................................230

7. СЕДМИ ДЕЛ ........................................................................ 233

7.1. Заклучни согледувања (да се прилагоди според целата докторска и новите внесени корекции)........................................................................233

7.2. Препораки........................................................................246

7.3. Прашања за натамошно проучување ....................................................247

7.4. Користени слики........................................................................249

7.4. Користени табели........................................................................249

7.5. Користени графикони ........................................................................250

7.7. Користена литература (да се внеси новата литература која ја има во фусноти а не е овде внесена, внесат интернет страниците како што гласат и внесат законите целосно со податоци за нив)...................................................................251

## Апстракт

СДИ, како катализатор на економскиот развој, според теоретските опсервации, позитивно влијаат и врз економскиот раст, и тоа како кај земјите-вложувачи, така и во земјите-корисници. Оттука, ова истражување прави детален осврт на странските директни инвестиции (СДИ), начинот на којшто тие придонесуваат за економскиот раст и развој во Р.Косово и можностите за нивно поинтензивно привлекување во иднина.

Во тој контекст, пак, фокусот е насочен кон компарирањето на приливот на СДИ во пет земји во потесниот регион (Р.Македонија, Р.Србија, Р. Босна и Херцеговина, Р.Црна Гора versus Р.Косово), и тоа во периодот од 2008 до 2018 година. Таквиот приод е со цел да се добијат сознанија како СДИ влијаеле за зголемување на продуктивноста, конкурентноста, вработеноста и етаблираноста на современиот менаџмент во регионот, со посебен осврт на Р.Косово.

Меѓутоа, СДИ ја налагаат потребата земјата-корисник да конципира соодветна макроекономска политика за нивно привлекување, односно да создаде адекватна инвестициска клима, којашто ќе ги мотивира странските инвеститори да го вложат својот капитал и да очекуваат негово оплодување, т.е. враќање во сигурни безбедносни услови. СДИ, како фактор за економски раст и развој, пред сé, во земјите во развој и транзиција (какви што се и земјите од Западен Балкан), генерално, придонесуваат за зголемување на стандардот на населението, отворање нови работни места, зголемување на нивото на образование, пристап до новите технологии и подобрување на инфраструктурните капацитети.

Според тоа, аналитичкиот приод во истражувањето има за цел да понуди критички осврт на состојбите во сферата на СДИ во Р.Косово, со посебен акцент на институционалните услови, регулациската рамка за нивно привлекување, постојната макроекономска политика и глобализациските влијанија врз земјата и нејзината економија, а сé со цел да се изгради соодветен модел на политика, што ќе биде во функција на зголемувањето на приливот на СДИ во Косово за негов натамошен развој.

Тоа, од друга страна, подразбира усогласување на интересите меѓу инвеститорите и деловните субјекти-како корисници, градење адекватни стратегии и профилирање современи економски концепти на национално ниво за стимулирање на приливот на СДИ.


**Клучни зборови:** СДИ, инвестициска клима, модел на економска политика, економски раст и развој

# ABSTRACT

Abstract English

FDI as a catalyst for economic growth, according to theoretical observations, has a positive impact on economic growth, both in investor countries and in beneficiary countries. Therefore, this research provides a detailed overview of foreign direct investment (FDI), how they contribute to economic growth and development in the Republic of Kosovo, and opportunities for their intensification in the future.

In this context, however, the focus is on comparing FDI inflows to five countries in the narrower region (R. Macedonia, R. Serbia, R. Bosnia and Herzegovina, R. Montenegro vs. R. Kosovo), during this period from 2008 to 2018. Such an approach is designed to gain insights into how FDI has affected the growth of productivity, competitiveness, employment and the creation of a modern management in the region, with particular reference to Kosovo.

However, FDI requires the beneficiary country to develop an appropriate macroeconomic policy to attract them, which means, to create an appropriate investment climate that will motivate foreign investors to invest their capital and wait for their fertilization, by which it means to return to safe safety conditions. FDI, as a factor of economic growth and development, mainly in developing and transition countries (such as the Western Balkans), generally contributes to raising living standards, creating new jobs, increasing education levels, access to new technologies and infrastructure improvements.

Therefore, the analytical approach to research aims to provide a critical overview of the situation in the field of FDI in the Republic of Kosovo, with particular emphasis on the institutional conditions, regulatory framework for their attraction, current macroeconomic policy and the impacts of globalization on the country and the economy, and all to create an appropriate policy model that will serve to increase FDI inflows into Kosovo for its further development.

This, in the other hand, involves aligning the interests of investors and business users, building appropriate strategies and profiling modern economic concepts at the national level to stimulate FDI flows.

**Keywords**: FDI, investment climate, economic policy model, growth and economic development

## Вовед

Актуелните трендови во светот, односно глобализацијата на пазарот, брзиот технолошки развој, зголемувањето на употребата на информациските и комуникациските достигнувања за управување со системите, како и за развојно планирање, управување и контрола се само некои од современите бизнис фактори коишто вршат директен притисок врз организациите и менаџерските тимови во нив. Глобализациската околина секојдневно станува сé посложена. Имено, компаниите се соочуваат со постојани предизвици од различни области, така што се принудени да се информираат за да донесуваат релевантни одлуки за инвестирање надвор од границите на земјата, а се со цел да бидат во чекор со економската глобализација.

Теоријата познава огромен број дефиниции за глобализацијата, но од оние што беа достапни, пак, може да се заклучи дека различни автори, приоѓајќи од различни аспекти, даваат свои видувања за овој комплексен процес. Но, сублимирано, од дефинициите произлегува дека тие, генерално, можат да се сведат на следниве неколку потточки:

1. глобализацијата како *интернационализација* подразбира интензивирање на меѓудржавните интеракции и меѓузависност на државите;
2. глобализацијата како *транснационализација,* подразбира развој на транснационалните односи, односно меѓудржавни врски и структури;
3. глобализацијата како *детериторијализација* значи бришење на географскиот простор во светската политика;
4. глобализацијата како *десуверенизација,* заради намалувањето на економската, политичката и културната независност, т.е. суверенитетот на државите;
5. глобализацијата како *дерегулација во либерализацијата,* што се поврзува со слабеењето на контролата врз пазарите;
6. глобализацијата како *универзализација,* односно ширење на определени вредности ширум светот; и
7. глобализацијата како *вестернизација* или *американизација,* при што се мисли дека САД имаат доминација во овој процес.

За СДИ, пак, се смета дека постои траен удел ако директниот инвеститор презел 10% од обичните акции (или друг вид сопственички капитал) или гласачките права на фирмата за директни инвестиции.

Меѓутоа, најбитно е што со глобализацијата се интензивира мобилноста на стоките/услугите, капиталот, информациите и човечките ресурси, пазарот се мултиплицира, а конкуренцијата станува сé пожестока.

Во стручната и научната литература е прифатена дефиницијата и класификациите што ги востановиле ММФ и ОЕЦД, односно СДИ се дефинираат како: *„вид на меѓународни инвестиции што ги презема резидентот од една економија/земја (директен инвеститор -direct investor) со цел преземање на трајниот удел во фирмата што работи во друга економија/земја (компанија за директни инвестиции-direct investment enterprise)."*

Значи, во постојните услови, пак, треба секоја земја да има јасна визија, определена мисија и добро дефинирани стратегии. Глобалната интеракција подразбира заемна зависност меѓу земјите и различните актери од иста област во различни земји. Способноста да се имплементира стратегија за настап на глобалниот пазар е клуч за успех на бизнисот. Токму поради овој факт потребата за прифатлив, т.е. модерен пристап е повеќе од неопходна. Во овој контекст, при истражувањето, акцентот ќе биде ставен на странските инвестиции во Р.Косово и нивните ефекти врз економскиот развој на земјата. Повисокото ниво на инвестиции е токму она што може да го обезбеди долгорочниот финансиски успех и развој на економијата во земјата.

Постојат голем број причини зошто нивото на странски инвестиции е мало во Р.Косово. Имено, досегашните истражувања покажуваат дека е многу тешко за меѓународните компании да инвестираат во Р. Косово, главно, заради неконкурентната средина и малиот пазар. Всушност, постоењето на јазот меѓу потребните стратегии и соодветните активности на оперативно ниво е главниот проблем за постигнување подобри резултати и остварување на бизнис целите во оваа сфера.

Поточно, како резултат на постојаните промени во правната регулатива на Р. Косово, **денес, компаниите сé уште се соочуваат со низа тешкотии при водењето на бизнисот, односно** при одлучувањето за инвестиции и витализирањето на растот и развојот. Големите компании беа принудени да бараат нови начини за да се соочат со развојните трендови на новата економска парадигма. Многу компании имаат проблеми да ги трансформираат своите стратегии и да ги направат адаптибилни на новосоздадените услови за да можат да постигнат подобар успех. За надминување на постојниот јаз е неопходно да се имплементираат поповолни и попримамливи политики за странските бизниси. Значи, неопходно е да се развие нов систем за привлекување странски директни инвестиции, односно да се изнајде прифатливо решение за привлекување странски директни инвестиции, а пристапот треба да биде повеќе интеграциски. Ова, пак, би значело изедначување на стратегијата со интересите на странските компании, и тоа од повеќе аспекти, а земајќи ги предвид факторите и условите што придонесуваат за зголемување на инвестициите.

Голем број автори, испитувајќи го ова прашање, имаат понудено одделни сугестии, мислења и идеи за начините со коишто може да се привлече поголем обем странски инвестиции во земјата. Но, приоѓајќи од различни аспекти, речиси секој од истражувачите има своевиден пристап и нуди различна визија за идното инвестирање. Оттука, пак, се нагласува важноста на соодветниот систем и стратегија за привлекување странски директни инвестиции, што би придонесле за постигнување позабележителен успех во развојот на конкретната земја, поточно Р.Косово.

Во оваа докторска дисертација ќе бидат анализирани некои од развиените модели на политики со што ќе се обезбеди соодветен предлог-модел на политика за привлекување СДИ во Р.Косово како прифатлив скромен придонес за расветлување на ова прашање, при што се направи обид да се дадат определени препораки и сугестии за тоа што треба да се преземе за привлекување странски директни инвестиции во земјата.

Оттука, во **првиот дел** од оваа докторска дисертација ќе биде презентирана методолошката рамка на истражувањето. Предметот на истражување во оваа докторска дисертација е повеќедимензионален и опфаќа различни научни дисциплини, т.е. определени сегменти од некои интересни, за оваа проблематика, истражувачки резултати.За да се реализира целта на истражувањето ќе бидат користени соодветни методи и техники. Имено, покрај дескрипцискиот метод (објаснувањата на поимите „глобализација“, „СДИ“„ТНК’ и сл.) при анализите и испитувањата ќе се користат индукцискиот и дедукцискиот метод, потоа компаративниот метод, статистичкиот метод и одделни техники за мерење на резултатите.Тоа подразбира дека анализите ќе се вршат со комбинација на квалитативните и квантитативните методи за истражување во општествените науки, каква што е економијата.

**Вториот дел** од оваа докторска дисертација ќе ги елаборира СДИ како потпроцес на глобализацијата, чиј главен нивен оператор денес се ТНК. Имено, во овој истражувачки сегмент иницијалноќе бидат разгледувани теоретските аспекти на глобализацијата. Проучувањето на овој светски феномен покажува дека процесите на глобализацијата, особено во последниве две децении, се поврзани со динамичниот технолошки развој, што придонесува за просторно и временско намалување или бришење на постојните граници и тајминзи. Значи, битна предност на глобализацијата е нејзиното наднационално дејствување. Но, од друга страна, постои опасност од создавање центри на моќ, што би наметнале своевиден иделошки концепт. Исто така, воведувањето универзални стандарди може да доведе до губење на хетерогеноста меѓу глобализациските актери. Бидејќи економската глобализација ги тангира макро и

микро процесите, појавата на финансиска криза, на пример, лесно се прелева и шири во светот. Сето тоа директно се одразува врз менување на политичките, социјалните, културните и економските односи меѓу државите, компаниите и поединците. Оттука, може да се заклучи дека глобализацијата создава причинско-последични врски.

Во овој дел од истражувањето акцентот ќе биде ставен на *СДИ, како клучен дел од процесот на глобализацијата*. Притоа, ќе бидат анализирани видовите СДИ, мотивите за нивно привлекување, факторите што директно влијаат врз зголемување/намалување на нивниот обем во земјите од регионот, со посебен осврт на Р.Косово. Исто така, ќе биде направен избор на оние стратегии што ќе го поттикнуваат присуството на СДИ во косовската економија во иднина, и тоа земајќи ги предвид push и pull страните во овој процес. Имено, тоа се однесува на кохерентните политики во земјите од регионот и интересот на меѓународниот бизнис за лоцирање на странскиот капитал во атрактивните стопански гранки и дејности, односно нивната поврзаност со домашните компании.

Денес, сите СДИ се делат на 2 основни вида, и тоа: **greenfield** и **brownfield**. Но, покрај *директни*, постојат и *индиректни* странски инвестиции, а основната разлика меѓу нив е во контролата на купената актива, така што кај директните таа се реализира, додека кај индиректните не е присутна.

Битен предуслов за поголемо присуство на СДИ е слободниот пазар. Иако постои договор со некои од земјите во регионот за слободна трговија, сепак, таквото тргување останува само да се посакува. Ова произлегува, пред сѐ, од мултидимензионалноста на концептот и можноста за негово разгледување од повеќе аспекти. Договорите за слободна трговија со регионот и пошироко се едни од најважните фактори за функционирање на меѓународниот бизнис. Бизнисите имаат збир на финансиски и нефинансиски индикатори што обезбедуваат голем број информации за степенот на постигнување на економските цели и резултати[1].

**Третиот дел** од истражувањето ќе биде фокусиран на прашањето: дали СДИ во транзициските земји од Западен Балкан, со посебен осврт на Р.Косово и неговиот економски развој, ги поттикнува домашните инвестиции (crowding inefekt) или ги истиснува (crowding out efekt), односно што треба да се преземе за да се забрза економскиот развој на Косово? (Оваа проблематика е анализирана во делото на Bosworth i Collins, 1999).

[1]Каплан и Нортон, 1992.

Според нивното мислење, но и на многу др. автори, генерално, за постигнување позитивни резултати од приливот на СДИ е потребно: отворање на пазарот на капитал и влез на меѓународниот пазар, преку оптимален пристап за интеграција. Интеграцијата, всушност, треба да се одвива во *четири чекори. Прво,* намалување на фискалниот дефицит и јавниот долг на Р.Косово до одржливо ниво; *второ*, да се изврши либерализација на надворешната трговија; *трето,* реформи во финансиските институции и носење соодветна регулатива, со цел тие да бидат во тренд со современите движења на светските финансиски пазари; и *четврто,* либерализација на капиталните и финансиските сметки во билансот на плаќања. Р.Косово, како и сите транзициски земји го следи во почетокот теоретскиот модел за либерализација, но процесот на приватизација бавно се одвива, така што земјата се соочува со висока стапка на невработеност, сиромашно население, отсуство на структурни и институционални реформи, неискоренета корупција итн.

Ефектите, што ги очекуваат земјите-корисници на СДИ, секогаш биле поврзани со нивната развојна компонента. Оттука, приливот на СДИ, како директна последица го има растот на обемот на производите и услугите, но и најчесто растот на вработеноста, што не секогаш се постигнува. Во основа, приливот на директните инвестиции од странство не се разликува од пласманот на домашниот инвестициски капитал, но само ако не се сметаат промените во платниот биланс. Имено, честото прашање *дали инвестициите во странство го намалуваат домашниот инвестициски сток на капиталот,* во одделни емпириски истражувања е со негативен одговор. Новите докази од американските мултинационални компании укажуваат дека, наместо тоа, поголемите странски инвестиции се поврзани со повисокото ниво на домашното инвестирање.

Оттука, најнапред ќе се направи краток осврт на макроекономскиот амбиент во Р.Косово, при што се диференцираат главните фактори за натамошен развој на косовската економија. За градење макроекономска стабилност особено е битно решавање на постојните општествено- политички прашања, односно постигнување билатерални и мултилатерални договори со соседите околу дефинирањето на границите и признавањето на независноста на Р.Косово, осигурување на сигурноста и безбедноста на капиталот и решителна борба со корупцијата во земјата.

Во овој дел, исто така, ќе бидат анализирани сличните проблеми кај земјите од регионот и нивните искуства. Имено, ниту една од овие земји не ги користи СДИ за производство на нови иновирани производи или извоз на одделни проекти, а најалармантно е тоа што нема сериозна стратегија за привлекување на СДИ, како и адекватна инвестициска политика за поврзување со пазарите од регионот заради

решавање на проблемот со продажбата на output-ot, т.е. производите и/или услугите добиени од странските вложувања.

Досегашните искуства покажуваат дека СДИ најмногу се присутни во банкарскиот сектор и телекомуникациите. Оттука, зголемување на приливот на СДИ може да се постигне само преку изградба и осовременување на пазарниот амбиент, т.е. унапредување на правната и институционалната рамка за постигнување поголема доверба и сигурност кај странските инвеститори, воспоставување поефикасни економски механизми и стабилни макроекономски услови. Формулирањето на стратегијата за привлекување СДИ е сложен процес, што бара вклучување на сите заинтересирани страни, и тоа: владата, научните институции, НВО, универзитетите, регионалните развојни агенции, локални компании, стопанската комора, докажани експерти и граѓанскиот сектор.

Посебен акцент, во овој дел, ќе биде ставен на досега донесените оперативни одлуки, работата на Агенцијата за креирање нови начини за промовирање на земјата и привлекување СДИ, можностите за создавање атрактивна деловна клима што ќе ги мотивира инцеститорите да вложуваат во Р.Косово и презентирање на природните ресурси.

Според мотивите на странските инвеститори во економската теорија се споменуваат 4 типови на СДИ (Foreign Direct Investment), а тие се:

- инвестирања што се мотивирани од ширењето на пазарот(Market Seeking), а имаат за цел освојување на локалниот и регионалниот пазар, потоа големината и пазарниот потенцијал, како главни фактори за одлучување;
- инвестирања мотивирани од новите ресурси (ResourcesSeeking), што се резултат на желбата на инвеститорот да ги користи оние ресурси што ги нема неговата матична земја (евтината работна рака, суровините, рудници или водени богатства и сл.;
- инвестирања мотивирани од зголемувањето на ефикасноста (EfficiancySeeking), на пример, близината до развиените пазари или пазарите на коишто инвеститорите веќе се присутни; и
- инвестирања мотивирани од стратегискиот имот(Strategic Asset Seeking), што се реализираат за промоција на долгорочните стратегиски цели, а се карактеристични за развиените земји.[2]

---

[2]Grgurević N., Uticaj direktnih stranih investicija na zemlje u Tranziciji, Anali poslovne ekonomije, godina V, sveska 1, broj 8.

Значи, разликите во мотивите на инвеститорите се уште еден показател за насоките што треба да се изберат при изготвувањето на стратегијата и креирањето на економската политика на Р.Косово за зголемување на приливот на СДИ.

Во **четвртиот дел** од докторската дисертација ќе бидат опишани *ефектите од* странските директни инвестиции, главно, разгледувани преку статистичките показатели и истражувањата во оваа област од страна на научните институции и агенциите задолжени за нивно следење. До денес, голем број автори посветуваат особено внимание на ова прашање. Сите тие се обидувале да најдат најсоодветен начин за привлекување или поттикнување инвестиции. Секој од авторите има свој сопствен специфичен придонес и различни пристапи за привлекување на странските директни инвестиции. Оттука, во овој дел, ќе бидат анализирани карактеристиките, предностите и недостатоците на некои од досега преземените реформски зафати во текот на приватизацијата на општествениот капитал, потоа реформите во даночниот систем и градењето функционални институции за натамошно унапредување на даночната политика. Финансискиот сектор, исто така, има клучна улога во обезбедувањето поволни кредити, нови услуги и производи, а инвестициските фондови можат да влијаат врз идниот готовински тек и емисиите на акции и обврзници, односно нивна трансформација во готови парични средства.

Реформските политики за привлекување СДИ, генерално, би требало да се однесуваат на: приватизацијата на државните претпријатија и природните ресурси, либерализација на трговијата, либерализација на финансискиот пазар, укинување на субвенциите, дерегулација на прописите што го лимитираат влегувањето на пазарот, обезбедување стручен кадар, лојална конкуренција, поголема искористеност на приватниот капитал и промовирање науслугите итн.

Низа индикатори од консултираните досегашни извори од оваа област укажуваат на следниве основни карактеристики и ефекти на СДИ во транзициските земји, вклучително и Косово:

- најголем дел од СДИ, во минатото, бил насочен во купување на постојните државни фирми во текот на приватизацискиот процес, а дури подоцна се јавуваат Greenfield инвестициите;
- основен мотив на странските инвеститори бил купувањето на пазарот;
- поголем обем од СДИ бил пласиран во услужниот сектор (банкарскиот сектор, осигурувањето, транспортот и придружните- логистички услуги, трговијата, консалтингот, некои деловни услуги, advertizing, outsourcing и сл.;
- СДИ ги зголемиле постојните и довеле до нови дисторзии на локалните пазари (појава на монополи, олигополи, пеќутни картели и сл.);

- ефектите што се очекувале за намалување на постојната невработеност на работоспособното население биле и остануваат ограничени во најголем број од транзициските земји, односно и во Косово;

- фирмите во коишто биле пласирани СДИ, најчесто, се најголеми извозници од земјата-домаќин, но и најголеми увозници;
- СДИ во најновите технологии се ограничени или многу ретки во овие земји;
- трансферот на технологијата и знаењето е, исто така, во ограничен обем, бидејќи инвестициите биле пласирани во старите технологии, особено заради лимитираната рецептивна способност на локалните фирми;
- дури во последниве децении одделни компании од транзициските земји се јавуваат како инвеститори во странство, но нивните СДИ се пласирани, главно, во помалку развиените земји од истата група.

Ваквата состојба е груба слика на реалноста со присуството на СДИ во транзициските земји од регионот, вклучително и Косово, како и нивните досегашни ефекти, а тоа упатува на потребата да се анализираат овие показатели. Имено, токму затоа фокусот на истражување во овој дел од докторската дисертација ќе биде насочен кон изнаоѓање соодветни солуции за развивање комуникациски канали за мотивирање на странските инвеститори да вложуваат во Р.Косово. Но, пред сé, треба да се напомене дека, покрај другото, мора да се надмине недоволната домашна акомулација и да се зголеми штедењето за да се постигнат позитивни ефекти од СДИ во иднина.

Во **петтиот дел** од докторската дисертација се тестира нивото на инвестиции, односно се оценува инвестициската клима за привлекување СДИ. Како посебен сегмент е анализата на економската оправданост на инвестициите и нивниот придонес во развојот на Р.Косово. Како резултат, пак, се очекува, да се дадат определени предлози за дефинирање на стратегијата и политиките за привлекување СДИ во иднина. Во тој контекст ќе бидат разгледувани досегашните преземени мерки и активности, при што ќе се тестираат нивните ефекти врз економскиот развој на земјата. Системот за мерење на инвестициите и прогнозирање се состои од неколку потпроцеси, и тоа: планирање, мерење, анализа и управување.

Особено важно, пред поставувањето на целите, е да се определат односите меѓу земјата и системот за формата и прогнозата на инвестициите во нејзините рамки. Овој образец е интегриран во вкупната форма на инвестиции, што е поврзана со сите други цели. Значи, потребата од интеграција е неизбежна. Отсуството на адекватен инвестициски амбиент ја наметнува потребата од интегрирање на Балканскиот регион. Целите и оперативните алатки треба да ги преземат податоците од други системи, но исто така и да овозможуваат ширење на податоците до засегнатите страни.

Исто така, под посебна опсервација ќе бидат и мерките што се преземаат за спречување на корупцијата, како еден од основните предуслови за поголем прилив на СДИ во иднина во Р.Косово. Во таа смисла, пак, мора да се напомене потребата од владеење на правото и поригорозно однесување кон корупциските случаи.

Овој сегмент, исто така, ќе се однесува на креирањето цели и алатки, односно дефинирањето на концептот за меѓународна деловна стратегија, мотивите за инвестирање во различни земји, добивката и ризикот, унапредувањето на субјективноста на Косово во меѓународните економски односи во текот на странските директни инвестиции. Во овој дел, главно, ќе биде елаборирана основата на стратегијата за привлекување странски инвестиции, а особено ќе биде акцептиран стратегискиот систем на СДИ во Косово.

Пред дефинирањето на целите, најнапред ќе бидат детектирани оние фактори што влијаат врз инвестицијата, а притоа ќе биде истражувано нивното поединечно однесување врз странските вложувања. Оттука, инвестициите ќе бидат земени како зависна варијабила, а големиот број фактори како независнопроменливи.

Тоа, од своја страна, подразбира, пред сé, темелни реформи во правосудниот систем, што ќе имаат за цел создавање независно судство и ажурирање на судските процеси, односно намалување на времетраењето при носењето на пресудите.Исто така, законската регулатива за заштита на правата и обврските на инвеститорите е особено битна при нејзиното правилно имплементирање. Инвеститорите особено се заинтересирани за враќање на вложениот капитал, па оттука обезбедувањето гаранции за нив, преку почитување на правната регулатива, треба да ја наметне потребата Р.Косово да се промовира како сигурна дестинација за капиталот однадвор.

Даночната политика е онаа алка што помога за мобилизација на капиталот и ги регулира правилата за унапредување на односот со даночните обврзници. Според тоа, оданочувањето на профитот и добивката на инвеститорите, покрај другото, треба да биде во фокусот на реформите на даночниот систем. Тоа би помогнало за намалување на некои од ограничувањата и пречките што се јавуваат при промовирањето на СДИ. И во таа сфера треба да се напомене досегашниот однос со субвенционирањето на странските инвеститори. Дел од економистите мислат дека полека треба да се напушта субвенционирањето, а да се стимулира градењето поволен деловен амбиент, зашто на долг рок само поволната инвестициска клима и здравите инситуции можат да бидат клучни фактори за привлекување нови СДИ, и тоа и во областа на инвестициите во финансиските портфолија, што во овој момент отсуствуваат.

Оттука, во овој дел од истражувањето ќе се направи анализа на постојните политики за привлекување поголем обем на СДИ. Имено, главна поента треба да биде поагресивната промоција на субјективноста на Р.Косово, при што треба да се таргетираат интересните локации и сектори за привлекување на инвеститорите, да се интензивираат контактите со оние инвеститори коишто би можеле да остварат партнерски односи со профитабилните домашни компании за вложување нивни капитал во унапредувањето на менаџментот, трансферот на знаењата и вештините, новите технолошки решенија (особено од ИТ) итн.

Оттука, фокусот на анализите ќе биде концентриран на испитуваниот период (2008-2018 год.) преку компаративно разгледување на главните детерминанти во таргетираните 5 транзициски земји од регионот (Црна Гора, Р.Србија, Р.Македонија, Р.Б.и Х споредбено со состојбите во Р.Косово) за да се понуди предлог-модел на политика за истражувачкиот проблем, а којшто се однесува на *ефектите на странските директни инвестиции врз економскиот развој во Р.Косово*.

Мотивите за привлекување нови СДИ се разликуваат меѓу земјитеисто онака како што се разликува интересот на странските инвеститори за пласирање на својот капитал во одделна економија. Оттука, особено внимание ќе биде посветено на приходите, наспроти ризиците што се составен дел на секоја странска инвестиција. Според тоа, тргнувајќи од меѓународната бизнис стратегија ќе се понуди концепт на мешана стратегија за привлекување СДИ. Оперативните одлуки треба да бидат дел од испитувањето на странските искуства во оваа сфера.

Анализата ќе обезбеди податоци за главните фактори што влијаеле врз растот или придонесле за намалувањето на инвестициите. Иницијално би требало да се отстранат сите фактори што ги одвраќаат инвеститорите да вложуваат во Р.Косово, а такви главно се: макроекономската нестабилност или тн. висока надворешна нерамнотежа меѓу јавниот и надворешниот долг, дефицитот на тековната сметка на платниот биланс, но и политичките ризици, неефикасната правна регулатива и бирократските бариери, лошата инфраструктура и сл.

Оттука, ТНК пристапиле кон градење модели за донесување инвестициски одлуки при преземањето на СДИ, што ќе се анализира во еден сегмент од **шестиот дел** од дисертацијата. Според расположливите теоретски и практични извори и искуства, може да се забележи дека атрактивноста на оваа проблематика придонесла да се разработат различни модели од различни автори, коишто при дефинирањето на моделите користеле диференцирани варијабили и критериуми за оценување на земјите

– корисници, од една страна, и мултинационалните корпорации-како инвеститори, од друга страна.

Неразвиените земји и земјите во развој (каква што е и Р.Косово) имаат недостиг на капитал, па честопати прифаќаат и негативни последици од присуството на СДИ, и тоа: загадување на животната средина, елиминирање од пазарот на одделни компании- производители или од услужниот сектор и сл. Поаѓајќи од позитивните ефекти, тие на странските инвеститори им нудат различни погодности и олеснувања.

***Трите основни фактори*** за привлекување СДИ се:

- економската политика на земјата- домаќин;
- проактивните мерки што земјата ги усвоила за поттикнување на инвестициите; и
- системските карактеристики на земјата.

Тргнувајќи од овие фактори, за креирање предлог - модел на политика за привлекување СДИ во Р.Косово, најнапред ќе се разгледуваат следниве детерминанти:

1. растот на СДИ per capita во определениот период,
2. растот на greenfield инвестициите,
3. бројот на странските инвеститори (односно бројот на компании, чии основачи се странци или странските компании каде што инвеститорите се сопственици со поголем пакет на акции),
4. растот на вработеноста,
5. растот на БДП,
6. бројот на заедничките проекти што Агенцијата или Владата ги промовирала во соработка со партнерите на национално или локално ниво.

Добиените показатели за Р.Косово, натаму, ќе се компарираат со оние што се обезбедени за дел од земјите во развој од Западен Балкан. Споредбената анализа треба да послужи како основа за креирање *предлог-модел на политика за привлекување СДИ во Р.Косово*. Притоа, исто така, ќе бидат разгледани и политиките што овие земји ги користеле или ги користат за истата цел. На тој начин, ќе се направи обид да се прилагоди новата предлог- политика на Косово што би го интензивирала присуството на СДИ во земјата.

Основната премиса, притоа, за инвеститорите е безбедноста и сигурноста на инвестираниот капитал и можностите за негово враќање. За да се обезбедат подобри перформанси и да се намалат економскиот и политичкиот ризик на Р.Косово, пред сé, треба да се намали јавниот долг и да се врамнотежи со билансот на плаќање, а паралелно треба да се осигура порелаксирана политичка клима, што би била гаранција

за безбедноста на странските инвестиции. Во минатото најкористени модели беа преземањата на фирмите и аквизициите, односно купувањето одделни профитабилни компании од страна на странските инвеститори. Најприсутните СДИ во Р.Косово досега потекнуваат од Србија, Албанија, Турција и одделни европски земји.

Ако се знае дека странските инвеститори преферираат широк и отворен пазар, тогаш моделот би требало да ја содржи интеграциската компонента. Овде, пак, се мисли на идно интегрирање на земјите од Западен Балкан во бесцаринска унија, што би овозможила побрзо движење на стоките и луѓето, а тоа од своја страна бара инфраструктурни објекти (модерни автопати, современи железници, логистика итн.). Во тој контекст, предлог-моделот на идната политика за привлекување СДИ во Р.Косово содржи и идеја за формирање еден инвестициски фонд, којшто би ги презел сите активности поврзани со странските директни инвестиции, а досегашната Агенција и институциите што се занимаваат со оваа проблематика би можеле да бидат сектори во инвестицискиот фонд. Имено, така би се концентрирале информациите за и од СДИ и би се прошириле дата базите за поголем опфат на податоци, а во таа смисла би се оформиле функционални комуникациски канали со странските инвеститори.

Значи, предлог-моделот на политиката за СДИ ќе се фокусира на мапирање (правење мапа-карта) на атрактивните локации и сектори (со приоритет на земјоделскиот, прехранбениот, градежниот, дрвопреработувачкиот и металургискиот сектор, но со посебен акцент и на услужниот сектор), а тоа би овозможило и отворање слободни индустриски зони за нови проекти на СДИ. Така би се отвориле и перспективни можности за зголемување на обемот на Greenfield инвестициите, но и поттикнување на интересот кај инвеститорите за финансиските портфолија. Познато е дека инвеститорите се мотивираат за вложување во земјата ако таа располага со: поволна инвестициска клима, енергија, човечки ресурси и правна регулатива за заштита на инвеститорите и нивниот вложен капитал.**Трите широки фактори** што определуваат каде СДИ можат да се пласираат, а во таа смисла, пак, треба да бидат опфатени во моделот на идната политика на Р.Косово, се следниве: *постојната економска политика на земјата, т.е. Р.Косово; проактивните мерки што Р.Косово ги има усвоено за поттикнување на СДИ; економско-системските карактеристики на косовското стопанство.*

Аспектите што ќе ги опфаќа предлог- моделот на политиката се следниве: стимулирањето на СДИ, насоките на СДИ, мотивите за привлекување СДИ, алтернативните можности, колекција на релевантните информации, евалуација на резултатите од СДИ, искуствата од странските инвеститори и домашните фирми за

градење доверба и соработка при проширувањето на пазарот и извозно-увозните активности.[3] Имено, особено внимание при креирањето на економската политика ќе треба да се потенцира значењето на системските фактори за привлекување СДИ. Тоа значи на стопанскиот систем да му се придаде поголемо значење, а исто така и на обезбедувањето подобрена инвестициска клима во земјата.Генерално, *конечниот изглед на предлог-моделот* ќе ги содржи досегашните искуства од земјите во регионот, а тоа упатува на водење интензивна политика за привлекување СДИ, главно преку подобрување на инфраструктурата, обуки за стекнување поефикасна администрација, сузбивање на сивата економија и корупцијата, независност на судството, инвестирање во образованието, науката и научните исртражувања, одржување на стабилноста и безбедноста на Р.Косово, градење меѓусоседски односи и отворање можности за поголем протек на стоките, услугите, луѓето и капиталот.

Креирањето јасна политика за привлекување на странски инвестиции во Р.Косово треба:

- да се почитуваат следните *појдовни насоки и принципи*:
    - обезбедување долгорочна основа за снабдување со потребните инпути и извоз на готовите производи на странските пазари;
    - трансфер на соодветна применлива техника и технологија;
    - изградување имиџ на стабилна и отворена економија;
    - форсирање на секторите во коишто домашната економија е сиромашна и нема што да заштитува од странски капитал;
    - преовладување на инвестициите од развиени земји богати со знаење и технички прогрес;
    - дефинирање јасен, недвосмислен и транспарентен законски систем;
    - повеќекритериумски пристап во стимулирањето на инвестициите;
    - оформување финансиска инфраструктура адекватна на пазарните економии;
- да се обезбеди *сеопфатност на следните прашања* коишто се од интерес за странските инвеститори, но и во функција на развојните приоритети на домашната економија:
    - третман и статус на странските инвеститори;
    - дозволени и забранети сектори, дејности и области за странски инвестиции;
    - форми на странски инвестиции;
    - форми за заштита на правата на странските инвеститори (учество во добивка, репатријација, управување, пренос на права и обврски, реинвестирање, трансфер на добивка и др.);

---

[3]https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/0148296394000135

- национализација и експропријација на капиталот;
- разновидни погодности и стимулации;
- промотивни активности (проекти, инвестиции за поддршка, мониторинг, контрола и интервенција, постинвестициски услуги и др.);
- користење и сопственост на недвижен имот и земјиште.

- темелно реформирање, ревидирање и примена на постојните правни системи, закони, прописи, односно целокупната *институционална рамка за странските вложувања*;
- прецизно дефинирање на *правците* каде што ќе се насочуваат странските инвестиции како:
    - нови или модернизирање и проширување на постојните капацитети;
    - компаративни предности и структурни промени;
    - трансфер на научно – технички прогрес;
    - производни програми на конкурентни производи и услуги;
    - сопственичка трансформација (приватизација);
    - вработување;
    - развој на финансиски пазари;
    - долгорочна извозна ориентација.

Сето ова ќе значи креирање на конкретна Политика за привлекување странски инвестиции, којашто ќе обезбеди: ефикасна алокација на ресурсите, искористеност на капацитетите, поголема продуктивност, примена на научно – техничкиот прогрес, повисок извоз, раст на вработеноста и др.

Во **седмиот дел** ќе бидат презентирани ***заклучните согледувања***, а оттука ќе произлегуваат и определените забелешки и **препораки** со што ќе се сумираат резултатите од истражувањето. На тој начин ќе се овозможи да се согледа постојната состојба за ефектите на странските директни инвестиции врз економскиот развој на Република Косово. Значи, покрај емпириските истражувања ќе се понуди обемна теоретска поддршка за современите сознанија од оваа сфера. Сериозноста на истражувањето треба да го потенцира научниот придонес на оваа докторска дисертација, но и нејзината применливост во праксата. Границите што ги има ова испитување ќе бидат презентирани за да се предвидат одделни проблеми и прашања, главно, како добра подлога за соодветни натамошни истражувања во оваа област.

Целта на анализата ќе биде да се обезбедат множество квантитативни и квалитативни податоци, коишто во секој момент можат да бидат достапни за сите заинтересирани страни и да им овозможат на корисниците да добијат јасна претстава за местото, улогата и значењето на СДИ во досегашниот период во земјата, односно да ги согледаат предностите и постојните недостатоци, ефектите од странските вложувања врз развојот и резултантата, т.е. предлог-моделот на политиката што треба

да се имплементира за да се постигнат стратегиските ориентири на косовската економија- како импакт на СДИ.

Според тоа, заклучните согледувања ќе ги презентираат есенцијалните констатации за истражуваната проблематика.

# 1. ПРВ ДЕЛ

## 1.1 Дефинирање на темата и проблемот на истражување (истражувачки прашања)

При *дефинирањето на темата* на оваа докторска дисертација се раководевме од актуелноста на СДИ и нивната атрактивност како за развиените земји, така и за земјите во развој и транзиција, каква што е и Р.Косово. Имено, поаѓајќи од развојната компонента на темата, во овој научен труд се земени предвид фундаменталните и применетите досегашни истражувања и методи што ќе овозможат да се откријат нови научни факти, појави и законитости, односно нивната теоретска поврзаност.

*Главниот проблем*, односно почетната точка во ова истражување е насочена кон изнаоѓање одговор на прашањето: како СДИ влијаат врз економскиот развој во земјите од регионот, односно кој е нивниот ефект врз економијата во Р.Косово? Имено, проблемот ќе биде анализиран од повеќе аспекти, при што ќе се користи техниката на мерење, нивното предвидување и испитување на влијанието врз растот и/или зошто постои намалување на СДИ во Р.Косово, пред сé, во анализираниот период.

Иницијално треба да се напомене дека посебен проблем кај транзициските економии од Западен Балкан претставуваше нивната неподготвеност за привлекување СДИ. Имено, како круцијални проблеми за постигнување поголем обем на СДИ се: политичката нестабилност и низата нерешени меѓунационални прашања кај земјите што станаа независни по распадот на поранешната Југословенска федерација, високото ниво на корупција и не владеење на правосудните системи. Исто така, најголемите компании дејствуваат сегментирано врз развојот на секоја одделна земја, што упатува на потребата од поголема интегрираност при настапот на меѓународниот пазар, а тоа е еден од факторите за одржлив економски раст и развој. Од друга страна, пак, проблемот со креирањето и спроведувањето соодветен модел на политика за привлекување СДИ ќе се заснова на мерење на влијанието, ефектите и недостатоците во управувањето и предвидувањето на идните чекори за привлекување СДИ. Бидејќи проблемот е мултидисциплинарен, при неговото решавање во иднина треба да бидат вклучени поголем број експерти од научната и образовната сфера. Кога се разгледуваат постојните фактори што влијаат врз оваа моменталната ситуација , главно, се констатира дека нема национална стратегија, ниту адекватна политика за привлекување СДИ во Р.Косово.

Како *потпроблеми*, пак, се јавуваат следниве:

компаниите се соочуваат со различни видови слабости и недостатоци што не дозволуваат имплементација на современиот менаџмент, а како последица на тоа се попречува или забавува управувањето со компанското работење;

- прилагодувањето на странските бизнис стратегии не се решава според соодветниот приоритет;
- менаџерите и вработените во странските компании не се многу задоволни од постојните владини политики(особено даночната политика и потребните даночни олеснувања) на Р.Косово;
- постои не совпаѓање меѓу развојната стратегија на Р.Косово и очекувањата од странските бизниси;
- имплементацијата на структурните реформи во Р.Косово не е во согласност со динамиката во другите економии од регионот;
- нема економска слобода, особено во монетарната и фискалната политика, така што нема услови за слободно движење на капиталот и ресурсите;
- се́ уште не е изграден ефикасен систем за владеење на правото и отсуствува адекватна бизнис регулација;
- странските компании немаат пристап до регионалните пазари, а тоа го отежнува задоволувањето на нивните потреби за градење партнерства и ширење на пазарот итн.

### 1.1.1 Цели и хипотези за работа

Главна цел на ова истражување е да се создаде предлог politika za privlekuvawe na stranski investiciiкако и мерење, симулирање и предвидување на остварениот прилив на СДИ во Р.Косово со евентуална примена на таа политика. Целта на многу земји во меѓународниот бизнис е во секое време да имаат преглед на главните постулати на економските политики и нивното влијание врз странските инвестиции во конкретната земја, т.е. да бидат информирани за да се оспособат за спроведување соодветни анализи и да можат да донесуваат активни и релевантни одлуки, односно да можат да го предвидуваат и планираат идното движење на инвестициите. Освен овој факт, што на прв поглед може да се превиди, е мерењето на резултатите од СДИ со помош на секторска анализа, така што ако се знаат точните податоци, тогаш ќе може да се врши трансферирање на активностите од една кон друга стопанска дејност. Со мерењето и анализата на факторите коишто би можеле да влијаат врз меѓународниот бизнис и инвестирањето во Р.Косово, пред се́, ќе можат промените да се следат и да се детектира учеството врз настанатите промени. Целта на мерењето на резултатите е да можат да се направат предвидувања, да се планираат ефектите и да се изготват соодветни стратегиски пристапи и политики за проектирање на идното движење на странските инвестиции во Р.Косово.

Моделирањето, исто така, помага да се развие соодветен модел за промовирање на предностите на земјата за привлекување СДИ. Моделот може да се темели врз искуствата на другите земји од регионот, но и расположливата научна литература и помош од докажани експерти во оваа област, а добиени од истражувањето на тековната состојба во областа на инвестициите во земјата и потребата за постигнување соодветни резултати при неговото спроведување.Во таа смисла, добра подлога би биле и информациите од компаративната анализа на политиките во таргетираните земји од регионот и состојбите во Р.Косово, а добиени како резултат на анализираните статистички показатели, истражувачки проекти за стратегиите што се неопходни при имплементацијата на моделот, којшто симулациски ќе се тестира.

Голем број од факторите што директно влијаат врз процесот на донесување одлуки за креирање погодна бизнис клима детално се истражувани, но само како надворешни параметри за дизајнирање стратегии, а нивните елементи беа паралелно испитувани од постигнатите резултати во одделни студии и истражувања, што се поврзани со оваа проблематика.

Креирањето модели, главно, се врши врз основа на пристапот *одгоре-надолу*, и обратно, зашто токму тој ја тангира визијата и мисијата на одделна земја, нејзините стратегии и цели, т.е. постигнатите највисоки и најниски нивоа на инвестирање во конкретната земја. На тој начин се идентификуваат клучните активности за да се постигне соодветната цел, т.е. да се усогласат разликите во стратегиите и политиките, да се откријат клучните фактори за успех и битните индикатори за влијанието на СДИ врз економскиот развој на Р. Косово во идниот период.

Оттука, **иницијалното прашање** е: дали досегашното мало присуство на СДИ во Р.Косово е последица на не согледувањата на потребите на меѓународните инвеститори и нивниот интерес за вложување во определени области? Или, поточно, *кои се круцијалните фактори што го овозможуваат или спречуваат поинтензивното привлекување странски директни инвестиции во Р.Косово и какви се нивните ефекти врз економскиот развој?*

**Индивидуални цели или помошни прашања се следниве:**

- каква е моменталната ситуација во областа на СДИ во Косово;
- дали постојат истражувања и дали се презентираат карактеристиките на постојните модели и пристапи за зголемување на обемот на странски директни инвестиции во Косово;

- кои се можностите за дефинирање модел на политика што ќе помогне во прогнозирањето на СДИ во Косово;
- дали досега се спроведени соодветни истражувања за движењето на странските директни инвестиции во Косово, главно, во периодот од 2008 до 2018 година (и компаративни анализи на таргетираните земји);
- дали е утврдено влијанието и значењето на фискалната и даночната политика врз странските директни инвестиции во Р. Косово ;
- какво е прогнозирањето за движењата на СДИ во иднина (што може да се утврди со помош на моделите на политиките што биле практикувани во целните транзициски економии од регионот и нивните искуства од досегашните инвестициите)?
- *по извршените анализи следуваат соодветни одговори со препораки, сугестии и мислења.*

Во овој контекст е дадена и

**А. Генералната хипотеза, а таа е:**

***Имплементацијата на предлог – моделот на политика за привлекување СДИ ќе обезбеди мерење на СДИ- резултатите и предвидувања на идните инвестиции во земјата, а тоа ќе обезбедува постигнување одржлив економски развој и намалување на стапката на невработеност во Р.Косово.***

**Б. Специфични/помошни хипотези се следниве:**

1. мерење и идентификување на факторите што влијаат врз странските инвестиции во земјата, а како резултат на тоа се постигнува зголемување на greenfield инвестициите;
2. мерењето на влијателните фактори во инвестирањето во земјата ја обезбедува поголемата ефикасност на маркетингот и интензивирање на промоцијата на атрактивните косовски ликации и сектори што се од интерес за меѓународните бизниси;
3. исто така, мерењето и детектирањето на факторите што влијаат врз инвестирањето во земјата обезбедува ефикасност на внатрешните деловни процеси и операции, особено во рамките на компаниите, а натаму ги поврзува со меѓународните деловни цели;
4. прилагодувањето на условите од стратегијата business-to-business придонесува за оптимизирање и стимулирање на инвестициите;
5. поволните економски политики го подобруваат процесот на одлучување, т.е. донесување одлуки за натамошно привлекување СДИ;
6. препораките, во овој случај, ќе обезбедат постигнување прифатливи резултати за подобрување на сите нивоа на инвестициските активности.

## 1.2 Методи, техники и инструменти за истражување

• Избор на методи и техники за собирање податоци

Истражувањето во оваа докторска дисертација вклучува: преглед и користење на стручната и научната литература од областа на меѓународниот бизнис, економската

политика (главно, како клучен фактор за инвестирање , потоа местото и значењето на Р. Косово во регионот - како пазар за производите/услугите од странските директни инвестиции, финансискиот менаџмент, управувањето со ризикот при инвестирањето, стратегискиот менаџмент и сл. Дополнителните основни податоци се обезбедени преку спроведување одделно истражувања, што се изведува со помош на интервјуа и користење анкетирање преку структуриран прашалник со определен број менаџери на странски компании во Република Косово. Конечно, преку проучување на нивото на странските инвестиции во Косово, се земени предвид оние препораки што помагаат за изработка на модел за привлекување странски директни инвестиции во Косово. Сето тоа се изврши со комбинирање на теоријата и практичната примена на резултатите. Во продолжение се објаснува начинот за собирање на потребните податоци, како основа за истражувањето. Имено, ќе се собираат :

- *примарни податоци*. Примарните податоци беа собирани со користење на техниките за испитување и спроведување интервјуа со случајно избрани менаџери на странски компании во Р.Косово. Компаниите беа избрани врз основа на неколку критериуми (т.е. големина, број на вработени, постојни активност). Анкетирањето се извршуваше преку структуриран прашалник со однапред изготвени прашања.

Податоците за моделот за моделирање се користеа од различните видови извештаи на компаниите коишто се учесници во студијата на случај;

- *секундарни податоци*. Секундарните податоци се обезбедувани од објавените истражувања во оваа област, односно од расположливата литература, различни статии и студии што располагаат со податоци од некои претходни истражувања, а коишто можеа да се користат при анализата.

**• Избор на методи и техники за анализа и обработка на податоци**

При анализирањето на податоците ќе се користи мултиваријантната анализа на податоци за да се открие корелацијата на феномените што треба да се истражат. За време на обработката ќе се користат неколку техники, што се својствени на оваа анализа.Имено, податоците ќе се обработуваат, главно, користејќи математичко-статистички методи и статистичкиот пакет SPSS. Обработката на податоците ќе се врши преку описна(дескриптивна) анализа на податоци, потоа со помош на анализата за корелација на податоците и анализата на податоците за време.

Описните или дескриптивните статистики вклучуваат мерење на фреквенцијата, процентите, централно тренд мерење и стандардна девијација. За да се открие

односот меѓу добиените податоци, пак, ќе се изврши анализа на релациските податоци. Релационата анализа ќе овозможи тестирање на хипотезите и изведување заклучоци од истражувањето. Оваа анализа ќе опфати примена на t-тест, анализа на варијансата, анализа на корелацијата и Hi-квадрат тест. За да се определи движењето на успешноста во периодот од 2008 до 2018 година ќе се изврши споредбена анализа на податоците. Компаративниот метод ќе овозможи согледување на промените што се случувале во текот на испитуваниот период во таргет-земјите од регионот. Моделот за интегрирано внесување влез ќе се создаде со помош на софтверската алатка за моделирање - StarUML.

Но, при спроведување на истражувањето неопходна е употребата на индуктивниот и дедуктивниот метод за да се обезбеди сепаративно следење на состојбите, а потоа генерализирање на заедничките и/или различните особености на појавите и процесите.

## 1.3 Очекувани резултати од истражувањето

Според консултирањето на теоретските извори и практичните искуства се очекува од понудените резултати да произлезат сознанија за предлог-МОДЕЛ на политика за привлекување СДИ во Косово со позабележителен интензитет и зголемен обем на вложувањата. Тргнувајќи од низата модели што ги користат земјите-инвеститори на СДИ и земјите-корисници на таквите инвестиции, може да се спомене, на пример, ECLICTIC PARADIGMA, што како економска теорија ја развил J.Dunning (1980, 1981, 1988, 1992 год.) во последователните негови публикации. Имено, таа опфаќа три фактори, и тоа: сопственичките предности (ownership- O), локацијата (location-L) и интернационалните (international-I) предности, па оттука е позната и како OLI парадигма, а се однесува на мултинационалните компании и надворешната економија. Но, подоцна е извршена ревизија на овој модел и развиена е матрицата на Rugman, којашто ги опфаќа како земјите домаќини и нивните предности/слабости, така и земјите вложувачи на СДИ, т.е. нивните предности/слаботи. Ова значи дека истражувањето се заснова на научни сознанија, што помагаат да се добие соодветен предлог модел на идната косовска политика за привлекување СДИ и поттикнување на развојот во земјата.

# 2. ВТОР ДЕЛ

## 2.1 СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ КАКО КЛУЧЕН ДЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

### 2.1.1 Теоретски аспекти на процесот на глобализацијата

Глобализацијата, генерално, е универзален процес или сет од процеси што генерираат меѓуповрзаност и меѓузависност на државите и општествата, поврзувајќи ги во модерен светски систем, што опфаќа цел спектар на економски, еколошки и општествени меѓузависности.

Поимот *глобализација,* се смета дека е обликуван под влијание на идејата на маршалот Маклуан за *глобалното село,* што првпат тој го образложил во својата книга „Истражување на комуникациите"[4].

За да се образложат теоретските аспекти на глобализацијата, најнапред, треба да се одговори на низата прашања што се наметнуваат, односно: дали глобализацијата е опција, тренд, еволуциски процес, секојдневие, апстракција, реалност...или (во зависност од аспектите на проучување) таа е од сé понешто? Но, факт е дека таа, само по себе, е контрадикторна и актуелна тема истовремено, затоа што е проучувана, анализирана и дефинирана од економска, филозофска, етичка, социолошка, културна, еколошка и др. природа. Како феномен, пак, глобализацијата е биполарна, затоа што ги спротивставува ставовите на жестоките поддржувачи, од една страна, а од друга страна се жестоките противници, но и едните, и другите ги карактеризира отсуството на јасна визија за она *што* глобализацијата во иднина ќе му понуди на светот. Оттука може да се заклучи дека глобализацијата, во постојниот облик и фаза, сé уште е непозната и неизвесна, како што ниту иднината со сигурност не може да се предвиди. Значи, не е едноставно еднозначно да се дефинира овој епохален феномен, па затоа нема општоприфатена универзална дефиниција, а во оние дефиниции што постојат можат да се забележат тежнеења кон помал или поголем број глобализациски аспекти.

Имено, во прашање е процес што ги интензивира и динамизира општествените и економските односи надвор од државните граници, така што се создава микс меѓу глобалните и локалните настани, што добиваат интеграциски предзнак на регионално, континентално, меѓуконтинентално и планетарно ниво. Овој процес ги обединува човечките активности и човечките животи, главно, преку движењето на

[4]https://www.nationalgeographic.rs/reportaze/clanci/12200-marsal-makluan-covek-koji-je-1962-godine-predvideo-internet.html

информациите, идеите, технологијата, капиталот, стоките и луѓето и ги става под диригентската палка на глобалните елити.

Оттука, глобализацијата е препознатлива од повеќе аспекти, коишто теоретски се широко елаборирани и анализирани од голем број автори.

*Економскиот аспект* на глобализацијата најмногу е разгледуван, а притоа акцентот се става на хегемонијата на слободниот пазар и принципот на либерализацијата со минимизирање на улогата на државата, односно економската политика, преку регулирањето со помош на слободно формираните и префектно функционалните пазарни механизми. Институционално, пак, тоа се решава низ функционирањето на трилатералата (ММФ, Светска банка, СТО) во меѓународните односи.

Економската глобализација подразбира општа либерализација на капиталните и трговските текови на меѓународно ниво, но и дерегулација на движењето на факторите за производство и формите за меѓународна мобилност на капиталот, работната сила, идеите, информациите, технологијата итн. Економскиот пазар е главниот поттикнувач што ја интензивира глобализацијата. Економското читање денес на овој феномен го опфаќа и растот на меѓународните трансакции, тековите на производите и услугите итн. На пример, ТНК (транснационалните компании) веќе можат да го реалоцираат производството и инвестициите во кој било дел од светот и да овозможат влез на *глобалната стока.*

При проучувањето на глобалниот процес најголемо влијание има економската страна на глобализацијата која уште е наречена и економска глобализација. Економската глобализација се дефинира како тековен процес на меѓународната економска интеграција. Оттаму, може да се забележи дека со самиот процес на глобализацијата се зголемуваат различните интеграции помеѓу националните економии. Во практичната смисла, погоренаведеното значи дека ниеден од примарните показатели на економската глобализација како што се производството, дистрибуцијата и потрошувачката на добра и услуги кои сѐ уште претставуваат дел од националните економии не може да биде реализиран без да оствари барем една од меѓународните трансакции како што се: меѓународните текови на трговијата, капиталот и работната сила.

Но, дефинирањето на глобализацијата опфаќа и низа други аспекти, и тоа: политички, еколошки, технолошки, воени, идеолошки, инфраструктурни, историски, културни итн.итн. Во тој контекст, пак, треба да се земе предвид мислењето на **Alen**

**Skot,** кој предупредува дека, според **Zigmund Bauman**, треба да се напушти ставот социологијата да се дефинира како поим за општеството. Исто така, според него, треба да се напушти и Веберовата дефиниција за државата, зашто многу нејзини атрибути се доведени во прашање.

Кога станува збор за нејзиното дефинирање можеме со право да кажеме дека нема општоприфатена дефиниција за поимот глобализација, така што ќе ја истакнам дефиницијата од Џозеф Стиглец во "Противречностите на глобализацијата" каде глобализацијата ја дефинира како:

„Цврста интеграција на земјите и народите во светот до која се доаѓа со намалување на трошоците за транспортот и комуникациите , како и со рушење на вештачките бариери за проток на стоки, услуги, капитал и луѓе преку границите"[5].

За разлика од Стиглец, според Холм и Соренсен[6], глобализацијата може да се дефинира како "интензивирање на економските, политичките, социјалните и културните односи преку границите". Во оваа смисла глобализацијата вклучува повеќе од само географското продолжување група феномени и прашања. Глобализацијата подразбира не само значително интензивирање на глобалното поврзување, туку и свест за тоа интензивирање со придружно намалување во однос на значењето на територијалната организација. Глобализацијата се наметнува од неколку фактори, меѓу кои најзначајниот е технолошката промена која ги вклучува информациите и комуникациските технологии кои ги стеснуваат времето и просторот како и пренесувањето на добрата и услугите. Глобалниот процесот е нееднаков и во интензитет и во географски опсег, и во неговата домашна и меѓународна димензија. Па оттаму, значајано е да се направи разлика помеѓу квалитативната и квантитативната димензија на глобализацијата, т.е. квантитативна промена или квалитативни поместувања (квантни скокови). На пример, економска глобализација ги опфаќа квалитативните поместувања кон глобалниот економски систем кој повеќе не се базира на автономните национални економии, туку ги реалоцира производството, дистрибуцијата и потрошувачаката на добра во консолидираните глобални пазари.

Сумирано, терминот глобализација е често споменуван, но ретко јасно се дефинира. Тој означува многу различни работи за различни луѓе. Меѓу различните дефиниции можат да се вклучат и следниве[7]:

---

[5]Џозеф Стиглец: „Противречности глобализације" Социјална мисао, 2002
[6] Holm, Hans-Henrik and Georg Sorensen "Introduction: What has changed", 1995
[7] Holm, Hennk and Georg Sorensen " Introduction: What has changed", 1995

- Интензивирање на економските, политичките, социјалните и културните односи меѓу границите;
- Историски период (или историска епоха), што започнува по завршувањето на Студената војна;
- Трансформација на светската економија од олицетворение на анархија до финансиски пазари;
- Триумф на вредностите на САД, низ комбинираната агенда од неолиберализам во економската и политичката демократија;
- Идеологија и ортодоксија во однос на логичката и неизбежната кулминација на моќните тенденции на пазарот за работа;
- Технолошка револуција , со социјални импликации;
- Неспособност на нацијата–држава да се справи со глобалните проблеми што бараат глобални решенија, како што се: демографијата, екологијата, човековите права и ширењето на нуклеарното оружје.

Исто како дефинирањето на општиот поим за глобализцијата, така и економската глобализација нема една сеопфатна дефиниција. Некои автори економската глобализација ја изедначуваат со маркетилизмот[8]. Маркетилизмот го претставува „повлекувањето на државата" кој најчесто е резултат на револуцијата на политичките ставови, кои авторот Биерстекер ги опишува како „триумф на либерални економски идеи" што означува потврда дека супериорноста на пазарните резултати започнала да се појавува во раните 80-ти години на дваесетиот век.[9] Според многу автори оваа идиолошка идеја довела до поголем дел од земјите од трtиот свет нивните политики да ги адатпираат кон либерализацијата и приватизација, коишто не ги дале очекуваните релултати, т.е. забележале негативен степен на економски раст наместо забрзаниот економски раст што се очекувал.

Сепак, доколку насоката на маркетилизмот се одвива во правец на подобрувањето на меѓународната конкуретност, тој ќе биде поддржуван и од меѓународните институции. Овде треба да се истакне дека маркетилизмот на локалната економија не мора да резултира со поголем степен на интеграција, и обратно. На пример, Индија имала напреднато многу во маркетилизмот на нејзината економија во '80. години на минатиот век, но остана релативно надвор од светската економија. Од горенаведеното може да се дојде до заклучок дека маркетилизмот и економската глобализација не мора да се совпаѓаат.

---

[8]Biersteker, Thomas,“The ‘Triumph’ of Liberal Economic Ideas in the Developing World”, New York: Cambridge University Press,.1995, стр.170

[9] Biersteker, Thomas,“The ‘Triumph’ of Liberal Economic Ideas in the Developing World”, New York: Cambridge University Press,.1995, стр.174

Друга група на т.н. *левичарски теоретичари* терминот економска глобализација го изедначуваат со современата меѓународна економија или со глобалниот капиталистички систем. Така, авторот Џемс[10] , во својот есеј самиот термин на економска глобализација го гледа како "фаза во историјата на капитализмот, потпирајќи се на ефикасноста на слободниот пазар"; тука го зема предвид и тековниот процес на економската интеграција. Емануел Волерстин[11] уште во 1974 година заклучил дека меѓународната економија е целосно интегрирана уште во 16. век како резултат на капиталистичкиот начин на производството. За Волерстин процесот на глобализацијае одамна е остварен и тој сега само варира во маргините на релативно долгите циклуси, во зависност од економската состојба на националните економии. Оттаму, може да се истакне дека интегрирањето на меѓународната економија била од суштинско значење за светската економија многу порано од пред '90. години на дваесеттиот век (како што беше погоре наведено).

**Entoni Gidens,** пак, ја дава следнава дефиниција: "Глобализацијата може да се дефинира како интензивирање на општествените односи на светско ниво, којашто ги поврзува оддалечените места на тој начин што локалните настани ги вообличуваат случувањата коишто се одиграле со километри подалеку, и обратно "(Entoni Gidens, Posledice modernosti, Beograd, 1998, p. 69)

Интересна дефиниција нуди **Urlih Bek,** кој пишува: "Глобализацијата значи бришење на границите во секојдневното дејствување во различните димензии на стопанството, информирањето, екологијата, техниката... нешто што под принуда елементарно го менува секојдневието и се принудува на прилагодувања и одговори. Парите, технологијата, стоките, информациите, отровите... ги „прескокнуваат" границите како да не постојат. Дури и предметите, луѓето и идеите што владите со задоволство би ги држеле надвор од земјата (дрига, илегални имигранти, критики на економијата и човековите права) го пронаоѓаат својот пат. Така сфатена, глобализацијата значи: укинување на оддалеченоста, вклучување во често несакани, несфатливи транснационални животни облици- или, дефинирано според Entoni Gidens – дејствување и (заеднички) живот низ и преку оддалеченоста (на божемно разделените светови на националните држави, религии, региони, континенти). Urlich Back, Vas ist Globalisierung?, Frankfurt a/M, 1998, pp. 44-45.

---

[10] James H Mittelman," Globalization: Critical Reflections", Boulder, Colo.: Lynne Rienner Publishers ,1996;

[11] E.Wallerstein, "The Modern World System: Capitalist Agriculture and the Origins of the European World Economy in the 16th Century" , New York: Academic Press, 1974

"Безмилосна интеграција на пазарот, државите-нациите, технологијата во досега невидени размери што им овозможува на поединците, корпорациите, државите-нациите да се шират низ светот подалеку, побрзо, поевтино, отколку кога било... ширење на слободниот пазар на капитализмот до секоја земја... "(T.L.Friedman, The Lexus and the Olive Tree, 1999, pp. 7-8).„...развој на глобалниот финансиски пазар, раст на транснационалните компании и нивна сé поголема доминација над националните економии. (G.Soros, OnGlobalization, 2002, p.13) "Интеграцијата на светската економија" (GilpinR., 2001, GlobalPoliticalEconomy, p. 364)"... не е ништо друго, туку „реколонизација‟ во ново руво (J.Neeraj, (2001), Globalisationor Recolonisation, pp. 6-7)...

Како синоними за глобализацијата можат да се споменат: „мондијализација‟, ‟глобална интеграција‟, "универзализација‟," "интернационализација‟, "транснационализација‟ и "вестернизација без граници.″ Како процеси, спротивни на глобализацијата, пак, можат да се споменат: "локализација‟, "изолација‟, "феудализација‟ „дезинтеграција‟, "фрагментација", "поларизација", "распад‟, "балканизација‟, "ксенофобија‟, "национализам‟, "шовенизам‟ итн.

Од аспект на посматрање (и интереси) се определува дали некој ќе биде **глобалофил, глобалофоб или реалист.**

**Глобалофилите** поаѓаат од тезата дека асимилацијата на туѓите достигнувања отсекогаш била и останала еден од најважните чинители за напредокот на секој поединец, држава и цивилизација. Оттука доаѓа нужноста за отвореност спрема светот и соработка со него. Како истакнат **глобалофил** и познат современ политичар може да се спомене **Toni Bler,** кој вели: "ако сакаме да напредуваме, тогаш не можеме да одбиваме да учествуваме на светскиот пазар. Ако сакаме да спроведуваме промени, не можеме да ги игнорираме новите политички идеи што се јавуваат во другите земји. Ако сакаме да бидеме безбедни, не можеме да свртиме грб на судирите и не почитувањето на човековите права‟.

Tony Blair, "Doctrine of the International Community", Govor u čikaškom hotelu "Hilton" (22. April 1999): citirano prema: "Republika", br. 246, 1-15. 10. 2000, str. 19.″

За **глобалофобите** на кои постојано пред очи им е злото, глобализацијата претставува еден неоимперијален концепт што глобалистите, не само што го нудат и продаваат, туку и со помош на оружјето го натураат.Глобализацијата, за нив, е обид светот да се вообличи според моделите и интересите на големите и моќните, пред се, на САД којашто настојува со своите цивилизациски модели и интереси да го вмрежи целиот свет. Во меѓународните економски односи, за **глобалофобите**,

глобализацијата - како идеја и како пракса, е еден еуфемизам за еден, во суштина, неоимперијален или неоколонијален концепт, чија цел е да се прошири и зацврсти контролата на најбогатите и најмоќните над стратегиските извори на суровини и енергија како и на светскиот пазар. Целта е колонизација на целата планета, а резултатот е богатите да станат побогати, додека сиромашните се посиромашни.

**Реалистите,** пак, ги сметаат за посакувани и добри сите процеси на глобализацијата, а се залагаат за локализација и искоренување на злото, па околу тоа со нив се согласуваат и глобалофилите и глобалофобите. Разликите доаѓаат до израз кога се во прашање амбивалентни процеси, зашто само реалистите се свесни за нивните како позитивни, така и негативни страни. **Реалистите** во меѓународните економски односи се залагаат, на пример, за либерализација при увозот на капиталот, стоките и услугите, но сметаат дека тоа мора да се спроведува смислено и постепено за да се максимизираат позитивните, а минимизираат негативните ефекти.

Додека идеја-водилка на глобалофилите е: „Размислувајте глобално, а дејствувајте локално", а на глобалофобите „Размислувајте локално, а дејствувајте глобално", таа кај реалистите гласи: "Размислувај и глобално и локално, дејствувај и локално и глобално!" (види повеќе кај Džemal HATIBOVIĆ, O GLOBALIZACIJI JOŠ JEDNOM, http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2002/0025-85550201002H.pdf

Најголем светски критичар на глобализациските процеси (пред сѐ, на американските влијанија врз тн. Трет свет), без сомнение е американскиот професор по лингвистика -Noam Chomsky. Тој смета дека модерната глобализација започнала да се јавува кон крајот на 20.век (доцните 80 и почетокот на 90. год.), аглобалниот пазар се поврзува со крајот на националните држави.

Кога се зборува за позитивните ефекти на глобализацијата најнапред се мисли на ***слободната трговија,*** а за да се може да се тргува треба земјата да остварува економски раст. Онаа земја чијашто економија е во рецесија или неразвиена земја не може да очекува позитивни ефекти од глобализацијата. ***Негативните ефекти*** од глобализацијата се очигледни во растот на невработеноста, намалувањето на животниот стандард на населението и воопшто квалитетот на животот.

Натаму, современата глобализација ја следат бројни трендови, така што доаѓа до јакнење на *еколошката свест*; потоа има изразени *културни, етнички и религиски* диспропоции, односно фрагментирање на формалните политички структури во светот; јазот меѓу богатите и сиромашните се продлабочува, така што е видлива светската

поларизација; статистиките покажуваат диспропоционален раст на светското население, но и глобален раст на населениот на целата планета, воопшто; загрижувачки сигнали од климатските промени итн. Сите овие аспекти ја тангираат глобализацијата, и обратно, издвојувајќи три пола на светското стопанство.

Различните концепти што ги образложуваат теоретските аспекти на глобализацијата, главно, можат да се класифицираат во две сосема различни струи, и тоа: струјата на **хиперглобалистите** и струјата на **скептиците,** што ги илустрира D. Held во својата позната класификација (D. Held, et. al; D. Held, A. McGrew, 2000). На ваквата поделба, според литературата, може да се додаде и струјата на **критичката теорија** на глобализацијата, што ја чинат Z. Bauman, 1998, 2000; U. Beck, 2000; M. Castells, 2000; A. Giddens, 2000, D. Held, 1999[12].

Имено, во тој контекст, уште може да се додаде дека Bek ја истакнува *еколошката димензија* на глобализацијата (Beck, 1992; 1999); Šo (Shaw) ја потенцира *војната* како причина за глобализацијата (Shaw,1999; 2000); ); Held, Rozenau (Rosenau, 2000), Gilpin (Gilpin, 2000), на различни начини се фокусирале на *политичката димензија;* Suzan Strendž (Strange, 1996) и Keniči Omae, но и многу други теоретичари се изјасниле за *технолошката димензија;* Apadurai, покрај поддршката на комуникациската технологија, главно се задржува на влијанието на *миграцијата* врз процесот на глобализацијата (Appadrurai, 1996); Skler (Sklair 1991; 2000) го истакнува импактот на *капитализмот;* а за улогата на *финансиските пазари,* покрај другите, зборува и Soros (Soros, 1998); Harvi (Harvey,1996), ја истакнува *географската димензија;* додека *урбаната димензија* ја афирмира Saskia Sasen (Sassen, 1996)[13] итн. Оттука, земајќи ја предвид инфлацијата од текстови за теоретските аспекти на глобализацијата, слободно може да се констатира дека таа, додека за некои е *иделошки проект,* за други теоретичари претставува *процес* што ја менува физиономијата на светот.

## 2.2 Предности и негативни страни на глобализацијата

Глобализацијата се одликува со голем број добри и лоши страни. Имено, предностите се манифестираат во тоа што таа може да ги поврзува националните економии, го проширува пазарот и ја прави достапна трговската размена, овозможува полесен пристап до новите технолошки решенија во производството, дистрибуцијата,

---

[12] Pavicević, P., Petrović, V., Pantelić, I., Sitarski, M. & Milovanović, G. (2002). The Aspects of Globalization. Center for Research of Information Technologies, Belgrade Open School, 2002.

[13] исто

комуникациите, обработката на податоците итн. Исто така, глобализацијата придонесува за отворање на голем број мали и средни фирми низ светот, а на овие бизниси им се овозможува да настапуваат на широкиот глобален пазар. Главна предност на глобализацијата, значи е мобилноста на компаниите, а во истовреме и мобилноста на образованата, стручна и искусна работна сила, којашто има можност да се етаблира во различни средини, различни дејности и локации, а тоа е особено значајно за одделните национални економии. Размената на знаења, вештини и искуства ја трансформира традиционалната слика на економскиот развој, претворајќи ја економијата во нова, препознатлива на меѓународниот пазар. Транснационалните корпорации, како директен глобализациски производ, пак, придонесуваат за намалување на транспортните и комуникациските трошоци, додавајќи некои нови вредности во производната и услужната сфера.

Така, Džozef Stiglic (Нобелова награда за економија, 2001) во своето дело „**Противречности глобализације**" (2018, Miba Books), ги изнесува своите критики упатени кон глобализацискиот процес, истакнувајќи дека ММФ и другите големи финансиски институции, на пример, како Светска банка, преку светските трговски спогодби, честопати работеле на штета на земјите во развој на коишто наводно требало да им помогнат. Според него, глобализацискиот процес и денес е лошо управуван, па негативните последици се видливи, и тоа преку: зголемувањето на нееднаквоста и јазот меѓу земјите, а тоа придонесува да стасуваат за наплата позајмувањата, па дури и во САД и другите развиени земји, така што се одразуваат со пораст на политичките немири. Имено, во САД по доаѓањето на претседателската позиција на Доналд Трамп се јавува новото протекционистичко движење, што секако упатува на Штоглицовите моќни и далукувидни пораки. Според тоа, неговото дело останува популарно, и тоа како неопходна лекција за спознавање на противречностите на глобализацијата.

Глобализацијата често ги заменува старите диктаторски национални елити со нови диктатори од меѓународните финансиски институции, и тоа преку контрола на демократски избраните власти по пат на наметнување пакети за „структурно прилагодување". *„На земјите фактички им се вели"* според **Stiglic**„ *ако не ги почитуваат определените услови, тогаш ММФ или капиталните пазари ќе одбијат да им одобруваат заеми. Тие земји, во основа, се принудени делумно да отстапат од својот суверенитет, да пуштат корпорациските пазари на капитал да ги дисциплинираат, велејќи им што треба, а што не треба да прават"*. Значи, кога глобализацијата се спроведува на оној начин каков што беше досега, тогаш, според Stiglic, таа претставува

пречка за остварување на политичките права на граѓаните. [види повеќе на стр. 39 и 40 во неговото дело Противречности глобализације]

Денес кон глобалофобите се приклучуваат, покрај оние од земјите во развој и голем дел од населението од развиените економии (САД и земјите од ЕУ). Истражувањата на јавното мислење, вклучително и од познатата Студија на Стенли Гринберг и неговите соработници од „Рузвелт институтот", покажуваат дека трговската размена е една од главните причини за незадоволството на големиот број Американци, а слични стојалишта застапуваат и критичарите на глобализацијата во Европа.

Поаѓајќи од овие поуки на Штиглиц и големиот број истражувања на јавното мислење, пак, се гледа дека глобализацијата носи и низа опасности, односно: непредвидливи текови на капиталот, шпекулативни дејствија врз одделни национални валути, финансиски кризи, дислоцорање на работната сила и производството од една земја во друга итн. Ваквите движења ја зголемуваат ранливоста на земјите, особено оние коишто се мали и економски неразвиени или земји во развој.

Најчесто користени индикатори при анализата на економската глобализација се: обемот на прекуграничната трговска размена; обемот на СДИ; растот на бројот на транснационални компании чии седишта се во земјите од Третиот свет; трговските и економските спогодби, на пример, како NAFTA (Спогодбата за слободна трговија меѓу Канада, САД и Мексико) и ЕУ; активностите на глобалните финансиски и трговски организации (Светска банка, СТО, ММФ) коишто станаа регулатори на финансиските и економските текови во светот; потоа светските берзи на коишто се формираат цените на некои клучни производи и суровини што придонесуваат за манифестирање на економската глобализација; глобалната поделба на трудот што подразбира (според мислењата на **Naomi Klajn**, изнесени во неговото дело „**No logo**") дека капиталот е заинтересиран за евтина работна сила за којашто се сели низ цел свет; појавата на транснационалната капиталистичка класа, којашто претставува клучен арбитер во транснационалните економски активности, а ја сочинуваат сопствениците и менаџерите на најмоќните компании, но и политичарите во одделни земји, кои го промовираат транснационалнит капитал, и тоа како корпорациски политичари (на пример, какви што се Dik Čejni и Donald Ramsfeld).

Сепак, еден од најзначајните индикатори на економската глобализација би била глобалната доминација на економската доктрина на Чикашката школа на Milton Fridman.

Но, неолибералната глобализација, според Naomi Klajn, исто така, продуцира корпорациски систем којшто ги брише границите меѓу Големите влади и Големиот капитал.Главните особености се пак огромните трансфери на јавното богатство во рацете на приватниците, честопати проследени со брз раст на долговите, сé подлабок јаз на блескаво богатите наспрема срамно сиромашните, како и агресивниот национализам што ги оправдува огромните трошоци во име на безбедноста. Заради недостатоците на големиот број сиромашни и нивната депривација, корпорациските системи наметнуваат агресивна контрола над граѓаните, честопати вршат масовни апсења, ги редуцираат граѓанските слободи и права и сл.

Значи, низ процесот на неолибералната глобализација националните држави се поткопуваат преку активностите на транснационалните актери, кои потенцијално ги анулираат националните закони (што се однесуваат, главно, на работничките и социјалните права, заштитата на животната средина итн.), особено ако тие ги загрозуваат слободите на мултинационалните компании за да ги контролираат економските активности и општествениот живот во целиот свет. Со ова се согласува и Entoni Gidens. Според него, глобализацијата се води од Западот и силно ја обележува американската политичка и економска моќ што ги уништува локалните култури, ја зголемува нееднаквоста во светот и им го влошува животот на сиромашните..

Оттука, според зборовите на нобеловецот Džozef E. Stiglic (Joseph E. Stiglitz): *„Глобализацијата денес не е во интерес на големиот број сиромашни во светот".*

**(https://manufakturadarusi.blogspot.com/p/eseji_68.html)**

Иако за позитивните страни на глобализацијата на економскиот развој на земјите во развој има разединети ставови од економските аналитичари, сепак, врз основа на направенето истражување од Доллар и Кааy може да се заклучи дека самиот глобален тренд овозможи голем број бенефиции за подобрувањето на економскиот развој на земјите во развој. Според Доллар и Кааy, земјите во развој коишто станале дел од глобализираниот свет имале многу повисоки стапки на економски раст во споредба со развиените земји. Овие високи стапки на раст најчесто се однесувале на придобивките од слободната трговија или, пак, од влезот на СДИ[14].

Самиот процес на глобализацијата го **зголеми учеството на СДИ** во вкупното производство кај голем број земји во развој. Најчесто СДИ влијае врз економскиот раст на земјите во развој преку зголемувањето на вкупната факторска продуктивност, или

---

[14]A. Kraay and D.Dollar,"Trade, Growth and Poverty", World Bank, 2000

преку поефикасната употреба на ресурсите. Ваквата зголемена факторска продуктивност придонесе за намалување на невработеноста преку вработувањето на голем број дотогаш невработени лица. СДИ освен што влијаат врз економскиот раст со зголемувањето на факторската продуктивнот, тие влијаат и со зголемувањето на вкупните приходи. Зголеменото учество на СДИ им овозможи на земјите во развој пристап до капиталот, технологијата, менаџерските практики и до новите технолошки техники за производство. Глобалниот тренд, исто така, им даде можност на земјите во развој да го зголемат извозот кој е битен фактор за зголемување на економскиот развој. Зголемената конкуренција од зголемениот обем на СДИ во земјите во развој доведе до подобрување на ефикасноста и квалитетот на производите, а тоа пак доведе до производство на поконкурентни производи од домашните фирми на меѓународните пазари.

Втората позитивна страна од влијанието на глобализацијата врз земјите во развој се однесува на **слободната трговија**. Либерализацијата на трговијата ги зголемува можностите за пласман на производите кои доаѓаат од земјите во развој на поголемиот број извозни пазари. Приспособувањето на политиките на земјите во развој со цел да ги отворат своите економии кон остатокот од светот стана неоопходно за обезбедување економски раст. Доказите за ова тврдење се јасни. Ниту една земја во развој во последниве дваесет години нема постигнато економски успех во смисла на подобрување на животниот стандардна населението без нејзината економија да биде отворена кон остатокот од светот. На пример, земјите од Источна Азија забележале значителен процент на економски раст како резултат на трговската либерализација, т.е. намалувањето на увозните тарифи од 30% на 10% во '90. години на 20. век[15].

Прифаќањето на трговската либерализација од земјите во развој им овозможи на поголем број земји во развој да ги развијат своите конкурентни предности во производството на одредени производи. Преку развојот на конкурентноста се зголемува и ефикасноста во производството. Повеќето земји во развој имаат капацитет за производство на одредени производи но, сепак, имаат недостиг од знаење или некој друг вид на ресурс што во минатото овозможувал неефикасно производство. Слободната трговија им овозможува на земјите во развој да го надополнат тој недосиг и да станат поконкурентни на глобалниот пазар. Таа, исто така, му овозможува на населението на земјите во развој поголеми можности за да го надградат своето образование со посета на некоја странска земја.

[15]UNCTAD, "UNCTAD Handbook of Statistics", New York, 2000

Либерализацијата на трговијата го подобрува и квалитетот на живот во земјите во развој. Таа му овозможува на населението од земјите во развој лесна достапност до производите што не се произведуваат во нивните земји. Најчесто овие стоки се увозуваат, бидејќи е поевтино за земјите во развој да се увозат, отколку да се произведат, поради тоа што производните процеси на земјите во развој не се технолошки опремени за претворање на суровините во производи за широка потрошувачка.

Третата позитивна страна од влијанието на глобализацијата врз земјите во развој се однесува на **подобрата технологија и полесниот пристап до информациите**. Глобализацијата на земјите во развој им овозможува полесен пристап до информациите и технологијата, а со тоа го поттикнува нивниот економски развој. Првиот ефект од подобрената технологија, како резултат од глобалниот тренд, се однесува на преместувањето на производството на микроелектронски уреди од развиените земји во земјите во развој.Најчесто производството на микроелектронски уреди во земјите во развој се однесуваше на странските директни инвестиции, но не се исклучува и можноста во одделни случаи овие инвестиции што доаѓаат од развиените земји да дојдат во земјите во развој по пат на лиценцирање. Најчест случај за ваков тип инвестиции бил случајот на земјите во Источна Азија, кои во '80. години од минатиот век биле преплавени со странски директни инвестиции за производство на микроелектронски уреди. Како резултат на ова т.н. селење на производството на микроелектронските уреди во земјите со пониски плати и со помали трошоци на производство, дошло до намалување на цените на овие уреди на глобалниот пазар. Исто така, освен што МНК го преселиле своето производство на микроуреди тие, поради пониските трошоци во земјите во развој, малку подоцна го преселиле и производството на голем број делови од високотехнолошките производи, создавајќи конкурентска предност на глобалниот пазар.Трансферот на технологијата на голем број земји во развој им овозможи да ја подобрат својата конкурентска позиција во одделни сектори и да го поттикнат нивниот развој, пополнувајќи го недостигот од индустриска инфраструктура.

Првата негативна страна од влијанието на глобализацијата е **продлабочувањето на јазот меѓу Северот и Југот,** т.е. земјите во развој и развиените земји. Според извештаите објавени од Обединетите нации, пред почетокот на глобалната финансиска криза бројот на земјите во развој коишто имале корисннпсти

од глобализацијата бил помал од 20[16]. Разликата во приходите по глава на жител меѓу најбогатата (САД) и најсиромашната земја (Доминиканска Република Конго) од 30% во 1960 година се зголемил на 70% пред почетокот на кризата. Во '80. години на дваесеттиот век, трговијата со најсиромашните земји претставувала 80% од светската трговија за разлика пред почетокот на кризата кога таа изнесувала 0.4%. Исто така, имало и зголемување на трговскиот дефицит на земјите во развој од 3% уште кон крајот на '90. години од 20. век и овој тренд продолжува до денешно време. Најбогатите пет земји располагале со 80% од вкупниот приход во светот, додека најсиромашните во само 1%, така што овој јаз двојно се продлабочил за период од 1960 до 2000 година[17]. Најголемиот дел од приходите што ги добиваат земјите во развој се од донации и билатерална финансиска помош затоа што земјите во развој се потешко може да привлечат капитал.

Втората негативна страна се однесува на **пристапот на земјите во развој кон либерализација на трговијата**. Либерализацијата на трговијата на земјите во развој довела до намалена државна контрола на макроекономските политики. Големиот број иновации, брзата експанзија на финансиските средства, трендот на приватизација и големиот обем на надворешни грантови имале силни влијанија врз економската сигурност и финансиската стабилност на земјите во развој.Концентрацијата на трговската размена меѓу САД, ЕУ и Јапонија како резултат на трговската либерализација, како и зголемениот обем на меѓународните текови довеле до правење на т.н.‵‵меур" економии и нереална флуктуација на девизните курсеви. Ваквата економска ситуација во 2008 година резултирала со глобална финансиска криза, којашто многу брзо се прелеала во земјите во развој, што се соочиле со огромни дефицити во нивните биланси на плаќање. Негативните ефекти од кризата земјите во развој ги чувствуваат и во денешно време.

Третата негативна страна на глобализацијата се однесува на **специјализацијата на земјите во развој за примарни производи** со цел да обезбедат компаративна предност на глобалните пазари. Земјите во развој имаат тенденција да извезуваат тесен опсег на производи со ниска вредност, покажувајќи релативно ниски стапки на извозен раст во рамките на глобалните извозни пазари. Ваквата структура на производите за извоз ги прави земјите во развој многу ранливи на надворешните шокови, соочувајќи се со намалени извозни приходи. М.Портер тврди дека, поради специјализацијата на производството, вкупното производство на земјите

[16]UNCTAD, "Trade and poverty", Geneva,2004

[17] World Bank, " World development report", 2000

во развој доаѓа од непривлечни индустрии со низок простор за раст од т.н. компании што се занимаваат со производство на примарни производи, а коишто влијаат врз забавувањето на економскиот раст на земјите во развој[18]. Во практиката може да се забележи дека овој тренд на производство на примарни производи постои и денес, така што овие производи се изложени на голем број ценовни флуктуации.

Четвртата негативна страна од глобалниот процес е **губењето на човечкиот капитал на земјите во развој** што негативно влијае врз нивниот економскиот раст.Слободното движење на работната сила предизвика високообразованото население да ги напушти земјите во развој и да мигрира во развиените земји со цел да си го подобрат својот животен стандард.Во економската литература ваквата појава уште се нарекува " *одлив на мозоци*". Поради одливот на мозоци голем број земји во развој, а посебно африканските, претрпеле големи економски загуби. Една од тие загуби е намалувањето на можноста за поддршка во растечката индустрија на земјите во развој преку истражувачките капацитети. Поточно, оваа економска загуба се однесува на загубата од професионален кадар кој, доколку останел во земјата, преку своите проекти би придонесол за нејзин побрз економски развој. Другата загуба којашто негативно влијае врз економскиот развој на земјите во развој се однесува на образованието. Миграцијата на високообразованото население влијае негативно брз образовниот процес, оставајќи ги земјите во развој без помош во едукацијата на населението во иднина.

Покрај овие негативни страни на глобализацијата, коишто имаат *директно влијание* врз економскиот развој на земјите во развој, има и голем број негативни страни на глобализацијата што имаат *индиректно влијание*, како што се: загадувањето на животната средина предизвикано од прекумерната употреба на природните необновливи ресурси, уништувањето на животинскиот и растителниот свет во океаните и морињата поради неконтролираниот риболов или за низа комерцијални цели и многу други.

## 2.3 Основни историски текови на глобализацијата

Континуираното зголемување на интеграцијата на меѓународниот пазар не е нов феномен. Неговото постоење датирало уште од педесеттите години пред Втората светска војна, но сепак треба да се напомне дека за време меѓу двете светски војни протекционизмот станал многу понагласен. Со крајот на Втората светска војна, кога

[18]M. Porter, "Clusters and the New Economics of Competition", Harvard Business Review, 1998

САД повторно воспоставиле хегемонија како развиена земја, заедно со европските држави, пак, го воспоставиле процесот на интеграција.

По Втората светска војна новиот светски поредок бил воспоставен според правилата и принципите на Кензијанизмот. Одлуката била донесена на состанокот во Бретон во САД. Врз основа на лошото искуство од пред Втората светска војна, новоформираниот систем бил фокусиран на контролата и стабилноста, така што развиените земји почнале да ги користат своите финансиски и валутни политики со цел: да ги приспособат домашните економии на новонастанатиот систем, да одржат фиксен девизен курс и да обезбедат контрола на капиталот. На овој состанок биле формирани и две институции: Светска банка и Меѓународниот монетарен фонд со цел да го одржуваат редот во системот. За новиот систем да не го дживее предвоениот неуспех во 1947 год биле донесени серија на поствоени договори наменети за олеснување на светската трговија или, скратено, наречени ГАТТ. Врз основа на овие договори развиените земји се определиле да ги отворат своите пазари и да воспостават пониски трговски тарифи.

Овде е битно да се нагласи дека отворањето на пазарите спрема другите земји од развиените земји се однесувало само меѓу развиените земји и не важело за земјите во развој. За разлика од развиените земји, земјите во развој биле сé повеќе принудувани да ги отворат своите пазари за производите и услугите што доаѓале од развиените земји.Така, со новонастанатиот светски поредок земјите во развој и неразвиените земји биле во полоша ситуација од претходно, најмногу поради скратената можност за заштита на своите економии од немилосрдната конкуренција која доаѓала од развиените земји.

Мислењата дека со ГАТТ трговските договори нивото на отворање на пазарите ќе се зголеми биле, всушност, вистина од перспектива на развиените земји. Со трговските преговори, што се воделе во раната фаза на ГАТТ, било решено нивото на трговска заштита на развиените земји за производите и услугите кои доаѓале од земјите во развој да биде многу повисоко за разлика од нивото на трговска заштита на земјите во развој за производите и услугите што доаѓале од развиените земји.

Најголемите промени на светската сцена се случиле по 1970 година, кога станало тешко да се одржи светскиот поредок, формиран врз кензијанската економска политика, социјалната демократија и социјалната благосостојба, бидејќи ваквата економска политика довела до многубројни проблеми, како што се, на пример, невработеноста, стагнација на продуктивноста, финансискиот дефицит и инфлацијата

со коишто морале да се соочат националните економии. Во оваа ситуација неолиберализмот повторно се појавил, а со тоа и неокласичната економска теорија што се залагала за слободен пазар станала доминатна идеологија.

Во 1980 година неолибералната економска теорија, поткрепена од Тачер и Реган, станала многу применувана[19]. Главни цели на развиените земји биле приватизацијата, либерализмот и глобализацијата. По падот на фиксниот девизен курс, развиените земји воспоставиле флуктуирачки девизни курсеви и постепена контрола на капиталот. Како резултат на сето тоа почнала да се развива и интеграцијата на финансиските пазари. За разлика од развиените земји, земјите во развој во овој временски период биле заробени во меѓународни долгови. ММФ и СБ подготвиле низа на неолиберални политики за земјите во развој. Како дел од новите мерки биле програмите за штедење наменети за земјите во развој кои имале финансиски тешкотии. Овие мерки се однесувале на отворање на домашните пазари на земјите во развој, спроведување на приватизацијата, намалување на финансиските дефицити и намалување на социјалните субвенции. Малку подоцна овие мерки, всушност, станале предуслов за добивање помош од ММФ и СБ. Ваквиот тип на неолибералните политики, коишто биле донесени од ММФ и СБ и биле наменети за земјите во развој, уште биле познати под името *"Вашингтонски консензус"*.Така ваквиот вид политики или т.н. "Вашингтонски консензус" многу брзо се соочиле и со многубројни предизвици. На пример: земјите во развој во Азија, по примената на овие политики во нивните национални економии, се соочиле со голема финансиска криза, така што ММФ и СБ се соочиле со голем број проблеми. Како резултат на тоа се оформиле и различни мислења кај научниците, така што некои мислеле дека ова , всушност, е и крај на "Вашингтонскиот консензус".

Во меѓувреме, во почетокот на 1970. година, продуктивниот раст на САД преминал во стагнација. Стапката на економски раст се намалила за околу 100 %, а како резултат на тоа американската економија започнала да се соочува со многубројни проблеми[20]. Многу економии биле изненадени од настанатата ситуација, а некои дури сметале дека САД ги следат стапките на Британската империја, така што ќе започнат и да се распаѓаат. Всушност, ова мислење произлегло од енормно зголемениот трговски

---

[19]Gore. C., "The Rise and Fall of the Washington Consensus as a Paradigm for Developing Countries, 2000, стр.789-804.

[20]J.E. Stiglitz, " Two Priciples for the Next Round: Or How to Bring Developing Coutries in from the Cold ", Geneva, 1999;

дефицит што, за само неколку години, ги претвориле САД од земја-најголем доверител во земја-најголем должник.

Како резултат на огромните проблеми на САД некои постари американски индустрии (како што се текстилот, автомобилската индустрија и индустријата за челик) биле многу загрозени со увозот од други развиени земји, така што почнале да бараат помош од Владата. Владата на САД го прифатила нивното барање и почнала да им обезбедува помош, пеку најраличен тип на закани кон другите разавиени земји, користејќи ја својата моќ. На пример: на Јапонија ѝ се заканила дека доколку не воведе ограничување на извозот за САД таа ќе воведе антидампинг политики. Малку подоцна Јапонија и земјите од Источна Азија биле принудени да ги апресираат своите девизни курсеви во однос на американскиот долар, како и да ги отворат повеќе своите пазари за американски производи. Некои земји биле принудени, освен да ги отворат своите економии, да обезбедат и полесен пристап за влез на американски капитал[21].

Во овој временски период била одржана и осмата рунда преговори, т.н. Уругвајска рунда на преговори, којашто се водела од 1986 до 1994 година. На оваа руднда преговори, којашто се водела под влијание на неолибералната идеологија, освен тоа што САД и Европа и натаму промовирале либерализација, па почнале да се регулираат и индустријата на услугите и интелектуалните права, а се донесле и посебни регулации за индустриските и земјоделските производи. За да започнат да се применуваат сите регулативи, во 1995 година била основана и нова организација-Светската троговска организација и посебно тело за кординација и арбитража на трговските спорови. Со основањето на оваа организација, иако површно значително се намалени трговските тарифи, исто така, имало и постепено намалување на нетрговските бариери. Овде треба да се напомене дека, иако со оваа рунда преговори се намалиле трговските бариери, сè уште развиените земји се далеку од нивното целосно укинување и воведување слободна трговија. На пример: има сè уште дозволено субвенционирање од владитем како и преземање мерки за да се намали увозот преку антидампинг политиките и сл[22].

Од погоре наведеното кое, всушност, претставува краток вовед за трансформација на системот на тековната голобална трговија, можат да се постават две прашање, и тоа : дали со примена на овој систем е постигната глобалната

---

[21]J. Stiglitz,"Must Financial Crises Be This Frequent and This Painful?," McKay Lecture, Pittsburgh, Pennsylvania, 23 September 1998;

[22] World Bank,. World Development Report 199912000 , New York: Oxford University Press for the World Bank, 2000;

интеграција;- и второто прашање се однесува на тоа - дали воопшто постои глобален тренд?

Бидејќи не постои прецизна и општоприфатена дефиниција за глобализацијата, како најнеутрална е онаа на A. G. Hopkins[23], според којашто таа е „процес што ги преуредува (трансформира) економските, политичките, општествените и културните односи меѓу земјите, регионите и континентите, а во истовреме проширувајќи ги, јакнејќи ги и забрзувајќи ги". Нејзините зачетоци, според теоријата на Хопкинс, датираат од стариот Египет, Кина, Асирија, па дури и Александар Велики се обидел да дојде до „работ на светот". Но, тоа биле само обиди да се завладее со определени територии.

Меѓутоа, современите текови на глобализацијата се одликуваат со: пазар без граници, доминирање на ТНК и СДИ, наднационални заедници на држави (ЕУ) и култура што се шири побрзо од кога било низ унифицираното постиндустриско окружување. Тоа се одликите на глобализацијата од 20.век и подоцна. Сепак, не може да се порекне дека нејзините историски корени се наоѓаат многу подалеку во минатото. Имено, меѓународната трговија и финансиите никогаш не знаеле за граници, па тие се одвивале и во античкото време и во Вавилон, но и во периодот на појавата на државите многу подоцна. Така, Пол Кругман[24] тврди дека глобализацијата од 20.век многу наликува на онаа од крајот на 19.век. Тој, натаму, укажува на фактот дека „рецесијата и глобалната финансиска криза од 1929 г. се почувствувала дури по три дена за разлика од финансиската криза во 1987 год. кога таа се проширила низ светот за само 24 часа." Последица за таквиот брз импакт врз светските финансии, секако, се современите комуникациски средства и новите технологии (интернетот и веб вмрежувањето). Според тоа, пак, може да се заклучи дека глобализацијата подразбира скратување на времето и намалување на растојанијата меѓу народите.

Така, периодот кога се фаворизирала либерализацијата во трговијата, всушност, бил наречен *„прва ера на глобализацијата"*, што се поклопува со ширењето на Британската Империја и интензивирањето на индустријализацијата. Теоретските аспекти на глобализациските движења се споменуваат и во делото на Рикардо (Богатството на народите), кога тој ги третира *„компаративните предности"*, а исто така и во Сејовиот закон за *„општата рамнотежа"*.По Првата светска војна, пак, движењето на стоките, капиталот и работната сила се забрзало како никогаш дотогаш.

[23]A. G. Hopkins, The History of Globalization – and the Globalization of History, A. G. Hopkins (ed.) Globalization in World History, (Pimlico, Sydney) 2002, p. 16.

[24]https://globalizacijaveljkoperovic.wordpress.com/2017/05/11/istorijski-koreni-globalizacije/

Во периодот по Втората светска војна главни аниматори и поттикнувачи на меѓународните текови стануваат ММФ и ГАТТ (по Уругвајската рунда преговори- СТО), што се фокусираат кон намалување на трговските бариери.

Според тоа, може да се заклучи дека во текот на историските промени глобализацијата се усложнувала, станувала сеопфатна и сеприсутна. Таа, како феномен, е стара колку и цивилизацијата, ако се земат предвид религиозните движења, империјалните војни и трговската размена, па оттука не може да се каже дека ќе има завршница или некаков предвидлив крај.

## 2.4 Карактеристики на учесниците во глобализацискиот процес

Главни арбитри или учесници во глобализацискиот процес (од економски аспект), денес, се мултинационалните компании, ТНК, финансиските институции – ММФ, СТО и Светска банка, низата невладини организации и потпишувачите на меѓународните договори.

Напредокот подразбира склучување договори со ММФ, молби до Светската банка и Светската трговска организација што во целост е усогласена со политиката којашто ја практикува ММФ. За да се остварат глобалните цели во служба на високоразвиените земји постојат ***три клучни организации,*** коишто често се подложни на кротики заради дефинирањето на политиките и мерките што се однесуваат на земјите во развој (каква што е и Р.Косово).

Имено, **ММФ** е основан во 1944 година, а официјално започнал со работа 1946 година во Вашингтон. ММФ одобрува на земјата со платнобилансни проблеми пристап до неговите ресурси под определени услови (Марчетиħ, 2012). ММФ програмата започнува кога одделна земја е во рецесија и кога Владата на земјата бара финансиска помош. Условите што ги определува ММФ често не можат да бидат исполнети во предвидените рокови, а се знае дека треба да бидат исполнети пред исплатата на првата транша. Оттука, мислењата ѕа склучување договори со ММФ се поделени. Имено, диктирајќи ги условите од договорот ММФ во старт ја гуши расправата со владата на земјата-заемопримач околу алтернативните економски политики, а особено пошироката расправа внатре во самата земја (Stiglitc, 2004).

Првично, примарната цел на ММФ била регулирањето на девизните курсеви на валутите, како и да биде во улога на кредитор, доколку некоја од неговите земји-членки се соочи со тешкотии во платниот биланс и не е во можност да се задолжи во други институции. Оваа првична цел на ММФ земјите во развој ја користат и во

денешно време, бидејќи со либерализацијата на трговијата голем број од земјите во развој се соочија со огромни буџетски дефицити. ММФ пред да ѝ одобри кредит на една земја-членка претходно ѝ наметнува услови коишто се однесуваат на определени структурни промени во економијата. Овие услови уште се наречени програми за структурно приспособување што многу често се наменети за земјите во развој со цел настанатиот проблем да не се повтори во иднина. Политиките за структурно приспособување се економски политики коишто земјите мора да ги следат, доколку сакаат да земат заеим од ММФ или од Светска банка за да си ги отплатат долговите спрема другите институции, најчесто кон комерцијалните банки или кон други влади. Иако најчесто овие програми се различни за секоја земја, сепак, имаат некои заеднички карактеристики, и тоа ги промовираат: извозот, приватизацијата, либерализацијата и ефикасноста на слободниот пазар.Овие политики, генерално, бараат од земјата да ја девалвира својата валута, да ги отстрани увозните и извозните ограничувања, контролите на цените и државните субвенции, како и да го балансира својот буџет.

Девалвацијата на домашната валута, всушност, го поттикнува извозот преку неговото поевтинување, а го поскапува увозот на стоки. Во принцип, ваквата политика има цел да ја натера земјата да ја намали купопродажбата на странска стока. Но, сепак, во практиката ММФ ја нарушуваа оваа цел, обезбедувајќи ѝ на земјата поголем девизен кредит којшто го поттикнува купувањето увозни продукти.

Балансирањето на националните буџети може да се направи со зголемување на даноците или со намалувањето на владините трошоци. Најчесто балансирањето на буџетите во земјите во развој се постигнува преку намалувањето на владините трошоци. Како резултат на тоа, ваквата рестрикција, начесто, вклучува намлување на програмите за образование, здравство и социјална заштита, како и за намалување на субвенциите. Најчесто од ваквите мерки најпогодено е сиромашното население- како корисник на тие субвенции. За разлика од оваа мерка, со примената на програмите за структурни приспособувања, преку девалвирањето на валутата поктрепена со контролата на цените, не само што било погодено сиромашното население, туку тие ѝ го зголемиле процонот на сиромаштијата во земјите во развој.

Поради овие негативни ефекти од програмите за структурно приспособување за земјите во развој, ММФ започнал да применува нови стратегии за намалување на сиромаштијата, што се познати според кратенката PRSPs(Poverty Reduction Strategy

Papers)[25].Оваа програма има цел да ги неутрализира негативните ефекти од програмата за структурни приспособувања. PRSP, всушност, повлекува подготовка на национална програма за намалување на сиромаштијата во земјата во развој, доколку таа сака да ѝ се овозможи кредит од ММФ или СБ или да ѝ се отпише некој долг. СБ и ММФ ја воведоа оваа програма за да бидат сигурни дека средствата од отпишаниот долг на земјите во развој ќе бидат наменети за намалување на сиромаштијата.

Постојат *пет основни приципи* на коишто се темели оваа програма, односно:

- вклучува широко учество на граѓанското општество и приватниот сектор во сите оперативни чекори,
- од нејзините крајни резултати ќе имаат корисности најсиромашните граѓани,
- ги опфаќа сите аспекти во препознавањето на мултидимензионалната природа на сиромаштијата,
- вклучува координирано учество на развојни партнери (билатерални, мултилатерални и невладини),
- и нејзината главна цел е долгорочно намалување на сиромаштијата.

Најчесто PRSPs програмите се надградуваат на веќе постојните национални планови на земјата во развој.

Доколку земјата во развој ги исполни горенаведените услови тогаш, во консултација со ММФ, може да се задолжува на концесуални услови преку:

- долготрајниот кредитен фонд (ECF);
- стендбај кредитите (SCF) и
- брзиот кредитен фонд (RCF).

Во овие концесиски заеми, што се наменети за земјите во развој, не е вклучена каматата до 2014 година[26].

ECF обезбедува финансиска помош за земјите со долготрајни платнобилансни проблеми. ECF бил создаден во рамките на програмата за намалување на сиромаштија со цел да обезбеди пофлексибилна и подобро приспособена финансиска помош за различните потреби на земјите во развој и за неразвиените земји, вклучувајќи го времето на шокови и кризи. SCF кредитите се со исти цели како и ECF само што се наменети за краткорочни платнобилансни проблеми на земјите во развој и најчесто се користат на претпазлива основа. Овие се најчесто употребувани кредити од земјите во развој. RTS кредитните линии се основани на ист прицип како и погоре наведените, но со разлика во нивната намена. Тие се неменети за земјите во развој што имаат потреба од брза концесиска помош за решавање на платнобилансните проблеми.Овие кредитни

[25]http://www.imf.org/external/np/exr/facts/prsp.htm
[26]www.imf.org

линии имаат една иста цел, а тоа е: трајно решавање на економските проблеми на земјите во развој и неразвиените земји со цел да обезбедат повисоки стапки на економски раст.

**Меѓународната банка за обнова и развој (IBRD)** е основана во 1945 година, а со цел да обезбедува помош за развој на неразвиените земји во светот.

**Светска банка (СБ),** пак, вообичаено се потпира на тоа што ММФ ги поттикнува земјите-должнички на спроведувањето на економските реформи (Rendi, 1997). Како и ММФ, ниту Светската банка не е поштедена (заради некои нејзини потези) од критиките. Трета меѓународна финансиска институција, што е дел од оваа трилатерала е **Светската трговска организација** (којашто е продолжение на ГАТ).

Групацијата Светска банка е составена од четири иституции, но најбитни иституции за земјите во развој се: Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) и Меѓународно здружение за развој (ИДА). ИБРД и ИДА многу често во практиката се условуваат како СБ. СБ на почетокот е основана со цел да им помогне на европските земји во реконтсрукцијата на воено разурнатата Европа, така што СБ со своите активности се вклучи во подобрувањето на економскиот развој на земјите коишто биле целосно разурнати. Подоцна нејзината цел била променета и се однесувала на доделување кредити за земјите од третиот свет за да се подобри нивниот економски развој[27].

Иако Светска банка квалитативно има поинаква улога од ММФ, сепак, нејзината работа се потпира на програмите за структурно приспособување, наменети од ММФ[28]. Таа се фокусира на кредитите коишто служат за подобрување на економскиот развој на земјите во развој, а се наменети за конкретни проекти, најчесто, за подобрување на инфраструктурата (на пример: изградба на брани, патишта пристаништа и сл.). Иако СБ е мултилатерална институција, сепак, нејзината работа индиректно е зависна од западните корпорации и многу ретко таа води сметка за локалните културни проблеми. Оваа негативност е многу јасно претставена од модалитетите на нејзините проекти, како што бил проектот "Зелената револуција" во земјоделството, наменета за земјите од третиот свет од '60.-'70. години на 20. век. Програмата "Зелена револуција" се однесувала на масовната индустријализација на земјоделството, вклучувајќи замена на

[27]G. Mohan, "Structural Adjustment Theory, Practice and Impacts", New York, 2000

[28]C. Jayarajah and W. Branson, " Structural Adjustment and Sectoral Adjustment - World Bank Experience, 1980-1992", D.C.: World Bank, Washington, 1995

домородните култури со високопродуктивни сорти, коишто за нивната употреба бараат скапи инвестиции (на пример, хемикалиите, ѓубривата, машините и сл[29]). Оваа програма била наменета за домородното население кое дотогаш применувало традиционална обработка на земјоделските култури. Механизацијата на производството на храна во земјите во развој што имаат вишок на работна сила довела до маргинализација на многу луѓе, а со тоа и до влошување на економијата и зголемување на сиромаштијата во овие земји. Натаму, прекумерната употреба на хемикалии довела до послаб квалитет и ерозија на почвата, зголемувајќи го степенот на глад во земјите од третиот свет. Додека т.н."Зелена револуција" била катастрофална за економскиот развој на земјите во развој, западните хемиски корпорации оствариле голем профит и ја зголемиле својата контрола врз производството на храна во земјите од третиот свет.

Во денешно време, пак, СБ намерно или не повторно го прави тоа преку промовирањето на употребата на генетски модифицирани семиња во земјите од третиот свет и работи со владите за да се зацврстат законите за патенти, а единствено добивка би имале западните корпорации.

Иако СБ има направено неколку грешки, сепак без нејзината помош земјите во развој не можат да остварат натамошен економски развој, како и во целост да ги искористат придобивките од глобализацијата. Во суштина, СБ во денешно време има две важни цели, и тоа: намалувањето на сиромаштијата и поттикнување на економско-социјалниот развој на земјите во развој. За реализација на своите цели СБ во моментов користи *пет видови кредитни инструменти*, и тоа:

- инвестициски кредити,
- кредитирање на развојната политика (ДПЛ),
- програми засновани на резултатите,
- гарантни програми на СБ,
- програми за поддршка на политичките системи[30].

Членството во **СТО** претставува еден од клучните чекори кон интеграцијата на земјата во глобалните економски текови, како и неопходен чекор во процесот за приклучување кон Европската унија. Врз регилирањето на односите при извршувањето на светската трговија најголемо влијание има Светската трговска организација **(World Trade Organization-WTO).** Оваа организација е основана во 1995 година со седиште во Женева. Таа е настаната на темелите и барањата на Општата спогодба за царини и

[29] J. Harrigan, "Modelling the impact of World Bank policy-based lending: The case of Malawiís Agricultural Sector", The Journal of Development Studies, 1997

[30]www.worldbank.org

трговија**(General Agreement About Tariffs and Trade-GATT**) (Đurić, 2003). Главна цел на СТО е да обезбедува трговијата да се одвива непречено, како што е предвидено со мултилатералните спогодби. **GATT** бил основан во 1947 година. Од претходно наведените факти се забележува дека трите клучни меѓународни организации биле основани речиси истовремено, со тоа што СТО е заснован на темелите на GATT. (DOI: 10.15308/Synthesis-2015,345-348)

(http://portal.sinteza.singidunum.ac.rs/Media/files/2015/345-348.pdf)

Претходник на СТО, всушност, е Општата спогодба за трговија и царини (ГАТТ), којашто била составена од 23 земји-членки за да ја олесни меѓународната трговија преку намалувањето на бариерите. СТО како организација е формиран во текот на Уругвајската рунда на преговори од 1994 година. Нејзината основна цел била да овозможи економски раст на земјите за максимално да ги искористат придобивките од трговската либерализација преку преговори, договори, консултации, мониторинг на националните трговски политики, како и решавање на трговските спорови. Проблемот со којшто се соочува СТО е со својата работа да им овозможи на земјите во развој преку нивното интегрирање да ги искористат придобивките од трговската либерализација за да обезбедат повисок степен на економски развој. Овој проблем, всушност, е една од главните цели на СТО, бидејќи 2/3 од членството им припаѓа на земјите во развој[31].

СТО им нуди помош на земјите во развој на три начина, и тоа:

- СТО-договорите содржат посебни одредби што се однесуваат на земјите во развој,
- Комитетот за трговија и развој е главно тело што е фукусирано на проблемите на земјите во развој,
- Секретаријатот на СТО обезбедува техничка помош (главно, станува збор за различни видови обука) за земјите во развој[32].

СТО-договорите вклучуваат бројни одредби коишто им овозможуваат на земјите во развој и на неразвиените земји посебни права и посебен третмен, т.е. посебен и различен третман. Во ГАТТ има посебен дел (дел 4) за трговијата и развојот што вклучува одредба на концептот на не-реципроцитет во трговските преговори меѓу развиените и земјите во развој. Исто така, ГАТТ и ГАТС имаат преференцијален третман за земјите во развој.

[31]www.wto.org, Agreement on Rules of Origin, Apr. 15, 1994
[32]www.wto.org

Други мерки во врска со земјите во развој, а што се вклучени во СТО-договорите, се:

- дополнително време за земјите во развој да ги исполнат своите обврски,
- одредби со цел да се зголемат трговските можности на земјите во развој преку поголем пристап на пазарот,
- одредби што ги штитат интересите на земјите во развој при донесувањето домашни или меѓународни мерки (на пример: анти-дампинг, заштитни мерки, технички бариери во трговијата и сл.),
- одредби за најразлични видови помош на земјите во развој[33].

Комитетот за трговија и развој во рамките на СТО има голем број улоги. Меѓутоа, поприоритени се следниве: заштита на земјите во развој, упатства за техничка соработка, зголемено учество на земјите во развој во трговијата и позицијата на неразвиеите земји во СТО. Исто така, преку Комитетот за трговија и развој, земјите-членки се информират за посебните програми, што вклучуваат трговски концесии за производите од земјите во развој.

Секретаријатот на СТО има посебни правни советници за помош на земјите во развој за каков било спор. Оваа услуга е понудена од СТО за обука и техничка соработка.

Глобализацијата е поврзана со промените што се отсликуваат во структурата на меѓународното производство и потрошувачка, бидејќи ја намалува близината меѓу производството, суровините и пазарите. Таа ги проширува границите за лоцирање на компаниите заради намалување на трошоците и забрзување на дистрибуцијата на репроматеријалите и готовите производи. Оттука, пак, се зголемува обемот на странските вложувања во стопанствата во светот, а тоа е главното обележје на овој процес. Значи, СДИ се главниот производ на мултинационалните компании. Исто така, глобализацијата ги отвора меѓународните пазари на капитал што, секако, има и позитивни страни (особено за малите и средни фирми, зашто можат да дојдат полесно до финансиски средства), но и негативни последици (брзо ширење на финансиските кризи).

**Транснационалните корпорации**, всушност, се водечки фактор на современата глобализација. Тие се карактеризираат според тоа што своите активности ги насочуваат кон најмалку две држави/ пазари, што значи оперираат на многу поширок простор, а главен мотив им е стекнувањето *профит.* Но, притоа, им недостига *отвореност* и *одговорност.* За да се заштитат државите треба, со своите закони,

[33] www.wto.org,

политики и нивната имплементација, да го следат функционирањето и влезот на ТНК во домашната економија и навреме да ги откриваат ризиците. Според Хенри Кисинџер[34] (поранешен државен секретар на САД), глобализацијата е „второто име за доминантната улога на САД" во меѓународната глобална економија.

Но, честопати, земјите-корисници на странските инвестиции ги занемаруваат ризиците, па се определуваат за нудење големи фискални погодности на инвеститорите со што го доведуваат во опасност нормалното функционирање на домашната економија.

Експанзијата на ТНК особено е интензивна по појавата на интернетот, развојот на дигиталната мрежа и сервисот WWW (World Wide Web), бидејќи драстично се намалуваат трошоците за маркетинг и advertizing, како на глобалните компании, така и на останатите фирми. Исто така, се намалуваат трансакциските трошоци и залихите, а се забрзува обртот на средствата. Денес секој може, преку интернет, да заработува од дома. Тоа ја намалува доминантната моќ, особено на Западот, зашто најголем број ТНК се лоцирани во високоразвиените западни економии.

Покрај различните меѓународни договори, како регулатори на економските текови се јавуваат **финансиските институции ММФ, СТО и Светска банка,** коишто воспоставуваат определени стандардизирани правила за глобалното движење на капиталот.

Натаму, битни глобализациски учесници, покрај мултинационалните компании (чии области најчесто се маркетингот, истражување и развој, финансии и продажба), а активностите ги водат од матичните земји, денес се јавуваат и **глобални корпорации**, чии седишта се надвор од матичните земји, односно онаму каде што трошоците се најниски и постои високостручен кадар (на пример, Нестле, Сименс и др.).

## 2.5 Улогата на странските директни инвестиции во процесот на глобализација

Странските директни инвестиции имаат многу важна и растечка улога во глобалниот бизнис. Тие се појавуваат кога компанијата инвестира средства во продажба и/или производство на некој производ во друга земја. Кога компанијата врши капитални инвестиции, пак, ги вложува тековните ресурси за да го зголеми

[34]Henry Kissinger, "Globalisation: America's role for the millennium", The Irish Independent,1999, стр. 13.

производството и да оствари иден поголем профит. Покрај ова главна карактеристика што СДИ ја содржат во себе е и усвојувањето на контролата.[35]

Странските директни инвестиции (СДИ) се најзначајната димензија или моќниот лост во процесот на глобализација. Економската глобализација подразбира спектар за поврзување на националните економии. Интензитетот на глобализацијата се мери преку растот на надворешнотрговската размена на стоките, услугите, технологијата и капиталот. Најрелевантни показатели на економската глобализација се оние што го покажуваат движењето на СДИ и нивното учество во глобалниот БДП. Значи, економскиот пазар е главниот поттикнувач што ја интензивира глобализацијата.

Постојат многу дефиниции од страна на многу автори кои ги дефинираат нив. Директните странски инвестиции можат да се дефинираат и како вложувања капитал од претпријатијата од странски земји или мултинационални компании во капацитети, во вид на претпријатија или филијали во земјата-домаќин. Според тоа, со странските директни инвестиции се стекнува сопственичка контрола.[36]

Во стручната и научната литература се прифатени дефинициите и класификацијата што ги востановиле ММФ и ОЕЦД, односно СДИ се дефинираат како: „вид меѓународна инвестиција што ја презема *резидент* од една економија/земја (директен инвеститор) со цел преземање траен удел во одделна фирма што работи во друга економија/земја (компанија за директна инвестиција). Траен удел постои ако директниот инвеститор презел најмалку 10% од обичните акции (или друг вид сопственички капитал) или гласачките права при директната инвестиција".[37] Значи, СДИ се вложувања од страна на странски инвеститор на капитал, при што контролата над имплементацијата е од страна на сопственикот, односно тој определува *каде, кога и како* ќе го вложува својот капитал. Овој вид вложувања натаму подразбира дека сопственикот ќе го добие приносот од зголемената продажба на странските пазари, ќе има пристап до странските извори и ќе стекне делумна или целосна сопственот над компанијата.

Според Меѓународниот монетарен фонд - ММФ (International Monetary Fund), странските директни инвестиции претставуваат инвестиции направени со цел

[35]R.Krugman Paul, Obsfeld Maurice, **"International economics"**, Theory and Policy, 8 edition Addison - Wasley, Boston, 2009, p.169;

2Несторовски, проф. д-р Методија, **„Економија на инвестиции"**, Економски факултет, Скопје, 2002, стр. 138;

[37]Antevski, Miroslav, *Regionalna ekonomska integracija u Evropi*, Beograd, Универзитет Сингидунум, 2008, стр.134

здобивање трајни, долгорочни интереси во претпријатијата што работат надвор од економијата на земјата на инвеститорот.[38]

Според системот на национални сметки на Обединетите нации (United Nations), не ги дефинира СДИ како меѓународни текови на капитал, туку разликува компании контролирани од странство (афилијации што се во сопственост на странскиот инвеститор во повеќе од 50%) и подружници каде што сопственичкиот дел на странската фирма е меѓу 10 и 50%.[39]

Согласно со препораките на петтото издание на Прирачникот за билансот на плаќање на ММФ, странските директни инвестиции се дефинираат како вложувања со коишто инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со правното лице во кое инвестира. Притоа, до крајот на 1993 година земјите применувале различни критериуми за дефинирање на директните инвестиции. Во петтото издание на прирачникот на ММФ се препорачува како критериум да се користи минималното учество во капиталот од 10% или правото на глас, со што се обезбедува меѓународна споредливост на податоците. Според тоа, разликата меѓу директниот и портфолио-инвеститорот се темели врз процентот на поседувани акции и удели во претпријатието. Ваквите методолошки постапки за пресметување на странските директни и портфолио-инвестиции во целост се применуваат и во Република Македонија. Според ова, инвестициите се класифицирани на следниов начин:

- директни инвестиции, коишто се класифицирани:
  - од аспект на насоката на инвестирање: инвестиции во странство и инвестиции во конкретна земја;
  - од аспект на инструментите: акционерски капитал и реинвестирана добивка; останат капитал;
- портфолио-инвестиции, коишто се поделени на: сопственички капитал и должнички хартии од вредност,
- останати инвестиции, коишто се поделени на: трговски кредити, заеми, валути и депозити и останати средства/обврски и
- резервите се класифицирани според видовите инструменти.[40]

Една од поделбите на странските директни инвестиции е на инвестиции „зелено поле"гринфилд-инвестиции (Greenfield investments) - кога се почнува сосема нова операција во странската земја, втората форма на инвестиции се однесува на целосно

[38] www.imf.org
[39] www.un.org
[40] Извештај за меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија (2010 година), септември 2011 година, Народна банка на Република Македонија;

преземање на постојна фирма и третиот вид е спојување со фирма од странската земја.

**Гринфилд (Greenfield)** инвестициите претставуваат странски директни инвестиции за основање нова од почеток фирма и ги опфаќаат сите активности во врска со основањето, изборот на локација за фирмата, изградба на објектот, пробна работа и сл.

**Аквизиции (Acquisitions)** или преземање на фирма се посебна форма на странски директни инвестиции, т.е. тоа е случај кога капиталот се употребува за купување постојна фирма. Во овој случај домашната фирма може да продолжи да егзистира под исто, ново или проширено име, но сопственоста е во рацете на странскиот инвеститор. Преземањето може да биде мал дел, кога странската фирма презема од 10% до 49% од акциите, поголем удел на преземање има кога се преземаат од 50% до 99% од сопственоста на фирмата и 100% преземање или целосна сопственост од страна на странскиот инвеститор. Едно од најголемите преземања е на компанијата „Гугл" (Google) во март 2008 година кога ја презеде „Дабл клик" (Double Click), компанија за огласување и маркетинг.

**Мерџерс (Mergers)** или спојувања се третата форма на странски директни вложувања и претставуваат спојување на две или повеќе компании во еден нов ентитет. Типичен пример за спојување е спојувањето на „Мајкрософт" (Microsoft) и „Јаху" (Yahoo) во 2008 година во вредност од околу 47 милијарди американски долари.

Друг пример претставува спојувањето меѓу американските авиокомпании „Јунајтед ерлајнс" (United Airlines) и „Континентал ерлајнс" (Continental Airlines), коишто го склучија договорот за нивно спојување во 2010 година. Американска мултинационална компанија за нафта и гас „Ексон мобајл корпорејшн" (Exxon Mobil Corporation) е уште еден пример за успешно направен мерџер меѓу компаниите „Ексон" (Exxon) и „Мобајл" (Mobil) во 1999 година.

Кога се зборува за инвестициите, пак, треба да се напомене дека постојат и странски **портфолио инвестиции** коишто, всушност, претставуваат инвестиции на јавни установи, фирми или индивидуалци во финансиски инструменти (обврзници, акции) во странска држава без да се зафати контролниот пакет. Ваквите инвестиции можат да бидат и со многу мало учество, дури помало и од 10%, не мора да вклучуваат голем процент на поседување хартии од вредност. Овој вид во поновата литература не

се ни сметаат за странски директни инвестиции, но сепак треба да се направи една дистинкција меѓу нив.[41]

Странските директни инвестиции се јавуваат во форма на **хоризонтални инвестиции** кога инвестициите се насочени во истата дејност во којашто компанијата работи во сопствената земја. „Старбакс кофи компани“ (Starbucks Coffee Company) е типичен пример за овој вид инвестиции кога на крајот од 2000 година вложува 84 милиони американски долари за купување на британскиот „Сиетл кофи“ (Seattle Coffee) (британски синџир од 60 кафетерии). Друга форма се **вертикалните странски директни инвестиции** коишто во себе вклучуваат две категории.

Кај вертикалните странски директни инвестиции постои поделба на пасивни и активни вертикални инвестиции. *Пасивни странски директни инвестиции* има кога се вложува во странска индустрија, којашто овозможува инпут на средства за домашните активности на фирмата. Ваквите видови инвестиции се најприменувани кај екстраактивните индустрии (на пример, кај нафтената индустрија, ископувањето боксит, калај и сл.). „Ројал дач/шел“ (Royal Dutch/Shell) и „Бритиш петролеум“ (British Petroleum) се примери од реалноста за овие видови инвестиции.

Вториот вид од вертикалните директни инвестиции се *агресивни инвестиции,* коишто се однесуваат на случаите кога странска индустрија ги продава производите од домашното производство на фирмата. Агресивните вертикални директни инвестиции се помалку применувани во практиката, а една од светските компании што ги презеле е „Фолксваген“ (Volkswagen).

Кај оваа поделба на инвестициите треба да се напомене дека постојат и **конгломератни инвестиции**. Тие претставуваат вложување во сосема трета дејност од онаа што ја извршува фирмата во сопствената држава, т.е. во дејност што не е дел од единствениот систем на снабдување.[42]

Во последните две децении, главно, со укинувањето на ограничувањата за движење на капиталот се зголемува обемот на СДИ во светски рамки, иако тие се ориентирани кон високоразвиените земји, зашто им е обезбедена современа инфраструктура и софистицирана работна сила. Меѓутоа, државите коишто сакаат подобра иднина и интегрирање во светската економија треба брзо да реагираат,

---

[41]Кикеркова, проф. д-р Ирена, **„Меѓународна економија“**, Економски факултет, Скопје, 2003, стр.151;

[42]В.Л.Хил Чарлс,**„Меѓународен бизнис“**, Универзитет во Вашиннгтон (четврто издание), стр.220,221;

особено во размената на информациите, имплементацијата на новите технолошки решенија, унапредувањето на образовните системи, правната регулатива, инфраструктурата, логистиката итн. за да привлечат поголем обем на СДИ.

Странските директни инвестиции, нивните детерминанти, улога и ефекти со големо внимание се проучуваат во последниве децении. *Позитивните ефекти* се манифестираат преку: унапредување на перформансите на определена национална економија, пред сé, на земјата-домаќин; овозможување трансфер на знаење и технологија; раст на продуктивноста и конкурентноста; зголемување на извозот, особено во земјата од каде што СДИ потекнуваат итн. Исто така, СДИ се користат како метод за финансирање на јавниот долг, особено во земјите во развој (што важи и за Косово), зашто кај овие земји долгот, најчесто, е висок. Малите и средните фирми во земјите во развој се на маргините, но со влезот на СДИ тие добиваат можности за вклучување во економските текови, главно, преку outsourcing, дистрибуција и сл., а на тој начин се намалува невработеноста во земјата.

Од друга страна, *негативните ефекти* се профилираат преку тоа што: големите странски инвеститори можат да ја користат својата доминантна улога на пазарот и да остварат определено влијание врз политичките процеси во земјата-домаќин; да бараат високи противуслуги, субвенции, даночни ослободувања, користење на инфраструктурата без надоместок, трансфер или прелевања на профитот за да ги намалат даночните обврски итн.

Но, сепак, користите од СДИ ги надминуваат трошоците и негативните појави, па токму затоа претставуваат неопходна потреба, особено, за земјите во развој.[43]

Оттука, пак, може да се констатира дека странските директни инвестиции помагаат за намалување на бариерите за движењето на производите, услугите, капиталот, луѓето, факторите за производство, идеите итн., а со тоа се овозможува глобалната конкуренција.

### 2.5.1. Значење на меѓународниот бизнис за економиите во развој

Глобализацијата директно е поврзана со промените во меѓународниот бизнис, односно меѓународното производство и потрошувачка, пред сé, затоа што ја намалува важноста на близината меѓу производството, суровините и пазарите. Имено, се проширувааат границите за лоцирање на компаниите, а со тоа се намалуваат трошоците

[43] Graham, 1995, str. 12

и се зголемува брзината за дистрибуирање на суровините и готовите производи. Либерализацијата на пазарите на капитал и неговото зголемено движење го намалува влијанието на владите врз монетарната политика. Во тој контекст е и интензивниот раст на СДИ во целиот свет, како главна компонента на овој процес.

Исто така, развојот на електронските медиуми, интернетот, дигитализацијата, сателитскиот пренос на информациите, мрежното поврзување итн. ја менуваат претставата за просторот и времето, а меѓународниот бизнис добива нови димензии. За разлика од меѓинародниот бизнис (што се одвива меѓу две или повеќе држави), глобалната економија ги тангира сите држави во светот. Секако сите овие промени се рефлектираат врз работењето на компаниите. Значи, никој не е одминат од глобализациските текови, а за опстанок и одржливост на економиите во развој неопходно е нивно брзо адаптирање на променливите услови во потесното и поширокото окружување, потоа развивање меѓусебна соработка, партнерства и преземање интеграциски процеси.

Меѓународната размена, денес, се врши на меѓународните пазари (национални, регионални и финансиски), при што се среќаваат понудата на земјите-извознички со побарувачката на земјите-увознички. За земјите во развој најдобро е, наместо да ги извозуваат суровините, да ги финализираат, односно да произведуваат финални производи и да ги користат современите фактори, процеси и производи што се атрактивни на пазарите. Тоа, пак, значи дека ним им е потребна промена на стопанската структура, а за таа цел треба брзо да реагираат и да се адаптираат на новите услови за стопанисување. Меѓународниот бизнис не трпи одлагања на неопходните промени.

Најголем проблем на меѓународниот бизнис се меѓународните трансакции (реални и финансиски). Токму затоа, Krugman и Obstfeld (2009)[44] ја нагласуваат дилемата: како да се усогласат меѓународните трансакции во услови кога не постои светска влада, па на светскиот пазар чести се загубите или добивките на одделни земји? Структурата на меѓународните трансакции, денес, е многу комплексна и го опфаќа меѓународното движење на стоките, услугите, парите и капиталот, трансферот на технологијата, миграцијата на работната сила итн.

Но, меѓународните бизнис активности се од исклучителна важност за земјите во развој, затоа што отвораат широки можности за привлекување СДИ, размена на

[44] Види повеќе кај :Милорад Унковиќ, Меѓународна економија, Основни појмови о међународној трговини (глава 1), Универзитет Сингидунум, 2010, петто допуњено изд.

искуства, создавање партнерски односи, регионално поврзување, проширување на пазарот, промовирање нови идеи и иновации, стекнување нови знаења и вештини, користење know how, just in time и низа други придобивки што ќе водат кон натамошен нивен раст и развој.

Алтернативните модели на економскиот раст и развој довеле до многу различни предвидувања за поврзаноста на глобализацијата и економскиот раст во светот. Еден дел од испитувањата се направени од Лукас, кој е претставник на неокласичната теорија. Тој тврди дека онаа меѓународна нееднаквост во приходите што ја имало во 20 век, во овој век ќе ја снема[45]. Исто така, тој истакнал дека во 21. век неговото тврдење ќе се исполни, доколку земјите започнат со применувањето на сите реформи што ќе бидат усвоени од институциите со цел да се поткрепи ефикасноста на пазарите и целосно да ги искористат странскиот капитал и технологијата коишто ќе се влеваат во нивните земји. Вaквиот "Парадокс на Лукас" дека економскиот раст на сите земји ќе биде приближно еднаков, за жал, не се исполни, бидејќи почетокот на 21. век започна со прелевање на меѓународната нееднаквост на приходите од 20. век. Сето ова може подобро да се види на Слика 1[46].




**Слика 1 Моделот на Лукас**

*Извор: R.E. Lucas, 'Some Macroeconomics for the 21st Century', Journal of Economic Perspectives, 2000стр:14*

---

[45] R.E. Lucas, "Why Doesn't Capital Flow from Rich to Poor Countries?", American Economic Review Papers and Proceedings,1990, стр: 92-96;

[46] R.E. Lucas, "Some Macroeconomics for the 21st Century", Journal of Economic Perspectives,2000стр:14

Другите теории се помалку оптимистички. На пример: Хендерсон на процесот на економскиот развој гледа не како конвергенција на земјите во развој во развиени земји, туку како брза транзиција каква што имаат азиските земји од неодамна[47].Овие модели, всушност, предвиделе дека глобализацијата со текот на времето ќе се централизира наместо да се прошири низ сите земји во светот, бидејќи близината на пазарите и доставувачите можат да бидат главните причинители на деиндустријализацијата на земјите коишто се наоѓаат на "погрешно место".

## А) Дали глобализацијата позитивно влијае на економскиот раст? (историски докази)

Иако со развојот на глобализацијата, трошоците за транспорт и комуникации драстично се намалиле кон крајот на 20 век, сепак, немало зголемен обем на трговските и финансиските текови, како и растојанието на пазарите и изворите за снабдување биле во висока корелација со нивоата на приходите со кои располага секоја земја[48].

Единствени земји коишто сразмерно со растот на глобалниот процес, преку сободна трговија и финансиска либерализација, имале успешен економски раст се азиските земји, и тоа Јапонија во времето на т.н. "Златна доба" и Кина. Овие економии применувале далеку поразлични економски политики од оние што тогаш биле предлагани за успешен економски раст (финансиска и трговска либерализација и приватизација).

Земјите од Источна Азија, иако биле "надворешно ориентирани"со своите стратегии на економски раст, сепак, нивните стратегии биле предводени со силна контрола на државата и со висок степен на индустријализација во рамките на нивните граници. Од сето ова може да се утврде дека тие до '90. години на минатиот век не биле целосно учесници во процесот на глобализацијата, во смисла на отвореност на економијата и движењето на капиталот.

Најчесто поставувано прашање во овој временски период било: дали поголемата отвореност на една земја ќе ѝ обезбеди побрз економски раст? Тука е

[47] J.Henderson, Z. Shalizi and A. J. Venables, "Geography and Development", Journal of Economic Geography,2001, стр:81

важно да се направи разлика меѓу либерализацијата на трговијата и движењето на капиталот во различни периоди. Погоре наведените искуства за успешниот раст на азиските земји во развој ни сугерираат дека либерализацијата на трговијата нема значителни позитивни ефекти врз економскиот раст. За разлика од либеразлизацијата на трговијата, финансиската либерализација, со глобалната финансиска криза од 2008 до 2009 година се докажа дека е високоризична стратегија, којашто има многу слаби влијанија врз економскиот раст.

Поврзаноста на либерализацијата на трговијата со економскиот раст внимателно ја проучувале Франкел и Ромер. Тие ја испитувале оваа поврзаност во периодот од 1960 до 1985 година и дошле до заклучок дека поврзаноста на либерализација на трговијата со економскиот раст е во сооднос 1:1.5 проценти[49]. Сепак, Клеменс и Вилијамсон нагласиле дека, иако има позитивна корелација меѓу либерализацијата на трговијата и економскиот раст во неодамнешното минато, спротивен е случајот пред Втората светска војна[50]. Уште еден парадокс е примерот со САД кога, како од најзадолжена земја, станаа економски најмоќната земја во светот.

Од искуствата на земјите во развој во минатиот век може да се увиде дека либерализацијата на трговијата имала негативни ефекти врз економскиот раст во тоа време. За разлика од овој податок во 1914 година, падот на транспортните трошоци бил толку брз што ги подобрил условите на трговијата во сите земји. Оттука се смета дека земјите во развој претходно треба да обезбедат определено ниво на економски развој, пред да ја прифатат трговската либерализација, како што го направиле тоа азиските земји.

За разлика од трговската либерализација доказите за финансиската либерализација се помалку оптимистички. Во последниве 25 годни сугерираат на тоа дека укинувањето на контролата на капиталот е поврзана со зголемување на банкарските кризи и со значително брзо нивно прелевање во сите земји, а посебно во земјите во развој. Таков беше случајот и со финансиската криза од 2008 до 2009 којашто, кога за многу краток врменски период го зафати целиот свет, а посебно беа погодени земјите во развој. Иако доказите на финансиската либерализација се многу негативни, сепак, се смета дека, доколку глобалните институции се посилни и им помагаат на земјите во развој во нивниот процес да преминат од затворени во целосно

[49] J. Frankel and D. Romer, “Does Trade Cause Growth?”, American Economic Review,1999, стр: 89
[50] M. A. Clemens and J. G. Williamson,” Protection’s Impact the World Around 1875–1997”, National Bureau of Economic Research, 2001

отворени економии, преку финансиската лоберализација земјите во развој ќе го зголемат својот економски раст.

### 2.5.2. Економски ефекти од зголемувањето на странските директни инвестиции- предности и предизвици

Истражувањето на ефектите од зголемувањето на СДИ е комплексна задача и најчесто опфаќа повеќе аспекти, и тоа: прво, локациската теорија и политиката на компанијата; второ, тековите, стокот и доходот на СДИ; ефектите што присуството на СДИ ги рефлектира во земјата-домаќин (*home country*) и окружувањето; четврто, дифузијата и прелевањето (*spillover*) на технологијата, знаењето и продуктивноста; петто, прашањата на регионалниот развој, регионалната конвергенција на доходот и индустриските структури; шесто, локациската конкренција во привлекувањето СДИ итн.[51]

Секако најважен за ова истражување е развојниот потенцијал на СДИ и неговото влијание врз идниот развој на економијата, што може емпириски да се докажува, а тоа е и целта на оваа докторска дисертација, односно како СДИ влијаат врз економскиот развој на земјата.

Приливот на СДИ ја зголемува инвестициската и севкупната економска активност во земјата- домаќин, а притоа влијае директно врз обемот на производи или услуги, прелевање на знаењата и технологијата, како и раст на вработеноста (но, не обврзно). Значи, позитивните ефекти од одржувањето на општото ниво на економска активност подразбира спречување на стагнацијата и рецесијата; развој на помалку развиените региони; развој на одделни важни индустриски гранки и дејности; преземање и имплементирање нови знаења и вештини, унапредување на продуктивноста, што се поврзува со новите информациски и комуникациски технологии –ИКТ; поврзување и вклучување на домашните компании во меѓународната технолошка, производна и дистрибуциска мрежа на ТНК.

Оттука, приливот на СДИ особено е важен за земјите коишто се сиромашни и немаат капитал од сопствени извори за да обезбедат одржлив економски развој.

Одделни нови докази од анализите на американските мултинационални фирми укажуваат дека во определени земји странските инвестиции се поврзуваат со повисоките нивоа на домашните инвестиции, па преку таквата комплементарност домашните фирми го комбинираат производството со странското за да генерираат

[51]Мирослав Антевски, Регионална интеграција у Европи, Веоград, 2008, стр. 48-73

финално производство по пониски трошоци , наместо тоа да се изведува во само една земја, а со тоа секоја фаза на производствениот процес станува попрофитабилна и, во таквата рамнотежа, таа е и позголемена.[52]

Но, технолошкиот прогрес во релативно сиромашните земји бара миксирање на СДИ и локалните претприемачки напори за трансфер на граничните технолошки знаења во локалните иновациски сектори, што е тешко забележливо на краток рок.

Од инвестирањето, како деловна активност, придобивки има и инвеститорот, и земјата каде што се инвестира. Освен позитивните работи што ги носи инвестирањето за двете страни, се јавуваат и некои негативности за кои ќе споменеме. Корисни ефекти за земјата каде што се инвестира се следниве:

- **ефект на распределба на ресурсите** - со самото инвестирање во земјата-домаќин следствено доаѓаат и нова технологија од страна на инвеститорот, нов капитал и менаџмент. Земјите во коишто влегуваат странските инвестиции ја имаат предноста да ги искористат придобивките на новата високоразвиена технологија што влегува во земјата и особено придонесува за растот на економијата. Ова всушност се однесува на помалку развиените земји што немаат доволно средства за истражување и развој на нова технологија, како и потребно знаење за нејзино користење. Многу од големите компании што вложуваат инвестиции, поради нивната добра репутација и финансиска големина, имаат исто така голема можност за зајмување финансиски капитал од големите светски банки, што не им се достапни на компаниите од земјата-домаќин. Менаџерските вештини, добиени преку странските инвестиции, се уште еден дополнителен ефект за конкретната земја каде што се инвестира. Менаџерите од земјата-инвеститор се обучени со најнови менаџерски техники, а ова носи големи корисности за локалните вработени што се обучуваат на повисоките работни места во компанијата.

Трендот на земјите во развој да станат дел од меѓународната трговија и светскиот пазар може да влијае врз распределбата на ресурсите во рамките на овие земји, а вооедно може и да генерира значителен дистрибуциски ефект. Оттаму, може да се заклучи дека влезот на многу земји во развој на глобалниот пазар е последица од настанатите промени во нееднаквостите на распределбата на приходот. Но, ваквите

---

[52]Desai *et al*. “Foreign Direct Investment and the Domestic Capital Stock”, NBER Working Paper 11075, Cambridge, MA: National Bureau of Economic Research, 2005, pp. 10–11.
Слични резултати се добиени и во некои европски истражувања (во случајот на германското стопанство).

дистрибуциски промени отишле во спротивен правец од предвидувањата што ги давале експертите во тоа време.

Влијанието на глобалниот процес врз економиите на земјите веќе долго време е предмет на испитување на многу научници. Раните теории на неоколонијализмот тврдат дека МНК негативно влијаат врз економскиот раст на земјите воразвој. Зависноста од странските инвестиции создала можност за експлоатација што негативно влијаела врз економски послабите земји-домаќини. Сепак, овие тврдења вежеле за одделна група земји во развој коишто, иако преку нивната интеграција во глобалната економија, доживеале брз економски развој, сепак тој бил проследен со зголемен степен на социјални нееднаквости.

Главни причини за приходната нееднаквост се верува дека се МНК коишто, преку производството во своите филијали во земјите во развој, негативно влијаеле врз платите на вработените, т.е. висококвалификуваните работници биле добро платени за сметка на нискоквалификуваните сиромашни работници. МНК, исто така, биле обвинети од експертите дека создавале олигополски пазари, користејќи ги придобивките од слободната трговија[53].

Направените тестови на Галберд и Робертсон покажале дека постоењето на слаби држави и концентрацијата на извозот на неколку производи биле причините за настанатата приходна нееднаквост во земјите во развој[54].Малку подоцна, група од економисти го испитувале односот на приходната нееднаквост со СДИ од МНК кои, преку нив, директно воспоставиле контрола врз процесот на производството[55]. Всушност, економската важност на СДИ била изразена преку влијанието на СДИ на БДП, за подоцна овој однос да стане најдобриот индикатор за испитување на приходната нееднаквост.

Неокласичарите, во голема мера, го игнорирале ефектот на СДИ врз дистрибуцијата на приходот во рамките на земјите во развој. Со враќањето на инвестицијата преку произведените производи во земјите во развој, од една страна, се намалува странскиот капитал , додека од друга, се зголемува продуктивноста на трудот, а со тоа и реалните плати. Бидејќи сопственоста на капиталот повеќе е концентрирана на доходот отколку на трудот, ќе дојде до изедначување на приходите,

---

[53]R. Robertson, “Trade Liberalization and Wage Inequality: Lessons from the Mexican Experience,” World Economy 23, 2000

[54] D. Robbins,“Evidence on Trade and Wages in the Developing World”, OECD Technical Paper No. 119

[55] R. Feenstra and G. Hanson, “Foreign Investment, outsourcing and relative wages”, MIT Press, Cambridge,1996, str. 89-127

доколку има отсуство на значителни ограничувања во трговијата. Оттука може да се утврди дека СДИ можат позитивно да влијаат врз зголемувањето на конкуренцијата на домашните пазари. Исто така, СДИ можат да влијаат и врз намалувањето на профитните маржи и цените на производите, предизвикувајќи прераспределба на богатството од производителите на потрошувачите. Оттаму, ограничувањето на трговијата може само да предизвика зголемени можности за корупција и лихварство. Сите наведени констатации укажуваат на тоа дека повисокото ниво на странски инвестиции може да предизвика само намалување на приходната нееднаквост.

Ефектот на СДИ врз дистрибуцијата на приходот во земјите во развој е неизвесен. СДИ можат да ја зголемат нееднаквоста, преку зголемувањето на моќта на висококвалификуваната работна сила за сметка на нискоквалификуваната сиромашна работа сила. Од друга страна, зголемената конкуренција на домашните пазари, како резултат од глобализацијата, е во корист на потрошувачите и нискоквалификуваните работници во земјите во развој, а воедно придонесува и за намалување на лихварството со што влијае за поголема еднаквост. Дали една земја во развој ќе има позитивни или негативни ефекти со влез во глобалната економија зависи од нејзината политика. Затоа, може да се заклучи дека дистрибуциските ефекти од СДИ во земјите во развој, на долг рок, останува строго нерешен проблем.

Исто така, постои контрадикторност кај економистите за ефектот на слободната трговија на дистрибуцијата на приходот во земјите во развој. Според неокласичните теории со приклучување на земјата кон слободната трговија треба да се намали приходната нееднаквост во земјите во развој, затоа што тие имаат компаративна предност во неквалификувана работна сила.Истовремено, нееднаквоста треба да се зголеми кај земјите што изобилуваат со квалификувана работна сила. Овие јасни заклучоци не можат да се одржат, доколку во глобалниот пазар постојат повеќе од два производа и два фактора на производството, што е случај во денешно време. Оттаму, Кругеровите емпириски истражувања ги потврдиле резултатите од Столпер-Семјуелсоновата теорија дека ефектот од слободната трговија врз приходната нееднаквост е непредвидлив[56].

Најистакнатата теорија што ја објаснува приходната нееднаквост ја развил Кузнетс, кој приходната нееднаквост ја објаснил преку една крива во форма на латинската буква У (U), којашто се однесувала на нееднаквоста на просечните приходи. Тој сугерирал дека во почетокот на индустриската револуција повеќето луѓе

[56] A. Krueger, H.B. Lary, T. Monson and N. Akrasanee, Trade and Employment in Developing Countries, Vol. 1: Individual Studies, Chicago, 1981;

од фармите кои имале ниски приходи се преселиле во градовите, така што приходната нееднаквост значително се зголемила, бидејќи мигрантите заработиле повисоки плати во индустријата[57]. Со текот на времето понудата на работната сила кај земјоделците се намалила, а како резултат на тоа се зголемиле платите во земјоделството. Така, како што индустријата напредувала, така приходите повторно станале релативно еднакви, но на повисоко ниво. Кузнетс сугерирал дека брзиот економски развој на сличен начин можел да влијае врз распределбата на доходот во земјите во развој во овој современ свет. Голем број студии дале поддршка на оваа теорија.

Од аспект на структурните карактеристики на националните економии, пак, истражувањата на приходната нееднаквост не дале исти резултати со тие на Кузнетс[58]. Според теоријата на Кузнетс, приходната нееднаквост што произлегува од индустијализацијата треба да биде поголема, доколку постои голема разлика во продуктивноста на земјоделската и индустриската работна сила. Всушност, во текот на овие истражувања се дошло до заклучок дека земјите коишто имале дуални економии-модерна индустрија и помалку технолошки напредно земјоделство, немале поголема приходна нееднаквост. Исто така, преку овие истражувања се дошло до заклучок дека приходната нееднаквост се зголемува, доколку уделот на земјоделството во националната економија станува помал за сметка на уделот на индустрискиот сектор. Освен наведените фактори, врз приходната нееднаквост влијае и распределбата на населението во една земја, според возраста. Високиот процент на деца во однос на возрасни треба да ја зголеми приходната нееднаквост, бидејќи стапката на раѓање претежно е поголема кај сиромашното население, така што сиромашните трошат поголем дел од нивниот приход од богатите. Покрај тоа, растот на младите ја зголемува конкурентцијата за вработување на нискоквалификувана работна сила, а со тоа ги намалува платите во однос на висококвалификуваната работна сила. Растот на младата популација, исто така, е поврзан со ограниченото политичко и економско учество на жените – ефект што е најпопуларен кај сиромашното население;

**- ефект на вработување.** Со вложување во конкретната земја се отвораат можности за вработување на граѓаните на земјата-домаќин, а ова претставува директен ефект; додека, пак, индиректните ефекти настануваат со отворање нови работни места кај локалните снабдувачи, и тоа како резултат на зголемената побарувачка.

---

[57] S. Kuznets, “Economic Growth and Income Inequality”, American Economic Review 45,1955

[58] K. Scheve and M. Slaughter,"Economic Insecurity and the Globalization of Production”, *NBER Working Paper* 9339

Пазарот на трудот е еден од главните канали преку коишто глобализацијата може да влијае врз економскиот развој на земјите во развој. Зголемените увоз, извозот и конкуренцијата кај стоките и услугите како и СДИ, но и флуктуациите на девизниот курс предизвикани од меѓународните движења на капиталот имаат влијание врз врботувањето и приходите. Секоја земја во развој за да стане поконкуретна на глобализираниот пазар, како што и претходно беше наведено, ќе треба да: ги укине бариерите во трговијата, ги укине своите законски монополи, ги приватизира своите државни претпријатија и ја намали превработеноста во јавниот сектор. Вака преземените реформи требало да доведат до зголемен економски развој на земјите во развој. Ваквиот вид преземени реформи во праксата се покажал дека кај некои земји во развој дал сосема спротивни ефекти што негативно се одразиле и врз вработеноста, доведувајќи до загуба на работните места на голем број висококвалификувано работоспособно население. Освен овие реформи и макроекономските флуктуации, коишто произлегле од краткорочните движења на капиталот, исто така, ја зголемиле несигурноста на работните места. Од друга страна, преземените реформи довеле до делокализацијата на производството на земјите во развој во секторите, како што се: прехранбената индустрија и текстилот, придонесувајќи до зголемување на побарувачката на нискоквалификувана работна сила (со што се прошириле можностите за вработување на нискоквалификуваното население) и до зголемување на платите. Сепак, треба да се напомне дека ваквите новодобиени работни места не можат да бидат подобри од веќе изгубените работни места во заштитните сектори, но сепак за младите жени од руралните области, кои никогаш немале можност да се вработат, вака добиените работни места биле одлична можност да имаат работа.

Прашањето за ефектите на глобализацијата врз вработувањето има контрадикторни ставови, според одделни економски аналитичари. Во практиката многу реформи што биле наменети за подобар економски развој на земјите во развој се однесувале на либерализацијата на трговските политики и пазарите на капиталот, па довеле до различни ефекти за секоја група земји. Ваквото различно влијание на глобализацијата врз вработувањето кај секоја група земји во развој е како резултат на специфичните карактеристики на пазарот на трудот;

**-ефект на платен биланс.** Странските директни инвестиции во платниот биланс на земјата се бележат како прилив на капитал што се јавува еднаш на капиталната сметка и подоцна се јавува како одлив на профит за странската фирма што инвестирала, а тоа кај земјата-домаќин се евидентира како должничко салдо. Ако

странските инвестиции се замена за увозот на добра и услуги, тоа ја подобрува тековната сметка на земјата каде што се инвестирало;

**-ефект на конкуренцијата и економскиот раст.** Кога странските инвестиции се преземаат во форма на „зелено поле" во земјата-домаќин се јавува нов конкурент на пазарот, а со тоа автоматски се зголемува и понудата за потрошувачите, па следствено на зголемената понуда доаѓа и до намалување на цените на производите, со што се подобрува економската состојба на граѓаните. Ова со себе повлекува и нови инвестиции во фабрики, објекти, опрема, а со цел да се биде барем во нешто во предност пред другите конкуренти.

Овде се споменуваат и сите трошоци што ги носи со себе процесот на инвестирање кај земјата-домаќин, и тоа:

**- негативен ефект трпи конкуренцијата** во земјата-домаќин. Странските мултинационални компании што настапуваат во земјата-домаќин имаат голема економска моќ за да ги поддржуваат своите супсидијари и да им ги надоместуваат трошоците со цел постепено да ги истиснат конкурентите на земјата-домаќин и да воспостават монополска позиција на странскиот пазар;

**-негативен ефект врз платниот биланс** - значи прво, како што претходно беше споменато, освен капиталниот прилив од инвестициите, се јавуваат подоцна и одливи на профитот што го заработуваат супсидијарите на странските инвеститори. Некои земји ја ограничуваат големината на добивката, којашто може да се изнесе надвор од земјата. Овие одливи се регистрираат како должничко салдо на тековната сметка што, воедно, се однесува и на потребните инпути, доколку странската компанија се определи да ги увезува надвор од земјата-домаќин;

**-автономија и национален суверенитет.** Многу од земјите во коишто влегуваат странски инвестиции се загрижени дека со тоа ќе им се намали економската независност, дека многу од клучните економски одлуки ќе ги донесуваат високите мултинационални компании по своја волја и за свој интерес и корисност, бидејќи и самите немаат некоја посебна обврзаност спрема земјите во коишто инвестираат. Многумина ги негираат овие тврдења, со оглед на тоа што денес тешко некоја компанија да може да ја држи клучната економска улога во една земја, економски да ја потценува без и самата да претрпи последици, бидејќи се знае дека денес светот е свет на економска меѓузависност.

Овде се посветува внимание и на корисноста и трошоците за домашната земја, односно земјата-инвеститор. Имено:

**-капиталната сметка бележи прилив** од работата на странските супсидијари. Следната корисност се однесува на **зголемување на вработеноста**, кога се зголемува побарувачката за потребните инпути во странскиот супсидијар. Со самото работење во странство не изостанува ниту **ефектот на учење** нови техники и технологии за управување со работењето што би придонесле за економски раст, откако ќе бидат пренесени во домашната земја.

Трошоците, пак, кај инвеститорот се согледаат низ негативните ефекти на платниот биланс и вработеноста надвор:

**-капиталната сметка на билансот бележи одлив** на капитал во процесот на инвестирање во странство. **Тековната сметка, пак, трпи** ако инвестицијата се намени за поддршка на домашниот пазар од локација со ниски трошоци и ако странските инвестиции се супститут за директниот извоз. Постои загриженост за **намалување на вработеноста,** особено ако инвестициите се замена за домашното производство. Ако во домашната земја има мала стапка на невработеност, не постои место запаника, но ако истата стапка е на високо ниво, постои простор за загриженост околу извозот на работни места во странство.[59]Но, и покрај тоа може да се заклучи дека СДИ имаат позитивни ефекти и врз оваа група земји, што поради слабата акумулација на капитал и штедење не би ги постигнале достигнатите резултати во текот на транзискиот период. Иако, речиси кај сите земји беше забележан раст на јавниот долг. Но, исто така, прелевањето на знаењата кај управувачките и менаџерските функции се видливи, што секако ќе се манифестираат и во иднина, во позитивна смисла.СДИ се присутни и во развиените, и во неразвиените земји, бидејќи можат да помогнат за економскиот развој, но само ако се адекватно регулирани во институционалната и правната регулатива. Меѓутоа, тие не се и не можат да бидат замена за добра развојна политика на земјата.

### 2.5.3. Улогата на мотивите во тековите на СДИ

Тргнувајќи од сложеноста во меѓународното движење на капиталот и инвестициите, при што СДИ се само еден вид, а земајќи ја предвид и нивната

[59]В.Л.Хил Чарлс„ “, Универзитет во Вашингтон (четврто издание), стр.10,11,12,13,14,16,17,18,19 ;

разновидност, тешко можат да се диференцираат мотивите на инвеститорите и тековите на овој вид инвестиции. Имено, од секоја земја зависи како ќе ги привлекува, насочува и користи СДИ за да постигне позитивни ефекти и да ги избегне или намали штетите и ризиците. Токму затоа е потребна соодветна развојна политика, којашто ќе ги интегрира предизвиците и последиците од странските директни инвестиции.

Мотивите за привлекување СДИ меѓу земјите се разликуваат според достигнатото развојно ниво.Неразвиените и сиромашни со капитал земји честопати ги прифаќаат и негативните трошоци, на пример: загадување на средината, затворање на одделни производни погони, па и цели компании, експлоатација на природните ресурси, субвенционирање на странските инвеститори, низа даночни олеснувања, отстапување објекти и инфраструктура (без надоместок) и сл., и тоа со цел да ја придвижат домашната економија и да се интегрираат во глобалните текови.

Од друга страна, мотивите на странските инвеститори, исто така, се разликуваат, па во одделни случаи тие купуваат делови од определен пазар (особено ако станува збор за голем пазар, какви што се рускиот и кинескиот, на пример) за пласирање на своите производи/и или услуги; инвестираат во деловно интензивни сектори; купуваат странски компании или нивни делови итн. Значи, мотивите се поврзани со стекнувањето повисок профит, доминирање на глобалниот пазар (што е карактеристично за ТНК) и препознатливост во деловниот свет.

Меѓу развиените земји САД биле и остануваат најголем инвеститор, но и најголем привлекувач на странските инвестиции. Мотивите на инвеститорите во САД се поврзуваат, пак, со: ликвидниот и финансиски ефикасен пазар; стабилните и јаки институции; одличното корпорациско управување; големиот обем на размена, диверзификацијата на ризиците; географската близина итн. Едно од поновите истражувања за мотивите на странските инвеститори упатува на потребата земјата во којашто се инвестира да има стабилен и ефикасен финансиски систем.

Според тоа, на крај, може да се напомене дека и регионалната економска интеграција (каква што е ЕУ) има силно влијание во меѓународните текови, а со СДИ имаат поддржувачка улога. Мотивите се ширење на пазарот и интензивирање на економските активности како во членките на Унијата, така и надвор од нивните граници.

### 2.5.4. Стратегии и политики за привлекување СДИ

Повеќе од вообичаено е денес голем дел од земјите да вложуваат напори за привлекување на повеќе странски инвеститори. Најчесто тоа го прават преку низа даночни олеснувања, грантови, субвенции, а со цел да се добие корисност од трансферот на ресурсите и ефектите на вработување, како и да се одвратат инвеститорите од другите земји каде што би можеле да инвестираат. Меѓутоа, за да се привлече вниманието на кој било странски инвеститор не се доволни само овие стимулации. Многу од инвеститорите кога истражуваат определена локација за инвестиции, покрај своите потреби за ниски фактори на производство, прават анализа на повеќе ситуации во конкретната држава. За да се заинтересираат инвеститорите од странство, пак, потребно е да се исполнат некои услови во земјата.

Општите услови за привлекување СДИ, се следниве:

1. обезбедување сигурна, флексибилна и недискриминаторска рамка за поедноставување на административните процедури за основање и функционирање на компанијата;
2. создавање стабилен макроекономски амбиент со јасно дефинирана инвестициска политика за настап на странските пазари;
3. расположливи ресурси, развиена инфраструктура и квалитетни човечки ресурси.

Една од работите на коишто посебно обрнуваат внимание инвеститорите е **стабилното економско** (позитивен континуиран раст на БДП и БДП на жител, ниска стапка на инфлација и невработеност во економијата, стабилност на националната валута, ниско ниво на трговскиот дефицит) **и политичко окружување** (стабилност во политиката без политички тензии или штрајкови во земјата, како и доследно почитување на донесените закони)и услови за работа.

На тоа, пак, веднаш се надоврзува и **почитувањето на законот, стабилен правен систем и заштита на сопственичките права**. Треба да постои јасен и целосно оформен законодавен систем без пропусти или какви било нејасности што би ги одвратиле инвеститорите. Многумина од потенцијалните инвеститори се обесхрабрени од долгата процедура за регистрација на компаниите/бизнисите или добивање дозвола за работа во конкретната земја, па сè до целосна оперативност на инвестицијата.

**Патната инфраструктура** е уште еден услов што треба да се подобри, а за кој многу земји ја заобиколуваат потенцијалната земја. Неразвиеноста на **пазарните механизми,** како и проблемите со **локалната снабдувачка мрежа**, ризикот од национализација и етничките тензии се дополнителни ограничувачки фактори за

странските инвестиции. Не треба да се заборави и почитувањето на правото на **еднаквиот третман на странските со домашните инвеститори** и **апсорпциската моќ на пазарот**. **Намалувањето на корупцијата** и поголемата **трговска отвореност** кај земјите, исто така, би требало да биде една од приоритетните сфери каде што треба да се реагира за да се привлече некој инвеститор. [60]

Досегашните искуства покажуваат дека само земји со јасно дефинирана надворешнотрговска политика и царински систем се атрактивни за странските инвеститори и имаат добра преговарачка позиција со странските партнери. Покрај претходно наведените услови што треба да завладеат во една економија, многу од земјите даваат посебни финансиски (ослободување од даноци - на пример корпорациски и персонален данок или нивно значајно намалување во одделни сектори на вложување) и нефинансиски погодности (образован кадар, ниски фактори за производство, бесплатни обуки, обезбедување помош во тек на добивање различни дозволи и согласности од надлежните органи, продуктивност, евтина работна сила) само за влез на странски капитал. Овие погодности, доколку се допуштени во голема мера, на странските инвеститори можат често да им дадат до знаење дека во земјата има некои пропусти или неповолности во законската регулатива во однос на вложувањата.

Затоа, пожелно е сите поволности на земјите за странските инвеститори да бидат во извесна мера ограничени за да не се постигне спротивен ефект- одвраќање на странскиот капитал од земјата.

Секогаш треба да се има предвид дека, откако еднаш ќе се воведат стандардите на пазарното однесување, меѓународниот кредибилитет и бонитет на компанијата во конкретната земја се подложни на постојана проверка од страна на оние што се заинтересирани да вложат во земјата. Ниту најдобрата промотивна активност на земјата нема да може да ги сокрие економските нестабилни процеси што предизвикуваат нерамнотежа во земјата.

Откако ќе се разгледаат потенцијалните услови за инвестирање и сите можни алтернативи за влез на странскиот пазар, на ред доаѓа донесувањето одлука за инвестирањето. Пред секој инвеститор стои донесувањето одлука за тоа на *кој пазар* да се инвестира, *во кое време* и *во колкав обем*. Изборот на пазарот најчесто се селектира спрема очекувањата за идниот раст на профитот (економските корисности

[60] http://www.nbrm.mk/?ItemID=A94F74106868704D973CB7FBCA7EDCE0

зависат од многу фактори, на пример: големината на пазарот, куповната моќ, барањата на клиентите), како и од балансирање на трошоците и ризиците од работењето во земјата каде што се вложува. Времето за влез е уште една специфична одлука за инвеститорот што бара повеќе време за анализа и донесување на крајната одлука. Раното влегување на пазарот му дава предност на инвеститорот прв да создаде трговско име и да создаде обем на продажба. Меѓутоа, спротивно на овие позитивни работи, инвеститорот што прв настапува на пазарот треба да ги има предвид и „пионерските цени", односно трошоците што се јавуваат, доколку се јави неуспех во работењето на фирмата, а како резултат на игнорирањето на новите правила на игра и опкружувањето во странската земја (наредните учесници на пазарот можат да ги избегнат овие трошоци преку учење од грешките на првиот конкурент). Во кој обем да се влезе е третото битно прашање на коешто треба да се најде одговорот пред конечниот настап на целниот пазар. Влегувањето во голем обем бара високи извори, а освен тоа (како позитивна страна) се наведува и сигналот што им се праќа на тамошните потрошувачи и дистрибутери дека постои намера да се остане подолг рок на пазарот. Идните конкуренти, исто така, треба да знаат дека мора да се соочат со агресивни, упорни и сериозни инвеститори. Влезот во поголем обем ги приграбува речиси сите предности на пазарот, но сепак инвеститорот треба да ги земе предвид ризиците, како и недостигот од флексибилност што може да се јави, а може да се избегнат со помал обем, додека фирмата не ги добие потребните информации за новиот пазар. Знаејќи дека секоја алтернатива содржи и предности и недостатоци, се гледа дека изборот на моделот и донесувањето крајна одлука за инвестирање зависи од многу фактори, а крајната одлука зависи, пред сè, од тоа која е целта на инвестицијата, што има фирмата да понуди, а што да заштити, но притоа да го максимизира својот профит.[61]

Ако се погледнат условите за привлекување СДИ во одделна земја, тогаш се наметнува прашањето: кои, колку и кога од нив биле или се исполнети за да се привлечат странските директни инвестиции во земјата? Одговорот, секако, упатува на потребата да се преиспитаат стратегиите што придонесуваат за привлекување на СДИ, но во истовреме да се укаже на неопходноста од нивно ревидирање, дополнување или создавање нови стратегиски решенија што ќе соодветствуваат на новосоздадените

---

[61]В.Л.Хил Чарлс,**„Меѓународен бизнис"**, Универзитет во Вашиннгтон (четврто издание), стр.523,523,525;

услови, состојби и појави. Во тој контекст, пак, треба да се нагласи дека се неопходни различни политики и стратегии што ќе помогнат да се изгради конкурентноста во привлекувањето странски директни инвестиции. Овде, главно, се мисли на: дефинирање *инвестициска стратегија, антикорупциска стратгија, стратегија за регулациските реформи,* како *политика за привлекување СДИ*.

Секоја земја донесува сопствена стратегија и креира политика за привлекување странски капитал што во себе содржи неколку основни елементи:

- организирање,
- поддржување,
- регулирање,
- промовирање и
- поттикнување на развојните активности, економски потенцијали и инвестициски можности на земјата, преку посебно акцентирање и презентирање на клучните сфери за инвеститорот, како што се: стабилно економско и политичко окружување, почитување на законот, стабилен правен систем и заштита на сопственичките права, развиена патна инфраструктура, еднаквиот третман на странските со домашните инвеститори, апсорпциската моќ на пазарот, намалување на корупцијата и трговска отвореност.

Имплементацијата на стратегиите го зголемува рејтингот на земјата и го менува перцептивниот имиџ кај инвеститорите. На одделни фактори, при имплементацијата на стратегиите, не може многу да се влијае (на пример, регионалниот ризик, куповната моќ на населението и сл.), но може да се видоизмени деловното окружување, така што ќе ги задоволува критериумите на странските инвеститори, односно ќе нуди поволна инвестициска клима; потоа да се гарантира заштитата на правата на сопственост; да се инкорпорираат во законските решенија специјални, пред сé, фискални поттикнувачки мерки; транспарентен даночен систем; а исто така да се осмислат промоциските решенија за да може земјата да стане препознатлива дестинација за СДИ во иднина.

При дефинирањето на стратегиите треба да се води сметка дека одделни инвеститори инвестираат во повеќе земји со различни макро и микроекономски окружувања, а нејчесто избираат да вложуваат во оние земји коишто имаат помалку рестриктивна политика. Главните определници[62] при формулирањето на стратегиите би требало да се однесуваат на: 1) унапредување на правната регулатива што ги опфаќа СДИ; 2) создавање стабилен макроекономски амбиент (т.е. стабилен курс, ниска инфлација, доверба кај инвеститорите, унапреден даночен систем итн.); 3)

[62]Види повеќе : Дарко Марјановиќ, Предраг Радојевиќ, UTICAJ STRANIH ULAGANJA NA IZGRADNJU KONKURENTNOSTI SRPSKE PRIVREDE, Економски факултет, Суботица

креирање поттикнувачко деловно окружување. Покрај тоа, за странските инвеститори да донесат одлука да вложуваат треба нивните инвестиции да се третираат како домашните вложувања, односно да не постои дискриминација.

Оттука, главна цел на стратегиите за привлекување СДИ треба да биде зголемување на ефикасноста, продуктивноста и конкурентноста на компаниите, т.е. ориентирање кон извозните можности, ефикасна алокација на ресурсите, соработка меѓу секторите, освојување нови пазари, брза имплементација на структурните промени со намалени трошоци, прифаќање на новите технолошки решенија, реформи во образовниот и правосудниот систем итн

### 2.5.5. Краток преглед на општите трендови на СДИ во светот и одделни региони

Познат е фактот дека СДИ се еднакво атрактивни и за развиените земји, но особено и за земјите во развој. Притоа, голем број од земјите во развој (каква што е и Р.Косово) имаат низа заеднички цели при привлекувањето на СДИ, и тоа: намалување на невработеноста и сиромаштијата, осигурување барем минимално ниво на образование и здравствена заштита, градење поврзани регионални соработки и сл., а притоа бараат решавање на постојните економски, социјални и политички проблеми, коишто, пак, се поврзани со ниското ниво на стопанските активности и високата нерамнотежа во платниот биланс.

За да се добие појасна претстава за движењето на СДИ во светот и определени региони натаму е приложена табела, којашто го опфаќа периодот од 2000 до 2010 год, при што можат да се забележат трендовите на странските директни инвестиции во земјите во развој додека потоа ќе ги анализираме поновите трендови преку податоците за приливите на СДИ од 2014 до 2018 година.

Исто така, за да се добие поцелосен преглед за странските директни инвестиции, неопходно е да се разгледаат насоката и нивното движење низ регионите во светот. Ако се погледне низ годините наназад, посебно на периодот од 2000 година, па до 2010, ќе се забележат многу варирања на темпото на приливот на глобалните инвестиции.




**Графикон 1 Глобални СДИ приливи, милијарди американски долари (2000-2010)**

Извор: www.yased.org.tr

Според прикажаните податоци во графиконот, највисокото ниво на прилив инвестициите го бележат во 2007 година од 1,9 милијарди долари. Од 2000 до 2003 година е забележана тенденција на опаѓање на глобалниот прилив на инвестиции, така што во 2000 година изнесувале 1.401милијарда долари, во 2001година 825 милијарди долари, во 2002 год. околу 628 милијарди долари и во 2003 год. 566 милијарди. На ваквите тенденции на опаѓање на глобалниот прилив на инвестициите им претходеа нападите во САД од 11 септември, како и војната во Ирак, кои доведоа до појава на страв од геополитичка нестабилност и повторен тероризам, забавена активност на многу индустриски економии во овие години, а со тоа и пад на акциите на некои успешни светски компании на пазарот, кои сами по себе ги направија странските инвеститори особено претпазливи при вложувањата на својот капитал во светот. Веќе наредните четири години одат по нагорна линија, и тоа со износ од 732 милијарди долари во 2004 година, 983 милијарди долари во 2005, 1.462 милијарди американски долари во 2006 и во 2007 го достигнуваат највисокото ниво во последните десет години од 1,9 милијарди долари. Во 2008 година се со малку пониско ниво и изнесуваат 1.744 милијарди долари, во 2009 година има пад на глобалниот прилив за 32%, т.е. 1.185 милијарди САД долари. Во последната 2010 година, пак, е забележан 5% раст, т.е. 1.244 милијарди долари прилив на странски инвестиции.

Најголем број од инвестирањата во повеќето од годините биле насочени кон развиените земји на чело со Соединетите Американски Држави, кои биле први на ранг-листата за најатрактивна и најсигурна локација за инвестирање. Во 2000 година САД беа прва земја со најголем прилив на СДИ од 300.912 милиони долари, на второ место доаѓаа Белгија и Луксембург со 245.561 милион долари, трета најатрактивна дестинација во 2000 година за инвестирање е Германија со 195.122 милиони долари, потоа Обединетото Кралство (Велика Британија и Северна Ирска) со 116.552 и Холандија со 52.453 милиони долари. Во 2001 година САД повторно ја задржуваат својата позиција со 124.435 милиони долари, веднаш по нив најмногу инвестиции беа насочени кон Обединетото Кралство 53.799 милиони долари, потоа Франција 52.623 милиони долари, Белгија и Луксембург 50.966 милиони долари, а Холандија повторно е на истото петто место како и во претходната 2000 година - со 50.471 милион САД долари.

Во 2002 година најголем обем инвестиции добиле: Луксембург - 117 милијарди долари, САД се на второ место со примени 63 милијарди долари, Кина 53 милијарди долари, Франција 49 милијарди долари, а Шпанија и Германија по 36 милијарди долари. Во 2003 година, според податоците, Луксембург се покажува повторно како најпривлечна земја за инвестиции со прилив од 87 милијарди долари, втора дестинација за инвестирање е Кина со 54 милијарди долари, Франција е третата посакувана локација за инвестиции со прилив од 46 милијарди долари, САД заедно со Белгија го делат четвртото место со примени околу 29 милијарди долари инвестиции. Петта по ред на ранг-листата за 2003 година се јавува Ирска со 25 милијарди долари.

За 2004 година податоците покажуваат дека САД, со примени 122 милијарди долари, се на првото место со најголем прилив на странски капитал, потоа Кина со околу 60 милијарди долари, Обединетото Кралство со 58 милијарди долари, Белгија со 43 милијарди долари и петта атрактивна земја за странски инвестиции оваа година се покажала Франција со 30 милијарди долари. Наредната 2005 година ги дава следниве податоци за насоката на движење на СДИ кон петте најатрактивни земји во светот: Обединетото Кралство-165 милијарди долари, САД-122 милијарди долари, Кина- околу 70 милијарди долари, Франција- околу 65 милијарди долари, Холандија-околу 40 милијарди долари.

И 2006 година не носи некои големи промени, па повторно големите развиени економии од претходните години се во игра, но со малку изменет редослед, така што најатрактивното место го зазема економијата на САД со прилив на инвестиции од 180 милијарди долари, веднаш потоа следуваат Велика Британија со 170 милијарди долари,

Франција со прилив од околу 90 милијарди долари, Кина со околу 70 милијарди долари и Хонгконг со прилив од околу 30 милијарди долари. Водечка улога во 2007 година повторно имаа САД со примени 271 милијарда долари, по неа следуваат Обединетото Кралство-183 милијарди долари, Франција-158 милијарди долари, Белгија-111 милијарди долари, Канада -108 милијарди долари инвестиции. Влегувањето на Руската Федерација и враќањето на Кина на листата на петте најатрактивни дестинации за СДИ во светот $ дава посебен белег на 2008 година. По САД, коишто го задржуваат и натаму своето место, и оваа година со вкупен прилив од 316 милијарди долари, следува Франција со 118 милијарди долари, третото место е веќе за Кина со 108 милијарди долари, Обединетото Кралство со 97 милијарди долари, Руската Федерација со 70 милијарди долари. Во 2009 година податоците го даваат следниов редослед: на прво место се САД со околу 153 милијарди долари, Кина со околу 95 милијарди долари примени инвестиции, Обединетото Кралство оваа година има прилив од 71 милијарда долари, Хонгконг е со 52 милијарди долари инвестиции и Германија со 38 милијарди долари. Најновите податоци се од последната испитувана 2010 година, а според нив, петте места за најголем прилив на инвестиции во светот се задржани за земјите со следниов редослед: САД-228 милијарди долари, Кина 106 милијарди долари, Хонгконг 69 милијарди долари, Белгија 62 милијарди и Бразил 48 милијарди долари. Меѓу земјите во светот, посебно од земјите во развој, се истакнува Кина, чиј економски раст во последниве 30 години е благодарение на сè поголемиот прилив на странски инвестиции што ги добива од светот, најмногу од САД и од земјите на ЕУ. Главните детерминанти за странските инвеститори, кога станува збор за Кина, од истражувањата се диференцираат следниве:

- ниските трошоци за работна сила, што е типично за Кина,
- квалитетни инфраструктурни погодности и
- политичката средина, т.е. стабилност (политичкото водство на земјата има зацртани цели за остварување континуиран економски раст).[63]

Наспроти податоците за прилив на инвестиции се наоѓаат и податоците за нивни одлив. Според нив, како најголеми инвеститори во светот, земји од каде што потекнува најголемиот капитал во последниве десетина години во најголем број случаи се покажаа: САД, Обединетото Кралство, Луксембург, Холандија, не изостанаа ни Франција, Германија, Јапонија како и Белгија и Швајцарија.

[63] http://krex.k-state.edu/dspace/bitstream/2097/1116/1/XiaobaoDang2008.pdf

**Табела 1 Најголеми земји инвеститори во светот, во милијарди $ (2000-2010)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2000 | Обединето Кралство-253 | Белгија и Луксембур-241 | Франција-175 | САД-164 | Холандија-71 |
| 2001 | САД-113 | Франција-82 | Белгија и Луксембур-63 | Холандија-45 | Германија-44 |
| 2002 | Луксембур-154 | САД-120 | Франција-65 | Обединето Кралство-40 | Јапонија-35 |
| 2003 | САД-19 | Луксембур-101 | Обединето Кралство-65 | Франција-55 | Белгија-35 |
| 2004 | Обединето Кралство-95 | Франција-57 | Канада-43 | Јапонија-31 | Швајцарија-27 |
| 2005 | Холандија-119 | Франција-116 | Обединето Кралство-100 | Германија-46 | Јапонија-45 |
| 2006 | САД-215 | Франција-115 | Шпанија-90 | Швајцарија-82 | Германија-79 |
| 2007 | САД-378 | Обединето Кралство-275 | Франција-225 | Германија-180 | Белгија-95 |
| 2008 | САД-330 | Франција-161 | Германија-135 | Јапонија-128 | Канада-81 |
| 2009 | САД-248 | Франција-147 | Јапонија-75 | Германија-63 | Хонг Конг-52 |
| 2010 | САД-328 | Германија-104 | Франција-84 | Хонг Конг-76 | Кина-68 |

Извор: http://www.unctad-docs.org/files/UNCTAD-WIR2011-Full-en.pdf

Најголем дел од вкупните суми инвестиции во изминатите десет години се насочени кон формата на гринфилд-инвестициите, а помалку се вложувало во спојувања и преземања. Иако во почетните години на последната деценија не била забележана голема разлика во однос на тоа која форма на вложување е повеќе преферирана, сепак, со некој мал процент (над спојувањата и преземањата) како форма преовладуваат инвестициите „зелено поле“. Затоа, пак, оваа разлика повеќе е



изразена од 2007 година до 2010 година каде што гринфилд-инвестициите се со поголем процентен раст во однос на мерџерс и аквизициите (Mergers & Acquisitions - M&A).64

**Графикон 2 Дистрибуција на странските директни инвестицициски проекти (2007-2010)**

извор: www.yased.org.tr

Покрај позитивните показатели за движењата и обемот на странските инвестиции во одделни години и периоди, сепак, глобалните странски инвестициски трендови сè уште не се закрепнати од светската економска криза во 2007година, што го зафати речиси цел свет. Иако се претпоставуваше и се очекуваше дека инвестициските трендови ќе се вратат и ќе се стабилизираат на своите нивоа како пред кризата кон крајот на 2011година (не земајќи ги предвид некои непредвидени идни економски глобални шокови). Во 2010 година светската трговија и индустриско производство се вратија на своите нивоа пред кризата, но глобалниот прилив на странски директни инвестиции, иако по кризата, поконкретно 2010 година, е зголемен за 5%, сепак е за 15% под нивото на прилив пред кризниот период. Се предвидуваше дека својот врв што го достигнаа СДИ во 2007 година од 1,9 трилиони долари тие ќе го достигнат во 2013 година. Според предвидувањата на UNCTAD, се очекувал глобален прилив на инвестиции од 1,4 до 1,6 трилиони долари во 2011 година, 1,7 трилиони долари во 2012 година и 1,9 трилиони во 2013 (нивото од 2007).

[64] **World investment report - New York and Geneva**, 2010;

**Табела 2 Приливи на СДИ во земјите во развој (2014-2018), во милиј.САД долари**

| Година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Кумулативно: 2014-2018 година | Просек бог. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Европа** | **283 392** | **715 017** | **611 693** | **384 023** | **171 878** | **2 166 003** | **541 500.75** |
| Германија | 4 864 | 41 444 | 23 500 | 36 931 | 25 706 | 132 445 | 33 111.25 |
| Франција | 2 669 | 45 347 | 23 061 | 29 802 | 37 294 | 138 173 | 34 543.25 |
| Италија | 23 223 | 19 628 | 28 449 | 21 969 | 24 276 | 117 545 | 29 386.25 |
| Луксембург | 18 867 | 12 495 | 31 878 | -6 799 | -5 615 | 50 826 | 12 706.5 |
| **Африка** | **53 906** | **56 874** | **46 482** | **41 390** | **45 902** | **203 244** | **50 811** |
| Северна Африка | 12 039 | 12 256 | 13 833 | 13 353 | 14 307 | 65 788 | 16 447 |
| Западна Африка | 12 148 | 10 185 | 12 721 | 11 194 | 9 565 | 55 813 | 13 953.25 |
| Источна Африка | 6 615 | 6 873 | 7 694 | 8 665 | 8 966 | 38 813 | 9 703.25 |
| Централна Африка | 5 306 | 8 307 | 5 390 | 9 102 | 8 848 | 36 953 | 9 238.25 |
| Јужна Африка | 17 798 | 19 254 | 6 844 | -925 | 4 217 | 47 188 | 11 797 |
| **Азија** | **459 982** | **514 424** | **473 325** | **492 713** | **511 707** | **2 452 151** | **613 037.75** |
| *Источна и Југоисточна Азија* | 386 906 | 432 029 | 387 040 | 411 986 | 428 216 | 2 046 177 | 511 544.25 |
| источна Азија | 257 500 | 317 753 | 270 271 | 267 808 | 279 522 | 1 392 854 | 348 213.5 |
| Југоисточна Азија | 129 406 | 114 276 | 116 768 | 144 177 | 148 694 | 653 321 | 163 330.25 |
| Јужна Азија | 41 429 | 51 167 | 54 220 | 52 345 | 54 200 | 253 361 | 63 340.25 |
| Западна Азија | 31 647 | 31 228 | 32 065 | 28 383 | 29 291 | 152 614 | 38 153.5 |
| **Америка** | | | | | | | |
| *Латинска Америка и Карибите* | 161 205 | 155 912 | 135 349 | 155 405 | 146 720 | 754 591 | 188 647.75 |
| Јужна Америка | 116 751 | 105 539 | 90 394 | 107 741 | 100 855 | 521 280 | 130 320 |
| Централна Америка | 40 903 | 46 961 | 41 540 | 43 286 | 42 887 | 215 577 | 53 894.25 |
| Северна Америка | 260 666 | 511 450 | 507 784 | 302 090 | 291 439 | 1 873 429 | 468 357.25 |
| Карибите | 3 551 | 3 412 | 3 416 | 4 377 | 2 979 | 17 735 | 4 433.75 |
| **Земји во транзиција** | **56 762** | **36 394** | **64 654** | **47 538** | **34 218** | **239 566** | **59 891.5** |
| **Развиени земји** | **623 078** | **1 268 594** | **1 197 735** | **759 256** | **556 892** | **4 405 555** | **1 101 388.75** |
| **Земји во развој** | **677 400** | **728 814** | **656 290** | **690 576** | **706 043** | **3 459 123** | **864 780.75** |
| **Светски** | **1 357 239** | **2 033 802** | **1 918 679** | **1 497 371** | **1 297 153** | **8 104 244** | **2 026 061** |

Извор: World Investment Report (2019), Investing in a Low-Carbon Economy, UNCTAD, New York and Geneva, 2019.

За периодот од 2014 до 2018 година податоците покажуваат дека во Северна Америка и САД со вложени вкупно 1 873 милијарди долари и тие се на првото место со најголем прилив на странски капитал, потоа Источна Азија и Кина со околу 1 392 милијарди долари, Германија со 132 милијарди долари, Франција 138 милијарди долари и Италија со 117 милијарди долари. Се́ уште најголемите приливи се остваруваат во развиените земји, и тоа со вкупно 4 405 милијарди долари, додека во земјите во развој со 3 459 милијарди долари, а во земјите во транзиција со 239 милијарди долари или само 3 % од вкупните СДИ во светски рамки.

# 3. ТРЕТ ДЕЛ

**Економскиот развој на Р.Косово-состојби и текови**

## 3.1. Краток осврт на макроекономскиот амбиент во Р.Косово

Како и сите земји во транзиција, по распадот на поранешната СФРЈ, така и Косово (најнапред во состав на Србија, а потоа како независно) се соочуваше со потребата за промени во економската политика, односно напуштање на стариот централизиран модел и ориентирање кон пазарната економија, преку приватизација на општествениот капитал. Таквите промени ја инкорпорираат либерализацијата во трговската размена (особено во надворешната трговија), реформите во финансискиот систем (со посебен акцент на даночниот систем и фискализацијата, како и кредитната политика), отворање на пазарот, преку прифаќање на интеграциските процеси (преземање одделни фирми, спојување на профитабилните сектори, локациско разместување на стопанството); реформите во правната регулатива, а особено владеењето на правото и борбата против корупцијата итн. Процесот на приватизацијата во Р.Косово се одвиваше бавно, имајќи ги предвид нестабилните политички превирања, а тоа пак придонесе за раст на невработеноста, осиромашување на населението, голем одлив на висококвалитетните кадри вон земјата, раст на јавниот долг, зголемување на јазот во платниот биланс и сл.

Во каков општествено – политички и економски амбиент се развивала косовската економија во анализираниот период најдобро може да се види од анализите за **движењето на основните макроекономски индикатори.** Анализите на овие стопански движења овозможуваат полесно детектирање на поголемиот број **причини** што **неповолно влијаеле врз приливот на странските инвестиции,** односно ја правеле земјата неатрактивна за странските инвестициски иницијативи. На тој начин би се овозможило попрецизно согледување на потребите за привлекување странски инвестиции, кои во наредниот период ќе ѝ обезбедат траен и одржлив економски раст и развој на земјата.

Според статистичките податоци за височината и движењето на повеќето макроекономски индикатори на стопанството во Република Косово за периодот од осамостојувањето, односно транзицискиот период, се забележува перманентното опаѓање кај повеќето показатели (со определени краткорочни и минимални зголемувања во одделни години). Значи, генерално, се присутни загрижуваки тенденции и негативни економски перформанси речиси кај сите показатели, а тоа го

доведува стопанството во незавидна положба, односно до нивото на коешто се наоѓало пред повеќе години. Посебно треба да се нагласи постојаното опаѓање на производството, општествениот производ, инвестициските активности во подолг период, рапидното опаѓање на нивото на вработеност и перманентното зголемување на невработеноста, големиот и растечки трговски дефицит и др. Сето ова придонесува за бавното излегување од кризата и стагнантната опаѓачка економија, а е причина и за натамошно влошување на состојбите.

Имено, статистичките показатели сведочат дека **бруто домашниот производ** (според првичните деловни резултати на KAS) во првите девет месеци од 2015 година бруто домашниот производ (БДП) достигна номинална вредност од 4,25 милијарди евра (4,12 милијарди евра во првите девет месеци од 2014 година). Во реални услови, во текот на првите девет месеци од 2015 година, БДП се проценува дека има просечна стапка на раст од 3,6%. Проширувањето на економската активност во овој период, главно, се должи на растот на домашната побарувачка, односно потрошувачката и инвестициите. Во овој период, пак, нето-извозот негативно влијаел врз стапката на раст. Промените во БДП, според статистичките податоци, не се карактеризираат со драстични поместувања. Наредната слика ја покажува реалната стапка на БДП и тоа за периодот од 2012 до 2016 година, што е само пример за полесно сфаќање на




состојбите во Косово во однос на растот/намалувањето на БДП.

**Слика 2 Реална стапка на раст на БДП**

Извор: СВК (Извештај за макроекономски движења, 2016)

Од графичкиот приказ се забележува дека само во 2014 година реалната стапка на БДП била значително намалена, што е резултат на внатрешните општествено-политички случувања, коишто влијаат врз економските перформанси на компаниите и воопшто нестабилноста во работењето.

Интересно во овој контекст е да се спомене и **структурата на бруто домашниот производ** на Косово, анализирана од повеќе аспекти (по сектори, стопански области), како и **употребата** на бруто домашниот производ.

Така, во 2017 година доаѓа до зголемување на клучните потрошувачки извори, на пример, нови потрошувачки кредити, дознаки, работнички надоместок и увезена стока за широка потрошувачка. Сепак, официјалните податоци, објавени од страна на КАС, сугерираа пад на вкупната потрошувачка, што главно се должел на методолошките промени коишто се применуваат при пресметката на оваа компонента. Исто така, растот на надворешната побарувачка и растот на цените на металите на меѓународните пазари позитивно се одразува врз реалниот раст на БДП, бидејќи тие придонесуваат за значително зголемување на извозот на стоки и услуги, како и подобрување на нето-извозната позиција. Во истиот период, пак, растот на нови инвестициски кредити и СДИ придонесуваат за зајакнување на приватната инвестициска позиција. На наредната Слика 3 е прикажан реалниот раст на стапката на БДП како последица на растот на инвестициите, извозот и потрошувачката, и тоа периодот од 2014 до 2017 година, во проценти.




**Слика 3 Реален раст на стапката на раст на БДП од растат на извозот, потрошувачката и нето инвестициите**

Извор: СВК (2018)

Од друга страна, според производствениот пристап, економската активност се проценува дека главно е поддржана од страна на услугите и градежниот сектор (што е

прикажано во следниот дел на сликата којашто ја илустрира годишната промена на додадената вредност од страна на економските сектори). Така, до 2018 година, проекциите на КБК укажуваат на тоа дека растот се очекува да биде поддржан од реалната приватна потрошувачка (со 3,8 процентни поени), приватната државна потрошувачка (со 0,3 процентни поени) и вкупните инвестиции (со 3,0 процентни поени). Во меѓувреме, нето-извозот на стоки и услуги се очекува да има негативен придонес (и тоа, околу 1,1 процентен поен). Исто така, се очекува највисокиот придонес во растот на реалниот БДП да има засилен фискален стимул, особено затоа што се создава со капиталните трошоци на владата. Во овој период, пак, се очекува и зголемување на кредитирањето на банките, како и зголемување на приливите на надворешни трансфери во форма на дознаки и надоместоци на вработените од дијаспората, што и натаму би требало да бидат одржливи извори за финансирање на економската активност.

Анализите, пак, на **структурата на БДП според стопански области** се значајни, бидејќи го прикажуваат учеството на одделните стопански области во неговото формирање и промените што настануваат во нив.

Друго битно прашање за состојбите во стопанството на Косово е **надворешната задолженост на земјата**, нејзината структура и динамиката на пристигнување на обврските. За Република Косово е карактеристично постепеното зголемување на задолженоста според видот на користените среднорочни и долгорочни кредити од разни мултилатерални, билатерални кредитори, а во последниве години расте и задолженоста кон приватните странски кредитори (комерцијални банки, финансиски институции, претпријатија). Меѓутоа, и покрај таквиот пораст на задолженоста, сепак, изостануваат очекуваните ефекти, односно нема сигнали за динамизирање на развојот. Значи, проблемот не е во тоа дали ќе се земат повеќе или помалку кредити и колку ќе се задолжи земјата, туку дали странските кредити ќе се употребат за реализирање на приоритетните цели, каде ќе се пласираат средствата и за кои и какви проекти, односно дали пласираните средства ќе можат и да се враќаат. Имено, прашањето е дали овие кредити се користат за ефикасни инвестициоски проекти или за платнобилансни цели, социјални цели и репрограмирање на стари обврски.

Во 2017 година јавниот долг достигна 996,4 милиони евра, со годишен раст од 16,8%. Како процент од БДП, пак, јавниот долг достигна 16,6%, што се должи главно на растот на домашниот долг од 19,9% (којшто изнесуваше 574,3 милиони евра), како

и надворешниот јавен долг којшто претставува зголемување од 12,9% на 422,2 милиони евра. Учеството на јавниот надворешен долг кон вкупниот јавен долг се намалило на 42,4% од 43,8% во 2016 година. Економијата на земјата и натаму се соочува со нерамнотежа, а особено во надворешниот сектор, т.е. извозната компонента, иако во 2017 година се проценува дека позицијата на нето-извозот позитивно придонесе во реалниот раст на БДП.[65]

Додека додадената вредност на домашните производствени сектори останува на ниско ниво, растот на домашната побарувачка и зголемувањето на увозните цени резултираа со зголемување на вкупната вредност на увозот во Косово. Растот на потрошувачката и инвестициите, во текот на 2017 година, негатвно влијаеше врз стапката на увозот, што дека беше пренесен во растечкиот трговски дефицит, и покрај растот на извозот. Во 2017 година трговскиот дефицит забележал зголемување од 7,6% и изнесуваше 2,7 милијарди евра. Сепак, вишокот на услужни секундарни и примарни примања го претставува годишниот пад од 9,0%, што претставува 425,1 милион евра или околу 6,6% од БДП (7,7% од БДП во 2016 година).




**Слика 4 Увоз, извоз и трговско салдо**

Извор: СВК (2018)

Пазарот на труд во Косово се карактеризира со голема невработеност и ограничени можности за вработување, особено на младите луѓе. Невработеноста кај младите е 61 процент и е алармантна со 71,7 проценти кај младите жени. Стапката на невработеност на возрасните жени е 41,6 проценти, во споредба со 33,1 проценти кај возрасните мажи. Според Меѓународната организација за труд, само 24,1 отсто од

[65] Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина

работоспособното население е формално вработено, што е многу пониско, отколку во земјите од регионот, вклучувајќи ја и Албанија (44,3 проценти), така што 35 проценти од младите не се вклучени во образованието, немаат никаква обука и вработување. Невработеноста, исто така, е многу висока кај жените, т.е. 71% од нив се невработени. Но, процентот на лицата од ранливите категории се зголемил од 23,6 проценти во 2018 година на 24,9 проценти во 2019 година, а неформалното вработување широко е распространето. Административниот сектор продолжува да биде главен формален работодавач во Косово (67,1 процент) во споредба со индустријата (28,4 проценти) и земјоделството (13,9 проценти).

Оттука, постои висока стапка на сиромаштија и исклучување на етничките малцинства. Според Светската банка, 29,7 отсто од косовското население живее под прагот на сиромаштија со 1,72 евра дневно. Екстремната сиромаштија повеќе е распространета во семејствата со многу деца, постари лица, лица со посебни потреби и семејства со самохрани родители (мајки/татковци), како и во семејствата коишто се дел од етничките малцинства (особено Ромите, Ашкалите и Египќаните). Просекот на животната старост е 71 година, што е пет години помалку, отколку во земјите од регионот (и многу пониско од просекот на ЕУ каде што е 78,8 години). Тоа укажува на слабата исхранетост, лошото здравје (3) итн. Образовната инфраструктура и образовните резултати се далеку под регионалните стандарди.

Речиси четвртина од постојните компании пријавиле недостаток на квалификувана работна сила како пречка за нивниот бизнис напредок. Во истовреме, квалификацијата не е гаранција за младите луѓе да ги обезбедат вештините што се потребни за работодавачите; преминот од училиште на работа е бавен, особено за дипломираните студенти и оние со повисоки образовни звања. ОБП проценува дека 17,6 отсто од младите на Косово се преобучени, во споредба со типовите работни места што треба да ги потполнуваат.Оваа млада работна сила, којашто располага со знаења и вештини може да биде предуслов за привлекување СДИ на Косово, што значи овој сегмент би требало да биде составен дел на моделот на политиката за зголемување на интересот кај старнските инвеститори.

Имајќи го предвид високото ниво на невработеност кај младите луѓе, тие (без разлика на степенот на образование) сé повеќе се определуваат да го напуштат Косово со цел да ја подобрат својата економска состојба, но со тоа се јавува проблемот со одлив на мозоци. Според извештајот на УНДП за човековиот развој од 2014 година, повеќето косовски жители во дијаспората живеат во Германија и Швајцарија, а по нив

следат Италија, Словенија и Австрија. Повеќето косовски емигранти, главно, се вработени во приватниот сектор.

Учеството на жените во работната сила во Косово е меѓу најниските во светот, и тоа за 21,4 отсто, што е многу пониско од просекот на ЕУ каде што изнесува 60 отсто.

Пазарот на трудот во Косово покажува знаци на вертикална и хоризонтална полова сегрегација. Жените се премногу застапени на административните позиции и, според истражувањето BEEP во 2015 година, само 4 проценти од жените напредуваат на раководни позиции. По сектори, пак, жените недоволно се застапени во енергетиката, градежништвото и транспортот. Родовите празнини во пристапот до финансии, исто така, се проблематични. Жените имаат помала веројатност да имаат банкарски сметки во формална финансиска институција (36 проценти од жените имаат банкарски сметки во споредба со 59 проценти од мажите). Исто така, учеството на жените во претприемништвото и сопственоста на деловните информации во Косово е ниско во споредба со регионот. Во 2015 година само 11 проценти од фирмите имаа жени меѓу сопствениците, додека пак процентот на жени во целосна сопственост изнесуваше 7,8 проценти, па и тоа е меѓу најниските во однос на сите операции, според ЕБОР.

Покрај тоа, евидентно е и намалувањето на **продуктивноста на трудот** во стопанството на Република Косово Значителното опаѓање на овој основен економски принцип е резултат на ниското ниво на искористување на индустриските капацитети, нередовното снабдување со репроматеријали и енергенси, честите прекини во работата, поголемото намалување на физичкиот обем на производство од намалувањето на бројот на вработените итн. Тоа значи дека, и покрај залагањата, сепак, ефикасноста на стопанисувањето не се зголемува. Всушност, продуктивноста на трудот во овој период опаѓа за 11,4% во 1992 година, 11,8% во 1993 и 6,5% во 1994 година. Продуктивноста на трудот во РМ во 1998 година, за вкупната економија, изнесува 32% од просечната продуктивност на Европската унија. Таа според стопанските дејности е најниска во индустријата 24%, а највисока во финансиските и деловните услуги 47% од просекот на ЕУ. Во споредба со други земји, на пример, продуктивноста на Словенија е 71%, Словачка 53%, Унгарија 58%, Чешка 58% од просекот на ЕУ[66)].

---

66) Izvor Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина.

Според првичните фискални податоци, вкупниот буџет за 2018 година имаше добри перформанси и на страната на приходите, и на расходите. Правилото за фискален дефицит се придржува до достигнување на 1,02% од проектираниот БДП, што е под прагот од 2%. Во истовреме, 37. готовинскиот биланс на крајот на годината означи стапка од 4,62% од БДП, што исто така е во согласност со важечките фискални правила (минимум 4,5% во случај на користење средства на ПАК). Во однос на приходите, пак, двете соодветни агенции за наплата на приходите (ТАК и Царината) постигнаа значително исполнување на планот за приходи.

Даночните приходи, што и натаму се главни придонесувачи во вкупните приходи, забележаа остварување од 97,3% во однос на предвидувањата. Од друга страна, неданочните приходи забележаа стапка на исполнување на планот од 94,6%. Така, во однос на 2017 година даночните приходи се зголемија за 6% во текот на 2018 година. Покрај приходите во буџетот, имаше и добра реализација и кај другите извори на финансирање, со исклучок на финансирањето од надворешно задолжување. Внатрешното финансирање (хартии од вредност и финансирањето од ПАК) беше во согласност со предвидувањата во буџетот. Во однос на буџетските расходи, пак, тие забележаа стапка на извршување од 92,7%, вклучително и околу 100% кај тековните трошоци и 76,3% од капиталните расходи, во однос на предвидувањата. Овде треба да се напомене дека во буџетот социјалните трансфери се зголемија, заради не спроведување на реформата за воените ветерани, како и надминување на планираните расходи кај другите корисници. И покрај фактот дека со буџетот за 2018 година се претпоставуваше прекатегоризација да се изврши кај ставката за воените ветерани, тоа не се случи, па оттука и трошоците беа повисоки.

Расходите беа повисоки за оваа категорија, исто така, како резултат на зголемувањето на бројот на корисници во текот на проекциите кај оваа ставка. Сепак, немаше ребаланс на буџетот заради добрите перформанси и очекувањата од приходот, како и целокупниот тренд на трошење. Приходите од буџетот имаа добри перформанси во однос на очекувањата. Даночните приходи беа остварени до 97,3%, а неданочните до 94,6%. Во споредба со 2017 година, пак, се забележува зголемување за 4,5% и 9,1% од даночните и неданочните приходи, соодветно.

Приходите од ДДВ се зголемија за 5,4% (во согласност со предвидувањата), што беше рефлекција на зголемувањето на потрошувачката. Од друга страна, приходите од царинските давачки ги надминаа предвидувањата, но останаа пониски за разлика од оние во 2017 година. И покрај очекувањата за намалување на увозот на користени автомобили, сепак, властите успејаа да соберат близу 1% повеќе од акцизата во

претходната година.. Данокот на личен доход, како битен придонесувач во директните даноци, ги надмина проекциите за 4,8%. Од друга страна, приходите од данок на добивка се зголемија за 15,3% во однос на претходната година. Севкупно, индиректните приходи достигнаа 97,5% од планот, а директните приходи достигнаа 100,2%.

Неданочните приходи покажаа раст во однос на претходниот период (9,1%), но не успејаа целосно да се соберат според планот (94,6%). Главната причина останува незадоволителната наплата од општинско ниво што изнесуваше само 84,1%. Буџетските расходи беа повисоки, отколку оние во 2017 година, додека стапката на извршување по економски категории беше различна. За категоријата плати и придонеси стапката на извршување е 100,3%, стоки и услуги и комунални услуги 93,5%, субвенции и трансфери 106,2%, а капитални расходи 76,3% - второто, во најголем дел, е под влијание на неможноста за исплата на средствата од Клаузулата за инвестиции. И покрај овој факт капиталните расходи се зголемија за 13,4% во однос на оние 38% во 2017 година. Севкупно, сето тоа доведе целосното извршување на трошоците да достигне 92,7%, што рефлектира раст од 10,1%, во однос на 2017 година. За финансирање на дефицитот и за одржување стабилно ниво на фискалниот тампон, залихите на домашниот долг беа додадени за помалку од 3% во однос на прогнозата. Од друга страна, финансирањето од фондовите за ликвидација на СЈО целосно беше реализирано.

Според статистичките податоци, билансот на тргување со услуги изнесува 804,2 милиони евра, што претставува зголемување од 25,9% во однос на 2016 година. Зголемувањето на извозната вредност на услугите за 17,7%, главно, се должи на зголемувањето на извозот на патните услуги и компјутерските услуги. Во меѓувреме, пак, вредноста на увозот на услуги се зголемила за 7,1% и, главно, се должи на зголемувањето на увозот на туристички услуги.

Приходот од примарните примања во 2017 год. достигнал 84,9 милиони евра или за 14,0% бил повеќе во однос на 2016 година. Приходите за компензација на вработените, што е главната категорија на примарни примања, се зголемиле за 11,4%. Билансот на секундарниот доход забележува раст од 6,0%, што може да се припише на највисокото ниво дознаки од странство. Приливите на дознаки од странство што, исто така, претставуваат најголема категорија на секундарни сметки, изнесувале 759,2 милиони евра, што претставува евидентно зголемување годишно од 9,9%. Дознаките во Косово, најчесто, доаѓаат од Германија и Швајцарија, и тоа 39,3% и 22,5% од вкупните дознаки добиени во Косово што се испраќаат во текот на една година.

Значителен дел од дознаките се примаат и од САД, односно тие изнесуваат 7,0% од вкупните дознаки. Овој податок сам за себе зборува дека голем дел од младото население од Косово работи во странство, а особено во западноевропските земји (ЕУ) и САД.




**Слика 5 Приходи од девизни средства**

Извор: СВК (2018)

Слично на претходните состојби и во доменот на **надворешнотрговската размена** во транзицискиот период се забележани неповолни резултати и движења, што резултираат со раст на платниот дефицит на земјата. Овој сегмент не ја достигнува големината за задоволување на потребите, па сè повеќе се оддалечува од неа. Состојбите и проблемите во стопанисувањето (како што се, на пример, откажаните договори, високите трошоци на работењето по многу основи, ниското користење на капацитетите и сл.) непосредно негативно се одразуваат и врз стоковната размена со странство. Всушност, структурата на извозот на Р Косово е карактеристична со големо учество на репроматеријали, а ниско учество на производи од повисока фаза на преработка. Според економската намена, најголемо учество имаат материјалите за репродукција, а потоа доаѓаат стоките за широка репродукција и со најмало учество се средствата за работа.

Особено горчлив проблем во македонското стопанство, во периодот на транзиција, претставува проблемот на **невработеноста**. Овој индикатор најмногу загрижува поради континуираното зголемување на бројот на невработените, односно намалувањето на вработеноста. Всушност, овој проблем се третира како еден од

најтешките во современата економија[67]. Република Косово одамна се соочува со овој проблем, иако неговото решавање секогаш било потенцирано како една од најприоритетните развојни цели, имајќи ги предвид неговите не само економски, туку и социјални и други последици.

## 3.2. Клучни фактори на економскиот развој во Р.Косово

Круцијалните фактори за зголемување на економскиот развој на Р.Косово претставуваат широк спектар на мерки, коишто треба да се преземат за витализирање на основните економски текови, а сè со цел привлекување на СДИ. Имено, најнапред усогласување на монетарната и кредитната политика, како и фискализацијата; потоа, даночната политика со нагласок на даночните ослободувања (олеснување на трговската размена, преку низа мерки, па дури и субвенционирање на странските инвестиции, особено во првите години по влезот на странскиот капитал во земјата); реформи во правната регулатива, главно за заштита на инвеститорите и нивните права, како и унапредување на интеграциските процеси меѓу домашните и странските компании, регулирање на пазарот и лојалната конкуренција; интензивирање на процесот на приватизација кај јавните услуги (особено банкарските, осигурителните и медиумските услуги, маркетингот/ промоцијата и сл.); градење национална стратегија, односно адекватен модел на економска политика, што ќе придонесе за следење на тековите на СДИ, привлекување нов странски капитал, современа технологија, знаења и вештини; реформи во образовниот систем со нагласок на ИТ технологијата, стратегискиот менаџмент, корпорациското работење, берзанското функционирање, социјалната политика (што подразбира осовременување на образовните програми и преферирање на оние занимања коишто се атрактивни на пазарот на трудот во и надвор од земјата); унапредување на соработката меѓу домашните експерти и оние од различните земји, а од коишто потекнуваат СДИ на Косово, главно, заради имплементација на новите техничко-технолошки решенија во домашната економија, а тоа подразбира и континуирани обуки на вработените во домашните компании; изработка на мапа на косовските компании што имаат потенцијал да бидат привлечни за странските инвеститори; поголема ангажираност на НВО, академската јавност и медиумската фела во процесот за привлекување СДИ и тн.

Оттука, генерално, би требало да се создаде поволна бизнис клима за анимирање на странските инвеститори својот интерес за вложување капитал да го пронајдат на овој балкански простор, а притоа неопходно е надворешната политика да

---

[67] Zelenkov Branko, “Ekonomskata kriza i reformite vo Republika Makedonija”, Skopje, 1997 god.

биде фокусирана кон изнаоѓање решенија за надминување на постојните проблеми во односите со соседите, и тоа по мирен пат. Во тој контекст, пак, претстои долга и тешка работа и за стабилизирање на безбедносната состојба, развој на комуникациските системи и информациската рехнологија, зашто 21.век подразбира мрежно поврзување со светот и користење на интернетот, како алатка за електронско работење.

Од друга страна, пак, вкупната вредност на *буџетските расходи* до септември 2015 година изнесувала 1,038 милијарди евра, што претставувало раст од 6,1% во однос на истиот период од претходната година. Тековните расходи, главно, се за плати на буџетските корисници, стоки и услуги, како и субвенции за трансфер, а изнесувале 813,0 милиони евра, што соодветствува на годишниот раст од 9,1%. Како резултат на зголемувањето на платите и пензиите, во април 2014 година, учеството на тековните расходи во вкупните буџетски расходи од 76,1%, во септември 2014 година, достигнува 78,3% во септември 2015 година. Владините расходи за плати и надоместоци на платите бележат годишен раст за 9,1%, достигнувајќи 389,9 милиони евра до септември 2015 година. Зголемувањето на категоријата за плати придонесува раст од 37,5% од вкупните трошоци во септември 2015 година, за разлика од 36,6% во истиот период претходната година. Овој висок износ на расходите за платите и надоместоците на платите, во споредба со истиот период од 2014 година, се должи на одлуката за зголемување на платите, што стапи во сила во април 2014 година. Тоа значи дека ефектот од растот на платите не е реален во вкупниот износ за периодот јануари-септември 2014 година. Субвенциите и трансферите исто така ги карактеризира раст од 16,3% за период од една година, што изнесувал 292,4 милиони евра во септември 2015 година.

Во рамките на субвенциите и трансферите, пак, главната компонента се пензиите, што бележат раст од 15% и во тој период изнесувале 166,4 милиони евра. Покрај пензиите, субвенциите за земјоделството имаат раст, што до септември 2015 година изнесувал 29,2 милиони евра за разлика од 11,7 милиони евра во истиот период од претходната година. Учеството на субвенциите и трансферите во вкупните расходи се зголемило за 3,4 процентни поена и достигнало 29,4% во вкупните расходи. Од друга страна, владините расходи за стоки и услуги, вклучувајќи ги и различните општински расходи (за потрошена електрична енергија, вода, отпад, наемнини итн.) изнесувале 130,7 милиони евра, што одговара на годишен пад од 3,9%, а тоа значително влијаело врз учеството на оваа категорија во вкупните расходи, така што има намалување од 13,9% во септември 2014 година на 12,6% во септември 2015 година.




**Слика 6 Структура на буџетските расходи, во милиони евра**

Извор: СВК (2018)

Намалувањето на капиталните вложувања, главно, се должи на зголемувањето на расходите предвидени за јавните инвестицидки проекти. Зголеменатa владина потрошувачка ја ограничува областа на капиталните инвестиции. Трошоците за капитални проекти, што се историска компонента со најголемо учество во вкупните расходи, во последните две години се преселија на третото место, и тоа зад расходите за плати и надоместоци за плати, како и зад субвенциите и трансферите. Капиталните инвестиции го намалија учеството од 22,7% во вкупната потрошувачка во септември 2014 година на 20,5% во септември 2015 година.[68]

Пазарот на хартии од вредност и натаму е многу важен извор за финансирање на одделни потреби на Владата на Косово. Акциите и обврзниците од овој пазар служат за финансирање на определени инвестициски проекти, за покривање на дефицитот во државниот буџет, како и за давање потенцијални државни гаранции, потоа за подмирување на трошоците за сервисирање на државниот долг или одделни други расходи, што резултираа од нарушенита безбедносна состојба во земјата, во минатиот период.

Од почетокот на издавањето хартии од вредност (краткорочни и долгорочни) во 2012 година, па до декември 2017 година беа издадени хартии од вредност во височина од 2,09 милијарди евра, додека приходите на Министерството за финансии изнесуваа 2,08 милијарди евра. Побарувачката за инвестирање во хартии од вредност беше 1.81 пати повисока од потребните средства на Министерството за финансии и изнесуваше 3,79 милијарди евра во текот на овој период. Натаму, во периодот од

[68]Централна банка на Косово (2017) - "Годишен извештај" КБК, Приштина. www.bqk-kos.org

јануари 2012 до декември 2017 година беа емитувани хартии од вредност во износ од 1,51 милијарди евра. Во 2017 година Владата на Косово покриваше долг во вредност од 405,0 милиони евра, што беше за 3,6% понизок износ во споредба со минатата година. И покрај опаѓањето на обемот на издадените хартии од вредност, што беше резултат на политиките на Министерството за финансии, сепак, побарувачката за инвестирање во овие инструменти и натаму е висока. Износот понудени акции од вредност, од страна на учесниците на последната аукција (што на секоја аукција го надминувал бараниот износ, според објавените побарувања од владата) го задржал понискиот износ понуден и објавен во 2017 година, односно 1,64 (а тој бил 2,27 во 2016 година)[69].




**Слика 7 Потребниот и издадениот износ на хартии од вредност на Владата на Косово**

Извор: СВК (2018)

Од Слика 7 се забележува дека во структурата на обврзниците доминираат државните обврзници (со рок на втасување над 1 година), а нивното учество изнесува 53,1% во вкупните емисии во 2017 година (додека тоа било 38,1% во 2016 година). Благајничките записи (со рок на втасување до 1година), што во минатото доминирале во структурата на хартиите од вредност во 2017 година нивниот удел бил 46,9% (а изнесувал 61,9% во 2016 година) во вкупните хартии од вредност. Државните обврзници (со рок на втасување од 1 година) доминираат во структурата на вкупните хартии од вредност (што може да се види на Слика 9), меѓутоа мора да се нагласи дека

[69]Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org

државните обврзници со рок на втасување над 5 години, во 2017 година, бележат највисок раст (71,4%).

## 3.3. Градење макроекономска стабилност

Одржувањето на макроекономската стабилност е важен фактор на планот за развој, како и суштински услов за одржлив развој и привлекување странски инвестиции во приватниот и јавниот сектор. По војната, пак, севкупните макроекономски резултати се импресивни и често ги надминуваат очекувањата. Според извештајот на ЕУ за 2007 година, Косово доби позитивни оценки за економскиот напредок. Со оглед на едногодишниот спектар за развој, во текот на 2007 година, значителен економски раст од 3,8% е забележан во Косово, во споредба со симболичен раст од 0,6% во претходната година. Но, финансиските инвестиции од донаторите, во споредба со претходната година, се намалиле за 3% помалку, отколку во 2006 година.

Косовската економија е мала, премногу отворена, така што увозот достигнува околу 60% од бруто домашниот производ, а земјите во регионот се сиромашни, па бруто домашниот производ по жител изнесува околу 1.448 долари годишно. Досега, главната карактеристика, што најдобро ја опишува косовската економија, беше високото ниво на прилив на средства од други извори, освен од извозот. Тука спаѓаат дознаките од дијаспората, платите на локалниот кадар од донаторскиот сектор и стоките купени од донатори и други меѓународни соработници. Во моментов, пак, главната негативна карактеристика на косовската економија е високото ниво на невработеност; високото ниво на потрошувачка и релативно ниското ниво на извоз; потоа, високото ниво на увоз и лошата инфраструктура. Голем дел од вкупната побарувачка се финансира од донаторски активности и дознаки. Оттука, макроекономската стабилност зависи од идниот тренд на овие две компоненти и од промените во структурата на компонентите што придонесуваат за економски раст.[70]

Прелиминарните проценки покажуваат дека косовската економија, во текот на 2007 година, забележува раст за 3,5% во однос на 2006 година (подобрување од претходната година), иако има намалување на учеството на странска помош, и тоа од 14,6% на 14,2%. И покрај зголемувањето на инвестициите во 2007 година, БДП се проценува дека е над 35 отсто, економскиот раст на Косово е помал од регионот, а регистрираната стапка на невработеност повторно се зголемува во оваа година. Во текот на првата половина од 2007 година имало 2.736 работни места, во споредба со

[70] Риинвест, "Меѓународна конференција: приватизација на општествените претпријатија и реформа на јавните претпријатија во Косово", јуни 2002 година

3.819 работни места во истиот период минатата година.[71] Овој број, значи, е понизок за 28%. И покрај слабиот економски раст, неможноста на економијата да генерира нови работни места, отсуството на знаење и вештини и несоодветната едукација на работоспособното население е уште едно непопуларно објаснување за намалувањето на бројот на работните места. Во текот на 2007 година некои од важните индустриски комплекси на Косово, приватизирани во последниве години, целосно беа оперативни и позитивно придонесуваа за домашното производство, што се рефлектираше и врз косовскиот извоз. Исто така, имаше многу позитивни движења во секторот на проширување на услугите и значителни инвестиции во секторите банкарство и телекомуникации, така што вториот мобилен оператор ја започна својата активност. Косовската економија силно е поддржана во развојот на приватниот сектор, а макроекономските политики на Владата на Косово имаат за цел креирање поволен амбиент за развој на приватниот сектори привлекување нови странски инвестиции. Достапните податоци за странските инвестиции во Косово покажуваат дека, во текот на 2007 година, тие достигнале околу 114 милиони евра (со исклучок на вториот мобилен оператор) или приближно 5% од бруто домашниот производ.[72]

За да се согледа макроекономската стабилност на косовската економија, од денешен аспект, во овој сегмент од истражувањето, се разгледуваат основните параметри коишто се однесуваат на движењето на БДП во испитуваниот тригодишен период, потоа се врши компарација меѓу БДП на Косово и некои од земјите во регионот на Западен Балкан, што ја отсликуваат реалната состојба на овие економии, а исто така се разгледува потрошувачката на стоките, трговската размена меѓу анализираните земји и сл.

Според тоа, слободно може да се каже дека косовската економија се карактеризираше со проширување на својата активност во текот на 2017 година во однос на претходната година. Од прелиминарните проценки на Агенцијата за статистика на Косово (КАС) за 2017 година, јасно се забележува дека номиналната вредност на БДП достигнала 6,3 милијарди евра, што реално се совпаѓа со просечниот годишен раст од 3,7%. За 2018 година, пак, проекциите на СВК покажуваат дека реалниот раст на БДП ќе се движи во интервал од 4,2% до 4,4%. За разлика од претходните години, факторите што придонесле за растот на БДП во 2017 година се следниве: промени со инвестициската позиција и нето-извозот, што позитивно

[71]Риинвест, "Меѓународна конференција: приватизација на општествените претпријатија и реформа на јавните претпријатија во Косово", јуни 2002 година

[72]Риинвест, "Приватизација во Косово - напред и назад", 2004 година

влијаеле, односно придонесле за намалувањето на потрошувачката. Овде вреди да се истакне дека динамиката на кредитната активност, којашто е на највисоко ниво во последните пет години, служеше како важен катализатор за финансирање на економската активност во земјата (потрошувачка и инвестиции).

Растот на цените на стоките на меѓународните пазари и растот на домашната побарувачка резултираа со зголемување на нивото на цените во 2017 година. За разлика од претходната година, во 2017 година, просечната годишна стапка на инфлација, изразена преку индексот на потрошувачки цени (CPI) е карактеризира со зголемување од 1,5% во 2017 година. За 2018 година, проекциите на СВК сугерираат дека просечната стапка на инфлација се очекува да се карактеризира со нагорен тренд, иако просечната обележана вредност се очекува да варира околу 1,0%[73].

Фискалниот сектор во 2017 година се карактеризира со мало подобрување на примарниот буџетски дефицит. Примарната вредност на дефицитот во 2017 година изнесува 59,0 милиони евра, додека како% од БДП, примарниот дефицит се намалил од 1,0% на 0,9%. Намалувањето на примарниот буџетски дефицит беше под влијание на повисокиот раст на буџетските приходи што, главно, се должи на зголемувањето на економската активност, но и на реформите преземени од агенциите за приходи, чија цел е стеснување на даночниот јаз. Во 2017 година сите категории расходи на буџетот се карактеризираат со раст, а тоа се очекува да продолжи во 2018 година и да се претвори во зголемување на економската активност[74]. Тоа е прикажано на следната Слика 8.

[73]Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина. www.bqk-kos.org

[74]Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org




**Слика 8 Стапка на инфлација, годишна промена**

Извор: СВК (2018)

## 3.4. Приватизација и реформа на јавните услуги во Р.Косово

Јавните услуги беа првите на ударот на процесот на приватизација, така што најнапред банкарскиот сектор ја почувствува потребата да ја разбие гломазната структура и да започне со прифаќање и имплементација на современите производи и услуги, коишто се карактеристика на модерниот свет. Имено, платежните картички од различни видови и намена, е-банкарството, плаќањето од дома или преку контакт со смарт телефоните, банкоматите, сертификат потписите, брзите потрошувачки кредити и сл. се само дел од спектарот современи услуги и/или производи што штедат време и го анулираат просторот. Истото тоа се случуваше и со осигурителните компании, но и со медиумскиот простор, а во последно време со инвестициските фондови. Тоа значи дека не се исцрпени можностите за привлекување СДИ во јавните услуги (на пример, здравството, телекомуникациите, туризмот, комуналните дејности, рециклирањето на отпадот, јавниот сообраќај и сл.).

Приватизацијата е едно од најчувствителните прашања во врска со економскиот развој на земјите во транзиција. Промената на сопственичката структура и начинот на размислување од планираното производство до оној на пазарната економија навистина е комплексна мисија и бара радикални зафати.

Економијата на Република Косово, како и на другите земји во регионот, не се разликува во транзициските промени, што се случуваат паралелно со другите промени во светот (на пример, глобализацијата). Оттука, промените континуирано зависат од глобалната економија. Во пракса често се случува приватизираните компании да бидат

во центарот на шоковите, главно, заради наметнатите транзициски услови. Главната причина за транзицијата, што се смета за тежок и долг процес, беше потребното време за да се реструктуира стариот систем и да се изгради новиот систем, односно додека приватизираните компании не започнуваат да работат поинаку или во хармонија со економските услови на глобалниот пазар.[75]Улогата на државата во денешните пазарни услови е да обезбеди добра социјална програма за приспособување кон новите услови на работење и тоа што е можно поедноставна за развој, пред сé, преку создавање нови работни места и насочување на економските активности во оние сектори што ветуваат економска одржливост.[76] Таквиот концепт навистина е комплициран за успешно спроведување на процесот на приватизација. *Косово треба, најнапред, да обезбеди регенерација на ресурсите за развој.* Развојот не е можен без сериозни инвестиции, без разлика дали се санкционира кревката економија, дали се јакне социјалната политика, градежната инфраструктура и другите битни проекти. Оттука, привлекувањето на СДИ е клучна и суштинска задача во текот на транзицијата на економијата.

Во текот на изминатите деветгодини во Косово беа преземени значајни чекори за креирање пазарна економија и одржливи институции, во согласност со ефективната и современа законска рамка. Трансферот на приватната сопственост е идентификуван како клучен чекор во реформите за да се направи независна и динамична економија на Косово. Решението се наоѓаше во фактот што претпријатијата во општествена сопственост биле изнајмени на приватни инвеститори во период од 99 години. Регулативата 2002/12 и изменета со Регулативата 2005/18 се однесува на основањето на Косовската доверителна агенција (КТА).

КТА, како независно тело со целосен правен идентитет, има овластување да управува со општествените (N.Sh.) и јавните претпријатија (JPs), што се регистрирани или работат на територијата на Косово, како и сопственоста на овие претпријатија на територијата на земјата. Агенцијата има капитал од 10 милиони евра. Главната цел на КТА е целосна приватизација на изворите на капитал во Косово.Првичниот мандат на КТА беше три години, по влегувањето во сила на Регулативата 2002/12, а потоа неограничено беше продолжен со Регулативата 2005/18. Треба да се напомене дека амандманот на регулативата на КТА е направен поради недостатоците што регулацијата ма 2002/12 се однесуваше на претпријатијата коишто беа трансформирани според законите на поранешна Југославија или дискриминаторските закони на Србија. Согласно измената нарегулативата, КТА може да ги приватизира

[75]Правило 2005/18 за изменување и дополнување на Регулативата 2002/12 за основање на Агенцијата за приватизација

[76]Рииинвест, Приватизација во Косово, Напред и назад, 2004.

претпријатијата во општествена сопственост, без разлика дали тие биле предмет на трансформација или не, односно таа добила овластување да управува со јавните и општествени претпријатија во Косово, што биле регистрирани на 31 декември 1988 год., но и секој последователен датум. Друга промена во регулативата е тоа што на КТА и даваше право индиректно да го користи "еминентниот домен" или да „укаже на албанската моќ со висока акција". Токму преобразбата на државните претпријатија во акционерски друштва, според српските закони, беше еден од аргументите што се користеше Столб IV и раководството на КТА се определи за прекинување на приватизацијата. Таквата иницијатива предизвика длабока индигнација кај косовските институции и локалниот персонал на КТА. Целиот овој настанат хаос, за среќа, резултираше со заминувањето на директорот на КТА и продолжувањето на приватизацијата.[77]

Оттогаш до 2008 г., Агенцијата продолжува да се занимава со приватизирањето и до определен степен со ликвидацијата на одделни претпријатија во општествена сопственост, и тоа со забрзано темпо. На тој начин се постигнува целта поставена од германскиот експерт, З.Т. Рикер, што беше - реализација на приватизацијата во 90% од вредноста на претпријатијата во општествена сопственост за една година. Мандатот на КТА престана на 30.06.2008 год. со стапувањето во сила на Уставот на Република Косово. Оперативните политики ги дефинираат целите на Агенцијата во согласност со Резолуцијата 1244 на СБ на Советот, важечките прописи и другите подважечки законски акти, и тоа со:[78]

- воспоставување програма од страна на Агенцијата за приватизација за реорганизација на општествените претпријатија;
- подготовка на некои општествени претпријатија коишто сé уште не се подготвени за приватизација, со нивно реструктуирање и реорганизација;
- ликвидација на општествените претпријатија кога нивното реструктуирање и реорганизација се неефикасни;
- дефинирање на целите за приватизација на општествените претпријатија (јасно дефинирање на сопственоста/титуларот, олеснување и заштита на новите инвестиции, реактивирање на неактивните средства, обезбедување пазарна вредност итн.);
- реструктуирање и реорганизација на претпријатијата од јавна сопственост за да се осигури дека тие можат успешно да управуваат со нивниот бизнис, без да ја занемарат својата улога како даватели на јавните услуги, а со одобрение од Одборот за да ги апсорбираат кредитите од локалните и меѓународните банки, но под услов тие да го достигнат тоа ниво на собирање што ќе овозможи финансиска одржливост.

---

[77]Риинвест, "Меѓународна конференција: приватизација на општествените претпријатија и реформа на јавните претпријатија во Косово", јуни 2002;

[78]Риинвест, "Приватизација во Косово - напред и назад", 2004 година

Правилата за доделување тендер ги утврдуваат упатствата и постапките за поднесување на понудите во секоја фаза од тендерот на Н.Ш. Овде, вреди да се напомене дека, иако повисоките прописи овозможуваат развој на процесот на приватизација, сè уште постојат многу други области што треба да се опфатат. Исто така, треба да се спомене и потребата од ликвидација на некои делови од приватизираните државни претпријатија, затоа што се непрофитабилни, но тоа е сложен процеси тешко се имплементира во праксата. Имено, за време на процесот на ликвидација, често се јавуваат проблеми, чие надминување бара измени на правилата и процедуралните одредби. Новата агенција за приватизација треба да се грижи за можноста на нивна ликвидација во иднина. Методите за приватизација, што ги применува агенцијата, главно, се: методот на спин-оф, специјален спин-оф и доброволна ликвидација.[79]

*Спин-оф метод* – или преферираниот метод на КТА за приватизација на одржливите општествени претпријатија. Преку "Спин-оф" средствата и обврските на претпријатието се префрлаат на Нов Кор. Имено, тоа "се продава на инвеститор и приходите од продажбата се депонирани во доверба, за да се искористат за исполнување на останатите кредитни и сопственички обврски на општественото претпријатие. Потоа, претпријатијата во општествена сопственост, што не се профитабилни, ќе можат да бидат ликвидирани. Понудувачот со највисока понуда е привремениот победник на тендерот. Упатствата во врска со трансферот на средствата, главно, се користат за да се постигне целта на максимизирање комерцијален успех на Нов Кор (на пример, да се направи инвестициското претпријатие поатрактивно). Во некои случаи, средствата од едно општествено претпријатие се поделени во неколку нови компании. "Посебните или специјални - посебни спин-оф-процедури - се применуваат на општествените претпријатија што ги исполнуваат еден од следниве критериуми:[80]

- најмалку 300 вработени (активни), или
- вкупни приходи од најмалку 10 милиони евра/ годишно.

Овде, понудената цена не е главната детерминанта. Поради посебната важност на претпријатијата во коишто се применуваат спин-оф методите, за понудувачите се поставени различни услови. Овие услови варираат, и тоа во зависност од економската природа на соодветното претпријатие.

---

[79]Документ за политики, "Економски и социјален развој на Косово, предизвик за политичка стабилизација на регионот", Словенија, јуни 2006 година;

[80]Увалич Милица, "Приватизација и корпоративно управување во Србија (СРЈ)", декември 2001

Доброволната ликвидација – е процес што е регулиран со Регулативата 2005/48 за реорганизација и ликвидација на претпријатијата и нивниот имот, и тоа со административно овластување на Косовската доверителска агенција и правилата за ликвидација, во рамките на УНМИК Регулативата 2001/6 за деловните организации. Постапката за ликвидација речиси е стандардна, односно формирање комисија за ликвидација, објавување на доверителите (познати во писмена форма, непознати на јавни средства), продажба на средствата во општествена сопственост преку тендери, исплата на доверителите, а останатите финансиски средства се вклучени во Фондот за доверба.Ликвидацијата е постапка што им овозможува на бизнисите со мепрофитабилни делови да престанат да постојат во целост. Постапката за ликвидација на општествените претпријатија овозможува приходите од продажбата на нивниот имот да се распределат праведно меѓу кредиторите на SOE, во согласност со приоритетите утврдени со закон, како и секој вишок што треба да се дистрибуира до законските сопственици.

## 3.5. Регулирање на пазарот и лојалната конкуренција

Основна премиса за етаблирање на пазарната економија претставува регулирањето на пазарот и создавањето лојална конкуренција. Пазарните законитости се диригирани од понудата и побарувачката, но нивното врамнотежување ја наметнува потребата од соодветна законска регулатива, којашто би требало да содржи антимонополска компонента, заради елиминирање на нелојалната конкуренција. Добро регулираните пазарни законитости го овозможуваат поголемиот прилив на СДИ. Но, овде мора да се нагласи фактот дека Косово е мал пазар и не е атрактивно за големите странски инвеститори. Меѓутоа, географската лоцираност на земјата и близината до пазарот на ЕУ дава можност за промовирање на погодностите што, ако во иднина се направи регионално поврзување со соседите, би гарантирале значително поголем регионален пазар со завиден број потрошувачи. Ова би требало да биде една од идеите за регионално интегрирање на економиите на земјите од Западен Балкан. Натаму е направен краток осврт на движењето на СДИ во Косово, во испитуваниот период.

И покрај постоењето на режимот за слободна трговија, сепак, интеграцијата на Косово на регионалните пазари има евидентензастој и потреба од многу работа во наредениот период. Овде, главно, се мисли на стратегиските инвестиции во енергетската и транспортната инфраструктура како во земјата, така и во регионот, зашто тоа, паралелно со имплементацијата на релевантните реформи во клучните

социо-економски сфери, може многу да помогне да се зголеми интерконекцијата меѓу трговијата и инвестициите со останатите земји од регионот.

Косово се соочува со многу мал дефицит и има пониско ниво на извоз за разлика од другите земји во регионот. Тоа е јасен знак за тешкотиите со коишто се соочуваат косовските компании на меѓународниот пазар. Како последица на неприлагодената јавна инфраструктура (автопати, железнички пруги, современи сигнализации итн.) најчесто се оддолжува транспортот на стоките и патниците, но исто така постојат и низа други бариери во деловното окружување (на пример, отсуството на едношалтерскиот систем за извршување на низа административни потреби при обезбедување на документацијата и сл). Натаму, во овој контекст можат да се споменат и нетарифните бариери за трговијата, како што се, на пример, политиките за јавни набавки и мерките против амортизација, царинските бариери за трговијата, обезбедувањето на санитарните / фитосанитарните стандарди / мерки, како и многу други прашања од ваква природа.

Косовската Агенција за борба против корупцијата[81] е водечка косовска институција против корупција, но нејзиното име ги надминува нејзините вистински овластувања. Главниот недостаток е дека процесот на декларирање на имот и средства исклучително е успешен, и тоа со над 90% исполнувања на оваа обврска, вклучувајќи ги високите службеници. Клучен недостаток, од аспект на работата на Агенцијата за борба против корупцијата, е слабиот квалитет на информациите што ги испраќа до обвинителството, патоа резултира (во повеќето случаи од нив) да бидат отфрлени за натамошно постапување.

Одделот за конфликт на интереси, исто така, има сериозни недостатоци, а најдобриот доказ за ова е реалноста, зашто повеќето јавни службеници, особено пратениците, имаат втора работа во некоја јавна институција, на пример, Поштата и телекомуникациите на Косово. Генералниот ревизор досега пронашол сериозни проблеми во работата на Агенцијата, и тоа: неуспехот да се евидентира попис; повреда на процедурите за вработување; работниците се ангажирани и покрај тоа што официјално биле на отсуство итн.

Друга важна институција во борбата против корупцијата е *Антикорупциската работнагрупа* којашто е дел од Специјалното обвинителство и е главниот механизам во борбата против корупцијата. Таа се состои од пет локални обвинители и тројца меѓународни обвинители, поддржани од 30 полициски службеници и пет експерти за

[81] https://akk-ks.org/sr/lajmi_i_plote/875

финансии. Позитивната страна на оваа институција е дека таа е единствената институција во Косово што е специјализирана и посветена на борбата против корупцијата, а обвинителите кои работат во оваа работна група се платени повеќе од државните обвинители. Работната група ужива целосна поддршка од владата, судството и Парламентот

Значи, генерално, може да се заклучи дека Косово, како аспирант за влез во ЕУ има преземено определени активности за подобрување на вкупната бизнис клима, но се́ уште стојат отворени прашањата за забрзани реформи во правосудството заради владеење на правото, потоа интензивирање на акциите за сузбивање на корупцијата, законска рамка за задржување на младите во земјата, односно нудење мотивирачки мерки(помош при отворање сопствени бизниси, помагање на земјоделците со субвенции, застапување на еко стандардите за зачувување на животната средина, работа со невладините организации, вклучување на жените во општествено-политичките органи и тела, згрижување на децата без родители, зголемување на социјалната помош, пензиите итн.).

## 3.6. Натамошно унапредување на даночниот систем

Даночната политика на Косово е ориентирана кон едноставните уредби, што осигуруваат широка даночна база и ја спречуваат даночната евазија.

Даноците се разликуваат врз основа на формата на работење и годишниот промет..

Даночната управа применува три главни режими за собирање на даноците, и тоа:

- Данок на додадена вредност (ДДВ (PDV),
- Данок на приходите на корпорациите (ДПК(PPK) и
- Данок на личниот доход (ДЛД(PLD).

Главниот данок на Косово е ДДВ (или PDV) што се плаќа на стоките и услугите. Нормата на овој данок е фиксна и изнесува од 16 % за целата стока, без оглед на потеклото и 0% за стоките што се наменети за извоз. Компаниите што имаат годишен промет над 50000€ треба да се регистрираат како даночни обврзници за PDV.

Што се однесува на увозот, пак, периодот за плаќање ДДВ е 6 месеци и овој данок се прибира на административните граници на Косово.

**Данок на приходите на корпорациите** се плаќа на секои 3 месеца, во зависност од годишниот промет. Нормата за плаќање на овој данок на корпорациите е ако нивниот годишен промет е над 50,000€ и тоа во височина од 10%.

**Данок на личниот доход** се пресметува на доходот од плата, на др.доходи од работењето, кириите каматите, недвижниот имот и сл. Нормата за оданочување на личниот доход, што се пресметува на платите, е нормално прогресивна, во зависност од височината на платата, а во истовреме таквите норми се најниски во регионот, како и во земјите од ЕУ.

Бидејќи за ова истражување беа анализирани последните години (од 2014 до 2017) натаму во текстот се дадени движењата на износите на даноците, и тоа компаративно, како и др. фискални давачки што го полнат државниот буџет (како приходни и расходни ставки).

Имено, до септември 2015 година даночниот систем се карактеризираше со зголемени приходи и зголемени буџетски расходи, во споредба со истиот период од претходната година. Така, приходите во буџетот биле зголемени за 7.9% и изнесувале 1,039 милијарди евра, а буџетските расходи, исто така, биле зголемени за 6.1% и изнесувале 1,038 милијарди евра. Како резултат на тоа, во текот на овој период, косовскиот буџет забележува вкупен суфицит од околу 0,8 милиони евра, во споредба со 14,8 милиони евра дефицит, според податоците на централната банка, во истиот период одпретходната година[82].

Буџетските приходи до септември 2015 година достигнале бруто вредност од 1.066 милијарди евра. Ако се земе предвид намалувањето за 26,9 милиони евра, што се враќа на компаниите за ДДВ и другите јавни давачки од даночната администрација на Косово и косовската царина, тогаш може да се забележи дека приходите на буџетот забележале нето вредност од 1,039 милијарди евра, што претставува годишен раст од 7,9%. Буџетските приходи во Косово се состојат, главно, од даночните приходи, чиј удел до септември 2015 година изнесувал околу 87,9% во вкупните буџетски приходи, додека останатите 12,1% се однесуваат на фискалните приходи (од такси, казни, глоби, придонеси и др. надоместоци). Даночните приходи, во овој период, се зголемиле за 7,9% и изнесувале 913,8 милиони евра. Во рамките на даночните приходи, исто така, забележителен е растот на граничните даноци, и тоа од 7,3%, чија бруто вредност изнесувала 680,3 милиони евра. Ако од овој износ се одземат царинските приходи (од 3,8 милиони евра), тогаш се забележува дека нето-приходите

[82]Централна банка на Косово (2017) - "Годишен извештај" КБК, Приштина. www.bqk-kos.org

износувале 676,5 милиони евра. Во истиот период, пак, приходите од фискалните давачки во бруто вредност изнесувале 246,2 милиони евра или за 11,1% биле поголеми во однос на истиот период од 2014 година Ако од овој износ се одземат расходите на државната администрација од 23,1 милиони евра, тогаш нето приходите од фискалните давачки изнесуваат 223,1 милиони евра.




**Слика 9 Даночни приходи и фискални давачки**

Извор: СВК (2018)

Во рамките на фискалните приходи, главни компоненти се општинските приходи од сопствени извори и приходите од сопствени извори на централно ниво. Приходите од сопствени извори на централно ниво во периодот од септември 2013 до септемцри 2015 год. се намалиле за 14,3% и изнесувале 28,8 милиони евра, додека приходите од сопствени извори на општините, исклучувајќи ги даноците на имот (од 14,2 милиони евра), се зголемиле за 2,0% или 24,4 милиони евра.

Во рамките на домашните даноци, пак, најголем раст забележале приходите од данокот на добивка (22% зголемување), па изнесувале 50,7 милиони евра. Исто така, приходите од ДДВ, што ја сочинуваат главната категорија локални даноци, забележале значителен раст (од 20,6%) и достигнале нето вредност од 91,4 милиони евра. Приходите од персоналниот данок на доход, исто така, имале благ раст од 0,7% и изнесувале 80,1 милиони евра[83].

Позитивното наплаќање на граничните такси, главно, го одразува зголемувањето на нивото на увозот во овој период. Во рамките на граничните приходи, сепак, главната категорија останува ДДВ, со учество од 47,9% во вкупните гранични

[83]Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org

приходи. Приходите од ДДВ (собрани на границата) се карактеризираат со раст од 4,7% и достигнале нето вредност од 324,2 милиони евра, до септември 2015 година. Приходите од акцизи, коишто во септември 2015 година учествувале со 38,1% во вкупните гранични приходи, се зголемиле за 13,2% или 257,8 милиони евра. Приходите од царина, што претставуваат 14,5% од вкупните гранични приходи, изнесуваат 95,3 милиони евра и биле зголемени за 4,1%.[84]

## 3.7. Развој на финансискиот и кредитниот систем

Современите концепти на демократското функционирање на државите придаваат големо значење на државните фискални политики, бидејќи правилната примена на фискалните политики во една земја подразбира поголема фискална и финансиска институционална стабилност. Теоретскиот третман на фискалната политика за демократските држави претрпе неодамнешно ехо, бидејќи многу домашни и меѓународни теоретичари се занимаваа со ова прашање, што е исто толку важно за функционирањето на државите како детерминанта на фискалната и финансиската стабилност. Финансиските политики во современите држави значат дека имаме социјална помош, економски развој и правилно планирање на државните приходи во однос на расходите - државни трошоци. Секое претпазливо и разумно планирање за координирање на владините приходи од страна на владата подразбира фискална политика, како и какво било планирање на расходите или причините зошто владата треба да инвестира, како што е инвестирањето во образовната инфраструктура, инвестирање во патишта, капитални инвестиции, субвенционирање на земјоделството, создавање подобри услови за економски развој, олеснување на постапките во деловното работење, инвестиции во спорт, култура итн.

Фискалните политики се дефинирани на различни начини и форми од страна на многу меѓународни и локални автори, па во тој контекст проф. д-р Будимир Стакиќ и проф. д-р Слободан Барачиќ разликуваат *фискална политика во поширока смисла* и *фискална политика во потесна смисла.*

Во поширока смисла, според овие автори, фискалната политика подразбира: "оданочување и процес за наплата на јавните приходи за да се создадат јавни средства за трошење, а заради ублажување на нестабилноста во развојот на бизнисот, но и да се придонесе за одржлив економски развој и поголем раст на вработеноста." Од друга страна, во потесна смисла, фискалната политика подразбира:„ користење на приходите и расходите во согласност со целите и задачите на економската политика". Тоа значи

[84]Централна банка на Косово (2017) - "Годишен извештај" КБК, Приштина. www.bqk-kos.org

дека во соодветните фискални политики, што ги креираат државите, треба да бидат внимателно планирани даноците (што се предвидени со владините економски политики) за да се стекнат доволно приходи за покривање на јавните расходи или јавните трошоци. Или, поточно, од даночните институции треба да се избегнува секоја неопределена и непривлечна акција во постојните фискални услови, а што е поврзана даночно затајување, социјални немири, финансиска несигурност, буџетски нарушувања итн.

Инструментите за фискалната политика се многу важни за секој државен механизам (владата) во светот, бидејќи преку нивното прецизно дефинирање се овозможуваат поголеми приливи на средства од граѓаните во државните институции. Натаму тие финансиски средства (во пари или парични еквиваленти) се користат за инвестирање во инфраструктура или покривање различни услуги за граѓаните. Јавните приходи и расходи се опфатени со државното стратегиското планирање, па така фискалните политики имаат свое значење за навремена наплата на даноците, јавните давачки, заемите, придонесите итн. Од сите инструменти на фискалната политика најважни се даноците, бидејќи директно влијаат врз наплатата на приходите од граѓаните. Даноците се важни извори на јавните приходи на модерните држави и тие се задолжителни за сите граѓани, и тоа онака како што се предвидени со законската регулатива. Оттука, даноците се многу важна алатка за собирање приходи, бидејќи потоа граѓаните се тие коишто повратно добиваат услуги од државните институции.[85]

Фискалната децентрализација е стандард за владеење во современиот свет, бидејќи станува збор за почитување на принципите на демократијата, односно колку повеќе граѓаните се запознати како се трошат нивните пари, толку повеќе е неможна фискалната евазија, а исто така постојат и повеќе можности за фер и посигурна примена јавните пари[86].

Децентрализацијата на фискалната политика во земјите во развој, какво што е и Косово, значи дека единиците на локалната самоуправа се стекнуваат со правото да го креираат нивниот буџет и да следат како се трошат јавните пари. Значи, фискалната децентрализација подразбира дека општините во Косово имаат финансиска независност во врска со наплатата на даноците и другите фискални обврски од граѓаните, бидејќи тие се регулирани со Законот за финансирање на локалната самоуправа (бр. 03 / L-049) и се исклучително обврзани да ги наплаќаат обврските што

[85]Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org

[86]Централна банка на Косово (2015) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 3, Приштина. www.bqk-kos.org

произлегуваат и од Законот за данок на имот. Со фискалната децентрализација се врши обезбедување на доволни количини приходи за единиците на локалната самоуправа, при што тие се овластени за користење на законските алатки за ефективно и ефикасно извршување на нивните надлежности. Фискалната децентрализација им дава на општините финансиска моќ да собираат приходи од граѓаните, но исто така и да ги трошат онака како што е предвидено во нивните планови за задоволување на потребите на граѓаните. Приходите што се собираат од граѓаните на локално, но и на централно ниво, го сочинуваат буџетот на општините, но и на државата. Оттука, локалните приходи, со децентрализацијата се наменети за потребите на општините и нивниот одлив треба да се врши на локално ниво.

Фискалната децентрализација има неколку цели што треба да се постигнат во согласност со современите стандарди за живеење, и тоа:

1. фискалната децентрализација дава моќ да се наметнат и локални даноци, но и да се врши контрола на локалните расходи;
2. во многу области локалните власти, исто така, имаат овластувања да ги регулираат процесите со трансферот, на пример, на јавното земјиште или објекти, и тоа во рамките на насоките дадени од страна на повисоките органи[87].

Фискалната децентрализација е важен предизвик, така што Косово, во овој поглед, има изготвено правни акти за фискалната политика и има напредок, но праксата и спроведувањето покажуваат дека сé уште постојат тешкотии и проблеми. Така, одговорноста од децентрализацијата на фискалната политика сé уште им припаѓа на централните институции, односно владата и министерствата во земјата. Имено, "нивото на трошење е повеќе под владина контрола, отколку во рамките на општините".

Република Косово, во основа, има фискални политики што се регулирани со локалното законодавство, а во согласност со принципите и стандардите на ЕУ. Од правен аспект, Република Косово ги регулираше фискалните политики со реформски зафати во неколку закони, што се основни и многу важни за оваа област, и тоа: Законот за данок на добивка (ТАО), Законот за данок на личниот доход (ТАП), Законот за данок на додадена вредност (ДДВ), како и законските акти за царинските и акцизните давачки итн. Од оваа законска рамка во Косово поголема важност му се посветува на Законот за персонален данок на доход и Законот за ДДВ , бидејќи тие влијаат на поголема категорија граѓани во земјата. Со Законот за персонален данок на доход граѓаните во Република Косово подлежат даночни обврски, и тоа оние што

[87]Централна банка на Косово (2015) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 3, Приштина. www.bqk-kos.org

имаат месечни примања до 80 евра плаќаат 0 %, а оние со месечни примања од 81 до 250 евра плаќаат 4%, потоа со месечни примања од 251 до 450 евра плаќаат 8% и со месечни примања над 450 евра плаќаат 10%.

Според законот, даночни обврзници се оние чии годишни приходи се: над 960 евра, при што се опфатени граѓаните со годишен приход од 961 до 3000 евра кои плаќаат 4% од износот над 960 евра; потоа оние чиј годишен приход е од 3001 до 5.400 евра, кои плаќаат 81,6 евра + 8% од износот над 3 000 евра; и оние чии годишни приходи се од 5.400 евра, кои плаќаат 273,6 евра + 10% од износот над 5 400 евра. Стапките на даноците за персонален данок се разликуваат од една до друга земја во регионот, и тоа: Косово со стапки од 4-8-10%, Црна Гора 12%, Македонија 10% Србија 10-20%, Хрватска 15-45%, Бугарија 10%, Грција 0-40%, и Романија 16%. Од овие податоци се чини дека во Косово данокот на доход не е статичен, но таа алтернатива е прифатлива, бидејќи различните категории обврзници, со закон, се разграничени од алтернативен аспект, односно од 4% до 10%, во зависност од приходот, додека во земјите на ЕУ оваа даночна стапка е фиксна, т.е. 10%, иако во Романија е 16%, додека алтернативата е присутна и во во Грција (0% -40%), во Хрватска (15% -45%), додека во одделни земји во регионот стапките се фиксни (на пример, во Црна Гора и Македонија), а во Србија оваа даночна стапка е во зависност од приходот и изнесува од 10% -20%. Во однос на височината на оваа даночната стапка може да се каже дека таа во Република Косово не е висока во споредба со другите земји во регионот и ЕУ, а причина за тоа е нивото економскиот развој и нискиот животен стандард во земјата[88].

Со Законот за данок на додадена вредност- ДДВ е определена фиксна стапка од 16%, што можеби за Косово, како земја во развој, не е соодветна. Земјите од регионот применуваат различни стапки за ДДВ, и тоа: Црна Гора 17%, Македонија 18%, Србија 18%, Хрватска 23%, Бугарија 20%, Грција 19% и Романија 19%. Стапката на ДДВ во Република Косово е меѓу најниските, така што тука постои простор за преиспитување на можностите за промена, но во корелација со стратегиските определби на земјата, како аспирант за членство во ЕУ.

Финансискиот систем забележува нагорен тренд и во текот на 2017 година, кога банкарскиот и пензискиот сектор значително ги прошируваат своите активности. Сите компоненти на финансискиот систем во испитуваниот извештаен период (за 2017) покажуваат раст, така што вредноста од 5,91 милијарди евра или забележаниот годишен раст од 9,7% се позитивни случувања, а произлегуваат од поголемиот и

[88]Централна банка на Косово (2017) - "Годишен извештај" КБК, Приштина. www.bqk-kos.org

побрзиот пристап до финансиските услуги/производи од страна на јавноста. Секако за таквите афирмативни случувања придонесува и притисокот од конкуренцијата на пазарот за финансирање и обезбедување финансиски производи и услуги. Така, стапката на финансиско посредување, изразена како соодносмеѓу средствата од финансискиот систем и нувното учество во БДП, се зголемила за 5,3 процентни поени и достигнува до 94,0%. Проценката за зголемување на финансиското посредување се однесува на банкарскиот, пензискиот, осигурителниот сектор и микрофинансирањето. Врз основа на позитивните движења и економската активност во земјата, регионот и еврозоната, како и од оптимистичките очекувања што произлегуваат од истражувањето на кредитното банкарство, сличен тренд на зголемување на финансиското посредување се очекува да има и во текот на 2018 година.[89]

Финансискиот систем на Косово се карактеризира со високи нивоа на капитализација, профитабилност и ликвидност. Растот на активата на банкарството и микрофинансискиот сектор, главно, се должи на подготвеноста на овие два сектора да ја прошират својата кредитна активност, и тоа со континуирано подобрување на квалитетот на кредитите, производите и услугите и контактите со клиентите. Растот на средствата во пензискиот систем беше овозможен со растот на инвестициите на странските пазари, а поддржан од нивното одржливо работење и позитивниот финансиски принос. Средствата од осигурителниот сектор, исто така, одржуваа позитивен тренд на раст, а како резултат на зголемените бруто полисирани премии, раст на приходите и ефикасно управување со трошоците.

Структурата на финансискиот систем не претрпе позначајни движења во текот на испитуваниот период во ова истражување. Иако банкарскиот сектор доминираше во средствата на финансискиот систем, сепак неговото учество се намали, додека уделот на пензискиот систем се зголеми. Бројот на финансиски институции во земјата остана речиси непроменет, така што се додадени само две микрофинансиски институции и 4 финансиски подружници во текот на 2017 година.

[89]Централна банка на Косово (2018) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 13, Приштина.




**Слика 10 Учество на приносот од финансискиот систем во БДП**

Извор: СВК (2018)

Според прикажаните податоци, може да се забележи дека странски капитал преовладува во поголемиот дел од сегментите на финансискиот систем. Секторите за банкарство, микрофинансирање и осигурување имаат високи удели на странски капитал, додека средствата во пензискиот сектор речиси целосно произлегуваат од локалните придонеси[90]. Институциите, главно, потекнуваат од земјите на ЕУ што инвестирале во банкарскиот сектор на Косово, додека од земјите од регионот, се забележува дека Албанија ги насочуваа инвестициите во осигурителниот сектор. Банките со потекло од земјите на ЕУ сочинуваат 61,0 проценти од средствата на банкарскиот сектор. Но, со проактивен пристап и пенетрација на пазарот и банките од турско потекло постепено го зголемуваат своето присуство (така што уделот е 16,5 отсто од средствата на секторот), а во истовреме тие влијаеа и врз падот на концентрацијата и зголемената конкуренција во секторот.[91]

Соодносот меѓу активата на трите најголеми банки и вкупната актива на овој сектор покажува намалување на нивото на банкарската концентрација, и тоа на 61,0 во однос на 2010 година, кога концентрацијата била 77,8 % [92]. Секторот за осигурување доживува значителни промени во сопственоста во текот на минатите години, така што порано доминирале домашните компании, но денес се позастапени компаниите со

[90]Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина. www.bqk-kos.org
[91]Централна банка на Косово (2018) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 13, Приштина. www.bqk-kos.org
[92]Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина. www.bqk-kos.org

потекло од Албанија. На наредната слика е презентирано десетгодишното движење на средствата од одделните финансиски сектори сектори и учеството во структурата на капиталот во Косово.




**Слика 11 Учество на средствата во структурата на капиталот**

Извор: СВК (2018)

Учеството на кредитите кај трите банкарски групации, што доминираа на пазарот, опадна на 59,7% од 75,8 во 2010 година. Активноста во банкарскиот сектор и натаму, главно, се финансираше од депозитите на населението и компаниите (80.0%)[93].

Така, во 2017 година депозитите се зголемиле за 6,8 % во однос на претходната година, достигнувајќи ниво од 3,09 милијарди евра. Депозитите на домаќинствата забележале најниска евидентирана бројка од почетокот на работењето со овој вид средства во земјата, и тоа од 2,8 отсто. Тоа се должело на обесхрабрувањето на домаќинствата да инвестираат во овој инструмент, главно, како резултат на многу ниските депозитни каматни стапки (1,0 отсто ). Депозитите од компаниите беа за 13,8 отсто повисоки од минатата година. Позначително зголемување на евидентираните преносливи депозити, но за разлика од домаќинствата, се бележи кај штедните влогови на компаниите. Просечната каматна стапка за нив е повисока за 1,7 %, во споредба со онаа на домаќинствата (со стапка од 1,0 %). Изложеноста на банкарскиот сектор кон надворешните влијанија, главно, е поради падот на депозитите кај странските банки и опаѓањето на вложувањата во

[93]Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org

хартии од вредност. Нето-кредитна позиција на нерезиденти се намалила за 28,6 %, т.е. на 311,5 милиони евра. Побарувањата на нерезиденти сочинуваат околу 8,0 % од вкупната актива на банкарскиот сектор, при што поголемиот дел од нив се инвестирани во хартии од вредност и се чуваат како депозити, а заедно претставуваат околу 86,1 % од вкупната надворешна побарувачка.




**Слика 12 Берза на вкупни депоа и нови депозити, во милиони евра**

Извор: СВК (2018)

Зголемената кредитна активност останува главната детерминанта во севкупниот раст на средствата на финансискиот систем. Активните кредити на домашните банки изнесуваа 2,49 милијарди евра, што претставува зголемување од 11,5%. Растот на кредитите, во текот на 2017 година, главно потекнува од поволната ликвидносна позиција на деловниот сектор, што беше поттикната од олеснетото снабдување со слободни парични средства на двата сектора (домаќинствата и компаниите).

Кредитите за домаќинствата, што во последниве години го зголемија учеството во вкупната структура на кредитмиот фонд (околу 36%), веќе четврта година по ред бележат значително зголемување. До крајот на 2017 година вредноста на кредитите, наменети за домаќинствата, изнесуваше 897,8 милиони евра или за 12,7% повеќе во однос на претходната година. Растот на кредитите на такво ниво беше поддржан од проширувањето на палетата со нови кредити, главно, станбени и потрошувачки.

Вредноста на новиот заем надмина половина милијарда евра. Најголемиот дел од новиот заем беше наменет за потрошувачка (71,9%) и домашно купување (17,7%). Овие движења во кредитирањето на домаќинствата се должат на олеснителните услови за пристап до банките што обезбедуваа поповолни каматни стапки (особено за

хипотекарни заеми), но и на зголемувањето на одобрениот износ, олеснувањето на побарувачката за кредитен колатерал, како и продолжување на рокот на втасување на ануитетите[94].




**Слика 13 Состојба на вкупните кредити и новите кредити за компаниите и домаќинства, во милиони евра**

Извор: СВК (2018

Според рокот на втасување, во структурата на вкупните кредити доминираат среднорочните кредити со брза бтасаност (42,3%), но во последниве години се намали нивното учество во вкупните кредити, наспроти забрзаниот раст на долгорочните кредити. Долгорочниот долг се зголеми за 28,9% и достигна вредност од над една милијарда евра (1,04 милијарди евра), и тоа за првпат, проследено со краткорочни рочности, така што тоа изнесува 10,3% и долгот достигна 1,05 милијарди евра. Среднорочните кредити со рок на втасување (од 1 до 5 години) се поизразени кај компаниите, додека кај домаќинствата, во последниве години, оваа категорија постепено го намалува учеството[95].

Динамиката на кредитната активност на компаниите во овој период, според анкетата за банкарските заеми, резултираше со позитивно влијание врз нивната понуда. Во рамките на кредитната понуда, пак, банките објавија дека до определен степен се олеснуваат стандардите применети за време на евалуацијата на апликациите за кредитните ентитети. Кај кредитите за МПС беа применувани кредитните стандарди,

[94]Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org

[95]Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина. www.bqk-kos.org

но стандардите за големите компании останаа речиси непроменети. За периодот март-август 2018 година, банките очекуваа натамошно олеснување на кредитните стандарди за МСП. Големите компании, исто така, се очекува да добијат полесен пристап до банкарските кредити, но во помала мера. Главниот фактор на банките, што влијаеше врз олеснувањето на кредитните стандарди беше да се зголеми конкурентноста на домашниот кредитен пазар, да се подобри квалитетот на кредитите и пристапниот пристап до банкарското финансирање, особено финансирањето засновано на депозити.

Како дел од кредитната понуда, банките, исто така, објавија дека ги олесниле условите за кредитирање на компаниите. За МСП, пак, банките ги олеснија условите за кредитирање со намалување на просечната каматна стапка, продолжување на рочноста на одобрените кредити, намалување на колатералната побарувачка, зголемување на обемот на одобрените кредити и намалување на другите давачки од каматните стапки. Но, за заемите за големите компании, банките одбија да ја намалат каматната стапка, не го продолжија рокот за отплата на втасаните обврски од одобрените кредити, беа намалени до извесен степен другите давачки поврзани со каматната стапка и зголемен обемот на износот на заемот. Поконкретно, и за малите и средни претпријатија, но и за големите компании банките пријавија зголемување на каргото, различен од каматната стапка. Сепак, се очекува просечната каматна стапка на кредитите за двете категории да продолжи со трендот на опаѓање, а големината на одобрениот износ на заем се очекува да се зголеми и за двете категории. Движењето на кредитната активност кај домаќинствата во текот на извештајниот период не се одрази врз резултатите од ова истражување, зашто кредитните стандарди останаа речиси непроменети, додека побарувачката за кредити имаше значително намалување кај оваа категорија. Конкретно, непроменети кредитни стандарди се применуваат и за потрошувачките, и станбените кредити. Банките очекуваат слични перформанси на кредитните стандарди дури и во шесте месеци (март-август) од 2018 година, при што се очекува олеснување за користење станбени и потрошувачки кредити[96].

Во текот на втората половина од 2017 година банкарскиот сектор работеше во поволно опкружување со ниски ризици и задоволителен капацитет за да се соочи со можните шокови. За да се измери и оцени внатрешниот амбиент на банкарскиот сектор беше изграден индекс за стабилноста на овој сектор. Индексот е заснован врз основните индикатори за финансиската стабилност на банкарскиот сектор, земајќи ги

[96]Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org

предвид вредностите од 0 до 1, при што највисоките вредности го претставуваат опаѓачкиот ризик, и обратно. Според индексот на агрегатниот ризик, банкарскиот сектор, во просек, имаше намалување на изложеноста на ризик во однос на претходната година, главно, поради намалената динамика на кредитниот ризик. Исто така, ризикот за профитабилноста и капиталот придонесе за падот на секторскиот ризик, додека ликвидноста бележеше раст на ризикот во однос на претходната година[97].

[97]Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина. www.bqk-kos.org

# 4. ЧЕТВРТ ДЕЛ

## 4.1. Оценка на досегашните ефекти од странските директни инвестиции врз економскиот развој на Р.Косово

Директните странски инвестиции кои беа присутни во Косово до септември 2015 година изнесуваа 270,4 милиони евра или 148,6 милиони евра повеќе во однос на истиот период од 2014 година. Растот на СДИ е резултат на повисокиот прилив , додека разликата во истиот период од претходната година се должи на фактот дека 2014 година се карактеризираше со дистрибуција на супер дивиденда и акции во странска сопственост. Директните инвестиции на косовските жители во други земји, исто така, беа повисоки во споредба со истиот период од претходната година и изнесуваа 20,9 милиони евра (16,9 милиони евра до септември 2014 година). Директните инвестиции на косовските жители надвор од косовската економија, главно, се капитални инвестиции, кои во најголем број случаи се купувања на недвижен имот во земјите од регионот, но исто така и во Германија и Швајцарија. Директното инвестициско салдо, изразено како разлика меѓу директните инвестиции на косовските жители во други земји и СДИ во Косово, до септември 2015 година беше -249,5 милиони или 144,6 милиони евра повеќе во однос на истиот период од претходната година.




**Слика 14 Странски директни инвестиции, во милиони евра**

СДИ во Косово, главно, се концентрирани во купувањето недвижности (со удел од 54,2% од вкупните СДИ остварени до септември 2015 година), и тоа: во градежништво со 18,7%, финансиски услуги 15,7%, транспорт и комуникација 7,7%, енергија од 4,2% итн. Вредноста на инвестициите во недвижности е повисока за 43,5

милиони евра во споредба со истиот период од претходната година, додека инвестициите во финансискиот сектор се повисоки за 11,1 милиони евра. Дури и инвестициите во градежништвото и индустријата, коишто во 2014 година ги одбележаа капиталните проекти (купување неколку странски компании од локалните сопственици), до септември 2015 година, значително се зголемиле. Во однос на формата на СДИ во Косово, како акционерски капитал биле внесени околу 70,7%, додека остатокот од 29,3% бил во должнички финансиски инструменти (заеми меѓу претпријатијата)[98].

Поточно, инвестициите во акционерски капитал се зголемени од 95.9 милиони евра во септември 2014 година до 191.0 милион евра во септември 2015 година, додека кредитите меѓу претпријатијата (должнички хартии од вредност) се зголемени од 25,8 милиони евра за 79,3 милиони евра. Во однос на СДИ, според потеклото од државите, се забележува дека од Швајцарија, до септември 2015 година, СДИ изнесувале 61,5 милиони евра, по што следи Турција со 49,4 милиони евра, Велика Британија со 32,7 милиони евра, Албанија со 28,8 милиони евра, Словенија со 25,3 милиони евра, Германија со 20,8 милиони евра и др. Речиси сите држави ги зголемиле своите инвестиции во Косово, додека инвестициите од Германија биле пониски за 10,1 милиони евра.

Според Меѓународната инвестициска позиција (МИП) 15 Нето, во септември 2015 година трендот беше позитивен и достигна вредност од 151.3 милиони евра. Позитивниот биланс на МИП го следи нагорен тренд од 2012 година, каде што како% "повторно на БДП„од 4,7% во септември 2012 година достигна 6,8% во септември 2014 година, но повторно се намали на 2,6% во септември 2015 година. Надворешните финансиски средства на Косово во септември 2015 година изнесувале 4,5 милијарди евра (што е годишен раст од 4,5%). Растот во најголем дел придонесе да се слеат и други инвестициски вложувања (пред се, во депозити), што се зголемија за 6,2%, додека портфолио инвестициите, евидентираа слични нивоа како оние од септември 2014 година Портфолио инвестициите, што имаат значително учество во акциите на имателите во странство (30,1%) се инвестирани главно во акции на пазарите на капитал (77.2%), додека останатите (22,8%) во должнички хартии од вредност. За 40,7% од портфолио инвестициите се инвестирани во Ирска, проследено со инвестиции во Луксембург со 36,9%, Германија со 5,4%, итн. Дури и акциите на резидентите во странство од Косово забележаа значителен раст (18,9%), но

[98]Централна банка на Косово (2015) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 3, Приштина. www.bqk-kos.org

придонесот на тие средства средства е помал за 4,3% од вкупните средства што припаѓаат на оваа категорија. Директните инвестиции се повеќе од 95% инвестирани во акционерски капитал и се ориентирани главно во купување недвижен имот во земјите од регионот.Албанија е земјата каде што инвестираат најголем дел од косовските инвеститори (22,8% од вкупните директни инвестиции), по што следи Германија (12,8%), Македонија (7,0%) итн.




**Слика 15 Странски директни инвестиции, во милиони евра**

Вкупната вредност на надворешните финансиски обврски(јавниот долг) на Косово во септември 2015 година изнесуваше 4,3 милијарди евра (10,8% повеќе од септември 2014 година). Тоа е така, зашто најголем дел од средствата на Косово се инвестираат во должнички хартии од вредност, па во косовската економија доминираат СДИ (со 74,2%), што е поволна структурна карактеристика на обврските од СДИ (покрај заемите меѓу компаниите ), што не спаѓаат во надворешниот долг. Покрај доминацијата на обврските на компаниите кон странство, СДИ директно придонесоа за зголемување и на вкупните обврски во овој период. Фондот за странски инвестиции до септември 2015 година се зголеми на 3,2 милијарди евра, што претставува раст од 10,2% во споредба со истиот период од претходната година. Од Турција потекнува најголемиот дел на СДИ (и тоа 10,4% од вкупните странски директни инвестиции), потоа следи Германија (8,5%), Словенија (7,5%), Швајцарија (7,4%) и таканатаму.

## 4.2. Директни странски инвестиции во повоениот период на Р.Косово

По распадот на поранешната СФРЈ на територијата на Косово и Метохија, како и во останатите делови, изби воениот конфликт за независност на земјата, што за

последица имаше низа негативни имликации коишто се одразија врз економијата, севкупниот културен, образовен, здравствен и социјален систем, т.е. воопшто врз животот на населението. Сето тоа подоцна придонесе за подолг период на заздравување и градење самостојност во економско –политичкиот амбиент на Косово. Денес, пак, Р.Косово веќе има препознатлива и унапредена макро и микро економска стабилност, а тоа обезбедува преземање натамошни активности за развој на земјата.

Ако се погледнат податоците за присуството на странските директни инвестиции во повоениот период на Р.Косово, тогаш се забележува поинтензивна динамика во оваа економска сфера, особено во последниве години. Но, мора да се забележи дека во предвоениот период земјата немаше СДИ.

Оттука, во наредниот период треба да се воспостави поангажирано учество на донаторите и другите инвестициски субјекти во областа на енергетиката, т.е. развојот на сеопфатна енергетска стратегија и јакнење на клучните институции, и тоа: Енергетската регулаторна канцеларија, Независната комисија за рудници и минерали и Министерството за просторно планирање и животна средина за Косово, во согласност со меѓународната и еколошка пракса, да ги искористи своите значајни енергетски и други минерални, водени и шумски ресурси. Значи, привлекувањето на СДИ би требало да биде ориентирано кон овие области. Во тој контекст е и унапредувањето на образовниот и здравствениот систем, односно подобрувањето на животниот стандард, главно, преку намалување на невработеноста и сиромаштијата во земјата. Географската положба на Косово нуди прифатливи погодности како атрактивна дестинација за регионално поврзување и развој на трговската размена со соседните земји, што значи и создавање поширок пазар, а тоа е и во интерес на странските инвеститори. Диверзификацијата на економијата и зголемувањето на придонесите за развој на приватниот сектор за изградба на инфраструктурата и осовременување на услугите, како и интензивирање на поддршката за земјоделството (околу 60% од населението се занимава со земјоделство) се компонентите коишто сé повеќе се прифаќаат, а во истовреме укажуваат дека: „владите не го прават економскиот раст, туку тие создаваат услови за економски раст и развој".

Оттука, странските директни инвестиции (СДИ) имаат посебно и многу битно значење за Косово, со оглед на условите под коишто мора да се реализира

економскиот развој. Специфичната состојба на Косово, во овој поглед, е поврзана особено со[99]:

- недефинираниот политички статус создава тешкотии за позајмување од меѓународните финансиски институции,
- се очекува надворешната финансиска помош во форма на донации за капитални инвестиции да се намали,
- косовскиот банкарски систем не е способен да испорачува долгорочни заеми и поголем обем за поддршка на посериозни инвестиции,
- постои недостаток на средства на финансиски пазар и пазарот на хартии од вредност,
- спроведувањето на процесот на приватизација што требаше да започне според регулативата на КТА, имаше за цел да привлече странски инвеститори,
- дознаките од косовските имигранти во Западна Европа и САД се очекуваше да се намалат, што и се случи, зашто голем број Косовари ги повлекуваа нивните семејства во земјите каде што се наоѓаа,
- се јавија зголеми потреби за инвестиции во јавната инфраструктура и другите сектори за создавање нови работни места и справување со проблемот на невработеноста,
- висока стапката на невработеност и сиромаштија.

Имајќи ги предвид сите овие факти, јасно е дека Косово се соочува со ограничени ресурси за финансирање на инвестициите, а во истовреме се соочува со притисок и иманентна потреба за решавање на проблемот со невработеноста (проценета стапка на невработеност од 45% до 50%), при што се наметнува проблемот и со подобрувањето на јавната инфраструктура. Сегашната состојба во енергетскиот, телекомуникацискиот и патниот сектор може да се смета за ограничувачки фактор за брз развој. Инвестициската активност на приватните бизниси во повоениот период предизвика зголемување на економската раздвиженост и значителни успеси при новите вработувања. Ваквите услови за креаторите на економската политика беа само уште еден импулс тие побрзо да реагираат и да се соочат со предизвикот за поттикнување нови инвестиции и привлекување странски инвеститори.

Градењето пријателска деловна клима и соодветна институционална средина за привлекување странски директни инвестиции се наметнува како еден од најважните приоритети на економската политика и економските реформи. Разбирливо е дека само СДИ не можат да забрзаат повеќе инвестициски активности, така што се наметнува потребата за интензивирање на реформските процеси во земјата и прилагодување на регулативата кон барањата на инвеститорите. Целта треба да биде да се направат чекори за изнаоѓање комплементарни извори за финансирање на развојот, но и осовременување на финансискиот и даночниот систем на земјата. Тоа значи

[99]Странски директни инвестиции: водач за одржлив развој, кон Самитот на Земјата 2002, Економски брифинг, Серија бр.1.

ограничување на ризичните фактори, како што се :корупцијата, лошото планирање, лошото раководење со управувачките системи во клучните сектори, но и бариерите со се́ уште ограниченото меѓународно признавање на Р.Косово и присуството на некои нелегални структури на управување во косовско-српските општини.

Искуствата од економскиот развој во последниве неколку децении, особено кога станува збор за земјите во развој (каква што е и Косово) упатуваат на примерот со ИЈД (приватна), којашто се смета за важен промотор, главно, поради нивните повеќекратни позитивни ефекти, односно поради тоа што[100]:

- постои позитивна корелација меѓу СДИ и растот на БДП (бруто домашниот производ), односно таа е воспоставена поради зголемените можности за извоз и стимулирањето на ефектите врз локалните бизниси и подобрувањето на конкурентноста,
- СДИ имаат подобри ефекти врз одржливиот развој од заемите, поради директното вклучување на инвеститорите во управувањето и намалувањето на јавниот долг,
- поттикнување на социјалниот развој и развојот на човечкиот капитал, преку технолошки трансфер, т.е. трансфер на нови знаења, вештини и обуки,
- позитивни ефекти врз буџетот, преку зголемување на буџетските приходи што произлегуваат од зголемување на даноците и намалување на потребата од субвенции за јавните услуги.

Веднаш по војната, во првата итна фаза за реконструкција на Косово, пак, присуството на потенцијалните бизнисмени и инвеститори беше многу големо. Набљудувањето на постојната ситуација и општите трендови за економско заздравување, како и искористувањето на можностите за развој на бизнисот под будното око набљудувачите за да се избегне натамошна воена криза, главно, се сведуваше на поддршка и помош со градежни материјали, обезбедена набавка на прехранбени производи и вклучување на работната сила во градежните работи за обнова на земјата, а тоа беа и главните мотиви во тој период. Истражувањето на потенцијалните можности за посериозни деловни активности, како што се СДИ, беше дополнителен мотив. Интензивни контакти беа остварувани со членовите на косовската дијаспора којашто, по многу години, беше во позиција да ја признае новата политичка и економската ситуација, но и да промовира визии за создавање партнерства со фирмите и државата.

За жал, реализираните контакти, посети и иницијативи со дијаспората го затекнаа Косово во неподготвена ситуација соодветно да одговори на овој предизвик. Имено, бизнисмените од странство се соочија со: недостаток на изградени

[100]ДИРЕКТНИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО КОСОВО - Стратегија за економска политика, животна средина и промоција, Влада на Косово

ИНСТИТУЦИИ, недостаток на јавна инфраструктура, отсуство на напори од страна на властите за комуникација со јавната администрација, големи тешкотии во остварувањето на јавните услуги, неизграден финансиски систем, а во тоа време и особено алармантно беше не постоењето на централна банка. Сето тоа имаше експресно лошо и обесхрабрувачко влијание.

Дури и многу години по војната беше многу тешко да се анализира и оцени точната ситуација во врска со приливот на СДИ во Косово. Според тоа, пак, и денес сѐ уште не можат да се добијат релевантни податоци за квалитет на СДИ, нивната динамика и интензитет, што ќе овозможат проценка на големината и обемот, односно нивната структура. Заводот за статистика на Косово (ЗОК) води евиденција, но од податоците можат да се извлечат само некои скромни сознанија и информација. Ова го отежнува анализирањето на трендовите и проблемите поврзани со феноменот на СДИ во Косово.

Имено, во 2017 година СДИ во Косово забележале раст од 30,8%, односно достигнале вредност од 287,8 милиони евра. Зголемувањето на СДИ особено е забележително во секторот на финансиските услуги, недвижниот имот и градежниот сектор, додека во секторот на трговијата и индустријата има намалување. Според структурата на СДИ, зголемена е вредноста на капиталните инвестиции и фондовските акции, така што тие изнесувале околу 92% од вкупните СДИ, додека инвестициите во должничките инструменти се намалиле.




**Слика 16 Структурата на странските директни инвестиции според компонентите**

## 4.3. Ефекти од досегашните СДИ во Р.Косово

**ЕФЕКТИТЕ ВРЗ АКУМУЛАЦИЈАТА** ***(зголемување на финансиските ресурси)*** се појдовен елемент на земјите во нивната одлука за прифаќање и

привлекување на странските инвестиции. Странските инвестици треба да послужат за намалување на јазот меѓу потребите и домашните инвестициски можности. **Ограничeноста на средствата од домашната акумулација ги принудува земјите да ангажираат странски капитал како дополнителна акумулација за развој.** Тоа значи дека недостигот на домашна акумулација како лимитирачки фактор за динамичките аспирации на развојот, сè повеќе ја наметнува потребата од странски вложувања. Значи, основен долгорочен ефект што треба да се очекува од странските инвестиции е интензивирањето на инвестицискиот циклус во националната економија. Овој долгорочен ефект во земјите - домаќини може да доаѓа до израз **директно, преку инвестициските активности** на странските вложувачи; и **индиректно,** преку фирмите на земјите - домаќини.

**Директниот придонес** за земјите - домаќини претставува споредување на странските инвестиции со резултатите на домашните фирми. Анализите покажуваат дека во последниве три децении значењето на странските инвестиции во вкупните инвестиции (во скоро сите групи земји) се зголемил, и покрај тоа што тие сè уште играат споредна улога во домашното инвестирање, иако имаат голем потенцијал за зголемување на нивната важност[101)].

Покрај директното влијание на странските инвестиции врз инвестирањата во одделни земји, тие влијаат и **индиректно,** преку инвестирањето во домашните фирми. Ова влијание може да биде во форма на истиснување (црoњд-оут) на инвестициите од домашните фирми или привлекување (црoњдеол) на инвестициите во домашните претпријатија.

Ефектот на странските инвестиции во насока на привлекување дополнителна акумулација може да се набљудува на повеќе начини[102)].

Доколку се работи за вистински прилив на дополнителна акумулација, тогаш тој **реално станува дополнување на домашната акумулација.** Во овој случај, во

---

[101)] Според World Investment Report, UNKTAD - 1998 год., вложувањата во Африка, Л. Америка и Југоисточна Азија во 90. години на 20. век двапати биле поголеми од оние во 80. години, односно во 90. години значењето на странските инвестиции било поголемо во земјите во развој и земјите во транзиција, така што стапката на вкупните инвестиции во одделни земји изнесувал 7%, 7,5% и 4,2% респективно.

[102)]Babiћ d – r Blagoje: "Strani privatni kapital i razvoj nerazvijenih zemalja", Institut za medunarodnu politiku i privredu, Beograd, 1982., str.109-114.

конкретна национална економија, вкупната нејзина акумулација за финансирање на развојот се зголемува за висината на пристигнатиот капитал. Колку повеќе ќе се оствари реален прилив на капитал, толку и домашната акумулација ќе се зголеми. Тоа значи и поголеми можности на конректната земја за реализирање на сопствените развојни цели, односно динамизирање на развојот плус директните ефекти. Исто така, странските инвестиции можат да влијаат и на друг начин за зголемување на домашната акумулација, доколку остварениот принос од конректната инвестиција повторно го инвестираат во друга земја. На таков начин домашната акумулација ќе биде надополнета и со приливот на вложените приноси.

Странските инвестиции можат да ја **надополнуваат домашната акумулација** и преку **таканареченото "заразно дејство"**, односно на тој начин што едно вложување ќе привлекува друго. Ова дејство доаѓа до израз кога странските инвестиции ги стимулираат домашните компании, т.е. ја поттикнуваат нивната претприемчивост, а со тоа го поттикнуваат и штедењето на населението. Така, вкупната акумулација во земјата станува поголема за збирот на вредноста на странските вложувања и домашната акумулација што е стимулирана од нив. Ова се јавува кога инвестициите од странските инвеститори стимулираат нови инвестиции кај домашните фирми или други странски инвеститори – а ефектот е кроуд-ин. На ваков начин се засилуваат директните ефекти на странските врз вкупните инвестиции, а ефектите од домашните инвестиции, пак, се индиректни.

Во повеќе случаи странските инвестиции подразбираат обезбедување стабилни долгорочни пазари, пристап до технолошките информации, контакти со нови производи и услуги во одделни национални економии, а имаат и позитивни индиректни ефекти врз формирањето на капиталот.

Покрај претходните позитивни ефекти странските инвестиции како дополнувања на **домашната акумулација** можат да влијаат и врз нејзиното **забавување, односно странскиот капитал може да се јави и како нејзин супститут.** Ова може да се случи како резултат на надмоќноста на странските инвестиции, зашто ги стеснуваат можностите за вложување на домашните инвеститори, така што го освојуваат целиот пазар, природните извори или, пак, ја привлекуваат и ангажираат најквалификуваната работна сила и сл. Така, тие ги намалуваат можностите на домашните инвеститори да се појават на пазарите, да користат определени природни ресурси, да ангажираат стручна работна сила, да обезбедат одделни суровини и сл. Ваквото дејство подразбира истиснување (цромдинг оут дејство) на евентуалните инвестиции на домашните инвеститори, а вкупната

домашна акумулација се намалува за збирот на вредноста на странските вложувања плус домашната акумулација, којашто без нив би била остварена. Тоа е онаа акумулација којашто би станала реален капитал и би била инвестирана, доколку странските инвестиции не ги дестимулирале – спречиле или истиснале домашните инвестиции во областите, секторите и гранките што тие ги запоседнале.

Во случаите на таканареченото истиснување на домашните инвестиции, со зголемување на странската инвестиција за 1 (единица) се предизвикува зголемување на вкупните инвестиции во земјата помало од 1 (единица). Ова се случува тогаш кога странските инвеститори ги финансираат своите инвестиции со позајмување финансиски средства од земјите - домаќини, со што ја зголемуваат домашната каматна стапка, што станува превисока за домашните фирми. Во тој случај вкупните инвестиции се помали за домашните инвеститори кои, поради високата каматна стапка, не биле во можност да ги преземат, односно тие биле истиснати (цроњд оут). Ваквите истиснувања се поретки кај странските директни инвестиции, бидејќи тие вклучуваат и внатрешно финансирање. Тоа особено се среќава кога странските афилијации ги обесхрабруваат домашните фирми за производство, главно, поради обезбедување финансиски средства. Истиснувањето се врши во фазата на донесување инвестициска одлука или кога домашните фирми се откажуваат од определени инвестициски проекти за да ја избегнат конкуренцијата од поефикасните странски конкуренти.

**ЕФЕКТИТЕ ВРЗ ПЛАТНИОТ БИЛАНС** на земјата - домаќин се со посебно влијание на странските инвестиции. Ова особено значење има, пред сè, во меѓународните односи, бидејќи земјите коишто мораат да ги отплатат странските побарувања издвојуваат поголем дел од националниот доход. Така, тие ја намалуваат својата моќ за увоз и способноста за развој. Странските инвестиции, всушност, можат да се јават како замена на меѓународната размена на стоките, така што наместо трансфер на резултатите на производството доаѓа до трансфер на факторите на производство[103)]. Дејството на странските инвестиции врз платниот биланс мора да се има предвид особено при ангажирањето на странските инвестиции за изградба на капацитети со коишто ќе се снабдува домашниот пазар со стоки што претходно биле увезувани, односно кога доаѓа до т.н. супституција на увозот, т.е. кога се градат капацитети од коишто производите ќе се извозуваат, односно ќе се остварува девизен прилив и сл. Ваквото супституирање и зголемување на извозот под влијание на странските вложувања позитивно се одразува врз платниот биланс на земјата.

---

[103)] Jovanovic-Gavrilovic d-r Predrag: “Medjunarodno delovno finansiranje”, Ekonomski fakultet, Beograd, 1994 g., str.111-114.

Оценувањето на ефектите на странските инвестиции врз платниот биланс мора да го има предвид и евентуалниот увоз на потребниот репродуктивен материјал за новите капацитети.

**Влијанијата на странските вложувања врз платниот биланс на определена земја најчесто се делат на посредни и непосредни**[104)].

**а) Посредните влијанија,** како дел на вкупното дејство на странските вложувања врз платниот биланс на конкретна земја, обично потешко се мерливи, но можат да бидат многу важни. **Така, доколку странската инвестиција произведува добра што потоа се извозуваат, тогаш се остваруваат посредни влијанија, бидејќи се остваруваат девизни заштеди.** Ваквите ефекти од зголемувањето на извозот треба да се оценуваат и од аспект на неговата овозможеност, обемот и цените, доколку не се ангажираат странски инвестиции од страна на домашните производители. Овој ефект се манифестира и преку порастот на продуктивноста (благодарение на увозениот капитал), како во конкретното претпријатие, така и во целото стопанство. Истата инвестиција може и неповолно да се одрази, доколку, на пример, се произведуваат производи што значат замена на увозот со увозни делови или, пак, ако на домашниот пазар се набавуваат добра произведени од странски производители, или преку конкуренцијата што ги истиснува домашните претпријатија и сл. Доколку со странската инвестиција се подобруваат условите за јакнење на извозот на конкретната земја, тогаш таа дава посреден придонес за нејзиниот платен биланс.

**б) Непосредното влијание на странските инвестиции врз платниот биланс** на земјата - домаќин се изразува преку девизниот биланс на претпријатието во коешто се вложува. Тоа дејство се манифестира преку односот (прилив / одлив) или разликата (прилив – одлив) што го отсликува нето ефектот. Приливот овде значи внесување странски капитал во паричен облик во одделна земја и остварување приход како резултат на извозот на претпријатието во коешто бил вложен капиталот. Додека под одлив, пак, се подразбира изнесувањето на приносот на странскиот инвеститор од земјата во вид на: претприемачка добивка, дивиденда, камата, надоместок за индустриска сопственост и други знаења, делови или вкупната главница и др.

Придонесот на странските инвестиции врз платниот биланс во голема мера зависи и од амбиентот во којшто тие дејствуваат. Овде особено се истакнуваат мерките

[104)] Babiħ d-r Blagoje, citirano delo, str.142-151.

на земјата - домаќин во доменот на надзорот на извозот и увозот, девизните прописи, политиката на оданочување, стопанската структура и природата на пазарот на земјата и сл. Покрај тоа, за овој придонес е значајна и дејноста во којашто се вложува (производство за коешто е способен и домашниот капитал или таа е вон неговите можности). При испитувањето на ова дејство треба да се нагласи дека постои разлика кога производите од странската инвестиција се засновани на домашни суровини и составни делови, односно кога нивната проодност на светските пазари е поголема.

Сликата на платнобилансните ефекти од странските инвестиции може да се измени, доколку влијанието се прошири од претпријатието во коешто се вложило на вкупната домашна економија. Од глобалната слика на земјата – домаќин може да се оцени дали дошло до позитивни посредни ефекти коишто се пренесле од претпријатијата во што се вложиле странските инвестиции на другите претпријатија, во смисла на јакнење на нивната ефикасност и профитабилност[105)].

Оттука, може да се забележи дека при оценувањето на дејството на странските инвестиции врз платниот биланс треба да се земат предвид посредните и непосредните дејства, доколку се сака да се оцени вкупното влијание. Честопати во праксата се јавува немерливост на повеќе дејствија, но овој ефект може да се мери преку разликата меѓу мерливите одливи и приливи. За полесно согледување на дејството на странските инвестиции врз платниот биланс на земјата - домаќин, тој треба да се расчлени на неговите два основни дела: подбилансот што ги покрива извозно – увозните стоковни текови што настануваат во врска со странските вложувања; и подбилансот стриктно поврзан со капиталните трансакции. Преку ваквото набљудување се добива целосна претстава за промените во билансите на земјите - должнички и земјите - доверители. Во врска со овие подбиланси треба да се напомене дека земјата што се наоѓа во фаза на задолжување, најчесто има дефицит во тековниот, а суфицит во капиталниот подбиланс. Во времето на нејзиното раздолжување, пак, треба да има суфицит за трансфер во странство.

Кај земјите – доверители, пак, состојбата е обратна, односно кога се извозува капитал има суфицит во тековниот, а дефицит во капиталниот биланс, а кога земјата ќе стане т.н. "зрел доверител" тековниот биланс станува дефицитарен, а капиталниот

---

[105)]Ћiroviћ Milutin "Strane direktne investicije – trendovi i strategije", Научен собир „Макроекономската политика во областа на финансиите", Македонска академија на науките и уметностите, Економски факултет – Скопје, Скопје 2001 год., стр.77-97.

суфицитарен. Доколку дефицитот во тековниот биланс не може да се финансира со прилив на капитал од странство, тогаш земјата е принудена да го зголемува својот извоз по секоја цена, што може да ги наруши нејзините односи во размената.

**ЕФЕКТИТЕ ВРЗ НАДВОРЕШНАТА РАЗМЕНА** од странските инвестиции произлегуваат од нивниот придонес за **подобрување на извозната конкурентност на земјите - домаќини**. Тие особено влијаат во најдинамичните сегменти на извозните активности, односно во активностите каде што се зголемува квантитетот на извозот. Колку ваквиот ефект ќе биде искористен во земјите - домаќини во голем дел зависи од тоа колку се вложуваат напори, односно каква е извозната стратегија на земјата. На краток рок може да се реализира извоз заснован на компаративните предности на природните ресурси и иницијалните способности. Но, за подинамична и издржлива извозна основа треба да се користат унапредувањата на човечкиот капитал и способностите за привлекување инвестиции со повисок квалитет. Тоа подразбира пософистицирани дејствија и активности со коишто се зајакнуваат и домашните компании за вклучување во динамичните сегменти на извозните активности. Странскиот капитал вложен во определени земји првенствено е заинтересиран за обезбедување пазар и извори на суровини за индустријата на неговата земја. Тоа, од друга страна, значи забавување на развојот на преработувачките дејности и развој на производството на суровини за извоз. На таков начин се предизвикува оформување на финансиска и трговска мрежа, односно инфраструктура во согласност со потребите, мерките и стандардите на странецот. Со тоа се ограничуваат надворешните економски односи меѓу земјата – домаќин и матичната земја на странскиот инвеститор.

Унапредувањето на извозот е еден од важните мотиви за привлекување странски инвестиции. Но, притоа, мора да се води сметка да се постигнат вложувања во приоритетните развојни сектори заради зголемување на разновидноста на извозот, подобрување на односите во размената и зголемување на извозните приходи[106)].

Влијанието на странските инвестиции врз извозната конкурентност се јавува на различни начини, а може да биде истовремено **позитивно и негативно**. Големите странски инвеститори (ТНК) од високоразвиените земји можат да го унапредат извозот на оригинални производи со висок квалитет, марка и познато име. Помалите инвеститори исто така можат да го унапредат извозот на помалкусофистицираните и интензивни производи или да го зголемат регионалниот извоз. Покрај зголемувањето

[106)] John – ren Chen, Foreign Direct Invstment, University of Innsbruck, Austria, 2000 y.

на извозот на готовите производи, тие имаат решавачка улога и во извозот на производите од други сектори (на пример, зголемување на извозот на природните ресурси, извозот на земјоделските производи, услугите – особено во туризмот и сл.).

Во овој ефект се вбројува и **замената на увозот,** што значи произведување производи во сопствените граници, што претходно се увезувале. Тоа може да биде апсолутна супституција кога ќе се намалат вредностите на увоз на тие добра, односно кога релативно и сразмерно опаѓа увозот и расте извозот или кога тој расте со пониска стапка од стапката на раст на домашното производство. На таков начин соодносот на увозот и производството на тој производ има опаѓачка крива, така што опаѓа и учеството на увозот во покривањето на домашната побарувачка.

Улогата во унапредувањето на извозната конкурентност преку странските инвестиции, што е различна од земја до земја, во последно време главно се среќава во три типа активности: монтажни активности, млади индустрии и високотехнолошки процеси за преработка на природните извори наменети за извоз[107)].

Ефектот за зголемување на извозната конкурентност се разликува од земја до земја, така што за различни земји се практикуваат специфични активности. Тоа значи дека во едни земји треба претпријатијата да се соочат со брзиот НТП и да одат во чекор со светската технологија, за да го зачуваат рејтингот од зголемената конкуренција и да се пробијат на други пазари; а во други земји мора да се продолжи со привлекувањето на странските инвестиции и произведувањето позначајни производи за зацврстување на националните иновативни системи. Исто така, одделни земји треба да го зголемат извозот на повеќевреднуваните производи, да извршат диверизификација на покомплексните ризици, да изградат софистицирани системи за производство и сл. Оттука, значи, произлегуваат прашањата: како постојните индустрии да ги преориентираат производствата за да станат извозно конкурентни; како да ја подобрат инвестициската клима; какви основни вештини, знаења и институции да изградат за да ги привлечат инвестициите и да станат конкурентни на понапредните пазари.

**ЕФЕКТИТЕ ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА** се однесуваат на трудот, односно човечките ресурси со знаењата и вештините како неопходни фактори за производство во сите економски активности. Поголемиот квантитет на работна сила во производствените активности придонесува за зголемување на аутпутите. Доколку зголемувањето е надополнето и со нагласен квалитет на вработените (преку

[107)]FDI and the Challenge of development, Chapter VIII, World Investment Report 1999, str.229-232.

вложувања во определени вештини и способности), доаѓа до зголемување на примањата на вработените и подобрување на условите за работа. Во контекст на ова може да се напомене дека невработеноста претставува проблем на недоволно користење на работоспособниот контингент на населението, што доведува до тоа таа да се јави како критична компонента на развојот. Со зголемување на квалитетот на работната сила се придонесува за зголемување на платите на вработените, посигурни работни места, подобри работни услови и унапредување на вештините на вработените. За да биде возможно ова мора да се зголемат инвестициите во човечкиот капитал, и тоа преку едукација и развивање на вештините на вработените, што за резултат ќе има зголемена продуктивност.

Доколку една национална економија се соочува со сериозни проблеми и недоволни можности за покривање на потребите за вработување на работоспособното население, тогаш странските инвестиции можат да придонесат за решавање на овој проблем и тоа преку отворање нови работни места. Проблемот се решава така што се изнајдуваат разни форми на странски вложувања, што обезбедуваат порационално и поефикасно искористување на расположливите трудови и материјални ресурси на конкретната национална економија. Странските инвестиции, покрај што овозможуваат пораст на вработеноста во земјата - домаќин, тие не ретко придонесуваат и за обука на потребниот кадар, пренесување на стекнатите искуства на посреден или непосреден начин, односно подобрување на квалификациската структура на работната сила[108)].

Ефектите на странските инвестиции врз вработеноста во земјата - домаќин можат да бидат директни или индиректни[109)]. Странските инвестиции, покрај тоа што вработуваат луѓе во сопствените фирми, тие овозможуваат да се отворат нови работни места и во оние претпријатија што ги снабдуваат со суровини, им обезбедуваат услуги и сл. Исто така, странските инвестиции, на индиректен начин, создаваат услови за вработување преку нивните идни инвестиции со цел зголемување на аутпутите и приходите. Индиректните ефекти доаѓаат на тој начин што странските ивнеститори набавуваат одделни инпути од определени финални производители или агенти, односно се потпираат врз производството на некои неформални сектори од земјата - домаќин. Тоа особено се однесува на електроенергетскиот и услужниот сектор, текстилната индустрија и др. што ги подмируваат производителите на трудоинтензивни добра, наменети за извоз. Меѓутоа, директните и индиректните позитивни ефекти во

---

108)Generating Employment and Strengthening the Skill Base Chapter IX – UNCTAD World Investment Report – 1999, p.261.

109) Jovanovic-Gavrilovic d-r Predrag: "Medjunarodno delovno finansiranje", Ekonomski fakultet, Beograd, 1994 g., str.111.

одделни случаи се јавуваат и како противтежа на намалената вработеност од некои нивни активности. Значи, странските инвестиции под определени услови можат да создадат и невработеност, и тоа преку конкурентската борба што понекогаш доведува до истиснување на некои домашни фирми или индицира околности во кои домашните фирми се принудени да отпуштат дел од вработените, а истото се случува и при намалување на производството или намалено учество на пазарот кога се настојува преку намалувањето на бројот на вработените да се зголеми ефикасноста и конкурентноста. Со детална анализа на природата на директните или индиректните ефекти врз вработеноста, се добива целосна слика за степенот на влијание на странските ивнестиции[110)] врз креирањето нови работни места во земјите – домаќини.

**Остварувањето на ефектите врз вработувањето зависи од повеќе фактори**, како што се:

- **начинот на влез на странските инвестиции** (ако се насочени кон изградба на нови производствени објекти, тогаш генерираат побарувачка на нова работна сила; ако се работи за аквизиции, не само што не се побарува нова работна сила, туку може да се одлее постојната, така што странското инвестирирање се јавува или како спасител на фирмите што се наоѓаат во незавидна положба или како истиснувач на локалните фирми од конкуретската битка;
- **големината на странските инвестиции** и интензитетот на користење на работната сила како ресурс (оние земји што располагаат со евтина работна сила и соодветно окружување можат да отвораат нови работни места преку ориентирање на странските инвестиции кон извозните активности; други земји можат да го стимулираат вработувањето преку користење на странските вложувања за настап на големите пазари; а некои земји можат брзо да се преструктуираат, односно да ги искористат компететивните способности на домашната економија, а странските инвестиции да ги насочат кон брзите реструктуирачки и ефикасни производни активности;
- **квалитетот на работната сила,** изразен преку степенот и структурата на расположливите потенцијали за обучување на вработените (реформираните образовни политики во земјите треба да создаваат повисоко ниво на квалификации);
- **ефикасноста на пазарот на работна сила, квалитетот на образовните институции и ефикасната регулатива** за работната сила (полесен пристап до работното место, транспарентно и достапно информирање за можностите за вработување, сегментирање на пазарот на труд и сл.; пропорционални можности за вработување, создавање повеќе работни места, поголема ефикасност). Ефикасното функционирање на образовните институции ќе овозможи полесно комуницирање и размена на информации, канализирање на

[110)]Fakhri Y.Kaddori “Direct investment and joint ventures view of Arab experience”, Proceedings of the Second World Scientific Banking Meeting, “International Finansing of Economic Development”, Dubrovnik, 1982, p.403-405.

можностите за вработување, стимулирање на идеите за подобрување на квалификациите и работните услови[111];

- **применетите стратегии на странските инвеститори за меѓународна производна активност** (стратегиите се разликуваат меѓу себе, па можат да бидат: "станд алоне" стратегија, што резултира со повисока вработеност, а структурата на вработените се формира од различните локации, така што таа е постабилна кај странските инвестиции мотивирани од големината на пазарот; стратегија на "едноставна интеграција", што воведува комплементарна хиерархија на занимањата од различните локации, така што вработеноста зависи од локациските предности на земјата - домаќин; и стратегија на "комплексна интеграција", што се применува кога странската инвестиција се специјализира за производство на определен производ, за извршување определен процес или функција и имплицира конвергентност на сигурни елементи за вработување со цел максимизирање на ефикасноста на производствениот систем, висок квалитет и поголеми вештини на работната сила.

Проценувањето на ефектите на странските инвестиции врз вработувањето претпоставува располагање со точни статистички информации, засновани на специјализирани студии. Проценките покажуваат какви се реперкусиите врз вработувањето во одделна земја во однос на другите земји во кои се инвестирало.

Но, овој ефект не се однесува само на еднострано посматрање на придонесот за создавање нови работни места, туку се работи за **повеќестрано дејство на странските инвестиции врз вработеноста.** Странските инвестиции придонесуваат за едукација на техничкиот и менаџерскиот персонал со соодветни програми, при што често се преферира обуката да се врши со сопствен персонал во матичните земји[112]. Всушност, подобрувањето на вработеноста налага мултиквалификувана и мобилна работна сила којашто ќе прифаќа поголеми одговорности. Тоа претпоставува посебни форми на обука за користење на технологиите, соработка со институциите за едуцирање заради воведување нови образовни програми и сл.

Решавањето на проблемот на невработеноста најмногу зависи од бројот и видот на странските инвестиции, како и стратегијата и политиките на земјите што ги привлекуваат. Оние земји што сакаат да ја зголемат вработеноста и да го подобрат квалитетот на работната сила мора да водат добра економска политика што ќе се разликува во зависност од нивото на развиеност, трговијата, образовниот систем, системите за обука и сл. Но, земјите - домаќини мора да креираат соодветна политика

---

[111] Generating Employment and Strengthening the Skill Base", chapter IX , UNCTAD World Investment Report – 1999, p.278.

[112] Fakhri Y. Kaddori "Direct investment and joint ventures view of arab experience", Proceedings of the Second World Scientific Banking Meeting, "International Finansing of Economic Development", Dubrovnik, 1982, p.410.

и да преземат адекватни мерки за да го зголемат приливот на странски инвестиции. Притоа тие се определуваат за интензивно – вработувачки странски инвестиции, обезбедуваат фискални олеснувања за зголемување на вработеноста, даночни намалувања и субвенции поврзани со бројот на работните места, обезбедуваат индустриска инфраструктура и тн. Додека за подобрување на квалификациите на работната сила тие мора да се определат за обука преку образовниот систем, за јавна обука и слични облици на едукација, а на тие фирми им се намалуваат даноците, им се субвенционираат трошоците за обука, им се обезбедува соработка со владините институции, се вклучуваат грантови за намалување на трошоците и се организира проверка на вештините преку определени приватни институции и сл.

Во современата економска теорија трансферот на современата технологија подолго време е прифатен како клучен фактор за динамизирање на стопанскиот развој. Доколку процесот на производство се посматра од аспект на основната цел на развојот – настојување за најрационална употреба на сите производни фактори, имајќи ја предвид нивната лимитираност - лесно може да се докаже дека со примената на новите достигнувања ќе се доведе до рационална и ефикасна употреба на сите производи фактори, но и до чести радикални промени во нивната структура.

Растечкото значење на улогата на научно – техничкиот прогрес е резултат на релативното намалување на влијанието на другите производни фактори врз вкупните резултати на стопанскиот развој. Факторите на научно – техничкиот прогрес покажуваат тенденција да постанат императивни во сегашната фаза на општествениот развој и добиваат уште поголемо значење во однос на традиционалните економски мотиви на инвестирањето. Насоките во функција на научно – техничкиот прогресс во современите економии претпоставуваат ефекти на три нивоа: на ниво на стопански субјекти, гранско ниво и ниво на народна економија.[113)] Научно – техничкиот прогрес се јавува како супститут на постојано растечката лимитираност како на човечкиот труд, така и на природните богатства.

Генерално гледано, под научно – технички прогрес се подразбира збир на активности со кои, по пат на зголемување на вкупните производно релевантните знаења, се подобруваат постојните и пронајдуваат нови методи за производство, се усовршуваат својствата на постојните производи, како и сите организациски модели и технолошки постапки за рационализација на производството. Тоа значи дека под НТП

[113)] Geramitcioski d–r Bozidar: "Naucno – tehnickiot progres kako determiniracki element na strukturnite promeni vo razvojot", Medjunarodno naucen simpozium na tema: "Strukturnite promeni i razvojot na zemjite vo tranzicija", Univerzitet "Sv. Kliment Ohridski", - Bitola, 21 - 23 juni 1995 god.

се подразбира постојан процес на усовршување на средствата и предметите на трудот, изворите на енергија, воведување нови производни методи и нови начини на организација и управување со производството, со што се постигнува зголемување на продуктивноста на трудот, се создаваат нови производи или варијанти на веќе познатите производи, се врши замена на основните средства со посовршени, преку инвестирање во постојните или изградба на нови гранки[114)].

Трансферот на современите достигнувања на научно – техничкиот прогрес се остварува преку странските инвестиции, при што треба посебно да се внимава, бидејќи иако е битно да се стекнат новите достигнувања, побитно е тие да бидат соодветни на конкретните услови и потреби на конкретната економија. Ова се однесува на состојбата на развојните фактори – капиталот и акумулацијата, но и на процентот на расположливата неискористена работна сила. Со трансферот треба да се овозможи пораст на нивото на продуктивноста на економијата во земјата - домаќин, да се стимулира растот на бруто – домашниот производ и воопшто економскиот развој.

Пред да се согледа значењето на овој долгорочен развоен ефект од странските инвестиции накратко треба да се објасни што означува овој поим. Всушност, под трансфер на технологијата се подразбира пренесување на новите достигнувања од едно на друго место, т.е. од местото каде што се создале или веќе еднаш употребиле на друго место – земја. Овде не станува збор за трансфер со карактеристики на купопродажба на стоките, туку се мисли за нешто поспецифично, што доаѓа од самиот карактер и особеностите на овој поим, кој кога влегува во процесот на производство и станува т.н. "специфична" стапка што ги губи тие својства, зашто се прибавува, а не се купува, односно се пренесува, а не се разменува.

Според World Development Report 1991, тој се дефинира според формално логички правила, односно се работи за" знаење што води кон подобри машини, производи и процеси", а порастот на тоа знаење ја намалува реалната цена на чинење на производството и води кон воведување нови производи и примена на менаџерскиот кноњ-хоњ[115)].

Овој трансфер, како меѓународен процес, преку своите облици и значења претставува динамичен, повеќефазен, меѓуфазен и сеопфатен тек на којшто сите земји во светот денес му даваат исклучителна важност за сопствениот побрз развој. Тој е двонасочен процес во развојот на секоја земја, зашто ги вклучува сите напори за

---

[114)] Vasilevic d-r Vidoje: "Naucni i tehnoloski progres", Univerzitet u Beogradu - Ekonomski fakultet, Beograd, 1996 god., str. I-1, I-2.
[115)]World Investment Report 1991, str. 56- 59

освојување на елементите и знаењата за воведување на достигнувањата од технологијата во производната дејност, за примена на пронајдоците и натамошен развој и унапредување на производството, што треба да има повеќекратно влијание врз побрзиот развој воопшто. Повратната спрега се манифестира преку влијанијата од една земја врз друга или во рамките на самата земја, од едно во друго подрачје, од една во друга дејност, од едно претпријатие во друго итн. Трансферот на технологијата, пак, во себе го вклучува пренесувањето на физичките добра и знаењата. Овој ефект денес добива сѐ поголемо значење и инволвира потреби за нови вештини и современи технички и организациски способности.

Во принцип сите видови странски инвестиции можат да придонесат за прибавување знаења. Од особено значење овде се истакнуваат непосредните вложувања во поширока смисла (вложувањата кај коишто се задржува сопственоста и учеството во контролата на претпријатието во коешто се вложило – сите други се посредни, без право на контрола и оние со чиста зајмовна функција)[116)]. **Посредните странски инвестиции, во однос на трансферот на технологијата и знаењето,** не се еднозначни, така што кај нив се среќаваат следниве специфичности:

- со трансферот на опремата се отстапува и документацијата, се обврзува вградување на опремата, пуштање на постројките во погон, обучување на работната сила и други стручни услуги, кои за земјите сиромашни со квалификуван кадар е доста важно, но ги зголемува девизните издатоци;
- со кредитите за набавка на опрема често мора да се користат однапред определени испорачатели со што тие стекнуваат монополска положба, можат да наметнуваат повисоки цени од пазарните, ги задржуваат потентните права и бараат плаќање трајни надоместоци, т.е. го држат претпријатието во трајна зависност и сл.;
- работна сила од домашната земја се обучува посеопфтано и побрзо, што подразбира во прво време намалување на доходовноста на увезената опрема.

**Непосредните вложувања во доменот на трансферот на знаењата особено се значајни** за странските инвеститори, бидејќи тие обезбедуваат задржување на монополската положба, зашто земјата - домаќин не е доволно способна сама да примени некои од знаењата, а присуството на странците овозможува прилив на знаењата што инаку би биле достапни, но под неповолни услови. Кај овој облик странските инвеститори можат да трансферираат знаења било преку сопствената филијала или преку учеството во мешовитите претпријатија.

---

[116)]Babiħ d-r Blagoje: "Strani privatni kapital i razvoj nerazvijenih zemalja", Institut za medjunarodnu politiku i privredu, Beograd, 1982., str.120-131.

Искуствата покажуваат дека покрај високите трошоци на **трансферот на знаењата** за развој на земјата - домаќин, странските инвестиции имаат и низа **неповолни страни,** како што се:

- странскиот вложувач може релевантните знаења да ги држи во тајност, така што само привидно да ја зголемува количината на знаења во земјата - домаќин;
- честопати странските вложувачи трансферираат несоодветна технологија;
- не постои заинтересираност трансферираното знаење да се прилагоди на потребите на земјите во коишто се вложува;
- во развиените земји побрзо се применуваат новите достигнувања на НТП, отколку во земјите во развој, бидејќи најчесто се освојуваат нови производства врз основа на лиценци и патенти, додека странските инвеститори во својата технологија користат посовремени техничко - технолошки постапки од оние што ги продале;
- може да се случи земјите повеќепати да плаќаат едно исто знаење, така што битните знаења се држат во тајност, а тоа доведува до натрупување на трошоците за прибавување на знаењата во земјата - домаќин;
- не ретко се практикува ограничување на извозот на готовите производи од странската инвестиција, а тоа ја оневозможува меѓусебната конкуренција на ист пазар или заради високите трошоци за прибавување на знаењата претпријатието не е конкурентно на светскиот пазар.

Од друга страна, треба да се каже дека остварувањето на овој ефект бара односот меѓу отстапувачите и прибавувачите на технологијата да биде постручен и поодговорен, што значи поседување на посложени знаења за предметот на трансферот (каде и што се произведува и кои се најповолните цени). Тоа подразбира софистицираност при прибавувањето на информациите, а често и користење личните контакти за запознавање на потребите на земјата, нејзините можности за активирање и иновирање на достигнувањата од научно – техничкиот прогрес. Овој ефект е во корелациска зависност со економската политика, нивото на развиеност, условите во земјата, вклученоста во меѓународните институции и организации, сложеноста на предметот на трансфер, целите и можностите на прибавувачот и сл.

Еден од најчестите фактори со коишто се соочува Косово е недостигот на средства или инвеститори кои се подготвени да развијат индустрија што сé уште не е позната во земјата. Искористувањето на обновливите извори на енергија е типичен пример за овој феномен што може да има многу придобивки за Косово. Странските директни инвестиции често можат да бидат решение за земјите во развој, особено за тие да можат да го фатат следат трендот на технологијата и последните современи решенија за постигнување одржлив развој.

Оттука неопходно е да се најде начин за поинтензивно привлекување на СДИ во земјата, т.е. да се мотивираат оние странски инвеститори кои ќе бидат во можност

да вложуваат свеж капитал во атрактивните области, а со тоа да придонесат за компензирање на овој недостаток во инвестицисата сфера. Странските директни инвестиции се инвестиции од компании со седиште во една земја, во компании со седиште во други земји. Тие можат да се јават во различни форми, и тоа како "гринфилд" инвестиции, што реализираат со отворање нова подружница во домицилните компании (на пример,"Мекдоналдс" и "Старбакс"); потоа инвестиции "браунфилд", односно кога компаниите заработуваат од постојните фабрики, но и натаму инвестираат во нив; и хоризонтални или вертикални инвестиции, при што компаниите инвестираат во истиот бизнис како и во странство. Странските директни инвестиции се здрав начин за развој на економиите во транзиција, каква што е и економијата на Косово, а се́ со цел создавање нови работни места и унапредување на технологијата. Во овие ситуации, странските компании, исто така, имаат користи од влегувањето на новите пазари, што подразбира промовирање на релевантните бизниси, а тоа резултира со поевтино производство, главно, поради пониски трошоци за работна сила и користење на постојната инфраструктура во земјата, но и олеснувачките даночни обврски.

Дискутабилно е дали овие инвестиции можат да го спречат развојот на некои локални производи? Но, ако одделни локални производи недостасуваат, тогаш таргетирањето странски инвестиции во овие области е пожелно и потребно. Странските директни инвестиции во истовреме ќе ја зголемаат и побарувачката за работна сила. Тоа, пак, придонесува за намалување на бројот на невработени, односно води кон зголемување на животниот стандард на населението, бидејќи се зголемуваат приходите. Од друга страна, некои автори сметаат дека странските компании ја користат можноста, во различните земји, со нивните инвестиции да ја „ злоупотребат" постојната работна сила за лична профитабилност, заради ниското ниво на платите на вработените.Земјите во развој, какво што е и Косово, нудат евтина работна сила само за да извлечат одделни користи од СДИ, што е прифатливо на краток, но не и на долг рок.

Во поглед на вредноста на странските директни инвестиции, според СВК, се забележува дека во 2013 година тие изнесувале 258,9 милиони евра, додека во 2014 година салдото на странски директни инвестиции било 123.9 милиони евра. Ова драстично намалување од година -во година, главно, се припишува на трансферот на сопственоста на странските сопственици на инвестициски компании кај локалните сопственици.

За да се подобри овој тренд, односно да се зголеми вредноста на странските директни инвестиции треба да се преземат одделни дополнителни чекори, како што се, на пример: олеснување на даночните давачки и реформи во фискалната политика, подигнување на свеста на меѓународната сцена за потенцијалите што ги има и нуди Косово, елиминирање на административните тешкотии при регистрирањето на СДИ, унапредување на институционалната подготвеност за прифаќање на вложувањата од странство, обезбедување гаранции за странскиот капитал и инвеститорите или создавање таква бизнис клима што ќе овозможува сигурен трансфер на СДИ.

## 4.4. Комуникациски канали и мотиви за инвестирање

Денес е општоприфатено стојалиштето дека земјите во развој и земјите во транзиција за динамизирање на сопствениот економски развој треба да создадат таква инвестициска клима со којашто ќе ги поттикнуваат странските инвестиции за поголем прилив со сите нивни појавни облици, така што тие ќе станат битни иницијатори и носители на нивните инвестициски идеи и процеси.

Сè позабрзаната глобализација на пазарот ги принудува одделните стопански субјекти, па и сите национални стопанства позначајно внимание да посветат на меѓународните текови, особено на приливот на странските инвестиции. Значаен број показатели укажуваат на смислата на глобалниот пазар. Во таа смисла, треба да се земе предвид фактот дека извозот и увозот меѓу домашните компании и нивните функции или компаниите во странство зафаќа речиси половина од вкупниот извоз и увоз. Брзиот научно – технички прогрес, неговите најнови достигнувања и промените во економијата сè повеќе ги рушат и надминуваат класичните традиционални сфаќања на меѓународната политика, така што економските и технолошките сили денес се главните и најмоќните носители на промените.

Ова води до констатацијата дека стопанските субјекти, а особено националните економии, доколку сакаат да обезбедат опстанок и динамичен напредок се принудени својата структура и начините на стопанисување да ги адаптираат кон поширокото економско опкружување и брзите промени што настануваат во него.

Сето тоа води кон поголемо ориентирање и привлекување странски инвестиции, што би претставувало прифаќање на современите меѓународни текови. Но, секако, основната цел е создавање поперспективни услови за развој, преку развивање и искористување на сите придружни долгорочни ефекти од странските инвестиции, и тоа: вработување на домашната работна сила; порационално користење на ресурсите; поголема примена на научно – техничкиот прогрес и современата техника и

технологија; конкуренција на пазарот; подобрување на платниот биланс; дополнување на домашната акумулација и др.

Но, тоа не е така едноставно да се постигне, бидејќи врз обемот и динамиката на приливот на странските инвестиции во една земја влијаат многубројни фактори – детерминанти, чијашто констелација, меѓусебна испреплетеност и заемено дејство ја претставуваат општата инвестициска клима. Во зависност од состојбите во земјата потребата или се проширува, или доаѓа до крајно воздржување од инвестирање[117)].

Со создавањето **поповолна општа (општествена, економска, правна и политичка) инвестициска клима,** односно со подобрувањето на состојбите на детерминантите, преку оценка на вкупните состојби во економијата, односно преку согледување на тежината на постојните наталожени и продуцираните нови проблеми во актуелните фази на преод кон нов општествен систем, а тргнувајќи од трајната потреба за градење перспективи за долгорочен развоен процес се доаѓа до нов квалитет во стопанисувањето, што особено е актуелно за земјите во транзиција. Тоа, секако, би се постигнало со активна и апресивна инвестициска политика, којашто би обезбедила апсолутен и релативен раст на инвестициите и нивна економска ефикасност.

Основни стратегиски детерминанти од коишто зависи состојбата со општата инвестициска клима и коишто стимулативно или ограничувачки (поединечно или во содејство со останатите детерминанти) се одразуваат врз привлекувањето на странските инвестиции се следниве:

- стабилноста на економијата, којашто вклучува во себе низа економски и нееекономски показатели;
- состојбата на системот на инвестициската политика (подготовката за воведување инструменти, што ќе бидат приспособени на пазарните односи и ќе го поддржуваат процесот на инвестирање;
- стабилноста на решенијата во законските правни прописи за заштита на деловните договори, поддршка на поголемото инвестирање, генерирањето општа сигурност;
- суштинско сопственичка трансформација;
- современ банкарски систем, бидејќи санираните банкарски институции поволно дејствуваат врз општата инвестициска клима, т.е. при одобрувањето кредити особено за долгорочни пласмани, осигурувањето на кредитите;
- изграденоста на пазарите на капитал за обезбедување клучни параметри, варијантен избор во инвестициското одлучување;

117) Za determiniranjto na stranskite investicii vidi: John-ren Chen, Foreign Direct Investment, University of Innsbruck, Austria, 2000.

- информациска инфраструктура за презентирање информации за можностите, предностите, условите, изворите на инвестирање во земјата, реализирањето и постојната инвестициска активност, прометот на капиталот и др.[118)].

Овде треба да се напомене дека детерминантите што се релевантни за странските инвестиции се карактеристични и за земјата во којашто се вложува, па доколку таа е ориентирана кон прилив на странски капитал мора да ги разгледа сите можности и да се определи за конкретни и соодветни мерки, политики и инструменти со цел да ги отстрани негативните влијанија на детерминантите, односно да ги фаворизира, потенцира и задржи позитивините моменти. Тоа подразбира креирање на поголема атрактивност и привлечност на економијата за странските инвеститори. При преземањето на таквите активности земјата не треба да се раководи само од условите што им одговараат на странските инвеститори, туку да ги има предвид и сопствените интереси, што ќе значи насочување на инвестициите кон остварување на приоритетните цели за развој на домашната економија.[119)] Од множеството детерминанти што влијаат и за кои ќе стане збор во натамошните излагања ќе ги избереме само оние кои се важни заради нивното прецизност или интензитет на влијание врз одлучувањето на поголем број проекти и врз нив ќе изградиме општи заклучоци.

Комуникациските канали за зголемување на инвестициските мотиви, што беа користени во досегашниот период, главно, се различни и според формата, и според содржината на промоциските пораки и маркетиншките кампањи. Тие дури ја потврдуваат и специфичната ситуација во Косово, односно недостатокот на институционални механизми (адекватна стратегија и политики) за промовирање на потенцијалните можности за привлекување СДИ. За да ги идентификуваат погодностите на земјата, Владата на Косово и институциите за привлекување на СДИ, главно, ги користеа следниве комуникациски канали[120]:

- лични врски (63,2%),
- препораки на пријатели (21.1%),
- интернет (2,6%),
- консалтинг организации (2.6%) и
- други канали (10,5%).

---

118) Nestoroski d-r Metodija: “Sozdavanje uslovi za povolna investiciska klima”, Naucen sobir, “Investicii i finansiranje na razvojot vo Republika Makedonija”, Fondacija “Fridrih Ebert” Skopje, 1997 g., str.31., str.89-98.

119) Gveroski m-r Miroslav i Geramitcioski d – r Bozidar "Mnozestvoto raznovidni investicioni motivi – kako dvizecki sili na razvojot", Medjunaroden naucen simpozium "Alternativite na razvojot vo zemjite od Jugoistocna Evropa – ekonomski i socijalni aspekti", vo organizacija na EF – Prilep, dekemvri 1998g.

120 ДИРЕКТНИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО КОСОВО - Стратегија за економска политика, животна средина и промоција

Основните мотиви и интересот на странските инвеститори да вложуваат на Косово се однесуваат на триаголникот (48%) и поевтината работна сила (20%). Нешто помал интензитет има пенетрацијата на новите пазари (15%), враќањето на дел од дијаспората во Косово (9%) и останати други мотиви (8%). Интересно е што повеќето инвеститори, и тоа речиси 89% се мотивирани нивниот пазар да биде во Косово, 5% се изјасниле да вршат размена со други балкански земји и 5% со некои други земји.

Оттука може да се објасни фактот дека инвестициите во одделни деловни капацитети биле скромни, а инвеститорите биле мотивирани да ја задоволат само побарувачката на косовскиот пазар. Сепак, треба да се очекува дека посериозна трговска размена би можела да се остварува на регионалниот пазар, пред сé, поради малиот косовски пазар. Одговорите на анкетираните компании на прашањето *кои се причините за инвестирање во Косово и како се добиени потребните информации за дестинацијата на инвестиции во Косово*, се сведуваа на тоа дека главната причина била задоволување на итните потреби на населението, додека инвеститорите најмногу се информирале *што* и *каде* да вложуваат од пријатели кои работеле во регионот (Босна, Албанија) или од оние кои имале воспоставено директни контакти со Косово по војната, при што остварувале чести посети на земјата.

Од друга страна, приватните бизниси во Косово се многу заинтересирани за градење партнерства со странски инвеститори. Од реализираната анализа со 619 приватни претпријатија (Riinvest, декември 2001) се гледа дека ориентацијата во плановите на малите и средни бизниси за идни инвестиции, исто така, се заснова на можноста за обезбедување финансиски средства од надворешниот свет. Околу 60% од приватните анкетирани приватни компании се изјасниле дека бараат партнерски односи за извршување на бизнис плановите. Според нивните одговори, партнерството со странските компании треба, главно, да се фокусира на инвестиции во нови проекти (35,3%), проширување на постојните капацитети (42,6%) и зголемување на продажбата. Особено е изразена ориентацијата на приватните бизниси кон нови инвестиции и нови проекти. Околу 80% од овие ентитети се загрижени за потребата да инвестираат и покрај недостатокот на соодветна институционална поддршка и другите бариери со коишто се соочуваат косовските бизниси.

## 4.5. Анализа на структурата на СДИ

Странските директни инвестиции, според расположливите податоци, до септември 2015 година достигнале вредност од 270.400.000 евра или 148.600.000 евра повеќе во однос на истиот период од 2014 година Зголемувањето на странските

директни инвестиции е резултат на високиот протек на влезени средства од страна на Соединетите Американски Држави, а таквата висока разлика, пак, во истиот период од претходната година, се должи на фактот дека во 2014 година се извршила распределба на дивиденда Супер 14 и продажба на акции на странски компании. Директните инвестиции на косовските компании во други земји, исто така, беа повисоки во однос на истиот период од претходната година и изнесуваа 20,9 милиони евра (16,9 милиони евра до септември 2014 година). Директните инвестиции на косовските компании надвор од косовската економија, главно, се капитални инвестиции, коишто во најголем дел се однесуваа на купување недвижен имот во земјите од регионот, но исто така и во Германија и Швајцарија.[121]




**Графикон 3 Странски директни инвестиции, во милиони евра**

Извор: СВК (2016)

Од Графикон 3 се гледа дека директната инвестициска рамнотежа, изразена како разлика меѓу директните инвестиции на косовските жители во други земји и СДИ во Косово, до септември 2015 година, изнесува -249,5 милиони евра или 144,6 милиони евра повеќе во однос на истиот период од претходната година.

[121]СВК (2018) - Извештај за финансиска стабилност, бр. 13




**Графикон 4 Структура на СДИ според главните економски активности, во%**

Извор: СВК (2016)

СДИ во Косово главно се концентрирани во економијата, и тоа во: недвижен имот со учество од 54,2 отсто од вкупните СДИ остварени до септември 2015 година, градежништвото со 18,7 отсто, финансиските услуги со 15,7 отсто, транспортот и комуникациите со 7,7 отсто, енергијата со 4,2 проценти итн. Како што е прикажано на Графикон 4, речиси сите сектори се зголемиле со прифаќањето на СДИ. Така, вредноста на инвестициите во недвижности е повисока за 43,5 милиони евра во споредба со истиот период од претходната година, а инвестициите во финансискиот сектор се повисоки за 11,1 милиони евра. Дури и инвестициите во градежништвото и индустријата, кои во 2014 година ги одбележаа капиталните проекти (купувања од странски компании од страна на локалните сопственици), до септември 2015 година, значително се зголемија.6




**Графикон 5 СДИ според главните економски активности, во милиони евра**

Извор: СВК (2016)

Според формата на инвестициите, пак, се забележува дека СДИ во Косово (како акционерски капитал) изнесувале околу 70,7 проценти, додека остатокот од 29,3 проценти биле во должнички инструменти (заеми меѓу компаниите). Како што може да

се види на Графикон 6, двете категории забележале значително зголемување на вредноста во споредба со истиот период од претходната година. Конкретно, инвестициите во сопственички капитал се зголемиле од 95,9 милиони евра во септември 2014 година на 191,0 милиони евра во септември 2015 година, додека заемите меѓу компаниите (должнички инструменти) се зголемиле од 25,8 милиони евра на 79,3 милиони евра.




**Графикон 6 Странски директни инвестиции според формата на инвестициите, во милиони евра**

Извор: СВК (2016)

Во текот на 2017 година СДИ во Косово се карактеризираа со годишен раст од 30,8 проценти и изнесуваа 287,8 милиони евра. Растот на СДИ, главно, беше потврден и од страна на секторот за финансиски услуги, секторот за недвижности и градежниот сектор, додека во трговскиот и индустрискиот сектор тие се намалиле. Во поглед на структурата на СДИ, може да се каже дека вредноста на капиталот и акциите на инвестициските фондови, во испитуваниот период, опфаќаа околу 92 процента од вкупните СДИ, додека инвестициите во должнички инструменти се намалиле.[122]

[122] СВК (2018) - Извештај за финансиска стабилност, бр. 13




**Графикон 7 Структура на странските директни инвестиции, според компонентите**

Извор: СВК (2016)

## 4.6. Фактори за привлекување СДИ во Р.Косово

СДИ за Косово, во овој период, се неопходни. Но, пред надлежните структури на земјата се наметнува отвореното прашање: кои се причините за странските инвеститори да инвестираат во Косово? Одговорот на ова прашање е комплексен, зашто очигледно е дека постојат повеќе причини за инвестирање во Косово. Имено, покрај придобивките што земјата ќе ги има од СДИ (поинтензивен раст и развој, трансфер на знаење и имплементација на нови технологии, настап на нови пазари, надминување на проблемите со невработеноста и сиромаштијата..градење демократско општество со интенција да стане рамноправна членка во евроатланските асоцијации), а од друга страна и странските инвеститори ќе можат да ги промовираат и развијат своите бизниси со генерирање големи придобивки.

За да се добие појасна претставата за амбиентот во Република Косово и попрегледно да се согледаат долгорочните ефекти од остварениот прилив, неопходно е да се направи осврт на **основните услови** во земјата. Тоа се сите оние релевантни претпоставки на коишто странските инвеститори обрнуваат посебно внимание. Во одделни случаи тие можат да претставуваат **стимулирачки фактори** за странските инвеститори и мотив за вложување во конркретна економија. Исто така, тие можат да бидат идентификувани и како **лимитирачки фактори** или**,** пречки за приливот на странски капитал. Притоа, треба да се има предвид дека, пред сè, овде се работи за т.н. постојни услови, врз коишто земјата не може значително да влијае, освен во определени ситуации. Тука се укажува на фактот дека сепак не постојат некои строги правила, односно унифицирани зависности за привлекување странски капитал. Определени теоретичари, поради ова, се во дилема и честопати не можат прецизно да идентификуваат на што се должат обемните или недовилните странски инвестиции.

Но, секако, кога станува збор за факторите што ја зголемуваат атрактивноста на земјата за прилив на странски инвестиции, не можат да се заобиколат оние што ја потенцираат несигурноста за вложување во земјата. Оттука, може да се заклучи дека кога се анализираат долгорочните ефекти од странските инвестиции и факторите што придонесле за нивно реализирање, потребно е комплетно и сестрано да се истражат мноштвото од нив со нестимулативен или стимулативен карактер. Тоа овозможува правилен избор на мерките за ублажување на ризиците и решавање на состојбите што ќе водат кон одржување на развјот.

Периодот во којшто Република Косово требаше да ги реализира потребните општествено – политички и економски промени, се карактеризира со голем број неизвесности и лимитирачки фактори, манифестирани преку: континуираните кризни состојби од осумдесеттите години (висока инфлација, опаѓачки стапки на развој, ниски инвестиции, висока ндворешна задолженост), депрецирање на вредноста на основните фондови, грабеж на општествената сопственост преку процесот на приватизација, наметнати воено – политички блокади од соседните земји и внатрешна воена агресија. Тоа доведе до зголемување на трошоците на стопанисувањето и ризикот, како и губење на пазарите, партнерите, зделките, соработките и др.

Малиот прилив странски инвестиции во Република Косово, до денес е резултат главно на нејзината неатрактивност, односно **неповолните економски состојби и окружувањето од соседството.** Слабата кондиција на македонското стопанство, нестабилните состојби во земјата и окружувањето, всушност ги срушија сите оптимистички очекувања и надежи дека со прифаќањето на пазарната економија, странските инвестиции ќе влезат во огромен обем и број. Бидејќи не се оствари тоа а и поблиските видувања не ветуваат подобри резултати, ќе треба да се чека иднината да покаже дали ќе се остварат желбите на овој план.

Република Косово според своите **географски карактеристики** е мала, континентална земја. Покрај тоа, таа е земја што нема излез на море, а тоа претставува уште еден ограничувачки фактор, бидејќи тоа значи дека нема пристаништа и поморски транспорт, односно исклучена е од поморските врски со светот. Големината на земјата е важна за согледување на обемот на вкупната побарувачка на домашниот пазар, што е во зависност од големината и искористувањето на капацитетите. Всушност, на големината на земјата од пазарен аспект, се гледа од две стојалишта, и тоа : прво, како пазар на којшто би се пласирале определени стоки и услуги ; и второ, како пазар за набавка на суровини и енергенси.

Оттука овој услов за Република Македонија е оценет како ограничувачки фактор, бидејќи **нејзиниот пазар има многу мала апсорпциска моќ,** но и низок животен стандард на населението, што не се атрактивни перформанси и не побудуваат посебен интерес кај странските инвеститори.

Друга неповолна карактеристика на геостратегиската локација е тоа што Република Косово за сосед нема ниту една вискоразвиена земја со пазарен систем и развиени институции. Тоа значи дека таа нема од каде непосредно да добива информации за насочување на сопственото пазарно трансформирање и стопанско преструктуирање.

**Природните богатства,** исто така, можат да претставуваат иницијатори за привлекување странски инвестиции во земјата. Република Косовосе карактеризира со **висок степен на диверзифицираност на минералните и неметалните ресурси, но не и со нивна висока издашност**[123)]. Всушност, оценето е дека Република Косовое земја со **ограничени природни ресурси**, бидејќи се соочува и со мало производство на некои стратегиски производи Поради тоа, овој услов е оквалификуван како релативно скромен, но не и лимитирачки фактор, во зависност од климатско - почвените карактеристики, експлоатибилните минерални ресурси, особено неметалните минерали. Структурата и составот на природните ресурси е неатрактивна, а особено на рудното богатство.

**Енергетскиот потенцијал** на Република Косово е неповолен и недоволен дури и за нискиот обем на индустриско производство. Расположивите ресурси на енергија во Република Косово се ограничени и необновливи. Всушност, енергетиката, како доста значајна гранка за развојот и животот на граѓаните, како и за билансот на плаќањата има лимитирачки карактер, бидејќи Република Косово е сиромашна со сопствени природни хидро и термо извори на енергија.

Развојот на **аграрниот сектор,** што се темели главно на погодната клима, плодната почва, технолошките ресурси, системите за иригација, механизацијата и квалификуваната работна сила нуди огромни можности за производство на разни видови финални производи, но исклучиво преку активирање на повеќе капацитети. Природните услови и степенот на развиеност на земјоделството во Република Косоводава можности, покрај житарици да се произведуваат и повеќе видови градинарски и индустриски култури, карактеристични за македонското поднебје.

---

123) Nacionalna strategija za ekonomski razvoj na RM, MANU, Skopje, 1997 g. , str.23.

За расположливите и развиени **инфраструктурни потенцијали**, се констатира дека ги задоволуваат потребите и овозможуваат добри и атрактивни предуслови за севкупниот инвестициски амбиент во Република Косово. Всушност, за овој услов се мисли дека располага со добра и развиена основна инфраструктурна мрежа, како во сообраќајот, така и во телекомуникациите и врските. Тоа е солидна основа за поттикнување и динамизирање на развојот, а со определени инвестиции за модернизирање, проширување и подобрување на технологијата би се постигнало зголемување на капацитетите и линиите со што би се подобриле комуникациите со меѓународното окружување.

**Работната сила** претставува еден од најзначајните фактори за привлекување странски инвестиции и тоа од два аспекта: како производител и потрошувач. Токму од овие два аспекта анализата на овој услов поаѓа од две причини: прво, населението е најзначајниот фактор за стопанисување и развој; и второ, тоа исто така е најзначаен елемент на економската структура. Кога се анализира овој релевантен услов за привлекување странски инвестиции особено внимание привлекуваат неговите показатели:

- **бројноста и продуктивноста на населението**, од коишто најдиректно се димензионира обемот на потрошувачката, работниот контингент, големината на капацитетите на внатрешниот пазар и сл;
- **економско – социјалната структура на населението** е битен показател на нивото на економскиот развој. Имено станува збор за тоа како населението е распоредено во примарните, секундарните и терцијарните дејности;
- **работоспособното население** е иманентно, како од аспект на производството, така и од аспект на потрошувачката, т.е. доколку населението се посматра по возрасни групи може да се види просечното или средното траење на животот;
- **квалитативните карактеристики** на населението, со посебен акцент на неговата квалификациска структура, нивото на образованието и стручната, т.е. квалификуваната подготвеност на вработените, но и на невработените, исто така се особено значајни.

Најизразена пречка за влез на странски инвестиции во Република Косово што ја намалува атрактивноста на земјата, односно ги дестимулира странските вложувачи е **високиот политички ризик за вложување.** Овој демотивирачки фактор, главно, е резултат на продлабочувањето на кризата во регионот во последниве десетина години, што најчесто преминуваше во воени дејствија.

Големо значење за привлекување на странски инвестиции имаат и состојбите во **финансискиот пазар** на конкретната економија. Овде особено се издвојува степенот на развиеност на домашниот пазар на капитал, односно берзата. Развојот на

финансискиот пазар во Република Косово се одвива во тешки услови и паралелно со реформските процеси на приватизацијата, структурните реформи, појавата и развојот на акционерството итн. Притоа се манифестира висока недоверба во домашниот банкарски систем, (случаите со заробените девизи што сѐ уште се решаваат, пирамидалните штедилници), постојана опасност од проширување на воените судири од соседството во и др.

Приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал. исто така не се одвиваше со очекуваната динамика, така што и денес секојдневно се вршат ревизии на некои сомнителни приватизации. Всушност општа е констатацијата дека реформите во финансискиот систем се одвиваат доста бавно и се доцни во однос на другите земји во транзиција. Овој ограничувачки фактор за отпочнување на траен и одржлив стопански развој, главно е резултат на: ниското штедење, изгубениот кредибилитет на банките, ниското ниво на кредитирање на стопанството со долгорочни кредити, долгото и бавно оформување на регулативата од оваа сфера и др[124)].

Оттука, промоциските пораки до странските инвеститори[125], главно, би треабало да се засноваат на следниве мотивирачки елементи :

- во Косово живее најмладото население во Европа, чијашто просечна возраст е 25 години,
- има висококвалификувана работна сила, подготвена за работа,
- еврото/€ е официјална валута,
- географската лоцираност нуди „бесплатен" пристап до пазарите на ЕУ, САД и CETA,
- постои низок данок на економската активност каде што приходот е 0 - 10%,
- приходот од придонеси е 5%,
- 18% ДДВ и данок на добивка 10%,
- економска стабилност, особено по 2008 година. Имено со Декларацијата за независност на земјата безбедноста и стабилноста продолжуваат да се зголемуваат.Косово е членка на ММФ и Светската банка, а и правосудниот систем од 1999 година е изграден во согласност со законодавството на ЕУ, така што странските инвеститори уживаат национален третман. Денес, Косово се смета за стратегиски интересна инвестициска локација, зашто земјата се наоѓа во центарот на Балканот, има одличен развој на инфраструктурата, поседува природни ресурси (водени, шумски, рудни) и плодно земјоделско земјиште.

Оттука, пак, може да се заклучи дека идниот економски развој на Косово, во голема мера, зависи и ќе зависи од поголем прилив на СДИ, и тоа во оние области

124)Foreign Direct Investment in Central and Eastern Europe, Polices and Trends in Fourteen Economies in Transition, OECD, Paris, 1994.

.

125Жак Морисет и Оливер Луменга Несо, Административни бариери за странските инвестиции во земјите во
развој

коишто се атрактивни и ќе придонесат за привлекување инвеститори кои ќе сакаат да инвестираат, т.е. да ги ангажираат своите парични средства во напредокот на земјата. Како фактор што влијаеше врз ограничувањето на пенетрацијата на глобалната финансиска криза (од 2008 год.) во Косово, но и во соседна Албанија, беше фактот што тие не работеа со т.н. финансиски деривати. Имено, финансиската активност се засноваше на обезбедување едноставни заеми и одржување на депозитите, а со тоа се предизвика генерирање на нивните профити. Косовската економија, како транзициска економија, сепак, направи значителен економски напредок, но сé уште е многу зависна од меѓународната заедница и од дијаспората во смисла на финансиската и технолошко-техничката помош. Косовските граѓани се сметаат за најсиромашни во Европа според БДП по глава на жител, пред сé, затоа што постои висока стапка на невработеност, а тоа е сериозен проблем за земјата, меѓу другото, бидејќи директно влијае врз миграцијата на населението и засилената активност на црниот пазар или сивата економија. Одделни анализи, направени од страна на ММФ, предвидуваа дека во 2011 и 2012 година ќе има економски раст од 5%, што навистина се случи. Така, според статистичките податоци, објавени во претходната година, се констатира дека економскиот развој за 2011 година изнесувал околу 5%, а тоа се должело на интензивната активност, главно, на приватниот сектор. Но, не треба да се занемари ниту фактот дека по тој период цените значително се зголемија, и тоа како одговор на инфлацијата[126].

[126]Jacques Morisset & Oliver Lumenga Neso, Administrative Barriers to Foreign Investment in Developing Countries

# 5. ПЕТТИ ДЕЛ

**Анализа на реформите и политиките за поддршка на процесот за инвестирање и унапредување на инвестициската клима во Р. Косово**

## 5.1. Оценка на инвестициската клима за привлекување странски директни инвестиции во Р. Косово

Анализата на постојната состојба на Р.Косово покажува дека внатрешните ризици за раст на инвестициите произлегуваат од лошиот институционален капацитет, високиот степен на неформалност, нејасните права на сопственост, корупцијата (особено во полицијата и судството)што не е спречена и елиминирана во согласност со законот, како и недостатокот на политичка стабилност на собранието и владата. Оттука, се очекува маргиналните придобивки од претходните промотори за раст, вклучувајќи ја надворешната помош и дознаките од дијаспората, во иднина дека можат да се намалат, па се наметнува потребата од реализирање на забрзани структурни реформи за трансформацијаи подобрување на продуктивноста. Без интензивирање на овие активности Косово ќе има потешкотии при привлекувањето странски директни инвестиции, а тоа директно би влијаело врз остварувањето на аспирациите на земјата за членство во ЕУ, што секако би се рефлектирало врз општата економска клима, пред се́, како последица од социо-економските притисоци поврзани со новиот демографски профил.

Натаму, надворешните ризици вклучуваат тековни потешкотии и проблеми во регионот на Западен Балкан со земјите од еврозоната, што се главните пазари и за косовскиот извоз. Политичкатанестабилност, пак, може директно да влијае врз привлекувањето странски директни инвестиции што од руга страна претпоставува и што побрзо да дојде до усвојување на изменитево законодавството, т.е. оние законски решенија коишто се неопходниза спроведување на ПСБ. Во истовреме, недостатокот на политичка стабилност може да ја наруши довербата кајстранските инвеститорите.

За привлекувањето странски директни инвестиции во Република Косово постои неопходна потреба за подобрување на постојната инвестициска клима, востановување на владеењето на правото, зголемување на конкурентноста меѓу компаниите, одржлив развој на економијата, подобрувањето на јавната инфраструктура и логистика, а особено решавање на отворените прашања во енергетскиот сектор. Сите овие реформи тесно се поврзани со процесот за интеграција на земјата во ЕУ, а се клучни инструменти за привлекување новиинвестиции, како и насочување на обемот и

големината на досегашните инвестициски зафати во оние делови од земјата каде што постојат услови за зголемување на продуктивноста во компаниите, отворање нови работни мест и создавање на потребните предуслови за економски раст и "учење во чекор" или „учење низ работа". Само на таков начин ќе може да дојде до намалување на високата стапка на невработеност и сиромаштија во Косово.

Другите клучни приоритетиза привлекувањето странски директни инвестиции вклучуваат решавање на неусогласеноста меѓу потребните знаења и вештини, од една страна, и барањата на пазарот, од друга страна, а тоа подразбира реформирање на образовните програми и насочување на кадрите во оние научни/стручни сфери коишто се атрактивни денес. Тука во тој контекст најголемите предизвици на Косово се во обезбедувањето одржлива енергија, т.е. енергетска безбедност, а тоа бара надминување на проблемот со недостигот на енергетски капацитети.Имено, нормалното снабдување со електрична енергија е едно од трите главни ограничувања со коишто се соочуваат локалните компании и населението, а тоа ги одвраќа и потенцијалните инвеститори да го преселат нивниот бизнис во Косово (секако, заедно со присутната корупција и дејствувањето на неформалниот сектор). Косово нема одржливо снабдување со електрична енергија. Застарените електрани предизвикуваат најголемо загадување на воздухот во Западен Балкан, предизвикувајќи и чести нарушувања во снабдувањето со електричната енергија, а на тој начин го спречуваат и растот на инвестициите[127].

И покрај постоењето на режимот за слободна трговија, сепак, интеграцијата на Косово на регионалните пазари има евидентензастој и потреба од многу работа во наредениот период. Овде, главно, се мисли на стратегиските инвестиции во енергетската и транспортната инфраструктура како во земјата, така и во регионот, зашто тоа, паралелно со имплементацијата на релевантните реформи во клучните социо-економски сфери, може многу да помогне да се зголеми интерконекцијата меѓу трговијата и инвестициите со останатите земји од регионот.

Косово се соочува со многу мал дефицит и има пониско ниво на извоз за разлика од другите земји во регионот. Тоа е јасен знак за тешкотиите со коишто се соочуваат косовските компании на меѓународниот пазар. Како последица на неприлагодената јавна инфраструктура (автопати, железнички пруги, современи сигнализации итн.) најчесто се оддолжува транспортот на стоките и патниците, но исто така постојат и низа други бариери во деловното окружување (на пример, отсуството

[127]Анкета за бизнис ефикасност на претпријатија (BEEPS)

на едношалтерскиот систем за извршување на низа административни потреби при обезбедување на документацијата и сл). Натаму, во овој контекст можат да се споменат и нетарифните бариери за трговијата, како што се, на пример, политиките за јавни набавки и мерките против амортизација, царинските бариери за трговијата, обезбедувањето на санитарните / фитосанитарните стандарди / мерки, како и многу други прашања од ваква природа.

Значи, генерално, може да се заклучи дека Косово, како аспирант за влез во ЕУ има преземено определени активности за привлекувањето странски директни инвестиции преку подобрување на вкупната бизнис клима, но се́ уште стојат отворени прашањата за забрзани реформи во правосудството заради владеење на правото, потоа интензивирање на акциите за сузбивање на корупцијата, законска рамка за задржување на младите во земјата, односно нудење мотивирачки мерки(помош при отворање сопствени бизниси, помагање на земјоделците со субвенции, застапување на еко стандардите за зачувување на животната средина, работа со невладините организации, вклучување на жените во општествено-политичките органи и тела, згрижување на децата без родители, зголемување на социјалната помош, пензиите итн.).

## 5.2. Досегашни мерки и политики за привлекување СДИ

Според Стратегијата за развој на Косово, во насока на привлекувањето странски директни инвестиции, може да се заклучи дека се предвидени следните неколку мерки за имплементирање на одделни реформи, и тоа:

- ССА (механизмот за стабилизација и забрзување на дијалогот со ЕУ), којшто неодамна стапи во сила и покажува дека Косово е посветено на исполнување определени стандарди за унапредување на регулативите и целокупното деловно опкружување. Овој прв договорен однос меѓу Косово и ЕУ го претставувапозначајното приближување на земјата кон ЕУ.Исто така, тој служи како рамка за соработка и политички дијалог меѓу двете страни, т.е. формализирање на преференцијалниот пристап на Косово кон пазарот на ЕУ во замена за конкретни обврски за реформи во областите, како што се, на пример, конкуренцијата и државната помош, при што се формирани 2 тела;
- според новиот **stend-baj аранжман,** Косово има **450 молиони евра** за капитална потрошувачка од донаторските финансирања;
- Владата ја усвои **Националната стратегија за развој за периодот од 2016 до 2021год.** со цел да се создаде основа за одржлив раст, но и да се забрза интеграцијата на Косово во ЕУ со посредство на реформските зафати.
- исто така е основан Национален одбор за инвестиции (НОИ), а со него управува Министерството за европска интеграција и Министерството за финансии, при што се зема предвид и Единствената листа на приоритетни инфраструктурни проекти (**Single Project Pipeline),** односно проектите по сектори од коишто се

очекуваат финансиски средства што ќе помогнат земјата да ги определи приоритетите за идните инфраструктурни проекти, вклучувајќи го и нивниот фискален импакт;

- Косово, исто така, ја има веќе доставено втората Економска програма за реформи до соодветните тела на ЕУ за периодот од 2016 до 2018 год., што е важен чекор за продлабочување на дијалогот со ЕУ;
- клучните реформи имаат за цел унапредување на правниот амбиент, јакнење на јавната управа, развој на институциите и физичката инфраструктура, резултирајќи со понуда на одделни услови за инклузивен и одржлив раст, а со тоа и привлекување поголем обем на СДИ. Но, сé уште има слабости во формалното вработување, социјалните услови и социо-економската благосостојба на најзагрозените делови на земјата;
- на крај, изградбата на далекуводот со моќност од 400 **kV** меѓу Албанија и Косово ќе обезбеди размена на електрична енергија, а со тоа ќе се овозможи максимално да се користат албанските хидроелектрани во зимскиот период, како и косовските постројки за јаглен во сушните периоди. Покрај тоа, Албанија и Косово имаат најавено воспоставување заеднички енергетски пазар за двете земји. Сето тоа би значело подобрување на бизнис климата во земјата за привлекување СДИ.

Имено, досегашните мерки за привлекувањето странски директни инвестиции и преземените реформи во некои од клучните области за подобрување на бизнис климата и стратегиските решенија, коишто имаат за цел привлекување поголем обем на СДИ во Р.Косово, водат кон потребите за менување на економската политика, односно градење модел што ќе биде во функција на унапредување на севкупниот амбиент за мотивирање на странските инвеститори да го вложуваат својот капитал во косовската економија.Во таа смисла, пак, се очекува исполнување на стратегиските цели на Р.Косово во однос на СДИ.

Косово го користи еврото како своја валута, иако некои од банкарските активности се спроведуваат и во српски динари (во северниот дел на Косово). Процентот на депозитни кредити е конзервативен и постои основна шема за осигурување на депозитите, поддржана од механизмот за позајмување на ЕБРД. Изложеноста на депозити и заеми е релативно концентрирана, како одраз на многу блиската инвеститорска и позајмувачка база на пазарот.

### 5.2.1. Мерки за спречување на корупцијата во земјата, како предуслов за привлекување СДИ

Косово има голем број институции специјално дизајнирани да ја испитуваат и да се борат против корупцијата. Иако институционалната рамка е стабилна, сепак, координацијата, комуникацијата и соработката меѓу нив е слаба.

Косовската Агенција за борба против корупцијата[128] е водечка косовска институција против корупција, но нејзиното име ги надминува нејзините вистински овластувања. Главниот недостаток е дека процесот на декларирање на имот и средства исклучително е успешен, и тоа со над 90% исполнувања на оваа обврска, вклучувајќи ги високите службеници. Сепак, Агенцијата го фокусира целиот свој потенцијал на остатокот и на тој начин го игнорира она што е наведено. Главните слабости на оваа агенција се однесуваат на одделот за истраги, којшто се потпираше целосно на надворешни информации за нивните случаи за тие истрагите требаше да се спроведат низа истражувања преку својата канцеларија. Клучен недостаток, од аспект на работата на Агенцијата за борба против корупцијата, е слабиот квалитет на информациите што ги испраќа до обвинителството, патоа резултира (во повеќето случаи од нив) да бидат отфрлени за натамошно постапување.

Одделот за конфликт на интереси, исто така, има сериозни недостатоци, а најдобриот доказ за ова е реалноста, зашто повеќето јавни службеници, особено пратениците, имаат втора работа во некоја јавна институција, на пример, Поштата и телекомуникациите на Косово. Генералниот ревизор досега пронашол сериозни проблеми во работата на Агенцијата, и тоа: неуспехот да се евидентира попис; повреда на процедурите за вработување; работниците се ангажирани и покрај тоа што официјално биле на отсуство итн.

Државното обвинителство има составено таканаречена *Група на обвинители против корупција* со општински и окружни обвинители, кои се назначени да ги испитуваат и гонатвклучените во случаите на корупција. Групата е полу-неформална според својата природа и се состанува редовно за да ја разгледува општата состојба на случаите со корупција во обвинителството, но нејзината главна цел е да ја олесни комуникацијата меѓу полицијата и обвинителството.

Друга важна институција во борбата против корупцијата е *Антикорупциската работна група* којашто е дел од Специјалното обвинителство и е главниот механизам во борбата против корупцијата. Таа се состои од пет локални обвинители и тројца меѓународни обвинители, поддржани од 30 полициски службеници и пет експерти за финансии. Позитивната страна на оваа институција е дека таа е единствената институција во Косово што е специјализирана и посветена на борбата против корупцијата, а обвинителите кои работат во оваа работна група се платени повеќе од

[128] https://akk-ks.org/sr/lajmi_i_plote/875

државните обвинители. Работната група ужива целосна поддршка од владата, судството и Парламентот.

Во рамките на косовската полиција, пак, постои *Дирекција за истраги на економски криминал и корупција*. Раководителот на ова одделение поднесува извештај до генералниот директор на полицијата и тесно соработува со координаторот за борба против корупцијата во Државното обвинителство. Главните задачи на оваа Дирекција вклучуваат испитување на економскиот криминал и корупција, при што не се прават разлики меѓу службените лица и обичните граѓани. *Единицата за финансиско разузнавање,* во рамките на косовската полиција, работи главно против перењето пари и има важна позитивна надлежност, а тоа е можноста за испитување на банкарските сметки. Посебен механизам, поставен неодамна за борба против корупцијата, е *Националниот совет против корупција*. Главната активност на овој совет е да ја зголемува соработката и координацијата меѓу институциите што се одговорни за борба против корупцијата.

Канцеларијата на генералниот ревизор има примарна улога во промовирањето на отчетноста и транспарентноста на јавните финансии. Главната позитивна страна на оваа институција е професионализмот, односно квалитетот на работата и одржувањето на својот кредибилитет и објективност. Сепак, голем недостаток е не постапувањето на другите косовски институции во спроведувањето на решенијата во врска со ревизорските наоди. Покрај тоа, постојат и други структури, како што е, на пример: *Телото за преглед на набавките* и *Регулаторната комисија за јавни набавки* , коишто играат важна улога во борбата против корупцијата. Предностите на овие структури се во тоа што покажуваат ефикасност при справувањето со одделни поплаки од страна на учесниците во јавните набавки.Мора да се напомене дека одделни структури идентификувале определени слабости, и тоа преку тврдењата дека овие тела се само уште еден дополнителен сегмент за полесно добивање договори за јавни набавки. Иако постои *„црна листа“* на економски оператори, кои не успеале да ги исполнат своите договорни обврски и не смеат да склучуваат договори за јавни набавки, сепак тој список честосе игнорира (Task Force за европска интеграција). Законската рамка што е насочена кон ботбата против корупцијата на Косово ја чинат следниве законски решенија: Krivični Zakon, Zakon o Zaštiti Uzbunjivača, Zakon o Disciplinskoj Odgovornosti Sudija i Tužilaca, Zakon o Proširenju Ovlašćenja pri Konfiskaciji i Zakon za Prevenciju Sukoba Interesa.[129]

[129]https://eeas.europa.eu/delegations/kosovo/55282/node/55282_mn

Во оваа низа во периодот од 2009 до 2011 година се спровеле Стратегијата и Акцискиот план за борба против корупцијата, кои биле одобрени од страна на Собранието на Република Косово на 12 октомври 2009 година. Одделението, со цел да ги спроведе своите законски надлежности и функционирање HD АЦВ - натаму развило значајна активност во однос на подготовката на интерните документи од страна на професионалците од оваа област, кои придонесоа во изработката и носењето на интерните одлуки. Одделението за истраги го даде својот придонес и преку професионални коментари, конкретни препораки и со учество во работни групи за време на измената на Кривичниот законик на Косово, особено во врска со прекршоците во службената должност, предлагајќи да се изменат тековните прекршоци, да се зголеми видот на прекршоците и да се заострат кривичните санкции за овие престапи.

Обидите на државните институции за борба против овој проблем покажаа скандалозни резултати, и тоа како последица од недостаток на политичка волја да се изгради независен и доволно способен судски систем, зашто постојниот е проследен со лошото работење на институциите за владеење на правото. На пример, секторот за јавни набавки останува еден од секторите со најголема склоност за корупција на високо ниво.[130] Со години station наназад ЕУ, исто така, алармира дека оваа област има голем потенцијал за корупција.[131]

Обвинителот на СПРК и поранешниот национален координатор за борба против корупцијата дадоа вознемирувачка изјава за работата на обвинителските служби, повторувајќи дека обвинителите честопати спроведуваат истраги од канцеларии, седат во кафулиња и ресторани со политичари, покажуваат бирократско однесување итн., што е далеку од реалното соочување и спречување на корупцијата. Во одделни случаи, пак, притисокот врз обвинителите е директен или е прикажан преку медиумски кампањи. Првичните фази на истраги честопати се одвиваат како информации преку соопштенија објавени во јавните медиуми, а со тоа се зголемува јавниот притисок врз одделни обвинители. Од тие причина обвинителите често и свесно избегнуваат да се одлучат да не се вклучуваат со големите корупциски афери, а со тоа да не бидат цел на медиумската изложеност.

Оттука, во ноември 2013 година, со цел да се спречат некои случаи на корупција, косовскиот обвинителски совет (КПЦ) усвои Акциски план за покренување

---

[130] Извештаи за напредокот на Косово за 2013, 2014 и 2015 година

[131] Извештаи за напредокот на Косово за 2013, 2014 и 2015 година

обвиненијаза некои од откриените случаи на корупција до крајот на јуни 2014 година.[132]

И покрај овој план за дејствување, сепак резултатите беа занемарливи, т.е. минимални. На пример, во временската рамка, утврдена со акцискиот план, СПРК имаше 55 случаи на корупција против 322 лица. СПРК успеа да процесуира само 18 случаи против 121 лице или 33% од вкупните случаи во постапката. СПРК продолжи да ја занемарува фиксната стапка на работа, особено прекусоработката со одделни потенцијални експерти за спроведување истраги за економски и финансиски криминали.

**Спроведувањето на законот** - е еден од трите главни столба врз коишто се заснова работната стратегија на Агенцијата. Спроведувањето на законот значи испитување на сомнителни случаи на корупција и проследување кривични пријави за кривичните дела поврзани сокорупција до надлежните канцеларии на јавните обвинители на Косово.Тоа се прави во случаите кога не е поведена кривична постапка, како и изготвување нови закони за дополнување на правната рамка на Косово. [133]

Меѓу приоритетите, пак, Секторот за истраги има цел да испитува сомнителни случаи на корупција (и двата случаи што се детектирани се пријавени), како и истрага за случаи по службена должност, ако Агенцијата има пристап до информации засновани врз сомнителни корупциски практики. Одделот за истраги континуирано ги проучуваше и ги следеше позитивните трендови на дефинирањето на антикорупциската правна рамка во регионалните и европските земји, а со цел да се измени и дополни антикорупциската правна рамка на Косово.

Во тој контекст, Одделението за истраги активно се ангажираше во изменување и дополнување на Законот за спречување корупција, Законот за спречување судир на интереси при вршење јавна функција, со учество во меѓувладини работни групи и даде голем придонес за време на процесуирањето на овие закони во собраниската Комисија за законодавство и правосудство, и тоа во сите фази на нивното разгледување до конечнотоусвојување. Овие два закона се одобрени од Собранието на Република Косово и нив ги потпиша претседателот на Република Косово. Исто така, тој учествувал и во подготовката на Предлог-законот за декларација, потекло и контрола на имотот и подароците на високи јавни службеници, со учество во меѓувладини работни групи, како и во собраниската Комисија за законодавство и правосудство. Овој закон е

[132]Косовски обвинителски совет, зголемување на Акциониот план и ефикасност на обвинителскиот систем во борбата противкорупција, стр. 3. Линкови: http://www.psh-ks.net/repository/docs/Action_Plan_-_Corruption.pdf

[133]Агенција за борба против корупцијата (2019) - https://akk-ks.org/

одобрен од Собранието на Република Косово и го има потпишано претседателот на Република Косово. [134]

### 5.2.2. Реформи во правосудниот систем

Правосудниот систем, како и сите други институционални сфери на Косово, претрпе сериозно нарушување за време на апартхејдот во '90.години на минатиот век, како и за време на војната во 1998/99 година, откако беше преземена власта од режимот на Милошевиќ. Апартхејдот и комунистичкиот систем имаа сериозни реперкусии, со посебен акцент врз правосудниот систем, а тие сè уште го оптоваруваат овој систем до ден- денес.

Веднаш по завршувањето на војната, УНМИК формираше итно судство составено од обвинители и локални судии, наследувајќи ја структурата на судовите и започнатите процеси, методите на работа, законите и подзаконските акти од минатото или, со други зборови: менталитетот на комунистичкиот систем.

Најраната дискусија за реформата во правосудниот систем се однесуваше на структурата на судството и обвинителскиот сегмент на Косово, со оглед на фактот дека наследената структура не беше во функција.[135]

Правосудниот систем во Косово претрпе тековни реформи во последниве години, а со цел привлекување странски директни инвестиции беше зајакната правната рамка за бизнис амбиентот. Иако има значителен напредок, сепак, реформите во некои сектори сé уште се недоволни, всушност, како што е наведено и во проценката на ЕБРД за законодавството за корпорациско управување и унапредување на корпорациските практики.

Сопственоста на земјиштето е сериозен правен проблем. До неодамна разјаснувањето на правата на сопственост беше многу тешко во Косово, бидејќи многу имоти останаа оштетени, уништени или напуштени, особено како резултат на конфликтот во 1999 година и трансакциите со имот се често не евидентирани поради проблеми во институциите и владата (Проект i).

Светската банка учествува во Косово со поддршка за недвижности и катастар и има за цел да го подобри системот на сопственичките права и да создаде правна сигурност за инвеститорите, но и да им овозможи на граѓаните да го користат имотот

[134] Агенција за борба против корупцијата (2019) - https://akk-ks.org/

[135] Task Force за европска интеграција (2011) - Материјал за дискусија за косовскиот правосуден систем

како обезбедување за пристап до финансиски средства од банките за развој на земјиштето и регулирање на пазарот на имот во државата. Ова особено е важно со оглед на тоа што Владата сака да создаде индустриски зони, при што треба да се решат *сериозните пречки* за обезбедување локации за бизнисите коишто можат да бидат поддржани во обезбедувањето средства за купување земјиште што ќе овозможува привлекување странски директни инвестиции.

Во однос на финансискиот сектор, пак, може да се каже дека и покрај неодамнешните реформи, сепак, правната рамка за привлекување странски директни инвестиции наидува на сериозни проблеми што произлегуваат од неизвесностите во системот за регистрација на недвижен имот и обемот на информациите што ги покрива кредитниот регистар (комерцијални заеми и комунални услуги ), а тоа го намалува квалитетот на кредитните референци. Поради одложувања во донесувањето на релевантните прописи, Законот за стечај започна неодамна да се спроведува во практика, а првиот случај беше поднесен во 2015 година. Се чини дека постои недостаток на практично искуство во стечајните постапки, така што е потребна натамошна обука за судската администрација и правната заедница, воопшто.

Иако Уставот јасно ја гарантира независноста на судството, сé уште Косово продолжува да се соочува со предизвиците од оваа област. Исто така, Косово се соочува со бавното дејствување на судскиот систем, одложувањата на судските рочишта и големиот број нерешени предмети.

Напорите за судските реформи во Косово во насока на привлекување странски директни инвестициитреба да се насочат кон зајакнување на независноста на судството и градење солидни правосудни органи за решавање на споровите. Имено, сите пресуди треба да бидат јавни, да се обезбеди лесен пристап до информациите и документите, но и да се обезбеди можност за истражување од страна на месиумите. Ова ќе ја зголеми довербата на инвеститорите во правосудниот систем што ќе гарантира брзо решавање на евентуалните спорови и ќе придонесе за подобрување на деловното опкружување.

Во борбата против корупцијата се преземени одделни позитивни чекори, особено со објавување на изјавите за богатствотово јавна сопственост. Во Извештајот на Европската комисија за 2015 година е содржан важен сет на битни препораки за властите и четирите клучни тела, штосе вклучени во борбата против корупцијата во земјата.Притоа е посочено на приоретизирањетово постапувањето по случаите на корупција на високо ниво, особено во делот на јавните набавки и ревизијата, потоа

почитувањето на одредбите од Законот за судир на интереси и сите поврзани закони во согласност со европските стандарди.

Иако Косово забележува значителен напредок во создавањето ефикасна рамка за енергија, сè уште има многу работа што треба да се направи за да се обезбеди усогласеност со законодавството на ЕУ во областа на енергетската ефикасност и животната средина (види Прилог за правните норми). Косово неодамна усвои ново законодавство за енергија, како енергетски регулатор, потоаза електрична енергија и гас, а со цел транспонирање на Третиот пакет. Целосен рејтинг од влијанието на овие правни акти во соодветниот секторсеуште не е постигнат, но во следните чекори се очекува да се спороведе подготовка на подзаконските акти за поддршка на зајакнувањето на капацитот на регулаторот, а во функција на либерализација на енергетскиот пазар.

Правните реформи за привлекување странски директни инвестиции вклучуваат и други аспекти, на пример, создавање вонсудски механизми за да му помогнат на судството да биде поефикасно. Во духот на постојната длабока реформа е изготвен и новиот Кривичен законик и новиот Законик за кривична постапка. Процедуралниот аспект на законодавната реформа може сериозно да се критикува, главно, заради недостаток на јавни консултации за промените. Во текот на овие иницијативи судството, исто така, се обидува да ги реформира кадрите. Најголем предизвик во процесот на назначување судии и обвинители е апсорпцијата на стручниот персонал во системот. Недостатокот на јасна понуда и, генерално, непрофесионалниот персонал негативно влијае врз резултатите од овој процес.Севкупно, оваа реформа немаше сеопфатна стратегија што ќе го насочи ангажирањето на различните институции и ќе ја направи проценката на реформските достигнувања померлива. Недостатокот на сеопфатна стратегија ги принуди институциите да воспостават нови институти и механизми, да извршат редизајн на постојните процедури и механизми и да преземаат други активности - ад хок врз одговорна основа.

Повоениот правосуден систем претрпе низа реформи. Пред прогласувањето на независноста Косово имаше големи проблеми со исклучително комплицираниот правен систем. Овој систем се состоеше од различни нивоа на „применлив закон", што создадоа правна несигурност.(24) До прогласувањето на независноста најголемо достигнување на правната реформа беше изготвувањето и влегувањето во сила на Привремениот кривичен законик и Кодексот на однесување (како и Привремената кривична постапка во 2004 година). Со овие два закона и стапувањето во сила на законите за Семејството, наследството и другите закони, сепак, правната

инфраструктура се подобри до определен степен (25). Изгласувањето на Уставот на Република Косово и објавувањето на новите закони до извесен степен се елиминира комплексноста на правниот систем.[136]

Уставот го дефинира Косово како демократска република, заснована врз принципот на поделба на власта и контрола, и рамнотежа меѓу нив. За првпат судството во Косово е дефинирано како уникатно, независно и се практикува од судовите, што е најголем напредок во обезбедувањето независност на судската власт. Покрај независноста на судството, Уставот предвидува независност на обвинителскиот систем, преку формирање на Косовскиот обвинителски совет. Уставот го отвори патот за далекукратни реформи на правосудниот систем, а со тоа што се разјасни визијата за моделот на управување со земјата. Како резултат на тоа, натаму, законодавната и судската реформа вклучуваа изготвување и дополнување на голем број закони.[137]

Сите овие закони за привлекување странски директни инвестиции имаат за цел да влијаат врз создавање предвидливост и правна сигурност на Косово. Изготвувањето и стапувањето во сила на четирите основни закони на правосудниот систем беше запрено, главно, како резултат на несогласувањата меѓу Владата и меѓународната заедница околу структурата на судовите, при што вторите инсистираа на формирање Апелациски суд во северна Митровица.

Овие закони беа одобрени дури во 2010 година, при што се промовира независноста на судството и обвинителскиот систем. Натаму, пак, законите ја дефинираа и новата структура на судовите и обвинителството, менувајќи го функционирањето на системот. Постојаните мандати до пензионирање на судиите и обвинителите, потоа основните плати израмнети со другите овластувања, новата структура на судовите што ги специфицираше овластувањата, создавањето на КПЦ и другите правни иновации во судскиот и обвинителскиот систем беа некои од нагласувањата за имплементација на реформите во судството и обвинителството. Овие елементи, сепак, обезбедија високо ниво на независност. [138]

Реформата на судската администрација не смее да се ограничува со процесот на преименување и именување судии. Оваа реформа бара јасни политики и стратегии што тангираат низа институции, надвор од судските и обвинителските сектори. За време на администрацијата на УНМИК правосудниот систем во Косово го сочинуваа судии и

---

136 Задача за европски интеграции (2011) - Документ за дискусија за правосудниот систем на Косово

137 Задача за европски интеграции (2011) - Документ за дискусија за правосудниот систем на Косово

138 Task Force за европска интеграција (2011) - Материјал за дискусија за косовскиот правосуден систем

обвинители кои не поминале преку соодветно проверување и тестирање. Правосудниот систем во тоа време беше затворен за прифаќање нови кадри.

Од друга страна, во 2008 година стапија во сила законските норми за формирање Независна судска и обвинителска комисија (МЈПЦ), орган што требаше да се занимава со верификација и проценка на кандидатите. Најголем предизвик во процесот на назначување и избор на судии и обвинители е апсорпцијата на стручниот персонал во системот. Бројните заостанати случаи, корупцијата и фаворизирањето на одделни процеси, како и недостатокот на компетентност, не можеа да се решаватсо постојните кадри, ниту со менталитетот што ги создаваше овие проблеми. Нејасното привлекување квалитетни кадри во судството и генерално непрофесионалниот персонал негативно влијаеше врз резултатите од овој процес. Понудата за кандидати за судии и обвинители не беше примамлива, како во однос на материјалноста, така и од нејаснотијата на нивниот статус.[139]

И покрај иницијативата што започна порано, сепак, институциите не успејаа да подготват нови кадри за правосудниот систем, па „нема кусок на адвокати на Косово, но има недостиг на добри адвокати‟. Оттука, ефектот беше : од вкупниот број кандидати за позициите судии и обвинители, всушност, се избраа непрофесионалци (голем дел од нив) и останаа непотполнети голем број работни места.

Со текот на годините се зголеми бројот на високообразовни институции во коишто доминираатправните факултети. Ова може да биде можност во иднина, како резултат на конкуренцијата, да се привлечат квалитетните адвокати. Покрај формалното образование, неопходно е да се развие и кариера преку правосудниот и обвинителскиот систем, што не постои долго време. Одговорноста за овој неуспех е на судските, обвинителските и владините институции.

Во судскиот и обвинителскиот систем администрацијата е многу важна, бидејќи вршисериозна работа во подготовката на предметите. Но, загрижува фактот дека администрацијата беше наследна од минатото, а со тоа дојде до повоената деградација во судството. Дури и нефилтрирањето на овој дел од персоналот, кој се смета за незаменлив во работниот процес на судиите и обвинителите, носи евидентни неуспеси. Распространетата злоупотреба на службената должност и сомневањата за бројни корупциски активности, секако, не ги извршиле ниту судиите, ниту обвинителите, без тесна соработка со нивниот персонал.

---

[139] Task Force за европска интеграција (2011) - Материјал за дискусија за косовскиот правосуден систем

### 5.2.3. Реформи и унапредување на даночниот систем

Даночната политика игра значајна улога во процесот на привлекување СДИ. Имено, оданочувањето ги интересира инвеститорите, па затоа се грижат да ги осознаат постојбите законски решенија во даночната сфера, односно да проверат кои олеснувања ги дава земјата во текот на нивното инвестирање. Оттука, Косово, како и др. земји од регионот, има преземено низа мерки за либерализација на пазарот, но и даночни олеснувања, што би ги привлекле инвеститорите да го вложат капиталот во оваа земја. Натаму е направен краток осврт на некои даночни унапредувања.

Во однос на даночните стапки во Косово, по Албанија, Хрватска, Црна Гора и Србија, кои спроведуваат прогресивен данок на доход, државата Косово применува две нивоа на директно оданочување.

Што се однесува до високата стапка на данокот на доход, пак, Република Косово воспостави база без преседан и е една од земјите со пониска даночна стапка во споредба со другите земји во регионот и ЕУ, а причината е бавниот економски развој и

| ЗЕМЈА | ДДВ | ДАНОВНА ДОБИВКА | ДАНОВНА ДАНОЦА | Социјално осигурување |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | 5%, 18% | 10% | 10% | 27% |
| Албанија | 6%, 20% | 5%,15% | 13 %, 23 % | 27.9% |
| Косово | 8 %, 18% | 10% | 10% | 10% |
| Бугарија | 9%, 20% | 10% | 10% | 32.8% |
| Црна Гора | 7%, 21% | 9% | 9%, 15% | 34.3% |
| Хрватска | 5%, 13%, 25% | 18% | 12%, 40% | 37.2% |
| Грција | 6 %, 13%, 24% | 29% | 45% | 41.06% |
| Босна и Херцеговина | 17% | 10% | 10 % | 41.5% |
| србија | 10%,20% | 15% | 10%, 25% | 37,8,% |
| Романија | 5%, 9%, 19% | 29% | 45 % | 37.25% |

нискиот животен стандард во земјата.

Од овие податоци се чини дека даночните приходи во Косово не се статични, но тоа е алтернатива и тоа е прифатливо, бидејќи оваа категорија алтернативно се оданочува со закон од 4% до 10%, во зависност од приходот, додека во ЕУ оваа даночна стапка е фиксирана на 10%, во Бугарија и во Романија16%, додека алтернативна е и во Грција, т.е. од 0% -40%, како и во Хрватска од 15% -45%. Во другите земји од регионот нив ги регулираат регулираторите, како во Црна Гора и

Македонија, но има некои земји во регионот што имаат даночни стапки во зависност од приходот, на пример, во Србија тие се од 10% -20%.

Од друга страна, според Законот за ДДВ, овој данок во Република Косово есо стандардна стапка за сите категории производи и услуги што подлежат на оданочување од 2015 година, а таа е 18% (што за Косово, како земја во развој, може да биде несоодветна). Покрај тоа, земјите во регионот применуваат ДДВ, а стапката на ДДВ варира од една до друга земја, така што просечниот ДДВ за Балканот за 2017 година продолжува да биде 20 проценти, на пример: во Косово е 18%, Црна 21%, Северна Македонија 18%, Србија 20%, Хрватска 25%, Бугарија 20%, Грција 24% и Романија 19%. Стапката на ДДВ во Република Косово е меѓу најниските во однос на овие земји. Косоварите се прилагодуваат според стандардот на економскиот развој на земјата, затоа што се признава дека Косово стои зад овие земји во регионот во однос на одржливоста на економскиот развој. Исто така, во регионот во којшто земјите од ЕУ имаат највисока стапка на ДДВ, и тоа: Хрватска 25%, Бугарија 20%, Грција 24% и Романија 19%, најниска стапка, покрај Косово, има Босна и Херцеговина, само 17%.

Во истовреме, сите други балкански земји, освен Босна и Херцеговина, применуваат и намалени стапки на ДДВ, почнувајќи од 5% во Македонија, Хрватска, Романија, па Грција 6%, Црна Гора 7% Косово 8%, Бугарија 9% и Србија применува стапка од 10%.

Во изминатиот период беа преземени низа фискални реформи од страна на Министерството за финансии, коишто помогнаа во отстранувањето на бариерите за привлекување странски директни инвестиции преку олеснување на трговијата и зголемување на ефикасноста на даночната администрација. Имено, фискалните мерки започнати во текот на 2018 година и коишто продолжија и во 2019 година се очекува да имаат позитивно влијание врз зголемувањето на конкурентноста и зајакнувањето на домашното производство и инвестиции.

Реализацијата на потенцијалот што произлегува од стратегиските инвестиции, преку инвестициската клаузула и средствата ослободени од ликвидацискиот процес во ПАК се очекува да се зголеми на среден рок, како резултат на побрзата имплементација на проектот во периодот од 2019 до 2021 година, и тоа со повисоки приходи од ПАК во 2019 година. Изградбата на новите енергетски капацитети - со планирана инвестиција во период од 5 години, како и на новите производствени капацитети- ќе влијае врз зголемувањето на вкупните инвестиции според основното сценарио, а тоа ќе резултира со многу поголем раст на економијата. Инвестициите во

надградба на системот за пренос, исто така, се очекува да се зголемат. Економските ефекти од Договорот за стабилизација и асоцијација (ССА) се очекува да имаат позитивни ефекти на среден рок, бидејќи бариерите и трошоците за слободна трговија меѓу Косово и земјите од ЕУ ќе продолжат да се намалуваат.

Влијанието на надворешното опкружување врз странските извори за финансирање (дознаки, странски директни инвестиции, извоз) на среден рок ќе има зголемен ризик во однос на претходната година. Надолниот тренд, според ревизијата на економскиот раст во еврозоната и очекувањата за забавување на овој раст во наредните три години, можат да придонесат за побавен раст на главните извори за финансирање на косовската економија, со оглед на фактот дека еврозоната е главната дестинација во којашто се наоѓаат претежно косовски имигранти; а од нив потекнува најголемиот дел од СДИ; зашто значителен дел е поврзан со извозот на Косово. Намалувањето на даночниот јаз и наплатата на даночните долгови (според прогнозите за приходите) не се поврзани само со растот на приходите како резултат на макроекономските движења, туку и со формализирањето на пазарот и поддршката на конкуренцијата, особено на локалниот пазар. Затоа, проектираниот фискален прилив на којшто се заснова буџетот за 2019 година зависи и од успехот на административните и стимулативните политики за намалување на даночниот јаз и наплатата на даночниот долг. Во буџетот за 2019 година, за разлика од претходните години, се дефинирани јасни административни цели за намалување на залихите и наплата на даночните долгови, а тие се засновани на конкретни мерки за подобрување на работата на администрацијата. Како резултат на тоа, ризикот од не постигнување на овие цели се проценува дека ќе биде помал од претходните години. Ризикот од не исполнување на проектите поврзани со клаузулата за инвестиции е намален, со оглед на добрите перформанси при собирањето на средствата и ликвидацијата на ПАК фондовите во текот на 2018 година, но и преместувањето на голем број проекти во рамките тн. „Клаузула за инвестиции". Таа беше ратификувана во текот на 2018 година, но најверојатно ќе биде имплементирана во 2019 година, па и во следните две години. Веројатноста за материјализирање на ризикот, што произлегува од кревките капацитети на домашното производство на енергија, се очекува да се намали на среден рок, и тоа како резултат на можноста за изградба на електраната „Ново Косово". Од неа се очекува да се обезбеди сигурно снабдување со електрична енергија, но и значително да се зголеми придонесот на приватните инвестиции што би помогнале да се оствари реалниот раст на БДП.

Одржувањето и натамошното зајакнување на фискалната позиција на земјата останува главната цел на Владата за периодот што е опфатен со овој документ. Фискалната стабилност и натамошното зајакнување на процесите и механизмите, што ја обезбедуваат оваа стабилност, директно ќе влијание врз успешното спроведување на приоритетните реформи на Владата, односно директно и индиректно да го поддржуваат растот на економската активност во приватниот сектор. Во овој контекст може да се каже дека Владата има за цел да спроведе одговорно управување со јавните финансии, така што планирањето и извршувањето на буџетот да бидат во целосна согласност со фискалната рамка, како што е предвидено со ЗЗЛП (Законот за финансирање на локалната самоуправа) и правните одредби што произлегуваат од соодветнитезаконски решенија.

Успешното спроведување на макро-фискална стабилност и одржливост, истовремено и обезбедува и фискален простор на Владата за решавање на клучните недостатоци во јавната инфраструктура, преку финансирање проекти од јавните инвестиции со поддршка од концесиските заеми и фондови за ликвидација (на пример, ЈП, чие финансирање во рамките на LPFMA е ослободено од плафонот за дефицит на БДП од 2%). Покрај спроведувањето на правилата што беа наведени погоре, Владата на Косово ќе посвети особено внимание на даночните политики и даночната администрација, осигурувајќи дека сите измени во тековниот систем ќе бидат направени во консултација со засегнатите страни, особено со деловната заедница, за да се осигура дека промените имаат за цел стимулирање на економската активност и вработување, како и одржливо финансирање на владиното работење.

Од аспект на даночната администрација, за привлекување странски директни инвестиции се автоматизираат услугите за даночните обврзници; да се намали директната комуникација меѓу даночните службеници и даночните обврзници; да се применува пристапот заснован на ризик, а сето тоа ќе го подобри квалитетот на услугите, т.е. ќе се зголеми доброволното исполнување на обврските и ќе се намалува неформалноста. Во овој контекст може да се додаде дека среднорочните фискални цели на Владата се следниве:[140]

- обезбедување одржливо финансирање на јавните активности на Владата, осигурувајќи дека воспоставените даночни политики даваат резултати за стимулирање на активноста на приватниот сектор и генерирање стабилни приходи за државниот буџет;
- мобилизација на приходите, преку проширување на даночната основа, наместо зголемување на статутарните даночни стапки;

[140] Поедноставување на даноците за работни места и раст, Марк Галагер и Анте Бабиќ, 2005 година. Хрватска

- поедноставете ги административните такси и намалување на регулаторниот товар;
- одржување на балансирана структура на буџетот, со доминација на капиталните инвестиции за решавање на структурните бариери, преку подобрена јавна инфраструктура;
- обезбедување соодветно финансирање за приоритетните области, на пример, правосудните институции, безбедносниот сектор, здравството и образованието;
- подобрување на ефективноста на социјалното трошење и земјоделските субвенции преку подобро таргетирање;
- одржување ниско ниво на редовен дефицит (како што е дефинирано со фискалното правило), а со тоа и одржување на јавниот долг под контрола. Врз основа на овие цели, пак, со буџетот за 2019 година е распределен фискалниот простор, и тоа како резултат на предвиденото зголемување на приходите за: а) повисоки оперативни трошоци за приоритетните сектори; и б) поголеми капитални расходи за решавање на структурните недостатоци. Сепак, еден од најголемите фискални предизвици за постигнување на овие цели останува контролата на трошењето за финансирање на различните социјални шеми, коишто од година - во година се зголемуваат. Во однос на приходите од буџетот за 2019 година и следните години, проекциите се засноваат на разумни претпоставки за сите извори на финансирање (даночни, неданочни приходи, како и внатрешно и надворешно финансирање).[141]

Усогласувањето на законодавството со земјите од регионот и оние на ЕУ треба да се направи во смисла на обединување на овие законски спецификации, но секогаш земајќи го предвид нивото на економски развој и животниот стандард на населението, бидејќи граѓанинот не може да плати висок данок, ако има ниски примања. Оттука, Косово треба да ги следи трендовите на локален или регионален економски развој, па да ги усогласува даночните стапки со оние од земјите во регионот, а подоцна и со оние во ЕУ.

Усогласувањето на фискалните политики со земјите од регионот и ЕУ е добар параметар за тоа каде нивото на економски развој е во однос на фискалната политика. Во суштина, теоретски Косово има законодавство усогласено со актите на ЕУ, но во практиката неговото спроведување (во општеството) заостанува и во поглед на примената на законските одредби со коишто се регулира областа на фискалната политика во земјата. Правната основа што ја регулира оваа област е Законот за ДДВ, Законот за персонален данок на доход и Законот за корпорациските приходи.

*-ДДВ:* наплата на границата во 2019 година.Граничниот ДДВ продолжува да биде главен придонес за царинските приходи коишто учествуваат со над 52,5% или 647 милиони евра, што бележи раст од 5,1% во однос на буџетот планиран за годинава- 2018. Ова планирано зголемување на приходите од ДДВ, во најголем дел, се

---

[141]Поедноставување на даноците за работни места и раст, Марк Галагер и Анте Бабиќ, 2005 година. Хрватска

должи на очекуваиот зголемен увоз за поддршка на економската активност во земјата, но и како резултат на подобриот царински мониторинг;

Според буџетот за 2018 година, ***приходите од акцизи*** се зголемиле за 4,3% или 465 милиони евра. Покрај тоа, приходите од акцизи се зголемиле за 4,8%, на среден рок. Ова се заснова на зголемувањето на акцизата за тутунските производи, според акцизниот календар. Исто така, со практиките од европската политика треба да се забрани циркулацијата на дизел автомобилите, што ќе влијае врз падот на нивните цени и, следствено на тоа, ќе го зголеми увозот на овие автомобили. Покрај тоа, зголемувањето на количината на увозената нафта продолжи и во текот на 2018 година, а тоа влијаеше на зголемувањето на приходите од акцизи, па и зголемувањето на цените на меѓународните пазари;

-***царински давачки*** се зголемиле на 7,1%, на среден рок. Додека во 2019 година, пак, достигнале 120 милиони евра. Овие приходи треба се резултат на зголемувањето на даночната основа (кај увозот се зголемува за 8%), при што ќе го земе предвид негативниот ефект на ССА, на среден рок. Што се однесува до неданочните приходи, пак, се зголемиле за периодот 2019 година, што е одраз на побавната наплата на приходите од страна на општините. Покрај тоа, во текот на 2019 година приходите на локално ниво се зголемиле за 2 милиона евра и како резултат на тоа достигнале 57 милиони евра.

**Табела 3 Структура на буџетски приходи, како% од БДП**

| Опис | 2016 | 2017 | 2018 буџет | 2019 проектот | 2020 проектот | 2021 проектот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен влегов | 26.3% | 26.8% | 27.2% | 27.3% | 26.9% | 26.8% |
| Даночни приходи | 23.4% | 23.8% | 24.1% | 24.2% | 23.9% | 24.0% |
| Неданочни приходи | 2.9% | 3.0% | 3.0% | 2.9% | 2.8% | 2.7% |

Теоретското знаење, емпириското истражување и практичното искуство во областа на оданочувањето, од една страна, како и поголем прилив на странски директни инвестиции големите интеграциски движења, од друга страна, во последниве неколку децении имаат мало влијание врз промената на даночниот систем и мерките за економска политика. Имено, барањата што за привлекување странски директни инвестиции во современите услови се поставени пред даночниот систем и економската политика се следниве;

**-даночно усогласување** - за подобро и побрзо постигнување на целите поставени од економската заедница за целосна интеграција е неопходно, меѓу другото,

да се усогласат даночните системи и мерките за економска политика, и тоа колку што е можно повеќе. Искуството покажа дека за успешно раководење со овие институции не е неопходно да се унифицираат даночните системи и даночните политики, но за реализацијата на наведените цели треба тие системи и политики да станат што похармонизирани, односно повеќе да се усогласат.Усогласувањето е битно за да се елиминираат преостанатите разлики што се пречка за реализација на четирите основни слободи: остварувањето слобода за движењето на луѓе, добра, капитал и услуги. Во однос на усогласувањето на даночните системи и даночната политика, во овој период Европската унија најмногу придонесе.[142]

Имено, нејзините земји-членки (како целина) не само што ги усогласија, туку и ги унифицираа царинските системи, а големи чекори се презедоа во усогласувањето на правилата со коишто се регулира оданочувањето на данокот на оптекот на средствата и примената на посебните даноци на оптек (акцизата).

Но, иако сите земји- членки на ЕУ во своите даночни системи имаат изградено општ ДДВ во иста форма, сепак сѐ уште има незначителни разлики меѓу нив, особено во бројот и височината на даночните стапки, даночните ослободувања и уделот на ДДВ во вкупните приходи од данокот кај одделни земји.

Според примерот на ЕУ, ДДВ во даночните системи е усогласен и кај многу други земји, т.е. земји што сакаат да бидат членки на ЕУ, земји што развиле трговски односи со земјите од ЕУ, земји во транзиција коишто (со реформите на нивните даночни системи) имаат тенденција да го усвојат овој вид данок на потрошувачка, и тоа што е можно побрзо и поуспешно. Косово иницијално го применува ДДВ од 2001 година, главно, во согласност со директивите на ЕУ и тој се смета за еден од најважните даноци во структурата на даночниот систем;

**-неутрално оданочување.** Употребата на оданочување како инструмент на државната економска политика за привлекување странски директни инвестициине е докажана во пракса. Праксата, несомнено, покажа дека државите со слабо лидерство во економските движења се инфериорни во однос на примената на пазарните механизми. Поради несаканите економски влијанија од оданочувањето (на пример, барањето државата да има помалку ефикасно влијание врз однесувањето на даночните обврзници) се зголемува потребатаза оданочувањето да биде ограниченоза постигнување на фискалните цели, па оттука ризикот од донесување деловни одлуки им е препуштен на самите претприемачи, односно со исклучување на можноста

[142]Министерство за финансии (2019) - Министерство за финансии и проценки на макроекономската единица.

државата со одделни мерки на економската политика да влијае врз деловните одлуки и даночните обврзници. Во финансиската литература, пак, ограничувањето на оданочувањетоза собирање на средствата со коишто се надополнуваат одливите и нивните компоненти е познато како *неутрално оданочување*;

**-намалување на даночното оптоварување.** Вопоследните децении од минатиот век се́ погласни беа барањата на теоретичарите, политичарите, деловните активисти, различните здруженија и пошироката јавност да се намали даночното оптоварување, т.е. да престане даночното учество во социјалното производство за прилив на странски директни инвестиции. Потребата за постигнување „штедна" држава со ограничување на секоја вмашаност од страна на државата е со цел да се намали товарот врз економијата, да се зголеми продуктивноста и вработеноста, да се намали инфлацијата и слично, е присутна во сите современи земји. Критериумите што аспирантите за членство на ЕУ мора да ги исполнат, според договорот од Мастрихт за да станат членки и на монетарната унија се однесуваат особено на намалувањето на дефицитот на 3% од приходите и вкупен долг на 60% од социјалното производство во на долг рок. Тоа, исто така, ќе има влијание врз олеснувањето на даночното оптоварување не само во ЕУ, туку и во другите земји;[143]

**-едноставност во оданочувањето.** Тоа е обид да се направи оданочувањето што е можно поедноставно, така што даночниот обврзник да може лесно да се снајде во даночните регулативи, да се намали бројот на видовите даноци, односно таканаречените „инфериорни" даноци да се отстранат од даночниот систем. Поточно, да се регулира таа проблематика со цел да се исклучи можноста за различно толкување од страна на даночните службеници или да се превенира волјата во примената на даночните правила. Тоа, пак, би била логична последица од зголемената демократизација на државата.

Даночниот обврзник не само што сака да знае, туку сака и неговите обврски да бидат јасни, разбирливи и прецизно дефинирани. Во модерната ера постои зголемена побарувачка за поедноставни даночни системи и оптимално оданочување. Едноставноста во оданочувањето, со намален даночен товар, претставува најдобра даночна реформа;

**-правичност во оданочувањето.** Долгорочна задача пред креаторите на даночниот систем е правичната распределба на даночното оптоварување, т.е.

[143] Јек М. Минц: Раст и даноци, некои импликации за економиите во развој, страница. 207. „Јавните финансии во земјите во развој и во транзицијата"

постигнување поголема хоризонтална и вертикална еднаквост, односно поголема еднаквост во даноците. Даночната еднаквост е повисок принцип на којшто треба да се потпира идното оданочување.[144]

### 5.2.4. Мобилизација на капиталот од косовската дијаспора

Факторите што ги натераа Албанците да емигрираат во странство се различни. Имено, луѓето мигрираат за поголеми економски придобивки. Ако одделна земја нуди подобри финансиски услови за иднината (како што се повисоки плати и подобар начин на живот), тогаш тоа се главните причини заради коишто луѓето избираат да емигрираат во таа земја. Исто така, работата што нуди долгорочно обезбедување подобри услови од оние каде што живеат е причина за иселувањето.

Главните фактори што ги натераа луѓето од Косово да мигрираат се:

- невработеноста,
- несоодветниот приход, што ја одразува стапката на сиромаштија,
- немањето перспектива за подобрување на економската состојба,
- незадоволството од социјалниот живот во Косово,
- отсуството за обезбедување подобра иднина и за децата,
- политичката и економската неизвесност на земјата итн.[145]

Ефектот на дознаките од странство врз привлекувањето странски директни инвестициие огромен. Покрај дознаките, овде мора да се додадат и трошоците што ги прави дијаспората во Косово, а што е релативно голем протек на пари коишто ги погодува малите бизниси, домаќинствата и локалните производители. Кога се зборува за ефектите од дознаките од странство врз привлекувањето странски директни инвестиции, првата помисла е кој износ на приход или помош што влегува во земјата во која било форма има позитивен и мултипликаторски ефект(?), а според кој износ на паричен приход што влегува во форма на дознаки има позитивни ефекти, бидејќи помага за зголемување на приходите на граѓаните.

Ако се земе предвид фактот дека дознаките од странство претставуваат еден од најважните елементи на националниот доход, како и важна компонента на потрошувачката, тогаш од тие причини дознаките стануваат поддржувачи на економскиот раст.

Миграцијата на дел од населението од Косово може да се следи на три континента (САД, Европа, Австралија), иако најголем дел од мигрантите се во

[144]Јек М. Минц: Раст и даноци, некои импликации за економиите во развој, страница. 207. „Јавните финансии во земјите во развој и во транзицијата“

[145]УНДП, КРХС 2010 и КРХС 2011 година, „Студија за дознаки од странство во Косово“

високоразвиените земји во Европа (Германија, Швајцарија и др.). Факторите коишто придонесле за мигрирање најчесто се: поврзување на членови од семејствата, студирање, бракови, олеснување на условите за вработување, тн. „синџир" миграции што се карактеристични за младото население, и тоа особено во последниве години и тн. Новиот глобален контекст на живеење нуди нови можности за поврзување преку технолошките комуникациски канали и мрежи, така што се губи значењето на поимот *татковина,* односно тој се редефинира и не претставува физичка, т.е. географска категорија. Особено младите членови на дијаспората брзо се прилагодуваат на новите средини, новата култура и современиот начин на живот во земјите каде што мигрирале. Иако во последниве години се забележува поголем бран на миграциски движења од Косово (како и во останатите земји од З.Балкан), сепак, дознаките од странство покажуваат намаливање.

Студијата на Светската банка за дознаките од странство во Косово нуди податоци собрани од истражувањето во коешто учествувале 4000 косовски домаќинства и дава информации за широк спектар на карактеристиките на дознаките. Овој репрезентативен примерок има граница на грешка. Пратките на имигрантите не гирелаксираат луѓето и не ги тераат да не работат, но нивниот ефект е плус приход и тие средства се значајни занамалување на сиромаштијата во Косово. Дознаките испратени од косовските емигранти и натаму играат важна улога за благосостојбата на голем број косовски домаќинства, како и за економијата на земјата во целина.

*Трите главни типа дознаки* од дијаспората за домаќинствата во Косово се (КАС, 2013)

- дознаки испратени од мигранти во форма на готовина,
- дознаки испратени во форма на стоки и услуги (на пр. автомобили, облека),
- дознаки што имигрантите ги прават лично за време на нивната посета на Косово.[146]

Како што е прикажано на Слика 17, процентот на домаќинства коишто примале дознаки во 2010 година бил околу 19,6%, во 2011 година изнесувал 25.0%, додека во 2012 година изнесувал околу 22,4%. Значи, не е голема разликата во височината на сите дознаки примени во текот на овие три години, но поголем процент имало во 2011 година.

Повеќето домаќинства што ги примаат средствата ги трошат за широка потрошувачка, снабдување со облека, храна и слично, така што тие воопшто немаат

[146]УНДП, КРХС 2010 и КРХС 2011 година, „Студија за дознаки од странство во Косово"

инвестициски ознаки. Дознаките се очекува да се намалат во наредните години, но тие и натаму ќе играат важна улога во борбата против сиромаштијата во земјата.




**Слика 17 Процент на домаќинства коишто примаат дознаки во текот на испитуваните години**

Извор: КАС, 2013 година „Студија за дознаки од странство во Косово"

Дознаките од странство, приходите од работната сила, т.е. од краткорочните вработувања во странство, патните трошоци на иселениците кои го посетуваат Косово и другите меѓународни приливи во косовската економија служат за зајакнување на побарувачката за локални добра и услуги и зголемување на побарувачката за работници на локално ниво. И покрај тоа што невработеноста навистина е многу висока во Косово, таа ќе беше уште поголема и платите ќе беа пониски, доколку не се користеа средствата од дијаспората за дополнителна побарувачка на локалните производи и услуги. Покрај тоа, домаќинствата кои примаат дознаки од странство успеваат да го избегнат притисокот од сиромаштијата и трошат повеќе на образование и здравствена заштита (КАС, 2013).

Што се однесува до односот на протекот на дознаките и економскиот раст, пак, може да се каже дека овие два индикатора не го следеа истиот тренд на нагорна или надолна линија. Се претпоставува дека повисоките дознака влијаат врз економскиот раст, и обратно, но нивното движење нема исто темпо во текот на испитуваниот период.




**Слика 18 Влијанието на тековните дознаки од странство врз економскиот раст на Косово**

Извор: Светска банка, 2017 година „Миграција и економски развој на Косово"

По 2007 година, пак, најголем економски раст е забележан во 2011 година, и тоа со 4,6%, но и нестабилност. Во 2016 година е забележан пад на економскиот раст од 3,4% во однос на 4,1% во претходната година, додека приливот на дознаки се зголемил во однос на 2015 година. Дознаките од странство за земјата, всушност, се повеќе важни за привлекувањето странски директни инвестиции и општеството во целост. Во поширок контекст, пак, протекот на дознаките од странство, исто така, има многу поширок ефект врз оние кои ја примаат оваа форма на приход, а ефектите можат да се видат во нивната зголемена потрошувачка, одделни инвестиции и раст на нивото на приход. Средствата се користат главно за образование и многу др. различни погодности што овој приход може да им ги обезбеди на нивните приматели (Лориер, 2011). [147]

Значи, ефектите што ги имаат дознаките од странство врз привлекувањето странски директни инвестиции се очигледни, но треба да се испитаат процентите на тоа влијание врз растот и развојот. Начинот на којшто корисниците ги користат овие дознаки е поврзан со нивното директно или индиректно влијание врз економијата. За ефектите да бидат што е можно поголеми треба средствата од дознаките од странство да се употребуваат во попродуктивни цели, т.е. за економскиот развој да биде поголем овие приходи треба да се инвестираат во различни области, односно со нив да се финансираат деловните активности.

[147] Светска банка, 2017 година „Миграција и економски развој на Косово".

Според анализата, може да се каже дека ефектите од овие дознаки, во повеќето случаи, се позитивни, но има случаи кога ефектот, на еден или друг начин, може да биде негативен. Значи, овој приход може да влијае врз нивниот примач ако тој го користи за сопствено образование или обука, потоа да инвестира во човечкиот капитал, односно да стане многу поподготвен за пазарот на трудот. Во тој случај корисникот може од дознаките да биде задоволен и да има влијание врз сопствениот развој, а индиректно и врз зголемување на економските ефекти на земјата. Ефектите од дознаките се многубројни и од позитивната, но и од негативна страна (иако во помал обем, ако се трошат без цел). Оттука може да се заклучи дека треба да се промени начинот за користење на средствата од дознаките од дијаспората, и тоа во насока на нивно оплодување преку инвестиции во продуктивни бизниси, а како последица на тоа влијанието врз економијата на земјата да биде повидливо.[148]

Според Анкетата за дознаки од странство на Косово, спроведена во 2011 година (KRHS 2011), само 42,8% од дознаките биле испратени преку неформални канали (лично од иселеници или нивни пријатели), додека 57,2% биле испратени преку официјални канали (банки, дебитни картички) / кредит, АТП и пошта). Врз основа на анализата може да се види дека во 2011 година значително се зголемилопренесувањето на дознаките од странство преку банките, во споредба со 2010 година, и тоаод 16% во претходната година се зголемило на 38,9% во 2011 година.

Испраќањето на овие дознаки преку банките има неколку предности. Доколку иселениците ги испраќаа своите пари преку банките, денес ќе постоеја точни податоци за бројот на иселениците од Косово, ќе се знаеше височината на дознаките, потоа како овие приходи се користеле како депозитна база, штоби служела за зголемување на ефикасноста на определен кредит. Исто така, точните податоци за дознаките се важни за формулирање и проценка на политиките, што директно влијаат врз развојот на економијата и ги канализираат средствата кон потребите за инвестирање во одделни области.

[148]Светска банка, 2017 година „Миграција и економски развој на Косово“.




**Слика 19 Канали за трансфер на дознаки, во текот на 2010 и 2011 година**

Извор: УНДП, КРХС 2010 и КРХС 2011 година, „Студија за дознаки од странство во Косово"

Но, сѐ уште постојат сомневања дека голем дел од дознаките од странство на Косово продолжуваат да доаѓаат преку неформални канали, а тоа претставува тешкотија за пресметувањето на нивната височина, т. е. нивното влијание врз економскиот и социјалниот развој на земјата. Некои од причините за избор на неформалниот начин на испраќање дознаки се следниве[149]:

- високата цена за трансфер на парите,
- недостаток на банки или агенции за трансфери во руралните области,
- пречки за отворање сметки во дестинацијата на имигрантите, главно, заради илегалните миграции,
- недоверба во финансискиот систем, како резултат на негативните движења во банките на поранешна Југославија во текот на '90.години на минатиот век и сл.

Користењето персонален транспорт учествува со 60% од пренесените дознаки. Имено, близината на двете земји (Албанија и Косово) им овозможува на мнозинството легални мигранти да ги посетуваат своите блиски еднаш или двапати годишно, а тоа им овозможува сами да транспортираат пари во форма на готовина (Херназдез-Кос и Мартинез, 2006 година).

Овој трансфер се смета за посигурен и поевтин од банкарските трансфери. Илегалните мигранти, кои не можат сами да патуваат, им наложуваат на другите да обезбедат„курир" кој ќе ги носи парите до определена дестинација.

[149](УБО Консалтинг, УСАИД и УНДП, 2012 година).

Според студијата на УБО Консалтинг, поддржана од УНДП и УСАИД, 42% од дознаките дошле преку официјални канали во 2009 година, а 58% преку неформални канали. За време на трансферот преку неформалните канали имигрантите користеле две главни рути за да ги испраќаат своите возила лично за време на посетите во нивната земја или тоа го правеле преку нивните роднини и пријатели. Сепак, употребата на неформалните канали, иако содржи ризици, се смета за оптимална (од индивидуаленаспект), бидејќи тие канали се поекономични.

### 5.2.5. Ограничувања и пречки за странски инвестиции во Р. Косово

Најизразена пречка за влез на странски инвестиции во Република Косово, што ја намалува атрактивноста на земјата, односно ги дестимулира странските вложувачи е **високиот политички ризик за вложување.** Овој демотивирачки фактор, главно, е резултат на продлабочувањето на кризата во регионот во последниве десетина години, што најчесто преминуваше во воени дејствија.

Големо значење за привлекување странски инвестиции имаат и состојбите на **финансискиот пазар** од конкретната економија. Овде особено се издвојува степенот на развиеност на домашниот пазар на капитал, односно берзата. Развојот на финансискиот пазар во Република Косово се одвива во тешки услови и паралелно со реформските процеси на приватизацијата, структурните реформи, појавата и развојот на акционерството итн. Притоа се манифестира висока недоверба во домашниот банкарски систем, (случаите со заробените девизи што сѐ уште се решаваат, пирамидалните штедилници), постојана опасност од проширување на воените судири од соседството во и др. Имено, операциите на отворениот пазар подразбираат купување и продажба на хартиите од вредност (аукции на благајнички записи, репо-трансакции и дефинитивни трансакции). Така, преку емисија на хартии од вредност (благајнички записи) се врши повлекување ликвидни средства, а за обезбедување ликвидност или покривање на краткорочен ликвиден недостиг се вршат репо-трансакции. Бидејќи не е развиен секундарниот пазар на хартии од вредност на Косово, се́ уште не се вршат дефинитивни трансакции.

Приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал. исто така не се одвиваше со очекуваната динамика, така што и денес секојдневно се вршат ревизии на некои сомнителни приватизации. Всушност, општа е констатацијата дека реформите во финансискиот систем се одвиваат многу бавно и се доцни во однос на другите земји во транзиција. Овој ограничувачки фактор за отпочнување траен и одржлив стопански развој, главно, е резултат на: ниското штедење, изгубениот кредибилитет на банките,

ниското ниво на кредитирање на стопанството со долгорочни кредити, долгото и бавно оформување на регулативата од оваа сфера и др[150)].

Инструментите за фискална политика се многу важни за секој државен механизам (qerveri) во светот, бидејќи преку дефинирање на инструментите на фискалната политика се постигнува акумулација или одлив на пари од граѓаните до државните институции, така што финансиското планирање може да се примени на тој начин што определен износ на пари ќе се ослободува заради интересот на граѓаните за инвестирање во инфраструктурата или различните услужни дејности. Оттука, *фискалната стратегија* ги дефинира насоките за планирање на буџетот, вообичаено, на среден рок, но ја проценува височината на приходите и расходите со цел финансирање на буџетот во тековната фискална година, натаму во наредните три години, при што се земаат предвид релевантните податоци од надлежните институции. Меѓутоа, мора да се има предвид дека врамнотежувањето на буџетот би требало да се реализира на среден рок. На овој начин се дефинира тригодишната фискална рамка со одржливо ниво на вкупната јавна потрошувачка.Оттука, инфраструктурните инвестиции би значеле привлекување на странските вложувачи и би придонесле за создавање поволна бизнис клима во којашто би можеле да се оплодуваат СДИ, а инвеститорите да имаат гаранции за стабилноста на економијата во Косово.

Од сите инструменти на фискалната политика најважни се даноците, бидејќи имаат директно влијание врз наплатата на приходите од граѓаните. Даноците се важни извори на јавните приходи на модерните држави и се задолжителни за сите граѓани, како што е предвидено со законските акти. Исто така, даноците се многу важна алатка за собирање приходи, бидејќи тие се реализираат преку уплатите на секој граѓанин кој сака да изврши некоја активност или да побара услуга од државните институции.

Бидејќи *фискалната* и *монетарната политика* се двата основни столба на економската политика на земјата, тие се и основните предуслови за привлекување СДИ. Од една страна, фискалната политика има директно влијание врз економијата, а од друга страна, монетарна политика индиректно се одразува врз економскиот раст, главно, преку остварувањето на ***ценовната стабилност.*** За одржување на макроекономскиот амбиент, пак, покрај другите таргети, на Косово, главно, се користи *еврото* како платежно средство, а со монетарното регулирање на каматните стапки и понудата на пари на пазарот (што се врши преку централната банка на Косово) се

[150)]Foreign Direct Investment in Central and Eastern Europe, Polices and Trends in Fourteen Economies in Transition, OECD, Paris, 1994.

.

следат операциите на отворениот пазар, височината на задолжителната резерва, движењето на депозитите, интердневните кредити итн.

Стабилизирањето на краткорочните каматни стапки, управувањето со понудата на пари и со нивото на кредитна мултипликација, како и намалувањето на структурниот вишок на ликвидност се постигнува со помош на задолжителната резерва на којашто се обврзани банките и штедилниците. Податоците, објавени од страна на Централната банка на Косово, покажуваат дека 2,3 милијарди се депонирани од домаќинствата, а само 825 милиони од компаниите. Годишниот раст на депозитите изнесува 10,1%. Годишниот раст на депозитите на населението, пак, изнесува 7,7%, додека кај компаниите тој изнесува 19,8%. Во комерцијалните банки во Косово 167,9 милиони евра беа депонирани во валута, што не е евро. Каматната стапка на депозитите од страна на комерцијалните банки изнесува 1,5%. Каматната стапка на депозитите за домаќинствата изнесува 1,3%, од кои 0,0% се преносливи, 0,3% од заштедите, 1,3% од орочените депозити. Каматната стапка на депозитите за компаниите изнесува 2,1%, од кои 0,0% се преносливи, 0,5% од заштедите и 2,1% се орочени депозити. Разликата меѓу кредитната и депозитната стапка изнесува 5,2 процентни поена. На територијата на Косово постојат 10 комерцијални банки. Од вкупно 10. комерцијални банки, 8 се во странска сопственост. Овие 10 комерцијални банки се проширија со 218 единици(филијали) низ цело Косово. Бројот на лицата вработени во комерцијалните банки е 3276.[151] Во оваа фаза на реконструкција на земјата, оваа поддршка не е соодветна со оглед на условите за кредитирање што ги нудат банките (високи каматни стапки, недостаток на грејс период, краткорочно кредитирање и сл.).

Р.Косово, како мала и отворена економија, иако не ги почувствува многу последиците од последната финансиска криза, сепак се соочува со сите проблеми што ги тангираат земјите од Западен Балкан.Така, намалувањето на екстерната побарувачка, проблемите со нерешените прашања со соседите и намалувањето на дознаките од дијаспората придонесуваат да се посвети поголемо внимание на мерките за привлекување СДИ. Тоа, во основа, значи стабилна монетарна политика, одржлива стапка на инфлација и создавање поволна клима за странските инвеститори.

### 5.2.6. Интензитет на плаќањата

Фискалната децентрализација е стандард на владеење во современиот свет, бидејќи станува збор за почитување на принципите на демократијата.Колку повеќе ја осамостојуваме фискалната политика, односно колку е поголема деконцентрацијата на фискалната и финансиската политика, толку има повеќе можности за фер и сигурна примена на јавните пари. Децентрализацијата на фискалните политики во земјите во развој, какво што е Косово, подразбира дека владејачките единици треба да бидат слободни во располагањето со својот буџет и да ја изразат подготвеноста на локалнитесамоуправи како да ги трошат парите.Но, фискалната децентрализација значи дека општините на Косово имаат финансиска независност во врска со наплатата на даноците и другите приходи, бидејќи тие се регулирани со Законот за финансирање на локалната самоуправа (бр. 03 / L-049) и исклучително се обврзани да ги наплаќаат приходите остварени со Законот за данок на имот.

Фискалната децентрализација е обезбедување доволни количини приходи за единиците на локалната самоуправа и овластување на општините (што поседуваат одлуки за тоа) како да ги користат овие алатки за ефективно и ефикасно извршување на надлежностите што им се дефинирани[91]. Од дефиницијата за фискалната децентрализација јасно се гледа дека општините имаат финансиска моќ да ги собираат приходите од граѓаните, а исто така да ги трошат како што е предвидено со плановите за трошење. Од фискалната децентрализација се подразбира дека сите институционални чинители на локално, но и на централно ниво се ослободени од непотребните процедури во врска со планот за наплатата на приходите и планот за распределба на трошоците.Локалната власт, има придобивки на локално ниво, бидејќи сите овие даноци, такси и придонеси што се спроведуваат на локално ниво се наменети да бидат потрошени, исто така, на локално ниво.

Фискалната децентрализација има неколку цели што треба да се постигнат според современите стандарди за управување, а тоа значи дека со децентрализацијата на фискалните политики се постигнуваат следниве цели:

1. *прво*, фискалната децентрализација дава моќ да се наметнат локални даноци и да сеправат локални трошоци од страна на локалните власти; и

2. *второ*, во многу земји локалните власти, исто така, имаат овластување да ја регулираат сопственоста на земјиштето, користејќи ги насоките што се утврдени од највисоките органи[152].

Фискалната децентрализација за косовските институции е важен предизвик, но тешко е да се примени, бидејќи во унитарна држава не е лесно да се управува со финансиите на локално и централно ниво, иако досега Косово (од теоретски аспект) за изготвување на економско-правните акти за фискалната политика има напредок, но заостанува во спроведувањето или реализацијата на овие решенија од правната регулатива, во практична смисла, особено во однос на механизмите и одговорните фактори за примена на овие законски и други подзаконски акти.

Фискалната одговорност од децентрализацијата на фискалната политика им припаѓа на централните институции, односно и' припаѓа на владата во земјата.Но, оваа обврска, исто така, е деконцентрирана на локално ниво, бидејќи тука има клучни одговорности во наплатата на даноците што ги собираат локалните институции од граѓаните кои вршат определена дејност или др. активности, така што "нивото на потрошувачка е уште под контрола на владата, за разлика од нивото на приходите, што се движат со променливи стапки при одделните економски активности.[153][92]

## 5.3. ПОЛИТИКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СДИ

Република Косово, во основа, има фискални политики регулирани со локалното законодавство и хармонизирани со принципите и стандардите на ЕУ, коишто се почитуваа како критериуми во времето на изготвувањето и адаптирањето наNational Development Strategy (NDS) 2016- 2021[154] И оние закони што директно или индиректно влијаат врз обемот и функционалноста на фискалните политики за привлекување СДИ.

Од правниот аспект, пак, Република Косово ги регулираше фискалните политики со креирање и прифаќање неколку закони што се основни и многу важни во областа на регулирањето на оваа област, како што се, на пример: Законот за данок на добивка (ТАО), Данок на личен доход (ТАП), Данок на додадена вредност (ДДВ), царински и акцизни давачки итн. Од оваа законска рамка во Република Косово има правни ефекти на фискалните политики што се чувствуваат преку функционирањето

---

[91]Григори К. Инграм и Ју Хун Хонг: "Фискална децентрализација и земјишна политика", издавач Институт за земјишна политика „ Линколн“, ISBN 978-1-55844-178-1, 2008, Кембриџ - Масачусетс.

[92]Извештај од истражувањето, "Буџетски систем на Косово - политики и одржливост", спроведен од Институтот Риинвест; страница 67; 12 јуни 2013 година; Приштина.

[154] https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/mswl_sectorial_strategy.pdf

на сите институции што ги тангираат фискалните постапки, но најголема грижа или најголема важност имаЗаконот за персонален данок на доход и ДДВ законот, бидејќи тие влијаат на сите граѓани во земјата.

Со Законот за персонален данок на доход, главно, се уредува прашањето секој приход остварен од лице во Република Косово мора да биде предмет на оданочување според даночните стапки што се предвидени во законската регулатива, а се однесуваат на месечниот и годишниот приход на граѓаните, и тоа за: месечни примања до 80 евра се плаќа 0 %, месечен приход, додека од 81 - 250 евра се плаќаат 4%, тие со месечни примања од 251-450 евра плаќаат 8% и оние со месечни примања над 450 евра плаќаат 10%. Според годишните приходи (во согласност со законот) се опфатени даночните обврзници, и тоа со: годишен приход до 960 евра тие плаќаат 0%; годишен приход од 961-3.000 евра се плаќаат 4% од износот над 960 евра, годишен приход над 3.000 - 5.400 евра плаќаат 81,6 евра + 8% од износот над 3 000 евра, годишен приход од 5.400 евра плаќаат 273,6 евра + 10% од износот над 5 400 евра.

Стапките за персонален данок се разликуваат во зависност од земјите што ги применуваат овие даноци, па така(како што веќе беше напоменато) тие изнесуваат, на пример: во Косово 4-8-10%, Црна Гора 12%, С. Македонија 10%, Србија 10-20%, Хрватска 15-45%, Бугарија 10%, Грција 0-40% и Романија 16%.

Од овие податоци се гледа дека во Косово данокот на доход не е статичен, ами постои алтернатива и тоа е прифатливо, бидејќи секоја категорија е оданочена спoредЗаконот од алтернативен аспект, и тоа од 4% до 10%, во зависност од приходот.Во земјите од ЕУ оваа даночна стапка е фиксна и изнесува 10%, а исто и во Бугарија, додека 16% во Романија.Алтернативното оданочување го има и во Грција 0% -40%; во Хрватска од 15% -45%, но во другите земји од регионот постојат фиксни даночни стапки, односно во Црна Гора и С. Македонија.Во регионот на ЗападенБалкан оваа даночна стапка е во зависност од приходот, па во Србија се движи од 10% до 20%. Косово е една од земјите со пониска даночна стапка во споредба со другите земји во регионот и ЕУ, а тоа е резултат на нивото на економскиот развој и ниският животен стандард.

Со Законот за данок на додадена вредност -ДДВ се регулира трговската размена на сите категории производи и услуги, така што активностите се оданочуваат со ДДВ, чија основна стапка е 16%, што за Косово, како земја во развој, може да се каже дека е висока.

Националната стратегија за развој е наменета за промена на ситуацијата во којашто се наоѓа Косово, а се однесува и на сегментот за привлекување СДИ. Но, привлекувањето на СДИ не е само предизвик за Косово, туку тоа го тангира и целиот регион на Западен Балкан. "Недостатокот на странски инвестиции во Косово не е само резултат на внатрешните институционални реформи што оваа или друга влада може да ги преземе во иднина. Странските инвестиции имаат глобална динамика и се ориентирани кон земјите од Источна и Југоисточна Азија, како и Латинска Америка. Во меѓувреме, Западен Балкан, како целина, во голема мера покажува слаба динамика во однос на привлекувањето на странските инвеститори".

Сепак, може да се каже дека Косово има доволно простор за подобрување на инвестициската клима во земјата. Стратегијата, исто така, предвидува стимулирање на меѓународните инвестиции преку: јакнење на капацитетот на Агенцијата за поддршка на инвестициите и претпријатијата (KIESA); менување на нејзината деловна култура во врска со стимулирањето на областите од услужната дејност и обезбедувањето стимулации, даночни олеснувања и мотивација на стратегиските инвеститори да го вложат својот капитал во земјата.

Од друга страна, Косово предвидува посебна шема за стимулирање на инвестициите во дијаспората, и тоа во вид на дописнички грантови.

### 5.3.1. Промоцијата во функција на СДИ

Маркетингот, како научна дисциплина, е клучна компонента на позитивната стратегија за градење имиџ на компаниите и воопшто привлекување потрошувачи. Денес, во Косово, промотивните активности се во почетна фаза и без интегриран пристап. За да се надмине оваа ситуација неопходно е да се координираат инструментите на промоцијата и да се зајакнува укигата на актерите во спроведувањето на адвертајзингот во кампањите. Ова ќе придонесе за реализација на институционална кампања на владините, невладините и професионалните учесници со цел да се промовира Косово, како земја што нуди добри услови за остварување на одделни капитални проекти што се атрактивни за меѓународните инвеститори.

Значи, освен правните, фискалните и финансиските реформи, што беа презентирани претходно, паралелно се креира и соодветна стратегија за промовирање на предностите на земјата што би можеле да го зголемат обемот на СДИ во Косово, како инвестициска дестинација. Имено, се реализираат следниве активности:

1. институционална кампања со којашто се дефинираат придобивките од инвестициите. Неа треба да ја спроведува косовската влада , при што таа треба

да биде повеќе отворена и транспарентна во напорите за анимирање на донаторските организации. Со вклучување и промовирање на приватниот сектор, прекудомашниот и меѓународниот медиумски сервис треба Косово да биде претставено како отворен пазар со атрактивни услови за инвестирање, и тоа со:

a) блискоста до европскиот пазар,
b) достапноста до природните ресурси (шумско и рудно богатство, води и сл.) за склучување договори со инвеститорите за концесии, според конкурентни цени,
c) земјата е дел од Европа,
d) воспоставени врски со многу земји во Европа и САД, преку дијаспората,
e) релативно образовано население, особено кај младата генерација,
f) поседување добри технички вештини,
g) мотивација кај работната сила,
h) евтина работна сила,
i) ниско ниво на домашно оданочување,
j) стабилна валута (евро) и ниска инфлација,
k) извоз ослободен од ДДВ и царина,
l) слободна трговија со Европската унија за речиси сите стоки (според започнатиот Процес за стабилизација и асоцијација),
m) висока куповна моќ на дел од населението, преку финансиските дознаки од дијаспората;

2) располагање со канцеларии за врски и странски претставници во Косово, т.е претставници на низа меѓународни организации во Приштина. Сите тие можат да придонесат за промовирање на погодностите за инвестирање, и тоа преку контактирање на потенцијалните инвеститори или преку промовирање од страна на инвестициските агенции во земјите што ги претставуваат. Тие се вреден извор на информации и политики за промовирање на предностите што ги има земјата пред определени групи инвеститори, и тоа оние од дијаспората или др. локации;

3) презентација на бизнис можностите на Косово на меѓународни инвестициски форуми.

Голем број промоциски активности за привлекување странски директни инвестиции се организираат низ Европа, речиси секоја година. Форумот, познат како ЦИЕИ (Иницијатива за Централна и Источна Европа) во Трст, Италија, минатата година го следеа по неколку делегати од Косово, а постојат и други можности за контакти.

(4) *Рекламна кампања*. Релевантните публикации на Косово за потенцијалот земјата што е атрактивен за инвеститорите редовно објавуваат написи, статии и издраваат брошури за карактеристиките на економскиот сектор и деловното опкружување. Но, промоциски материјали треба да се објавуваат и во електронските медиуми, како и во печатот, преку телевизијата и радиото.

(5) Исто така се воспостават и институционализираат контактите и комуникациите со косовската дијаспора за нејзино информирање со досегашните преземени активности, но и со идните планови за привлекување СДИ.

Дијаспората во земјите каде што ја има треба да ги избегнува конфликтните ситуации што можат да произлезат од политичката определба, половата дискриминација, етничката различност и сл., односно треба да биде ориентирана кон оние организациски форми што се залагаат за развој и напредок на Косово.

(6) постојат алтернативи форми, како невладини организации од страна на младите, така што може да се формира и Агенција за промоција на инвестициите од младите (API).

Агенцијата за промоција на инвестициите може да ги координира напорите на различните министерства и активните учесници во промовирањето на бизнис климата, погодните сектори за остварување профит и локациите што располагаат со природни ресурси. Целта на API, исто така, треба да биде насочена кон координирање на напорите за унапредување на деловното окружување низ Косово, обезбедување на неопходните информации за инвеститорите и овозможување техничка помош за реализација на напорите за промовирање на различните секторски и други потенцијали.

Во тој контекст се и договорите со спонзорите и институционалните партнери на Агенцијата. Дури се размислува за ангажирање меѓународен експертски персонал, кој има искуство и може да помогне со соодветна техничка експертиза за препознавање на приоритетите на земјата во однос на СДИ и пронаоѓање начини за зајакнување на улогата на Косово во меѓународните односи. Оттука, пак, би можело да се искористи искуството на менаџментот од странство.

Улогата на API во рамките на Владата или дури и како независно тело (институција) исто така се проширува со нови идеи за соочување со новите технологии и предизвици. Слични институции за промоција на земјата за привлекување СДИ се основани во речиси сите соседни земји со Косово, а во повеќето случаи има ангажирано и квалификувани субјекти во регионалните единици во одделните земји.

### 5.3.2. Избор на меѓународна конкурентска стратегија

Косовскиот пазар е либерализиран во однос на режимот на надворешната трговија, но домашните бизниси се соочуваат со силна конкуренција при увозот и извозот. На пазарот е присутна нелојална конкуренција, така што често се нарушува

економската стабилност и рационалност на пазарот, зашто сѐуште нема соодветна регулатива за намалување или елиминирање на тн. „сива економија" во Косово. Анкетите за МСП во Косово[9]3 покажаа дека нелојалната конкуренција е рангирана на второ место во пречките за развој на бизнисот (кратко време по отсуството насоодветните законски решенија). Причините за тоа треба да се бараат во постојните слабости во регулацијата на пазарот со соодветни економски политики и спроведувањето на законските прописи и правила што сѐуште ја прават можна фискалната евазија.

Причините, исто така, се во нарушувањето предизвикано од некомерцијалните трговски односи со соседните земји коишто, поради влијанието на несисиметричните фискални инструменти, често беа овозможувани одделно од страна на косовските производители и нивните конкурентски можности на домашниот и странскиот пазар.

Подобрувањето на трговската размена од аспект на реализацијата на директните странски инвестиции подразбирапоефективни мерки за:

- создавање активни трговски политики на Косово кон другите земји во функција на лојалната конкуренција,
- имплементација на инструментите за реципроцитет во размената со земјите од регионот, како и пошироко,
- надминување на негативните ефекти од спроведувањето на трговскиот договор меѓу РВМ иКосово,
- регулирање на трговската размена и зајакнување на соработката меѓу Косово, Црна Гора и Србија со посебен договор и под еднакви услови,
- надминување на специфичните недискриминаторски и дискриминаторски даноци во транзитот за увозниците од Косово на територијата на РВМ, Црна Гора и Србија,
- надминување на пречките и потешкотиите за реализирање на косовскиот извоз во земјите од регионот, како резултат на примената на нереципрочните инструменти, ограничувања и бариери од административна природа, произволната примена на царинските давачки и секако само официјалното признавање на сертификатите за потеклото на стоките произведени во Косово.[155]

### 5.3.3. Концептот на меѓународната бизнис стратегија

Концептот на стратегијата за привлекување СДИ на Косово поаѓа од меѓународните бизнис стратегии, земајќи ги предвид досегашните искуства од земјите коишто, според своите карактеристики, се блиски до оние од Косово, потоа актуелните состојби на глобалната деловна сцена, но и стратегиските цели на земјата. Во таа

[93]Централна банка на Косово 2018

смисла, пак посебно внимание се посветува на идентификувањето на расположливите секторски ресурси, коишто можат да се промовираат пред странските инвеститори. Имено, тука спаѓаат : расположливите минерални суровини, земјоделството и шумарството, водените ресурски, туризмот /со посебен осврт на руралниот туризам/, преработувачката индустрија, енергетиката, финансиското посредување и недвижностите. Денес, во светот најзначајни индустриски гранки се : електрониката, фармацијата, биотехнологијата и сл., додека најзначајни технологии се информациско-комуникациските. Оттука, меѓународните бизнис стратегии се ориентирани кон глобалниот амбиент, демографските движења, климатските промени, брзорастечките пазари итн. Токму затоа, при креирањето на стратегијата на Косово за привлекување СДИ во иднина мора да се земат предвид актуелните светски состојби, а притоа да се усогласат со националните цели , и тоа: отворање нови работни места, засилена поддршка на регионалниот развој, промовирање зелена или еко економија, производство на органска храна итн. Стратегиските бизнис цели, пак, би опфаќале : продолжување на реформските зафати во таргетираните области, зголемување на конкуренцијата, јакнење на институционалните капацитети за привлекување СДИ и развој на партнерствата на регионално и локално ниво, промоција на атрактивните вредности на земјата, интензивирање на комуникацијата за користење релевантни информации и нивна употреба итн. Во тој контекст може да се додаде дека при дизајнирањето на стратегијата можат да се користат мешовити меѓународни концепти.

### 5.3.4. Мотиви за акции во странските земји

Градењето модерен и ефикасен фискален и даночен систем за економијата на Косово и регулирањето на пазарот е во тек.

Натамошните мерки во даночната политика, од аспект на поттикнувањето приватни инвестиции, се однесуваат на вкупните даночни стапки за бизнисите, особено даноците (царината и ДДВ) за капитални инвестиции и инпутитешто не се произведени во земјата. Оттука, пак, Косово ќе има корисности во две насоки, и тоа:

- зголемување на конкурентноста за привлекување СДИ; и
- пониски даночни стапки за инвестициските добра.

### 5.3.5. Приходи наспроти нови ризици

Извесен напредок е постигнат во функционирањето на банкарскиот систем, креирањето на кредитниот пазар и растот на конкуренцијата, а во истовреме и зголемувањето на депозитите и трансакциите меѓу бизнисите прекубанките. Ова се некои од активностите за градење соработка и стимулирање на финансискиот систем

заинвестиции. Депозитите и штедењето покажуваат позитивни трендови, главно, како резултат на ефикасното функционирање набанкарскиот систем и постепеното враќање на довербата кај клиентите. Растот на депозитите ги надминува сите предвидувања и претставува показател за финансиска и кредитна стабилност. Така, на крајот од 2001 година депозитите достигнаа 467,0 милиони евра, додека во 2002 година тие се стабилизираа, т.е. изнесуваа од 350 до 380 милиони евра. Од овие депозити 36% се нарекуваат и се сметаат за ресурси, што се важни за бизнис кредитната поддршка.

Бизнис кредитирањето, исто така, покажува значителен напредок. Сите лиценцирани банки во Косово ги спроведуваат програмите за кредитирање и поддршка на бизнисот. Досега банките на земјата обезбедија околу 53 милиони евра кредити за домашните претпријатија, главно, во трговијата (49,6%), производството (16,9%), услугите (19,5%) и другите сектори (13,9%). Нерса сот во 2018 година, преку комерцијалните банки во Косово, заштеди 3,3 милијарди евра. Најголемиот дел од заштедите се на домаќинствата.

Каматната стапка на депозитите за домаќинствата изнесува 1,3%, од кои 0,0% се преносливи, 0,3% од заштедите, 1,3% од орочените депозити. Каматната стапка на депозитите за компаниите изнесува 2,1%, од кои 0,0% се преносливи, 0,5% од заштедите и 2,1% се орочени депозити. Разликата меѓу кредитната и депозитната стапка изнесува 5,2 процентни поена. На територијата на Косово постојат 10 комерцијални банки. Од вкупно 10. комерцијални банки, 8 се во странска сопственост. Овие 10 комерцијални банки се Овие услови се исклучително неповолни, особено за кредитирање на производствените и услужните бизниси. Освен комерцијалните банки, некои небанкарски финансиски институции, исто така, работат во Косово, и тоа како финансиски посредници. Овие институции ги обезбедија косовските претприемачи со над 13.000 микро кредити во износ од 29,1 милион евра.

Споровите од структурен аспект сѐ уште се многу чувствителни, особено во однос на квалитетот на депозитот, времето на депозитот и соодносот меѓу заемите и депозитите. Мерките на економската политика треба да влијаат врз надминување на овие дисперзии, а особено во стимулирање на орочените депозити и долгорочните заштеди. Најатрактивните штедни заштеди треба да бидат едни од можните решенија, главно, според извештајот за најповолната меѓу пасивните и активните каматни стапки во банките, како логично решение за создавање долгорочен кредитен потенцијал. Ова треба да биде еден од предусловите за зголемување на понудата и конкурентноста на кредитите, што би влијаело врз можностите за пониски каматни стапки. Сето ова е од суштинско значење за создавање соодветна бизнис средина и конечна реализација на

приватизацијата. Сепак, ова е само клучен сегмент од системот неопходни финансиски инструменти и политики. Функционирањето на пазарот на капитал треба да се воведе што е можно побрзо од страна на креаторите на економската политика и Владата во Косово. Ова прашање се чини дека останува запоставено. Но, тоа е тесно поврзано со можноста за создавање инвестициски фондови и користење на капиталот на дијаспората којашто е најконцентрирана - Германија, Швајцарија, САД, Скандинавија, Велика Британија итн. Во овие фондови капиталот на дисспората ќе биде мобилизиран и меѓусебно поврзан со странските банки и Ксавере, потпирајќи се на билатералните договори за гарантирање на сигурноста од некомерцијалните ризични трансакции (според OPIC, на пример, како приватна странска инвестициска корпорација). Корисно би било да се разработи концептот на таквите фондови што е можно побрзо и да се контактира дијаспората и владите на соодветните земји, зашто овој капитал има можност да се инвестира во клучните профитабилни компании, т.е. термоелектраните, електраните, телекомуникациите и другите стратегискиобласти во Косово, а со цел отворање нови работни места и истовремено задржување на работната сила во земјата.

### 5.3.6. Имплементација на стратегиите

Прашањата поврзани со косовските меѓународни односи, генерално, се однесуваат на создавањето Косовско - економско и трговско партнерство со надворешниот свет. Иако во Косово Законот за реализација на директните странски инвестиции е изготвен, сепак учеството на Косово во најважните економски и финансиски институции не е значително, така што изостануваат преговарачките контакти за остварување билатерални и мултилатерални односи со другите земји. Сето тоа, ако се реализира, би влијаело врз охрабрувањето на странските инвеститори. За надминување на овие проблеми треба косовските институции повеќе да се фокусираат кон:

- потпишување билатерални договори со други земји во врска со обезбедувањето инвестиции и надминувањето на двојното оданочување на приходите и добивката,
- регулирање и институционализирање на позицијата на Косово во однос на меѓународните финансиски институции, а со цел да се создаде поодржливо долгорочно партнерство што позитивно би се рефлектирало врз учеството на Косово во проектите на овие институции,
- официјализација на територијата на Косово како меѓународна трговска и царинска територија. Тоа ќе испрати јасни сигнали за безбедноста на странските директни инвестиции во земјата и ќе ја направи посигурно и поатрактивно место за движење на меѓународниот капитал.

### 5.3.7. Мешани стратегии

Од постојните стратегии се издвојуваат следниве:

- Националната стратегија за развој 2016-2021, којашто има за цел да ги воспостави основите за одржлив и инклузивен развој и да ја забрза интеграцијата на Косово во ЕУ, преку релевантни реформи. Косово, исто така, го формираше Националниот инвестициски комитет (ККИ), со којшто претседаваат Министерството за европска интеграција и Министерството за финансии, како и единствена листа на проекти што им помага на приоритетните идни големи инфраструктурни проекти, вклучувајќи го и нивното влијание врз фискалната политика;
- Косово, исто така, ја поднесе Втората програма за економски реформи до органите на Европската унија за периодот 2016-2018 година, што е важен чекор за продлабочување на економскиот дијалог со ЕУ;
- некои клучни реформи се насочени кон подобрување на законската рамка, зајакнување на јавната администрација, градење на институциите и подобрување на физичката инфраструктура, што резултира со создавање на неопходните предуслови за инклузивен и одржлив развој. Но, и покрај овие мерки, сепак целокупното деловно окружување не е доволно подобрено за значително да ги промовира моделите на вработување, подобрување на социјалните услови и воопшто социо-економската благосостојба на најзагрозените сегменти на општеството;
- конечно, изградбата на 400kV линија на врски меѓу Албанија и Косово ќе овозможи земјата да разменува електрична енергија со Албанија и да го зголеми искористувањето на албанските хидроелектрани во текот на зимската сезона и термоцентралите на Косово во текот на потоплите сезони. Исто така, Косово и Албанија го објавија почетокот на работата за создавање заеднички енергетски пазар за двете земји.

### 5.3.8. Оперативни одлуки

И покрај недостатокот на сериозни статистички податоци, недостатокот на тековни информации штоги користи RDA (Косовската развојна агенција) RDAs и нивните партнери, а земајќи го предвид многу краткото време за изработка на оваа стратегија, може да се каже дека сé уште нема јасна визија за реализација на оперативниот план. Оперативниот план опфаќа шест општини (од север кон југ) на Итог, Клина, Пеќа, Дечан, Јуник и Ѓаковица, коишто ја сочинуваат Западната економска зона на Косово.

Регионалната анализа на информациите (од страна на регионалната истражувачка служба) собрани преку регионалните работни групи го следеше развојот на документот врз основа на заедничките цели, што резултираше со значителни претходни придонеси за шесте Планови за развој на општините, како и оние од регионалниот профил.

При истражувањето на Упатствата за регионалната политика на ЕУ, регионалните актери беа активни учесници во овој процес, а не само посматрачи. Во текот на процесот беа опфатени "Одржливоста на животната средина" и "Еднакви можности за сите". Во текот на целиот процес вниманието беше посветено на обезбедување транспарентност и нагласување на фактот дека ова е неопходен процес за транзиција што води кон развој на Западно Косово, додека преку водечката рамка од централната власт треба да се постигне независно програмирање и планирање на субнационалното и националното. Од РДА беше побарано да ја подготви оваа стратегија до јуни 2010 година и да ја комплетира со завршувањето на "Акцискиот план" до крајот на 2010 година.

Од оваа причина стратегијата помина на следниот чекор, т.е. во идентификувањето на "областите за интервенција" или "акции". Во првата фаза задачитебеа насочени кон поттикнување на учесниците да мислат повеќе аналитички и се движат од пристап на "листата на желби" кон потребата за рационално размислување со оглед на она што не беа потребни / барани објаснувања зошто треба тоа да го направат. Тимот на РРР, со помош и охрабрување, се покажа како многу ефикасен во постигнувањето на оваа цел, преку бројни партнерски состаноци и, што е најважно, тоа се постигна не на контролен, туку кооперативен начин, и тоа преку нудење сопственост над производите на Косово.

Фокусот на транспарентност и поддршка на пристапот овозможи овој документ да се спроведе со целосна поддршка и на регионалните актери, преку Основната партнерска група за работните услови (GTHPP), односно нејзината Тематска работна група (TWG) и Регионалниот форум. Притоа беа вклучени шесте општински претставници кои продолжуваат да го развиваат и зајакнуваат партнерството при нивната тековна работа за да ги испитаат можностите за сите идни работни места во Косово.

### 5.3.9. Унапредување на субјективноста на Р.Косово во меѓународните економски односи

Соработката со учесниците од Западно Косово, што истовремено опфаќаше разгледување на социо-економскиот профил на областа и целите на плановите за развој на општините, резултираше со развој на заедничка визија, заснована на природниот пејзаж и граничната положба, како и големите предности и средства што треба да бидат заштитени, но исто така и адекватно експлоатирани.

Еколошката средина и географската положба помага овие средства да бидат искористени за креирање просторно ориентиран пристап кон идниот развој на земјата. Притоа се води грижа за повторна употреба на одделни ресурси, рециклирање на материјалите и користење на методологијата за одржлива околина. Визијата на Западно Косово, како место за живеење, работа, релаксирање и инвестирање во иднината се заснова на:

1. контролиран и вистински развој во трите области:планините, развојната зона (што е збирка заснована на регионалниот транспортен коридор Истог - Ѓаково) и земјоделскитеповршини;
2. регионален план за развој на патниот транспорт што, главно, се заснова на реконструкција на постојната железничка пруга и унапредување на "прекуграничните" врски на меѓународниот аеродром Клина / Приштина; Призрен / Албанија; Јуник-Ѓаковица / Албанија; Дечан / Албанија / Црна Гора; Пеќ / Црна Гора; и Истог / Митровица / Србија.
3. *Висок квалитет на животот за жителите на Косово*

Косово ја препозна потребата да се направат одржливи концепти за одржувањена сите регенеративни активности, т.е. да се постигнат*Еднакви можности за сите* и да се обезбеди еколошки здрава животна средина.

Во текот на целиот процес се водеше грижа овие принципи да бидат насочени кон Западно Косово.

Значи, најголемиот стратегиски притисок треба да се насочи кон секторот за создавање услови што ќе го поттикнат развојот на овој регион и ќе водат кон генерирање благосостојба, преку отворање нови работни места.

Ваквиот пристап би требало да биде вообичаен за сите економски зони на Косово, но она што го направи Западно Косово е за поздравување, зашто ја препозна важноста на природниот пејзаж и здравата околина, и тоа во очите на туристите-посетители, инвеститорите и неговите жители. Оваа стратегија е потребна за насочување на развојот на начин што ќе ја минимизира или дури и елиминира секоја штета врз животната средина, главно, преку контролиран просторен пристап. Тоа, во голема мера, е постигнато врз основа на постојните инфраструктурни и транспортни коридори и позицијата на "граничниот премин" што Западно Косово го има со Албанија, Црна Гора и Србија. Ваквиот стратегиски план нема да го ограничи развојниот потенцијал, туку ќе ги зголеми придобивките од природните ресурси. Покрај тоа, јасно е дека целата област треба да се фокусира на прашањето за управувањето со отпадот и создавањето "еколошки депонии". Но, тоа не обезбедува целосно решение на проблемот со отпадот. Потребен е поорганизиран и поодржлив

пристап со фокус кон економското и комерцијалното рециклирање (преку јавно-приватно партнерство, што е единствено решение - EkoHigjena во КК Гњилане), вклучувајќи го и отпадот за покренување енергетски иницијативи.

Паралелно со создавањето услови за економски развој и подобрувањето на имиџот на Западно Косово, постојните бизниси треба да бидат поконкурентни и охрабрени да бараат дополнителна вредност во нивните производи. Агро-бизнисот е главниот економски промотор во Западно Косово. Овој успех се заснова на локалните услови, долгата традиција за постигнување квалитет во производството, а во меѓународен контекст, овој сектор им овозможува на жителите-производители да се натпреваруваат приизвозот, во однос на квалитетот и цената. Исто така, развиен е и туризамотшто се должи на живописниот предел и културата, а има голем потенцијал за раст, но е запрен заради недостатокот на инвестиции во услужните дејности. Двата бизнис сектора (агро-бизнисот и туризмот) се навистина конкурентни на меѓународниот пазар и го градат имиџот на Косово. Оттука произлегува потребата да се привлечат СДИ во овие успешни сектори.

Овие сектори се избираат од засегнатите страни за посебен фокус, но сепак важно е да се признае дека поддршката треба да се концентрира на оние области каде што потенцијалот за развој е реален и во поширок контекст, т.е на целата територија на Косово. Но, за тоа да се постигне потребни се повеќе истражувања и пилот-проекти што ќе имаат важна улога во среднорочното планирање. Во агро-бизнисот можеби постои потреба за фокусирање кон квалитетот, органското производство, изборот на сортите овошје и зеленчук, преработката, маркетингот и тн. Значи, наместо зголемување на производството треба да се испита потребата на локалните пазари, но вниманието да се насочи кон производрството за извоз.

Покрај овие два сектора, постои и трет сектор во Западно Косово каде што треба да се инвестира, а тоа е грижата за одржувањето здрава животна средина.Имено, треба да се охрабрат постојните бизниси да ги идентификуваат загадувачите на воздухот, водите и почвата. На тој начин може да се смета дека инвестициите во чистата и здрава средина повеќекратно се враќаат.Западно Косово има потенцијал за остварувањето на целта.

Стратегиското планирање целосно ќе ја надополни целокупната визија за развој на "конкурентни" сектори. Но, особено е битно при дефинирањето на стратегиските цели да се води сметка за вложување во "човечкиот капитал".За оваа област не постојат силни докази, но има некои неформални информации (што веројатно се

неточни). Само прекунационалниот попис може да се добие целосна претстава за постојниот човечки капитал на Косово.

Одржливиот регионален развој едобра погодност за луѓето, не само како работна сила, туку и како корисници на придобивките од спроведените активности. Во таа смисла може да се додаде дека Западно Косово има големи предности за натамошен развој. Стратегијата има за цел да го реши проблемот на две нивоа, и тоа:

a. *на страната на побарувачката на пазарот на трудот* - со цел да се заштити животната средина и да се создадат услови за нови вработувања, преку стимулирање на одржливиот развој во двата постојни сектора, но и преку охрабрување на домашните инвеститори за развој на третиот сектор, т.е. управувањето со отпадот и неговото рециклирање. За овие три сектора се предлага да се поддржи стручното оспособување на населението во согласност со барањата (т.е. обуки што ќе бидат специјално дизајнирани за работа), а веројатно врз основа на принципот "учење преку работа" за да се осигура дека овие сектори можат да се развиваат без недостаток на квалификувана работна сила;
b. *на страната на понудата*, пак, односно снабдувањето овие сектори треба да бидат поддржани со долгорочни програми за обука и да соработуваат со образовните институции за да обезбедат соодветна стручна обука на младите луѓе. Тоа ќе придонесе за нивно задржување во земјата. Покрај тоа, треба да се направи генерална анализа на работната сила и ревизија на работните места во Западно Косово, а со цел невработените да бидат идентификувани како ресурс за потенцијалните инвеститори.

Енергетскиот сектор е клучен фактор за економскиот развој и привлекување странски директни инвестиции.

Косово ја има усвоено Енергетската стратегија за периодот од 2017 до 2026 година и се смета дека тоа е посебно достигнување, бидејќи енергијата останува еден од основните приоритети, и тоа не само како релевантен ресурс за економскиот развој, туку и за социјалниот развој на Косово во наредниот период.

Изградбата на Новата косовска електроцентрала директно ќе влијае врз создавањето долгорочни услови за економски развој и економско заздравување, односно ќе обезбеди услови за работа на странските и домашните инвеститори. Тоа значи дека тие ќе можат да инвестираат во Косово без да имаат проблеми со снабдувањето на електрична енергија, а исто така и граѓаните, но и нивните бизниси ќе имаат редовно снабдување со електрична енергија.

Косово има посебен приоритет за економски развој, т.е. пропулзивен развој заснован на домашните ресурси и во партнерство со странски стратегиски инвеститори, особено со приватниот и енергетскиот сектор.

Косово, исто така, ја истражува употребата на други алтернативни извори за да се добие обновлива енергија и да се обезбеди ефикасност во снабдувањето со електричната енергија, но со целосно почитување на условите за здрава животна средина, Во тој контекст, пак, треба да се напомене дека постојат потенцијали за да се обезбедат потребните услови.

Сепак, за да се реализираат овие стратегиски цели Косово има потреба од СДИ, а за тоа е потребна комерцијална експертиза за испитување на локациите каде треба да се насочат овие инвестиции. Во таа смисла треба во буџетот да се обезбедат средства, покрај за капитални инвестиции, но и за други потреби, односно за потребите на образовните, здравствените, инфраструктурните институции, а со цел поттикнување на развојот и на приватниот сектор.

Косово треба да има јасна визија за развој, користејќи ја Националната стратегија за развој и економските политики коишто создадоа макроекономска и буџетска стабилност, но и можности за долгорочен економски раст[156].

Ова е најдобриот показател дека Косово може да ги постигне своите планирани резултати, и тоа како стабилна земја во којашто можат да се привлекуваат прифатливи странски инвестиции, бидејќи државата може да им обезбеди услови на инвеститорите за безбедно реализирање на нивните активности.

Исто така, за Косово е многу важно да се интегрира во регионалниот енергетски пазар.

Имено, се смета дека интеграцијата во регионалниот пазар е клучна за обезбедување стабилно снабдување со електрична енергија и намалување на цената на производството на електричната енергија. Стратегиските приоритети на западниот дел на Косово можат да се сумираат во неколку точки, и тоа:

1. да се воспостават услови за одржлив економски развој во Западно Косово, главно, преку обезбедување можности за подобрување на животната околина, подобрување на имиџот и заштита на природните ресурси, зашто од придобивките ќе имаат користи не само жителите на регионот, туку и постојните и идни инвеститори;
2. да се создаде бизнис клима за нови вработувања во Западно Косово, но и пошироко, и тоа преку поддршка на условите за лојална конкуренцијата во постојните сектори коишто имаат потенцијал за одржлив развој. Тоа ќе значи и поттикнување на домашните инвеститори да вложуваат во потенцијалните профитабилни индустрии за да го помогнат растот и развојот на регионот;

[156]Втор форум на високо ниво за енергетика "Енергетска стратегија и либерализација на пазарот". Приштина, 18 април 2017 година

3. да се квалификува работната сила, особено во Западно Косово, и тоа со примена на испитувањата за понудата на пазарот на трудот, соработка со работодавачите иобразовните институции и поддршка на обуката според потребите (стручна обука - на барање на работодавачите).

**Оперативни приоритети на Западно Косово**

Два од приоритетите на Западно Косово се однесуваат на оперативните, наместо на стратегиските цели. Тие се наменети за насочување кон поефективна имплементација и се сумираат на следниов начин:

1. *развој заснован на соработка*. Имено, идните активности за привлекување СДИ во функција на економскиот развој на Косово треба да бидат адресирани до сите учесници(институциите и Владата за привлекување СДИ), а да бидат насочени кон трите стратегиски приоритета што беа наведени погоре. Поточно да се фокусирани на перспективите за реализација на специфичните локални потреби, коишто во моментов на субнационално и национално ниво не се видливи или мерливи. Овие интервенции во постојните услови треба да бидат планирани, но за возврат да се очекуваат поинтензивни инвестиции со додадена вредност (VFM), како во успешните и развиени земји. Иако се очекува тие да имаат поголем ризик, сепак нивниот фидбек е побрз и со повидлив ефект. Оттука, во повеќето случаи можат да се користат "пилот-проекти". Иако можат да се применуваат подеднакво и во урбаните, и во руралните заедници, па дури и во "заедниците од заеднички интерес", сепак треба да се охрабри пристапот на LEADER кон мини-програмите;
2. *техничка помош*. Притоа е потребна посебна поддршка за администрирање и развој на процесот на планирање преку соодветна техничка помош (EURED и потенцијални актери) и преку грант за рационализација на RDA. Тоа е потребно за да продолжи да се развива партнерството, со цел да ги идентификува индикаторите и да собираат релевантни податоци за ревидирање и ажурирање на стратегијата, најмалку во текот на следните три години.

# 6. ШЕСТИ ДЕЛ

Перспективи и предлози за привлекување СДИ во Р.Косово

## 6.1. Компаративна анализа на политиките за привлекување СДИ во Р.Косово

Бидејќи СДИ обезбедуваат интегриран пакет на материјални и нематеријални ресурси (на пример, капитал, технологија, организациски придобивки, маркетинг, нови знаења и вештини, обука на работната сила, размена на искуства, менаџирање и сл.) тие претставуваат своевиден стимуланс за економскиот развој.

Така според Mickiewicz, Radosević i Varblane (2010) СДИ претставуваат потенцијал за решавање одделни економски проблеми во земјите од Југоисточна Европа (вкучително и Косово), и тоа преку отворање нови работни места со изградбата на новите производни капацитети, но и со растот на заработувачката по зголемувањето на продуктивноста.[157]

Додека, пак, според Бабиќ- Ходовиќ и Мехиќ[158], сите фактори, што го детерминираат приливот на СДИ, се делат во две основни групи, и тоа: *индустриски специфични детерминанти* во коишто спаѓаат оние фактори што обезбедуваат поддршка при интернационализацијата на производството, а укажуваат на видовите менаџерски вештини, диференцијацијата на производите/услугите, технолошката опременост и know-how, маркетиншките и организациските потенцијали, истражувачко-развојните капацитети и сл.; а во другата група се *специфичните фактори на земјата-реципиент* на капиталот, како што се, на пример, физичките и природните ресурси, инвестициската клима, географската лоцираност, условите на побарувачката, образовната структура на работната сила итн.

Кога се работи за Р.Косово перспективите за привлекување СДИ треба да ги гледа во унапредување на *индустриски специфичните детерминанти,* при што промоциските активности би се креирале во претставување на предностите што произлегуваат од блискоста на Р.Косово до европскиот пазар, регионалното поврзување со соседите за проширување на пазарот и зголемување на побарувачката (погодности во трговската размена), усогласување на образовните програми (особено во средното и високото образование) со промените во поширокото окружување,

---

[157] http://www.ekof.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2014/10/Rad-51.pdf?mlang=lat

[158] Babić-Hodović V., Mehić E. Policies and strategies for the promotion and attraction FDI in services, Proceedings of 5th International Strategic Management Conference, Istanbul, Turkey, 2009.

односно со современите предизвици за брзо адаптирање на новата економска парадигма.

СДИ, во секој случај за Р Косово се win-win стратегија, зашто придонесуваат за влез на нов капитал како можност за отворање нови работни места и развој на економијата, а симултано креираат и можности за раст и развој на корпорациите и мотивирање на инвеститорите.

Ако се анализира мапирањето на земјите во светот[159] според СДИ, тогаш веднаш се забележува дека странските директни инвестиции не мора да бидат лоцирани во земјата-корисник, туку тие можат да се алоцираат и надвор од нејзините граници (таков е примерот со Abu Dhabi или Tata Motors со Land Rover и сл.).

Според податоците од мапата за 2017 год., а презентирани во јануари 2019 год., јасно се гледа дека СДИ се делат според економијата меѓу *развиените земји* и *земјите во развој, и тоа:*

| | | |
|---|---|---|
| развиени економии-влез/излез или прилив/одлив | $712.4 billion | $1,009.2 billion |
| економии во развој- влез/излез или прилив/одлив | $670.7 billion | $380.8 billion. |

Имано, во 2017 год. вкупните директни инвестиции на глобално ниво изнесувале **1.43 трилиони** американски долари. Приливот на СДИ во првите десет рангирани земји (во САД долари) е следниов: САД $275.4 billion, Кина $136.3 billion, Хон Конг $104.3 billion, Бразил $62.7 billion, Сингапур $62.0 billion, Холандија $58.0 billion, Франција $49.8 billion, Австралија $46.4 billion, Швајцарија $41.0 billion, Индија $39.9 billion. Но, за разлика од очекуваните резултати за првите три земји, изненадуваат податоците за британските Девствени острови и Кајманските острови коишто се рангирани на 11. и 12. место пред Германија и Бразил, коишто се на 13. и 14. место. Оттука следува импресивниот заклучок дека овие земји се пред развиените Канада, Велика Британија и Јапонија.

Од друга страна, приливот на странски директни инвестиции во земјите од Западен Балкан, иако беше забрзан во 2000. и 2010. година, вклучувајќи го и периодот по глобалната финансиска криза од 2008 до 2009 година, сепак, тој е бавен и неврамнотежен. Како резултат на тоа, кумулативниот фонд на внатрешните СДИ во однос на БДП го надминува просекот во транзициските економии. Така, Црна Гора е апсолутен лидер во размената со СДИ во 2016 година, што е еднакво на 113,0 отсто од

[159]https://www.visualcapitalist.com/mapped-foreign-direct-investment-by-country/

БДП. СДИ во регионот, главно, се насочени кон финансискиот сектор, телекомуникациите, енергетскиот сектор, трговијата на големо и мало, градежништвото, недвижниот имот и производството (Естрин и Увалиќ, 2016, Хуња и Шваркапел, 2016). На пример, банкарскиот сектор во регионот, главно, е во сопственост на странски инвеститори, претежно од ЕУ. Многу банки во земјите од Западен Балкан се дел од паневропските банкарски групи. Исклучок е Босна и Херцеговина. По финансиската криза во 2008/09 година, намалените приливи на СДИ во оваа земја се чини дека ги рефлектираа своите домашни политички проблеми и ги одолговлекуваа можностите за пристапување во ЕУ. Последиците од кризата се почувствуваа во земјите од регионот, но со различен интензитет.

Годишната анкета на Светската банка Doing Business 2018[160] ја рангира Македонија на единаесеттото место на глобално и второ место во регионот на Европа и Централна Азија (што е позитивно, меѓу сите транзициски економии). Косово, Црна Гора и Србија соодветно ги заземаат 40., 42. и 43. позиција на ова рангирање. Босна и Херцеговина е најлош регионален изведувач (86. место), но сепак е подобар од многу економии на поранешниот Советски Сојуз. Податоците покажуваат дека С.Македонија е една од најлесните економии кога станува збор за заштита на инвеститорите од малцинства или добивање кредит. Србија се покажа како најдобра меѓу транзициските економии во справувањето со градежните дозволи, а Црна Гора, исто така, е рангирана високо во однос на пристапот до кредити. Започнувањето бизнис е релативно лесно во Косово. Сепак, земјите од Западен Балкан не функционираат добро во регистрирањето на имотот или добивањето, т.е. напојувањето со електрична енергија. Во просек, регионот сè уште заостанува зад групите на помалите земји од Централна и Источна Европа (Светска банка, 2017 година). За разлика од истражувањето на "Doing Business" на Светската банка, коешто се концентрира на должината, едноставноста и трошоците за административните процедури, *индексот за економска слобода* на *Фондацијата Херитиџ* посветува поголемо внимание на повеќе фундаментални фактори како што се: економската либерализација, имотните права, корупцијата и владиниот интегритет. Податоците натаму покажуваат дека земјите од Западен Балкан се особено лоши во поглед на владиниот интегритет, ефикасноста на судството и слободата на трудот. Сите овие показатели упатуваат на неефикасноста во јавниот сектор. Индикаторите на деловната слобода (освен во Македонија и Албанија) и имотните права, исто така, заостануваат.

[160] http://bruegel.org/wp-content/uploads/2018/02/PC-04_2018.pdf

Исто така, според последниот Извештај на Светска банка[161], пак, новоизбраните влади во Албанија, Косово, Северна Македонија и Србија имаат можности да ги забрзаат структурните реформи.

Меѓутоа, за да се искористи новиот момент за вистинска шанса за успех, политичката волја на раководните тела на ЕУ не е доволна. Земјите - кандидати и потенцијални аспиранти за влез во ЕУ мора да бидат подготвени да ја интензивираат својата реформска домашна задача, вклучувајќи ги и најтешките прашања за: конфликтните закони, човековите права, гаранциите за етничките, верските и другите малцинства, почитувањето на владеењето на правото, целосното нормализирање на односите со соседите , борбата против корупцијата, државната капа и организираниот криминал и модернизацијата на јавната администрација и судството. Сето тоа е потребно за да се дефинира и моделот за таква економска политика што ќе подразбира привлекување во иднина на оние СДИ коишто ќе значат отворање нова развојна страница во земјата- домаќин или корисник на капиталот, технолошките иновации и знаењата од странство.

Доколку земјите во развој сакаат да искористат најголем дел од СДИ тие, исто така, мора да го зајакнат образованието, технологијата и внатрешната инфраструктура, така што домашниот деловен сектор да биде отворен за знаењето и вештините претставени од странскитекомпании. Глобалните трендови покажуваат дека конкуренцијата за привлекување СДИ е многу силна кај земјите во развој, бидејќи претставува важен извор на странски капитал и може да има позитивни ефекти од преклопување во домицилната економија. Затоа, земјите во развој нудат различни стимулации за привлекување инвеститори и нивно оддалечување од инвестициите во конкурентските земји.

Кај странските директни инвестиции околу 90% од нивната берзанска вредност потекнува од развиените земји. Некои од причините или факторите што поттикнуваат развиена компанија да инвестира во земја, различна од матичната земја, се:

- пазарните бариери (високи тарифи за транспорт, квоти и трошоци, особено за стоки со голема тежина и мала вредност);
- потреба од надворешно проширување (компанијата директно да влезе во меѓународниот пазар);
- диверзификација на ризикот кај акционерите , кога постојат пречки за трансфер на протекот на капитал меѓу земјите;

[161]http://documents.worldbank.org/curated/en/477511510774559876/pdf/121417-WP-PUBLIC.pdf

- пазарот на трудот (кога компанијата, поради скапи и неквалификувани услови на пазарот, ја преместува својата активност во нискоквалификуваната работна сила, а со ниска цена на трудот);
- животниот век на производот (СДИ помага за развој на производот кога тој достигнува зрелост и кога трошоците имаат примарно значење);
- другите фактори што влијаат врз привлекувањето нови СДИ (т.е. фискалната политика, правната регулатива, контролата на пазарите, дополнителните трошоци за водење бизнис итн.)..[162]

Од голема важност за земјата – домаќин е да ги идентификува и натаму да ги развива факторите што привлекуваат СДИ. Големината на пазарот и потенцијалот за раст, деловните можности, како и атрибутите за инвестиции (на пример, силните институции и регулативите што се прилагодени на инвеститорот) се некои од најсилните фактори за СДИ Токму затоа, подобрувањето на деловната клима за прилив на СДИ е важен фактор и можност за земјите што сакаат да ги привлечат странските инвеститори. Бидејќи деловната клима е од најголема важност за привлекување СДИ, владините политики и практики треба да имаат за цел да ги намалат трошоците за инвеститорите и перцепираните ризици од инвестициите, да обезбедат различни мотиви за инвеститорите и да создадат поволна инфраструктура за инвестициите.

Косово е ограничено во својата способност да привлече странски инвестиции, главно, заради недостаток на дистрибуција на битни информации за глобалните пазари, потоа слабата меѓународна комуникација со нејзиното економско окружување и презентирањето на можностите за странски инвестиции. Приливот на странски инвестиции, исто така, енамален заради високите нивоа на корупција, бавните и неефикасни реформи во деловното опкружување, недостатокот на транспарентност, економската неактивност во многу сектори, негативните перцепции кај странските инвеститори, вклучително и кај дијаспората, како и неуспехот на институциите за спроведување и постигнување на нивните цели.

Одделни направени истражувања идентификуваат голем број различни фактори, што влијаат врз одлуките на инвеститорот да инвестира во Р Косово, а тоа е прикажано на наредната табела:[163]

---

[162] Хорнбергер , К. Батат , J и Кусек , П. Привлекување на СДИ: „Колку е важна инвестициската клима “. 2011 година. Fq.33

[163] УСАИД - Странски директни инвестиции: „ Ставање на работа во земјите во развој “, 2007 година , стр 36




**Слика 20 Причини странските инвеститори да инвестираат во одделна земја**

Извор: УСАИД (2007), Странски директни инвестиции: ставање во функција во земјите во развој

Според студиите за значењето на СДИ се идентификуваат *три групи фактори* што мора да постојат во истовреме и кај инвеститорот. Овие фактори се: 1. *предностите што ги поседува инвеститорот;* 2. *предностите што ги поседува земјата – домаќин;* и *можноста на претприемачите (менаџерските тимови во компаниите ) да ги комбинираат овие фактори со деловниот проект.*[164]




**Слика 21 Привлекување СДИ со поседување конкурентски предности**

Извор: Дијаграм за дизајн, изготвен од авторот

[164] УНКТАД - „ Трендови и детерминанти на светски инвестициски извештај “ , 1998 година , стр 67

Ако множеството фактори од *првиот и третиот тип* директно се поврзани со странскиот инвеститор, тогаш збирот на факторите од *вториот тип* директно е поврзан со земјата- домаќин. Со оглед на постоењето *фактори од прва класа* , компаниите ќе можат да извезуваат производи, продаваат лиценци или патенти за услуги на пазарот надвор од нивната земја на потекло.

Само ако постои истовремена *триполарна врска на факторите*, тогаш ќе се јавуваат и развиваат странските директни инвестиции. Идентификувањето на факторите за развој на СДИ ја надминува големината на надворешната трговија, продажбата на лиценци и патенти итн. Сепак, со групирање на овие фактори во земјите (што се различни), всушност се создаваат *три големи групи*, според својата природа на влијание и тоа: ***владини (политички), економски и деловни субјекти.***

**Улогата и влијанието на владата во привлекувањето СДИ.** Владата има значително влијание врз нивото на СДИ, главно, преку законите, подзаконските акти, одлуките на Советот на министри, па сé до регулаторните и институционалните процедури и органи. Преку сите овие правни и регулаторни алатки во земјата- домаќин се градат стандарди за влез на странските инвеститори на пазарот и начините за спроведување на нивните различни активности во земјата.

Едностраните инвестициски политики се штетни и за земјите- домаќини, и за странските инвеститори. Имано, тие негативно влијаат врз домашните инвеститори, а во истовреме ја оптоваруваат економијата, воопшто. Владите на овие земји, преку своите регулаторни механизми, можат да влијаат врз приливот на СДИ, и тоа да ја поттикнуваат или поткопуваат конкуренцијата и развојот на пазарот, особено во услови на недискриминација на домашниот бизнис.[165] Оттука, владините политики треба да ги користат инструментите за да ја овозможуваат географската, индустриската или секторската распределба на СДИ во земјата - домаќин. Владините политики за заштита на домашните инвестиции можат да се јавуваат во различни форми, но генерално треба да го ограничуваат увозот, но исто така и конкуренцијата од странските инвеститори.Овие политики се познати како „*заштита*" од негативните последици од СДИ.

Од друга страна, охрабрувањето на странските инвестиции за развој на пазарите би претставувало владина политика спротивна на протекционизмот. Токму стратегијата за развој на земјата – домаќин, што ја креира нејзината влада, треба да го

[165] УНКТАД - Светски извештај за инвестиции - „ Транснационални корпорации , структура на пазарот и политика на конкуренција ", 1997 , стр. 33-35

диктира фокусот на СДИ. Сепак, владините политики на земјата - домаќин не можат да бидат одвоени од меѓународни договори или економските синдикати итн.

Во земјите во развој, какво што е и Косово, владините развојни политики, што ги опфаќаат и СДИ во земјата, главно, се насочени кон:

- склучување меѓународни договори за инвестиции; и
- забрзување на процесот за приватизација.

Според студијата на ОЕЦД (2003) за владините политики за привлекување СДИ, произлегува заклучокот дека ефективната политика за привлекување странски инвеститори е поврзана и зависи од голем број фактори. Анализирајќи ги факторите во релацијата ***ризик-враќање***, пак, успешна политика што создава профитабилно, нискоризично деловно опкружување, а со избегнување на непредвидливите трошоци или банкрот на компанијата е онаа што ги зема предвид:

- предвидливото и недискриминаторско регулаторно опкружување, како и отсуството на бирократски административни бариери за деловната активност воопшто;
- стабилно макроекономско опкружување со перспектива фокусирана на меѓународната трговија;
- доволни и можни ресурси што треба да се користат, вклучително и присуство на релевантна инфраструктура и човечки капитал итн.

Не е спорно дека овие фактори, исто така, се неопходни за развој на домашните капитални инвестиции, бидејќи тие се од суштинско значење за да се утврди околината за развој на бизнис климата во земјата.

Поохрабрувачка политика што ја водат некои од владите на земјите- домаќини со цел привлекување СДИ е отсуството на дискриминација меѓу странските и домашните инвеститори, што може да се манифестира преку:

- големината на капиталот и сопственоста;
- локализацијата на активноста;
- дефинирањето на индустриската активност;
- неселективните правила итн.

Но, сето тоа може да се претвора во директни трошоци за странскиот инвеститор или зголемен ризик за инвестирање. Меѓутоа, другата страна на избор не би била препорачлива, односно не треба да се нудат поголеми предности на странските инвеститори, зашто тоа е дискриминација за локалните компании, па затоа таквите политики се нарекуваат „ *селективни* “. Иако владата на земјата-домаќин може да биде „дарежлива“ во многу погледи за странските инвеститори, сепак, овие стимуланси не секогаш се ефективни. Токму затоа е неопходна експертиза и длабинска

анализа на вкупните состојби за спроведување и проценка на степенот на ефикасност на СДИ.

## 6.2. Компаративна анализа на СДИ во земјите од Западен Балкан

Западен Балкан е регион со значителен економски потенцијал. Споредено со другите европски економии, пак, се забележува дека овие земји се или сиромашни, или многу сиромашни. Структурната неразвиеност и ниската конкуренција го ограничуваат процесот за привлекување СДИ. Масовната невработеност и големиот трговски дефицит укажуваат на сериозни внатрешни и надворешни нерамнотежи, речиси кај сите земји од овој регион. Наредната табела дава илустративен приказ на состојбите во земјите од З.Балкан во периодот од 2010 до 2018 година.

**Табела 4 Странски директни инвестиции во земјите од Западен Балкан, 2010 - 2018**

| Година ДБ | Земја | СДИ |
|---|---|---|
| **2010** | Албанија | 1,090,111,754.88 |
| **2011** | Албанија | 1,048,087,029.35 |
| **2012** | Албанија | 918,313,370.72 |
| **2013** | Албанија | 1,254,274,472.04 |
| **2014** | Албанија | 1,149,927,985.78 |
| **2015** | Албанија | 989,578,334.83 |
| **2016** | Албанија | 1,044,389,554.86 |
| **2017** | Албанија | 1,022,757,857.07 |
| **2018** | Албанија | 1,207,045,718.88 |
| **2010** | Босна и Херцеговина | 443,840,207.09 |
| **2011** | Босна и Херцеговина | 471,610,992.22 |
| **2012** | Босна и Херцеговина | 391,976,946.38 |
| **2013** | Босна и Херцеговина | 313,295,008.33 |
| **2014** | Босна и Херцеговина | 544,866,345.46 |
| **2015** | Босна и Херцеговина | 383,089,615.73 |
| **2016** | Босна и Херцеговина | 282,754,349.37 |
| **2017** | Босна и Херцеговина | 462,732,353.50 |
| **2018** | Босна и Херцеговина | 485,496,698.68 |
| **2010** | Бугарија | 1842900000 |
| **2011** | Бугарија | 2103810000 |
| **2012** | Бугарија | 1788110000 |
| **2013** | Бугарија | 1989040000 |
| **2014** | Бугарија | 1093600000 |
| **2015** | Бугарија | 2609370000 |
| **2016** | Бугарија | 1562800000 |
| **2017** | Бугарија | 2833030000 |
| **2018** | Бугарија | 2579940000 |
| **2010** | Хрватска | 1,424,108,328.12 |
| **2011** | Хрватска | 1,417,600,259.48 |

| | | |
|---|---|---|
| **2012** | Хрватска | 1,465,100,044.53 |
| **2013** | Хрватска | 937,309,759.59 |
| **2014** | Хрватска | 3,959,857,736.73 |
| **2015** | Хрватска | 158,968,737.62 |
| **2016** | Хрватска | 1,864,321,647.92 |
| **2017** | Хрватска | 2,040,460,130.74 |
| **2018** | Хрватска | 1,284,360,877.95 |
| **2010** | Косово | 490,048,756.14 |
| **2011** | Косово | 535,326,481.79 |
| **2012** | Косово | 293,089,797.09 |
| **2013** | Косово | 371,492,237.26 |
| **2014** | Косово | 199,888,379.07 |
| **2015** | Косово | 343,350,610.60 |
| **2016** | Косово | 243,787,145.16 |
| **2017** | Косово | 325,045,479.98 |
| **2018** | Косово | 240,063,227.76 |
| **2010** | Македонија | 301,441,681.71 |
| **2011** | Македонија | 507,920,732.79 |
| **2012** | Македонија | 337,911,248.19 |
| **2013** | Македонија | 402,458,309.81 |
| **2014** | Македонија | 60,879,915.45 |
| **2015** | Македонија | 296,604,200.38 |
| **2016** | Македонија | 549,371,101.55 |
| **2017** | Македонија | 380,738,977.54 |
| **2018** | Македонија | 674,503,971.14 |
| **2010** | Црна Гора | 758,407,499.53 |
| **2011** | Црна Гора | 556,257,883.12 |
| **2012** | Црна Гора | 618,367,296.04 |
| **2013** | Црна Гора | 446,490,330.27 |
| **2014** | Црна Гора | 496,835,255.41 |
| **2015** | Црна Гора | 699,736,511.12 |
| **2016** | Црна Гора | 226,666,592.43 |
| **2017** | Црна Гора | 560,290,272.00 |
| **2018** | Црна Гора | 485,645,717.54 |
| **2010** | Србија | 1,693,250,318.85 |
| **2011** | Србија | 4,930,532,020.15 |
| **2012** | Србија | 1,275,339,755.63 |
| **2013** | Србија | 2,059,297,316.50 |
| **2014** | Србија | 1,999,539,187.46 |
| **2015** | Србија | 2,343,139,735.75 |
| **2016** | Србија | 2,355,214,636.94 |
| **2017** | Србија | 2,894,615,965.24 |
| **2018** | Србија | 4,107,322,500.20 |

Извор: Светска банка

Од показателите во табелата се забележуваат движењата на странските директни инвестиции во земјите од Западен Балкан во последната декада (2010/18).

Компаративната анализа на трендовите на СДИ во земјите од Западен Балкан и влијанието на спроведените политики за нивно привлекување може да се согледа преку анализа на рангирањата и трендовите, главно, според извештајот на Doing Business 2018.[166]

Така, во споменатиот период може да се воочи раст на СДИ во речиси сите земји од Западен Балкан со одделни осцилации во текот на анализираните тајминзи. Натаму се направени некои споредби меѓу земјите од Западен Балкан, што се поврзани со ова истражување, а посебен осврт е направен на *индикаторите за започнување бизнис*.

Имено, *ако се анализира Косово*, може да се види дека има многу значително подобрување во резултатите кај индикаторските елементи за започнување бизнис. Од вкупно 10 постапки во 2011 година, што биле спроведени за 58 дена, па дури 3 процедури биле извршени за 5,5 календарски денови, што значително придонесува за повлекување СДИ. Во случајот со *Албанија*, пак, може да се забележи дека имало 6 постапки во 2010 година, со временски рок од 6 дена, што бил намален во последниве години на 5 постапки за 5 дена. Голем број процедури за стартување бизнис ја карактеризираат *Босна и Херцеговина*, затоа што бизнисот треба да започне за 13 постапки, но има помалку процедури во 2010 година и се бара 81 ден за дазапочне. *Бугарија* е земја што не претрпе многу промени, бидејќи има 7 процедури за започнување бизнис за 25 дена. *Србија* започнува бизнис преку 5 процедури за само 5,5 дена, но се карактеризира со ниска цена од точно 2,2% од приходот по глава на жител.

[166]http://bruegel.org/wp-content/uploads/2018/02/PC-04_2018.pdf




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 76 | 174 | 65 | 80 | 100 | 69 | 7 | 45 |
| 2015 | 41 | 147 | 49 | 88 | 42 | 56 | 3 | 66 |
| 2016 | 58 | 175 | 52 | 83 | 47 | 59 | 2 | 65 |
| 2017 | 46 | 174 | 82 | 95 | 13 | 58 | 4 | 47 |
| 2018 | 45 | 175 | 95 | 87 | 10 | 60 | 22 | 32 |

**Графикон 8 Рангирање на индикаторот за стартување бизнис во текот на 2014-2018 година**

Извор: Сопствени пресметки на авторот засновани на податоци од Светска банка, за деловното работење

Показателите што го покажуваат рангирањето на индикаторот за стартување бизнис во текот на 2014 / 2018 година ги отсликуваат движењата во текот на испитуваните години. Вреди да се акцентира случајот со Косово, што од 100.позиција што беше во 2014 година, премина на 10. во 2018 година. Реформите направени од страна на институциите на Косово во постапките за започнување бизнис (како што може да се забележи), имаат влијание и врз привлекувањето СДИ. Се забележува дека по 2014 година вредноста на СДИ достигнува многу повисоко ниво. Македонија и Србија, исто така, имаат добар показател за започнување бизнис. Бугарија и Босна и Херцеговина се две држави што треба побрзо да направат процедурални реформи, намалување на времето и намалување на трошоците за подобрување на рангирањето, бидејќи Бугарија неочекувано паднала од својата 65. позиција во 2014 година на 95. место.

Во компаративната анализа на земјите за индикаторот ***добивање градежна дозвола***, пак, се забележуваат неколку интересни резултати. Имено, Косово се најде на 100. место во рангирањето од Duing Business , но во однос на некои од државите од регионот, според деновите за добивање одобрение за градба, стои податокот дека се

потребни само 150 дена; во Албанија се потребни 299 дена; во Босна и Херцеговини 193 дена; во Хрватска 146 дена; во Македонија само 91 ден; во Црна Гора со 152 дена; и во Србија 106 дена за да се завршат процедурите за добивање градежна дозвола.

Во 2018 година, според резултатите од сите показатели, Србија има многу добра позиција, така што во секој показател има речиси максимален скор. Косово има скор 0 во однос на индексот на професионални сертификати, при што има рејтинг од 0 до 4.




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 189 | 175 | 118 | 152 | 136 | 106 | 63 | 182 |
| 2015 | 157 | 182 | 101 | 178 | 135 | 138 | 89 | 186 |
| 2016 | 189 | 171 | 51 | 129 | 136 | 91 | 10 | 139 |
| 2017 | 106 | 170 | 48 | 128 | 129 | 93 | 11 | 36 |
| 2018 | 106 | 166 | 51 | 126 | 122 | 78 | 26 | 11 |

**Графикон 9 Рангирање на индикаторот за дозвола за градба во 2014-2018 година**

***Добивањето дозвола за градба*** (што е еден од факторите за мотивирање на странските инвеститори) во земјите од Западен Балкан е индикатор што има мали позитивни резултати. Со оглед на тоа што, според овој индикатор, се анализираат процедурите, времето, цената и индексот на контрола на квалитетот на зградите, се наметнува потребата за посуштински реформи за негово подобрување. Македонија, Србија и Бугарија имаат најдобри резултати и треба да се напомене дека сите три земји извршиле големи реформи во оваа област, така што е скратено времето за пријавување и поднесување барања; намалени се трошоци, така што тие постигнале многу низок ранг во период од 5 години со многу позитивен рејтинг.

Земјите на коишто им се потребни итни реформи се: Хрватска, Косово и Албанија, зашто сѐ уште се соочуваат со бирократски процедури за добивање градежна дозвола. Од показателите се гледа дека во 2015 година Хрватска била рангирана меѓу последните земји што можат да бидат поврзани со привлекување СДИ.

Поточно, во оваа земја имало драстично намалување на странските директни инвестиции. Така, Хрватска има 22 постапки за добивање градежна дозвола.

За индикаторот стабилно ***напојување со електрична енергија*** земјите од Западен Балкан се рангирани на следниве позиции :

- Косово се наоѓа на 113;
- Албанија на 140;
- Босна и Херцеговина на 130;
- Бугарија на 147;
- Хрватска на 61;
- Македонија на 57;
- Црна Гора на 134;
- Србија на 104.

Од горенаведените статистички податоци, добиени од извештаите на Светска банка, се забележува дека Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија и Црна Гора се земји што имаат низок ранг , а тоа може да влијае врз привлекувањето на СДИ.




| | Албанија | Босна и Херцеговин а | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македониј а | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 158 | 164 | 135 | 60 | 121 | 69 | 76 | 85 |
| 2015 | 152 | 163 | 125 | 59 | 112 | 63 | 88 | 84 |
| 2016 | 162 | 119 | 100 | 66 | 124 | 163 | 45 | 63 |
| 2017 | 156 | 123 | 104 | 68 | 114 | 167 | 29 | 92 |
| 2018 | 157 | 122 | 141 | 75 | 106 | 127 | 53 | 104 |

**Графикон 10 Рангирање на индикаторот за снабдување со електрична енергија во испитуваните земји во текот на 2014/2018 година**

Снабдувањето со електрична енергија е индикатор што ги зема предвид процедурите за приклучување на електричната мрежа, потребното време, цената-пресметана како процент од приходот по глава на жител и веродостојноста на снабдувачот. Лоши резултати за рангирање, според претходната табела, имаат Албанија и Бугарија, коишто се рангирани на 157 и 141 место, соодветно.

Негативни перформанси покажаа и Србија, којашто падна од 85. место во 2014 година на 104, и Црна Гора, којашто од 69 падна на 127место. Земји што најдобро се залагаат за овој индикатор се Хрватска и Македонија. Она што ја карактеризира Македонија за овој резултат е дека има вкупно само 3 отворени постапки за снабдување со електрична енергија.

***Регистрацијата на имотот*** е многу важен индикатор штопредизвикува последици што можат да се јават кај различни случаи, особено кога имотот не е правилно проценет и не се користени соодветни параметри за мерење. Резултатите од рангирањето на земјите, што се произлезени од анализите за 2019 година, според цитираната студија за индикаторот -*регистрација на имот*, се следниве:

- Косово – 37 место;
- Албанија – 98 место;
- Босна и Херцеговина – 99 место;
- Бугарија – 67место;
- Хрватска – 51 место;
- Македонија – 46 место;
- Црна Гора – 76 место;
- Србија – 55 место.

Позиционирањето на Косово на 37. место за овој индикатор укажува на квалитетот на постапките за регистрирање имот. Имено, ефикасноста на постапките, краткото време и трошоците за регистрирање имот во Косово се фундирани на фактот дека биле извршени вкупно 6 постапки за 27 дена, со цена од само 0,3% од вредноста на имотот.




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 119 | 96 | 62 | 106 | 58 | 98 | 84 | 44 |
| 2015 | 118 | 88 | 57 | 92 | 34 | 87 | 74 | 72 |
| 2016 | 107 | 97 | 63 | 60 | 32 | 79 | 50 | 73 |
| 2017 | 106 | 99 | 60 | 62 | 33 | 78 | 48 | 56 |
| 2018 | 103 | 97 | 67 | 59 | 34 | 76 | 48 | 103 |

**Графикон 11 Рангирање на индикаторот за регистрација на имот во текот на 2014-2018 година**

*Регистрацијата на имотот* е индикатор што ги анализира процедурите, времето, цената што се пресметува како процент од вкупната вредност на имотот и индексот за управување со земјиштето. Добар резултат со небирократски процедури има постигнато Косово, така што од 58. место на танг листата во 2014 година успеало да се искачи на 34. позиција.

Македонија, исто така, направила значително подобрување, односно од 84. позиција се искачила на 48. место, според спроведувањето соодветни реформи во оваа област. Но, натамошниреформи им се потребни на Србија и Албанија, што се рангирани на 103.место. Меѓутоа, и покрај овој факт, сепак, во табелата за реализирани СДИ се забележува дека Србија продолжува да привлекува поголем обем на СДИ секоја година, така што особено во последниве години вредностите се дуплирани.

***Пристапот до кредитите***, исто така, е многу важен фактор во привлекување странски директни инвестиции, затоа што ако се нудат поволни услови, тогаш инвеститорите ги опсервитаат земјите како привлечни дестинации за вложување капитал и отворање различни видови бизниси.

Пристапот до кредитите се мери со следниве критериуми: индексот на моќта на законските права (0-12); длабочината на индексот за кредитните информации (0-8);

покривањето на трошоците за кредитниот регистар (% од возрасните); покриеноста на канцелариските потреби со кредит (% од возрасни)

Од анализата за водење бизнис во испитуваните земји се констатира дека тие, според Duing Business, се рангирани на следниов начин:

- Косово / 12;
- Албанија / 44;
- Босна и Херцеговина / 60;
- Бугарија / 60;
- Хрватска / 85;
- Македонија / 12;
- Црна Гора / 12;
- Србија / 60.




| | Албанија | Босна и Херцегови на | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македониј а | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 13 | 73 | 28 | 42 | 28 | 3 | 3 | 42 |
| 2015 | 36 | 36 | 23 | 61 | 23 | 4 | 36 | 52 |
| 2016 | 42 | 42 | 28 | 70 | 28 | 7 | 42 | 59 |
| 2017 | 44 | 44 | 32 | 75 | 20 | 7 | 16 | 44 |
| 2018 | 42 | 55 | 42 | 77 | 12 | 12 | 12 | 60 |

**Графикон 12 Рангирање на индикаторот за кредитна пристапност во текот на 2014-2018 година**

Пристапот до кредитите е од големо значење за привлекување СДИ, бидејќи во определена смисла, тоа е најкористената форма за финансирање. Правната рамка, како и информациските системи за кредитните услови во банките се од големо значење.

Но, според показателите од 2018 година, Косово, Црна Гора и Македонија се рангирани добро, позиционирајќи се на 12. место, а предизвикува сомневање во точноста на резултатите од Светската банка, бидејќи во овие земји цената на кредитирањето е многу висока.

Заемодавателите користат информациски системи за да ја задржат историската рамка на заемопримачот, дури и да не се потпираат на одобрувањето или непозајмувањето.

Хрватска, според показателите, има најлош негативен пласман за разлика од останатите 8 земји, затоа што од 42. место во 2014 година паднала на 77. место.

Индикаторот за ***заштита на инвеститорите*** предизвикува најголем интерес и детално се анализира, бидејќи е многу важен за привлекување странски инвеститори. Заштитените инвеститори имаат поголеми можности за ширење на бизнисот во компаниите, користејќи ги различните видови фондови. Креирањето соодветни законски решенија, што ќе обезбедуваат поголема транспарентност за работењето на компаниите и давањето нови права на акционерите, директно влијае врз привлекувањето на СДИ.

За *заштитата на инвеститорите*, пак, земјите од Западен Балкан се рангирани на следниов начин:

- Косово на 95 позиција;
- Албанија на 26;
- Босна и Херцеговина на 72;
- Бугарија на 33;
- Хрватска на 38;
- Македонија на 7;
- Црна Гора на 57; и
- Србија на 83.

Косово, Босна и Херцеговина и Србија треба и во иднина многу посериозно да работат за заштита на инвеститорите, зашто тоа е единствениот начин да се мотивираат да го вложат својот капитал во сигурни и безбедни економии.




| | Албанија | Босна и Херцегови на | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македониј а | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 14 | 115 | 52 | 157 | 98 | 34 | 16 | 80 |
| 2015 | 7 | 83 | 14 | 62 | 62 | 43 | 21 | 32 |
| 2016 | 8 | 66 | 14 | 29 | 57 | 36 | 14 | 81 |
| 2017 | 19 | 81 | 13 | 27 | 63 | 42 | 13 | 70 |
| 2018 | 20 | 62 | 24 | 29 | 89 | 59 | 4 | 83 |

**Графикон 13 Рангирање на индикаторот за заштита на инвеститорите во текот на 2014 до 2018 година**

Транспарентноста во работењето, правата на акционерите и проблемите со сопственоста се некои од клучните барања што ја прават заштитата на инвеститорите важен индикатор. Резултатите од претходниот графикон покажуваат дека Македонија има најдобар ранг (4), додека Србија со 83. и Косово со 89. позиција се меѓу земјите каде што инвеститорите имаат најмала заштита, па затоа се потребни дополнителни напори за уредување на оваа област.

Индикаторот за ***даночните обврски на инвеститорите*** го рефлектира вкупниот број платени даноци и придонеси, начинот на плаќање, зачестеноста на плаќањето, зачестеноста на регистрацијата и бројот на агенциите вклучени во стандардизираната компанија, како студија на случај, и тоа во текот на својата втора година од работењето. Имено, тој вклучува даноци што ги задржуваат компаниите, како што се, на пример: даноците за продажба на имот, ДДВ и персоналните даноци што ги сносат вработените. Овие даноци, традиционално, ги наплатува компанијата од клиентот или вработениот во име на даночните агенции. Иако тие не влијаат врз билансот на успех на компанијата, сепак, значително го зголемуваат административниот товар за инвеститорот, па оттука се вклучени во обемот на даночните плаќања.

Бројот на даночните платени обврски се добива од електронската регистрација. Кога целосната електронска исплата преку регистрацијата е дозволена и користена од повеќето бизниси со средна големина, тогаш данокот се пресметува како платен еднаш годишно, дури и ако регистрациите и плаќањата биле почести. За исплати направени преку трети страни (како што е данокот на камата, што го плаќа оделна финансиска институција; или данокот на гориво, што го плаќа дистрибутерот на горивото) е вклучена само една исплата, дури иакоплаќањата биле почести.

Кога два или повеќе даноци или придонеси се собрани заедно и се плаќаат со користење иста форма, тогаш секој од овие заеднички плаќања се пресметува еднаш. На пример, ако се бараат придонеси за задолжително здравствено осигурување и задолжителни пензиски придонеси, тогаш само еден од овие придонеси ќе биде вклучен во бројот на плаќањата.




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 146 | 135 | 81 | 34 | 43 | 86 | 26 | 161 |
| 2015 | 131 | 159 | 89 | 36 | 63 | 98 | 7 | 165 |
| 2016 | 142 | 154 | 88 | 38 | 67 | 64 | 7 | 143 |
| 2017 | 97 | 133 | 83 | 49 | 43 | 57 | 9 | 78 |
| 2018 | 125 | 137 | 90 | 95 | 45 | 70 | 29 | 79 |

**Графикон 14 Рангирање на индикаторот - плаќање данок во текот на 2014/2018 година**

Даноците се важен фактор во развојот на секоја компанија. Во земјите од Западен Балкан, како што може да се забележи од показателите во графиконот, Македонија има најдобра позиција во однос на плаќањето даноци, зашто е рангирана на 29. место во 2018 година, но најдобар резултат имала во 2015 и 2016 година, така што се наоѓа на 7. место.

Веднаш по Македонија, најдобар резултат (t s) има Косово што е рангиран на 45.позиција, а потреба за реформи во плаќањето на даноците имаат Босна и Херцеговина, (што е рангирана на 137) и Албанија (што е рангирана на 125. место.

***Прекуграничното тргување*** , исто така, е значајно за странските инвеститори, а овде се анализира преку податоците за извоз и увоз, времето што е потребно и трошоците што се создадени при тргувањето со странство.




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 85 | 107 | 79 | 99 | 121 | 53 | 89 | 98 |
| 2015 | 95 | 104 | 57 | 86 | 118 | 52 | 85 | 96 |
| 2016 | 37 | 28 | 20 | 1 | 71 | 42 | 26 | 23 |
| 2017 | 24 | 36 | 21 | 1 | 51 | 43 | 27 | 23 |
| 2018 | 24 | 37 | 21 | 1 | 48 | 44 | 27 | 23 |

**Графикон 15 Рангирање на индикаторот - прекугранично тргување во текот на 2014/2018 година**

Прекуграничното тргување станува неопходност за компаниите, осбено во последниве години. При бизнис менаџирањето различните одложувања на купопродажбата и трошоците се главните причинители за бавноста на овој процес. Сосема позитивен е резултатот за прекуграничното тргување на Хрватска, којашто забележува голем пресврт по 2015 година. Имено, Хрватска во 2015 година се наоѓа на 86. место, но по оваа година, односно по преземените суштински реформи направени во трговијата со странство таа успева да се најде на првото место.

Генерално, земјите од Западен Балкан, што се опсервирани за анализа во овој труд, покажуваат добри резултати во работењето со соседите преку граница. Така, најниското рангирање го има Косово што е на 48. место, иако заедно со Босна и Херцеговина се претставени како држави што направиле многу реформи во оваа област и го измениле нискиот ранг што го имале во 2014 година. Значи, доброто прекугранично тргување е битно за привлекување нови СДИ, главно, затоа што се проширува пазарот за стоки и услуги. Тоа е прикажано во претходниот графикон, и тоа со податоци споредбено со странските директни инвестиции.

***Спроведувањето на договорите*** , во основа, го анализира времето изразено во календарски денови, трошокот што се пресметува како процент од вредноста на побарувањата, како и индексот за квалитет на судските постапки, при решавањето на споровите.

Судовите имаат круцијално значење, бидејќи експедитивните судски постапки се многу важни со оглед на тоа што должината на судските постапки влијае врз развојот на бизнисот.




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 124 | 115 | 79 | 49 | 138 | 136 | 95 | 116 |
| 2015 | 102 | 95 | 75 | 54 | 138 | 136 | 87 | 96 |
| 2016 | 96 | 66 | 52 | 10 | 48 | 43 | 26 | 73 |
| 2017 | 116 | 64 | 49 | 7 | 44 | 41 | 36 | 61 |
| 2018 | 120 | 71 | 40 | 23 | 49 | 42 | 35 | 60 |

**Графикон 16 Рангирање на индикаторот - спроведување на договорите во текот на 2014/2018 година**

Од прикажаните показатели во однос на *спроведувањето на договорите* што се поврзани со функционирањето на судството, брзината на постапките и решавањето на споровите, пак, Албанија е рангирана на многу ниска позиција во извештајот на „ Duing Business", а од графиконот се забележува дека таа е на 120. место, Македонија е на 35. и Хрватска на 23. место, што значи имаат најдобри оценки за спроведувањето на договорите.

Показателите за (не)солвентноста на компаниите, што се пресметува преку стапката на закрепнување, времето, цената како процент на средствата и сл. се оние индикатори што ја презентираат компанијата како привлечна или не за инвестирање

од страна на странските инвеститори, а тоа е од најголема важност за привлекување свеж капитал.




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Бугарија | Хрватска | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | србија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 62 | 77 | 92 | 98 | 83 | 45 | 52 | 103 |
| 2015 | 44 | 34 | 38 | 56 | 164 | 33 | 35 | 48 |
| 2016 | 42 | 38 | 48 | 59 | 163 | 36 | 37 | 50 |
| 2017 | 43 | 41 | 48 | 54 | 163 | 40 | 32 | 47 |
| 2018 | 41 | 40 | 50 | 60 | 49 | 37 | 30 | 49 |

**Графикон 17 Рангирање на индикаторот –солвентност на компаниите во текот на 2014/2018 година**

Показателите во претходниот графикон упатуваат на заклучокот дека, генерално, компаниите од земјите во Западен Балкан се солвентни, така што состојбата во Хрватска ја рангира оваа земја на 60. место, а Македонија на 30. место, по што следи Црна Гора.

Но, ваквите резултати, исто така, предизвикуваат сомневање во точноста на финансиските извештаи, зашто економскиот развој на Хрватска е во далеку поповолна состојба во однос на С. Македонија.

## 6.3 Предлог – модел на политика за привлекување СДИ во Р.Косово

Врз основа на претходните анализи во оваа докторска дисертација може да се забележи дека Република Косово во однос на привлекување странски инвестиции во последнава декада, сепак не ги постигнува очекуваните резултати. Остварениот прилив е далеку под очекуваните движења и сè уште е далеку од обемот што би значел остварување на посакуваниот развој. Странските инвестиции претпоставуваат заеднички интерес, па оттука е потребен интердисциплинарен пристап и соодветни организациски процеси за промоција на сопствените предности, како на ниво на целата домашна економија, така и на пооддделните стопански субјекти интересни за

странските инвеститори.[167] Постојат голем број фактори што, на определен начин, ја отсликуваат атрактивноста на една земја за странските инвеститори.

**Факт е дека во Република Косово се посветило доста внимание** за **привлекување поголем обем странски инвестиции.** Донесени се повеќе конкретни програми за привлекување странски инвестиции од страна на Владата, така што биле организирани повеќе симпозиуми, форуми, семинари и научни собири на оваа тема. Притоа се предлагани повеќе форми, мерки, препораки и насоки за надминување на постојните состојби и привлекување поголем обем на капитал, што ќе значи и побрз економски развој.

Но, и покрај тоа, Косово има мал прилив на странски инвестиции и се наоѓа на дното од земјите во транзиција или земјите од Централна и Источна Европа.

Република Косово без прилив на странските вложувања не може да очекува динамизирање на економскиот развој, не се возможни техничките осовременувања, пазарното преструктуирање, извозната ориентација и извозното стопанство.

Во **структурата на странските инвестиции** предноста би требало да ја добијат директните вложувања, портфолио инвестициите, концесиите. Сериозниот и одговорен оперативен пристап во зацртувањето и преземањето на адекватните активности ќе ги даде очекуваните резултати. Но, тој треба да се заснова врз научно фундирана и теоретски издржана домашна стратегија за привлекување странски капитал. Реализирањето на основните цели ќе овозможи контролирано и координирано привлекување на странските инвестиции, спречување на стихијните очекувања и обезбедување услови за остварување оптимален мих на странскиот и домашниот капитал и нивните облици[168].

При **проценувањето на идниот можен обем на странски инвестиции** како и ефектите од него, во секој случај треба да се земат предвид определените **позитивни или негативни настани од досегашниот период**. Специфичностите на постојните состојби претставуваат корисна информациска основа за тоа како да се продолжи, каде да се алоцираат неопходните корективни мерки, односно како да се идентификуваат постојните пречки за привлекување странски инвестиции.

167) Grose, Robert, "The Teory of FDI", Essaus in International Business, Columbia: Universitu of South Carolina, Center for International Bussiness Studies, 1981.

168) Milutin Cirovic: “Oblici priliva stranskog kapitala”, Finansije, januari, 1997 god.

Идните текови на СДИ во Косово можат да се димензионираат според очекувањата со стабилизирањето на регионот, одржување на макроекономската стабилност, подобрувањето на амбиентот за прилив на странски инвестиции. Исто така со отстранување и ублажување на внатрешните и надворешните причини за досегашниот мал прилив, може да се држи чекорот со другите земји во транзиција, чии искуства значат драгоцена основа за позитивни решенија. Всушност, за постигнување поголеми резултати и очекувани долгорочни ефекти треба во структурата на странските вложувања да преовладуваат директните вложувања, инвестирањето во нови производствени капацитети, зедничките вложувања, портфолио инвестициите, вложувањата во примарниот сектор и примената на вите иновации.

Значи, вниманието би требало да се концентрира кон инвестирањето во развојните проекти и извозно ориентираните капацитети и дејности.

Според сознанијата за постојниот недостиг на домашен капитал и ниската акумулативна способност на домашната економија, Република Косово е принудена својот долгорочен развој да го ориентира кон привлекување поголем обем странски инвестиции. Привлекувањето на странски инвестиции од повеќе форми (странски заеми, донации и помош; финансиска и техничка соработка; заеднички вложувања со домашни партнери (индивидуални, приватни компании, мешовити, јавни претпријатија), аквизиции и фузии; портфолио инвестиции, преку пазарите на хартии од вредност; претпријатија со целосна сопственост на странски лица; употреба на права, странски технички, консултативни, менаџмент и маркетинг услуги; договори за концесија идр.) е неминовно заради искористување на компаративните предности и зголемување на конкурентноста на домашната економија и остварување забрзан раст и развој.

Странските директни инвестиции се важен показател за економскиот раст, иако спроведената анализа покажува дека во земјите на Западен Балкан нивото на СДИ не е толку високо. Оваа ниска вредност на СДИ е под влијание на голем број фактори, вклучително и малата безбедност на економската стабилност, сигурноста од политичките движења во овие земји, високите нивоа на неформален сектор, алармантното ниво на корупција и затајување данок, не владеењето на правото итн.

Токму поради тоа е потребно **конципирање** соодветна **политика за привлекување странски инвестиции во Република** Косово, којашто ќе ја подобри атрактивноста на земјата и ќе се зголеми интересот на странските инвеститори, а со тоа ќе се остварат очекуваните долгорочни ефекти во развојот на земјата.

Главно, Предлог - стратегија за привлекување странски инвестиции во Република Косово, како реална подлога за привлекување странски инвестиции и остварување низа долгорочни ефекти во повеќе сегменти од развојот на треба да се заснова на следново:

1. остварувањето на очекуваните долгорочни ефекти да се заснова на повеќе реални претпоставки,
2. зацртување на основните цели коишто треба да се постигнат,
3. реализирањето на главните цели треба да се темели на соодветни принципи,
4. привлекување на странските инвестиции треба да се заснова на определени приоритетни критериуми,
5. зацртување сиоодветни фискални и финансиски поттикнувачки и олеснителни мерки,
6. преземање определени промотивни активности за искористување на можностите за инвестирање во земјата, и тоа преку:

**Претпоставки**

- Задржуување на стабилната политичко - безбедносна состојба во Р Косово;
- Посветување внимание на постојната и идна макро-економската стабилност;
- Обезбедување правна сигурност, владеење на правото, како и намалување на степенот на корупција и криминал во сите појавни облици;
- константност и предвидливост на регулативата за странски инвестиции;
- либерализација на пазарот на работна сила;
- поедноставување на административните процедури за влез на странски инвестиции;
- зголемување и осмислување на промоцијата за искористување на можностите за инвестирање во косовската економија;
- подобрување на севкупниот пристап до изворите за финансирање;
- обезбедување услови за заштита на правата на инвеститорите;
- привлекување поголем обем странски инвестиции во примарните и секундарните дејности;

**Цели**

- раст на приливот на странски директни инвестиции во економијата на Република Косово за 5% секоја година до 2030 година;
- раст на реинвестирањата на постојните странски инвестиции за целиот период за 50 %;
- создавања поатрактивен амбиент за привлекување странски инвестиции и понуда на повеќе фискални и други погодности;
- создавање услови за поголем прилив на инвестиции од косовските иселеници:
- поголем прилив во стратегиски определените гранки и дејности.

**Принципи**

Остварувањето поголем прилив на странските директни инвестиции во Република косово во наредниот десетгодишен период треба да се заснова на постојаното реформирање за градење пазарна и отворена економија за странски

инвестиции, и тоа со стратегиски приоритет за побрзо интегрирање кон Европската унија, создавање атрактивен амбиент за инвестиции, како и рамноправен третман на домашните со странските инвеститори.

**Критериуми**

- привлекување стратегиски инвеститори за инвестирање во нови технологии, човечки ресурси и нови проекти, преку градење активни позиции на светските пазари;
- дистрибуирање на странските инвестиции според стапката на невработеност, структурата и трошоците на трудот, претприемачките активности, стопанската структура и др.;
- главно стимулирање странски инвестиции во нови производни капацитети, примена на современа производствена техника и технологија;
- инвестирање во развој на нови технологии за намалуваат на негативните влијанија врз околината;
- користење обновливи енергетски ресурси;
- модернизирање и ревитализирање на постојните производствени капацитети и инвестирање со висок степен на финална обработка на производите;
- зголемување на извозот и освојување на светските пазари и зголемена конкурентност на производите/услугите на светските пазари;;

**Фискални и финансиски мерки**

- ослободување на сите странски инвестиции од обврската за плаќање данок од добивка во првите две години од ефектуирањето на странската инвестиција;
- ослободување од обврската за плаќање данок од добивка во период од пет години за странските инвестиции што ги исполнуваат следниве услови: греенфелд инвестиција; или минимум вложени 5 милина САД долари; или 50 % од продажбата да биде за извоз;
- доколку странската инвестиција користи инпути од домашно производатво да биде дополнително ослободување од обврската за плаќање данок од добивка;
- инвестициите што ќе вработат повеќе од 1000 лица да бидат ослободени уште две години од обврската за плаќање данок од добивка;
- намалување на даночната основа во височина на реинвестираната добивка во конкретната или друга инвестиција во земјата;
- намалување на даночната основа за износот на трошоците направени за зголемување на квалификациите, знаењата и техничко – технолошките, маркетинг и менаџмент способности на работниците, преку организирање курсеви или обуки;
- намалување на даночната основа за височината на инвестициите во неразвиените и рурални региони;
- намалување на даночната основа за височината на инвестициите за заштита на животната и природната средина.

**Промотивни активности**

- поголема транспарентност за политиката од сферата на странските инвестиции и другите мерки на владата;

- основање посебна промотивна агенција за странски инвестиции или ангажирање промотори на странски инвестиции со меѓународно искуство;
- координација на промотивните активности на регионално ниво, преку промовирање на предностите и атрактивностите на регионот за привлекување поголеми странски инвеститори;
- отворање посебни агенции за инвестициски промоции во селектирани и определени клучни локации, надвор од земјата.

## 6.4. Симулација на развојните ефекти од примената на предлог-моделот за стратегија за привлекување СДИ во Р. Косово

Со реализацијата на претходно предложената содржина на стратегијата за привлекување странски инвестиции во Република Косово се смета дека би се оствариле поголеми развојни и фискални ефекти, а тоа ќе овозможи реализирање побрз економски развој на земјата. Тоа би се остварило не само со зголемениот прилив на странски инвестиции, туку и од нивните стрктурни предности, и тоа како инвестирање во нови капацитети, трансфер на научно – технички прогрес, отворање работни места, поголем извоз и сл.

Од повеќето претходно анализирани ефекти најголеми подобрувања би се оствариле во четири од нив, и тоа: раст на бруто домашниот производ, раст на извозот, намалувањето на дефицитот во трговскиот биланс и намалување на невработеноста.

Проценката на очекуваните ефекти се заснова врз проекциите за исполнување на остварувањето на следниве претпоставки:

- остварување годишен просечен прилив на странски инвестиции од просечно 200 милиони евра;
- задржување на ниската стапка на инфлација;
- непроменливост на законската регулатива;
- одржување на макроекономската стабилност;
- подобрување на политичко - безбедносната и сигурносна стабилност;
- намалување на корупцијата и криминалот;
- поголемо реинвестирање на добивката на странските инвеститори.

Нашите проценки за очекуваните долгорочни ефекти, како резултат на примената на предложената политика за привлекување странски инвестиции, се следниве:

- раст на бруто домашниот производ од 7 %;
- раст на извозот од 10 % годишно;
- намалување на дефицитот во трговскиот биланс за 7% годишно;
- годишна стапка на намалување на невработеноста од 4%.

Кога станува збор за ефектот на странските инвестиции - *раст на бруто домашниот производ* треба да се напомене дека тука се работи за посредно дејство. Впрочем, со странските инвестиции во одделна економија реално се дополнува домашната акумулација за финансирање на развојот, и тоа за височината на

инвестираната сума. Значи, колку повеќе се инвестира, толку повеќе би се зголемувала акумулацијата, а тоа значи и поголема можност за раст на инвестициите во земјата, што ќе генерираат, пак, раст на бруто домашниот производ. Исто така, странските вложувања ги стимулираат и домашните стопанственици за инвестирање, а со тоа дополнително се зголемува домашната акумулација за финансирање на растот. Тоа значи дека, доколку се привлечат странски инвестиции што ќе го динамизираат производството, ќе придонесат за постигнување поголем степен на користење на капацитетите, осовременување на опремата, зголемување на извозот и подобрување на неговата структура, порационално користење на развојните ресурси и сл., тогаш би се создале услови за остварување поголем реален раст на бруто домашниот производ, којшто ќе се остварува континуирано подолг временски период и благо ќе расте од година во година.

*Зголемувањето на извозот* е еден од најочекуваните ефекти од приливот на странски инвестиции. Зголемениот извоз на една економија, под влијание на странските инвестиции, ќе биде поефективен и поизразит за нејзиниот развој, доколку привлечените вложувања се насочени во приоритетните развојни сектори, односно ако ги подобруваат односите во размената, ја зголемуваат разновидноста на извозната структура и се комбинирани со ревитализирање на постојните капацитети со извозни перспективи, ако доведуваат до воведување поконкурентни производи со повисок степен на обработка во производните програми, придонесуваат за користење на познатите марки производи и имплементирање на менаџмент и маркетинг вештините, користење на богатите капитални фондови на матичните фирми, искористување на стекнатото реноме и воспоставените економски врски на повеќе странски пазари и сл.

Влијанијата на странските инвестиции врз *платниоит биланс на Република Косово* можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз состојбата на платниот биланс на земјата - домаќин. Позитивните влијанија во намалувањето на дефицитот се случуваат, доколку странската инвестиција внесува иницијален капитал, но тоа се јавува само еднаш - при вложувањето; странските инвестиции произведуваат производи коишто претставуваат супститути на одделни производи коишто дотогаш се увозувале во земјата ; и доколку се инвестира во определен капацитет од којшто подоцна ќе се извозуваат добра и услуги во други земји.

Од друга страна, пак, ***негативни ефекти*** би настанале, доколку странските инвеститори остварените добивки од инвестицијата, наместо да ги реинвестираат во земјата, ги трансферираат во матичната компанија или земја и кога наместо да користи домашни инпути странската инвестиција увозува.

Влијанијата на странските инвестиции за *намалување на невработеноста* можат да бидат *директни* или *индиректни*. Директните би настанале ако странските инвеститори би вработувале определен број лица од земјата – домаќин во постојаната фирма во којашто инвестирале или во фирмата што за првпат стартува со производство; додека *индиректните*, пак, би се манифестирале на тој начин што, доколку инвеститорот користи определени инпути од домашните производители, па со тоа влијае врз зголемувањето на нивното производство, така што се отвораат и нови работни места и се вработуваат нови лица.

Овој ефект најмногу би се почуствувал, доколку со странските вложувања поинтензивно се користи домашната работна сила, се отворат нови капацитети што ќе креираат нови работни места и ќе обезбедат поинтензивен настап на странските пазари. Од друга страна, пак, тоа би ја зголемило и ефикасноста на пазарот на работна сила, квалитетот на образовниот систем, регулирањето на работните односи и би ги подобрило работните услови.

Очекуваните подобрувања кај четирите ефекти од странските инвестиции во Република Косово може да се очекува да се остварат само доколку претходно неведените претпоставки би се одржувале долгорочно. Доколку, пак, во подобар случај се надминат, тогаш би можело да се очекува да се реализираат и позначајни големини од очекуваните ефекти на странските инвестиции во Република Косово.

# 7. СЕДМИ ДЕЛ

## 7.1. Заклучни согледувања

Во согласност со методологијата на научноистражувачката активност завршниот дел од овој докторски труд претставува синтетизирање на заклучоците до коишто се дојде преку проучување и анализирање на истражуваната проблематика, односно ***Ефектите на странските директни инвестиции врз економскиот развој на Република Косово.*** Имено, како и сите земји од Западен Балкан, така и Косово своите развојни можности ги гледаат во приклучувањето во ЕУ, но и во ангажирањето поголем обем странски капитал. Во почетокот на 21.век беше согледана пропорционалната корелација меѓу приливот на СДИ и стапките за економски раст, т.е. БДП. Оттука, заклучните согледувања се сублимирани во согласност со шесте структурни делови на дисертацијата, потенцирајќи ги есенцијалните содржински контексти.

**1.**Најбитно е што со интензивирањето на процесот на глобализација се зголемува динамиката и мобилноста на стоките/услугите, капиталот, информациите и човечките ресурси, пазарот се мултиплицира, а конкуренцијата станува сé пожестока. Во такви услови особено е важно да се привлече странскиот капитал, а тоа подразбира изградена институционална рамка во земјата со препознатлива бизнис клима, големина на пазарот (главно, преку регионално поврзување со соседите), т.е. блискост до развиениот пазар на ЕУ и развиени промоциски активности за претставување на атрактивните ресурси и постојните вредности. Исто така, неоходно е спроведувањето на политичките, економските, социјалните и институционалните реформи, воспоставување соодветна правна регулатива и ригорозни мерки против корупцијата и криминалот. СДИ овозможуваат да се намали јазот меѓу домашниот и надворешниот долг, невработеноста, трговскиот јаз (особено во девизната размена) итн. Но, сé уште постојните ризици, на пример, зголемените трошоци и високите цени за финансирање на инвестициите, го отежнуваат нивниот влез во земјите од Западен Балкан, вклучително и Косово.

Проблемски *предметот на истражување* беше насочен кон изнаоѓање на решението за надминување на постојните ризици и унапредување на бизнис климата со соодветно реформирање на институциите, коишто директно или индиректно се одговорни за привлекувањето поголем обем на СДИ на Косово во наредниот период, односно нудење модел на национална политика што ќе придонесе да ја промовира

земјата како привлечна дестинација за странските инвеститори. Оттука, при испитувањето на состојбите беа користени различни методи и техники, и тоа: дедуктивниот, индуктивниот, математичко-статистичките методи, моделиран адаптациски модел за следење, симулирање и предвидување на идните текови на СДИ, компаративниот метод и методите за дескрипција; како и техниките, на пример, интервјуирањето, анкетирањето на одделни менаџери, размената на експертски мислења и сл. Во тој контекст се користеа релевантни примарни и секундарни податоци од реномирани институции (ММФ, Светска банка, Државниот завод за статистика на Косово, различните агенции за промовирање на земјите при привлекувањето на СДИ, Агенцијата за борба против корупцијата на Косово и др.). Тоа придонесе за да се осознае: *кои се круцијалните фактори што го овозможуваат или спречуваат поинтензивното привлекување странски директни инвестиции во Р.Косово и какви се нивните ефекти врз економскиот развој?* Значи, се настојуваше (преку компаративниот приод на приливот на СДИ меѓу земјите од Западен Балкан во испитуваниот период од 2016 до 2018) да се откријат и усогласат разликите во стратегиите и политиките, потоа да се откријат клучните фактори за успех и битните индикатори за влијанието на СДИ особено врз економскиот развој на Р. Косово во идниот период.

Поточно, *првиот дел од оваа докторска дисертација* покажува дека истражувањето се заснова на научни сознанија, што помагнаа да се добие соодветен предлог - модел на идната косовска политика за привлекување СДИ и поттикнување на развојот во земјата.

**2**. Проучувајќи ги теоретските аспекти на епохалниот феномен-*глобализацијата*, пак, може да се забележи дека таа сѐ уште е контраверзен процес со низа непознаници, така што одделни автори ги спротивставуваат своите ставови околу нејзините придобивки, од една страна, но и нејзините недостатоци, од друга страна. Овој процес ги обединува човечките активности и човечките животи, главно, преку движењето на информациите, идеите, технологијата, капиталот, стоките и луѓето и ги става под диригентската палка на глобалните елити. Притоа, *економскиот пазар* е главниот поттикнувач на глобализацијата, зашто ги брише временските и просторните граници меѓу земјите во трговската размена. Дефинициите за глобализацијата се разликуваат според тоа кои аспекти ги преферираат за нејзиното објаснување, така што се среќаваат: економски, политички, еколошки, технолошки, воени, идеолошки, инфраструктурни, историски, културни и други аспекти. Оттука, всушност, потекнуваат различните концепти што се класифицираат според нивните струи како:

***хиперглобалисти,*** струјата на ***скептиците*** и во поново време струјата на ***критичката мисла,*** а коишто се темелат на различните димензии (*политичката, еколошката*, *религиозната, технолошката и тн.).* Но, мора да се напомене дека глобализацијата има многукратни предности, а тие се: мобилноста на компаниите, а во истовреме и мобилноста на образованата, стручна и искусна работна сила, којашто има можност да се етаблира во различни средини, различни дејности и локации, што е особено значајно за одделните национални економии. Размената на знаења, вештини и искуства ја трансформира традиционалната слика на економскиот развој, претворајќи ја економијата во нова, препознатлива на меѓународниот пазар. Од друга страна, недостатоците на глобализацијата се: непредвидливите текови на капиталот, шпекулативните дејствија врз одделни национални валути, финансиските кризи, дислоцорањето на работната сила и производството од една земја во друга итн., што пак ја прави земјата-домаќин ранлива на трансформациите во бизнис климата. Главни арбитри или учесници во глобализацискиот процес (од економски аспект), денес, се мултинационалните компании, ТНК, финансиските институции –ММФ, СТО и Светска банка, низата невладини организации и потпишувачите на меѓународните договори.

Странските директни инвестиции (СДИ) се најзначајната димензија или моќниот лост во процесот на глобализација. Економската глобализација подразбира спектар за поврзување на националните економии. Интензитетот на глобализацијата се мери преку растот на надворешнотрговската размена на стоките, услугите, технологијата и капиталот. Најрелевантни показатели на економската глобализација се оние што го покажуваат движењето на СДИ и нивното учество во глобалниот БДП. Според ММФ и ОЕЦД, пак, СДИ се дефинираат како: „вид меѓународна инвестиција што ја презема *резидент* од една економија/земја (директен инвеститор) со цел преземање траен удел во одделна фирма што работи во друга економија/земја (компанија за директна инвестиција). Сите СДИ се категоризирани според различни критериуми. Основната поделба е на ***хоризонтални***- *пазарно ориентирани* (*market-seeking FDI*); ***вертикални***- *ресурсно ориентирани* (*resource-seeking FDI*); СДИ со ***извозна платформа*** (*export-platform FDI*), што можат да имаат елементи од двата претходни вида. Според застапеноста на глобалниот пазар и извршените истражувања се покажува дека *доминираат вертикалните СДИ*. Натаму тие се делат на ***brownfield***– што подразбира преземање на одделни фирми или нивни делови; и ***greenfield*** – што значи сосема нова инвестиција.

Анализата на ефектите од зголемувањето на СДИ покажа дека тоа е комплексна задача и најчесто опфаќа повеќе аспекти, и тоа: прво, локациската теорија и

политиката на компанијата; второ, тековите, стокот и доходот на СДИ; ефектите што присуството на СДИ ги рефлектира во земјата-домаќин (*home country*) и окружувањето; четврто, дифузијата и прелевањето (*spillover*) на технологијата, знаењето и продуктивноста; петто, прашањата на регионалниот развој, регионалната конвергенција на доходот и индустриските структури; шесто, локациската конкренција во привлекувањето СДИ итн.

Секако најважен за ова истражување ***е развојниот потенцијал на СДИ и неговото влијание врз идниот развој на косовската економија***, што може и емпириски да се докажува, но основната цел на оваа докторска дисертација беше да се понуди **модел на политика за привлекување СДИ, што ќе го интензивираат економскиот развој на Р.Косово**.

Но, во истовреме неопходни се различни политики и стратегии што ќе помогнат да се изгради конкурентноста во привлекувањето странски директни инвестиции на Косово. Овде, главно, се мисли на: дефинирање *инвестициска стратегија, антикорупциска стратгија, стратегија за регулациските реформи,* потоа поттикнувачка програма како *политика за привлекување СДИ,* но и усогласување на даночната политика со онаа од Европската унија, како можност за приближување кон Унијата и разгледување на постојните можности за регионално поврзување со земјите од Западен Балкан, особено при настапот на странските пазари. Од друга страна, мотивите за привлекување СДИ меѓу земјите се разликуваат според достигнатото развојно ниво.Неразвиените и сиромашни со капитал земји (каква што е и Р.Косово) честопати ги прифаќаат и негативните трошоци, на пример: загадување на средината, затворање на одделни производни погони, па и цели компании, експлоатација на природните ресурси, субвенционирање на странските инвеститори, низа даночни олеснувања, отстапување објекти и инфраструктура(без надоместок) и сл., и тоа со цел да ја придвижат домашната економија и да се интегрираат во глобалните текови (што, за жал, особено е присутно кај сите транзициски земји). Мотивите на странските инвеститори, исто така, се разликуваат, па во одделни случаи тие купуваат делови(компании) од определен пазар (особено ако станува збор за голем пазар, какви што се рускиот и кинескиот, на пример) за пласирање на своите производи/и или услуги; инвестираат во деловно интензивни сектори; купуваат странски компании или нивни делови итн. Значи, мотивите се поврзани со стекнувањето повисок профит, доминирање на глобалниот пазар (што е карактеристично за ТНК) и препознатливост во деловниот свет.

**3.** По распадот на поранешната СФРЈ, како и сите земји во транзиција, така и Косово се соочи со низа промени, главно, во економската политика, правниот систем и стабилизирањето на политичката состојба по воениот конфликт. Приватизацијата на општествениот капитал се одвиваше бавно, имајќи ги предвид нестабилните политички превирања, а тоа пак придонесе за раст на невработеноста, осиромашување на населението, голем одлив на висококвалитетните кадри вон земјата, раст на јавниот долг, зголемување на јазот во платниот биланс и сл. Сето тоа негативно влијаеше врз приливот на СДИ. Оттука, генерално, би требало во иднина да се создаде поволна бизнис клима за анимирање на странските инвеститори својот интерес за вложување капитал да го пронајдат на овој балкански простор, а притоа неопходно е надворешната политика да биде фокусирана кон изнаоѓање решенија за надминување на постојните проблеми во односите со соседите.

За да се согледа макроекономската стабилност на косовската економија, пак, непходно беше да се компарираат параметрите за растот на БДП во земјите од Западен Балкан, а во тој контекст и движењето на БДП во испитуваните три последователни години (2016/2018) во Р.Косово. Од прелиминарните проценки на Агенцијата за статистика на Косово (КАС) за 2017 година, јасно се забележува дека номиналната вредност на БДП достигнала 6,3 милијарди евра, што реално се совпаѓа со просечниот годишен раст од 3,7%. За 2018 година, пак, проекциите на СВК покажуваа дека реалниот раст на БДП ќе се движи во интервал од 4,2% до 4,4%. Имено, растот на надворешната побарувачка и растот на цените на металите на меѓународните пазари позитивно се одразува врз реалниот раст на БДП. Фискалниот сектор во 2017 година се карактеризира со мало подобрување на примарниот буџетски дефицит. Примарната вредност на дефицитот во 2017 година изнесува 59,0 милиони евра, додека како % од БДП, примарниот дефицит се намалил од 1,0% на 0,9%.

Од друга страна, може да се каже дека јавните услуги беа првите на ударот на процесот на приватизација, така што најнапред банкарскиот сектор ја почувствува потребата да ја разбие гломазната структура и да започне со прифаќање и имплементација на современите производи и услуги (платежните картички, е-банкарството, online плаќањата преку мобилните телефони со користење на интернетот и сл.)коишто се карактеристика на модерниот свет. Токму затоа, СДИ на Косово во последниве години беа концентрирани на банкарскиот сектор, осигурителните услуги и медиумите. Тоа покажува дека не се исцрпени можностите за привлекување СДИ во јавните услуги (на пример, здравството, телекомуникациите, туризмот, комуналните дејности, рециклирањето на отпадот, јавниот сообраќај и сл.).

Но, како што е познато дека пазарните законитости се диригирани од понудата и побарувачката, неопходно е нивното врамнотежување, а тоа ја наметнува потребата од соодветна законска регулатива, којашто би требало да содржи антимонополска компонента, заради елиминирање на нелојалната конкуренција.

Исто така, унапредувањето на монетарната и кредитната политика позитивно би влијаело врз зголемувањето на обемот на СДИ на Косово. Финансискиот систем на Косово, денес, се карактеризира со високи нивоа на капитализација, профитабилност и ликвидност. Растот на активата на банкарството и микрофинансискиот сектор, главно, се должи на подготвеноста на овие два сектора да ја прошират својата кредитна активност, и тоа со континуирано подобрување на квалитетот на кредитите, производите и услугите и контактите со клиентите.

Во контекст на подеталните дескрипции за состојбите на Косово, главно, во сферата на СДИ и нивните ефекти врз економскиот развој во анализираниот период на приватизацијата на општествениот капитал (1999 до 2017) се издвојува 2007 год. кога тие достигнале околу 114 милиони евра (со исклучок на вториот мобилен оператор) или приближно 5% од бруто домашниот производ.

**4**.Анализите на ефектите од СДИ во Косово упатуваат на констатацијата дека нивниот импакт е мал врз растот на економијата. Токму затоа, во наредниот период треба да се вложат поголеми напори за привлекување странски капитал, и тоа првенствено од страна на Владата и институциите коишто ја следат, опсервираат и менаџираат оваа област. Имено, истражувањето покажа дека до септември 2015 година тие изнесувале 270,4 милиони евра или 148,6 милиони евра повеќе во однос на истиот период од 2014 година. СДИ во Косово, главно, се концентрирани во купувањето недвижности (со удел од 54,2% од вкупните СДИ остварени до септември 2015 година), и тоа: во градежништво со 18,7%, финансиски услуги 15,7%, транспорт и комуникација 7,7%, енергија од 4,2% итн. Според тоа, поинтензивно привлекување на СДИ би требало да следи особено во областите коишто се атрактивни за странските инвеститори (енергетиката, минералните, водените и шумските поетенцијали, работната сила и услужните дејности). Географската положба на Косово нуди прифатливи погодности како атрактивна дестинација за регионално поврзување и развој на трговската размена со соседните земји, што значи и создавање поширок пазар, а тоа е и во интерес на странските инвеститори. Исто така е неопходен развој на приватниот сектор за изградба на инфраструктурата и осовременување на услугите, како и интензивирање на поддршката за земјоделството (околу 60% од населението се занимава со земјоделство). Тоа се компонентите коишто сé повеќе се прифаќаат, а во

истовреме укажуваат дека: „владите не го прават економскиот раст, туку тие создаваат услови за економски раст и развој".Разбирливо е дека само СДИ не можат да забрзаат повеќе инвестициски активности, така што се наметнува потребата за интензивирање на реформските процеси во земјата и прилагодување на регулативата кон барањата и интересите на инвеститорите, но во никој случај со негативни последици врз домицилната економија. За да се обезбедат подобри перформанси и да се намалат економскиот и политичкиот ризик на Р.Косово, пред сé, треба да се намали јавниот долг и да се врамнотежи со билансот на плаќање, а паралелно треба да се осигура порелаксирана политичка клима, што би била гаранција за безбедноста на странските инвестиции. Исто така, за да се зголеми вредноста на странските директни инвестиции треба да се преземат одделни дополнителни чекори, како што се, на пример: олеснување на даночните давачки и реформи во фискалната политика, подигнување на свеста на меѓународната сцена за потенцијалите што ги има и нуди Косово (преку маркетинг активности и поагресивна промоција), елиминирање на административните тешкотии при регистрирањето на СДИ, унапредување на институционалната подготвеност за прифаќање на вложувањата од странство, обезбедување гаранции за странскиот капитал и инвеститорите или создавање таква бизнис клима што ќе овозможува сигурен трансфер на СДИ.

Странските директни инвестиции, според расположливите податоци, до септември 2015 година достигнале вредност од 270.400.000 евра или 148.600.000 евра повеќе во однос на истиот период од 2014 година. Косовските граѓани се сметаат за најсиромашни во Европа според БДП по глава на жител, пред сé, затоа што постои висока стапка на невработеност, а тоа е сериозен проблем за земјата, меѓу другото, бидејќи директно влијае врз миграцијата на населението и засилената активност на црниот пазар или сивата економија. Но, особено нагласен проблем е и високото ниво на корупција во земјата, што го проблематизира интересот на странските инвеститори да го вложуваат капиталот, па токму затоа борбата против корупцијата и криминалот мора да има приоритет во блиска иднина.

5.Опсервацијата на постојната состојба на Р.Косово покажува дека внатрешните ризици за раст на инвестициите произлегуваат од лошиот институционален капацитет, високиот степен на неформалност, нејасните права на сопственост, корупцијата (особено во полицијата и судството) што не е спречена и елиминирана во согласност со законот, како и недостатокот на политичка стабилност на собранието и владата. Оттука, се очекува маргиналните придобивки од претходните промотори за раст, вклучувајќи ја надворешната помош и дознаките од дијаспората, во иднина дека можат

да се намалат, па се наметнува потребата од реализирање на забрзани структурни реформи за трансформација и подобрување на продуктивноста. За натамошниот позабрзан развој на приватниот сектор, пак, постои неопходна потреба за *подобрување на постојната инвестициска клима*, востановување на *владеењето на правото*, *зголемување на конкурентноста меѓу компаниите*, *одржлив развој на економијата*, *подобрувањето на јавната инфраструктура и логистика*, а особено *решавање на отворените прашања во енергетскиот сектор.* Другите клучни приоритети вклучуваат решавање на неусогласеноста меѓу потребните знаења и вештини, од една страна, и барањата на пазарот, од друга страна, а тоа подразбира реформирање на образовните програми и насочување на кадрите во оние научни/стручни сфери коишто се атрактивни денес на глобалниот пазар.

Генерално, може да се заклучи дека Косово, како аспирант за влез во ЕУ има преземено определени активности за подобрување на вкупната бизнис клима, но сѐ уште стојат низа отворени прашањата за забрзани реформи во одделни области. Но, според Стратегијата за развој на Косово (2016-2018), што е одобрена од одборот на директори на ЕБОР(октомври 2016 г.), може да се заклучи дека одделни мерки за имплементирање на определени реформи во некои области веќе се во тек, така што се формирани повеќе соодветни агенции, работни групи, одбори во низа институции за привлекување СДИ и сл.

Во тој контекст значајно место зазема Агенцијата за борба против корупцијата, но мора да се нагласи дека досегашните нејзини активности не ги даваат соодветните резултати, главно, заради отсуството на комуникација меѓу неа и судството, особено обвинителството (иако постои тн. *група на обвинители* против корупцијата), а исто така и слабата институционална координираност и недостигот на релевантни информации.

Иако Уставот јасно ја гарантира независноста на судството, сé уште Косово продолжува да се соочува со предизвиците од оваа област. Имено, Косово се соочува со бавното дејствување на судскиот систем, одложувањата на судските рочишта и големиот број нерешени предмети. Во Извештајот на Европската комисија за 2015 година е содржан важен сет на битни препораки за властите и четирите клучни тела, што се вклучени во борбата против корупцијата во земјата. Притоа е посочено на приоретизирањето во постапувањето по случаите на корупција на високо ниво, особено во делот на јавните набавки и ревизијата, потоа почитувањето на одредбите од Законот за судир на интереси и сите поврзани закони во согласност со европските стандарди. Во духот на постојната длабока реформа е изготвен и новиот Кривичен законик и новиот Законик за кривична постапка. Во тој контекст може да се

додаде дека е во тек голема дебата за формирање Академија за правда, т.е. посоцијализирана академија за обука и образование. Политичките импликации во никој случај не беа далеку од реформскиот процес на правосудниот систем.

Значи, покрај позитивните резултати од *реформите на правосудниот систем*, сепак има некои многу важни прашања што остануваат отворени, а се поврзани со соодветна поддршка од финансиските, човечките и технолошките ресурси.

Натаму, пак, *реформските зафати во даночниот систем* даваат јасна претстава дека во земјата се извршени низа промени во оваа област. Имено, од 2015 год. се применува Законот за ДДВ (со најниска стапка во регионот од 17%), а во меѓувреме стапува во сила и Законот за корпорациски приходи и Законот за персонален данок на доход, така што Косово, како мала отворена економија, продолжува да ги хармонизира законските решенија со оние од Унијата. Но, праксата покажува низа недоследности во спроведувањето на законската регулатива од оваа област. Оттука, неопходно е да се преиспитаат мерките на оданочувањето, односно да се постигне поголема еднаквост и правичност при распределбата на товарот од оданочувањето.

Меѓутоа, мора да се нагласи дека теоретското знаење, емпириското истражување и практичното искуство во областа на оданочувањето, од една страна, како и големите интеграциски движења, од друга страна, во последниве неколку децении имаат мало влијание врз промената на даночниот систем и мерките за дизајнирање на економската политика на земјата.

Еден од особено алармантните проблеми на Косово е високата стапка на невработеност и сиромаштијата, како последица на тоа. Имено, според Меѓународната организација за труд, само 24,1 отсто од работоспособното население е формално вработено, што е многу пониско, отколку во земјите од регионот, вклучувајќи ја и Албанија (44,3 проценти), така што 35 проценти од младите не се вклучени во образованието, немаат никаква обука и вработување. Невработеноста, исто така, е многу висока кај жените, т.е. 71% од нив се невработени. Според податоците од Светската банка, 29,7 отсто од косовското население живее под прагот на сиромаштија со 1,72 евра дневно. Оттука, дознаките испратени од косовските емигранти и натаму играат важна улога за благосостојбата на голем број косовски домаќинства, како и за економијата на земјата во целина (Светска банка, 2007 година). Генерално, може да се заклучи дека треба да се промени начинот за користење на средствата од дознаките од дијаспората, и тоа во насока на нивно оплодување преку инвестиции во продуктивни бизниси, а како последица на тоа влијанието врз економијата на земјата да биде поефикасно.

Но, освен правните, фискалните и воопшто финансиските реформи, паралелно мора да се креира и соодветна стратегија за промовирање на предностите на земјата што би можеле да го зголемат обемот на СДИ во Косово, како инвестициска дестинација. Имено, агро-бизнисот е главниот економски промотор во Западно Косово. Овој успех се заснова на локалните услови, долгата традиција за постигнување квалитет во производството, а во меѓународен контекст, пак, овој сектор им овозможува на жителите-производители да се натпреваруваат при извозот, во однос на квалитетот и цената. Исто така, развиен е и туризамот, што се должи на живописниот предел, традицијата и културата, а има голем потенцијал за раст, но е запрен заради недостатокот на инвестиции во услужните дејности. Покрај овие два сектора, постои и трет сектор во Западно Косово каде што треба да се инвестира, а тоа е грижата за одржувањето здрава животна средина. Имено, треба да се охрабрат постојните бизниси да ги идентификуваат загадувачите на воздухот, водите и почвата. На тој начин може да се смета дека инвестициите во чистата и здрава средина повеќекратно се враќаат. Западно Косово има потенцијал за остварувањето на оваа цел преку СДИ. Исто така, Косово ја има усвоено Енергетската стратегија за периодот од 2017до 2026 година и се смета дека тоа е посебно достигнување, бидејќи енергијата останува еден од основните приоритети, и тоа не само како релевантен ресурс за економскиот развој, туку и за социјалниот развој на Косово во наредниот период. Одделни автори, пак, факторите, што го детерминираат приливот на СДИ, ги делат во две основни групи, и тоа: *индустриски специфични детерминанти* во коишто спаѓаат оние фактори што обезбедуваат поддршка при интернационализацијата на производството, а укажуваат на видовите менаџерски вештини, диференцијацијата на производите/услугите, технолошката опременост и know-how, маркетиншките и организациските потенцијали, истражувачко-развојните капацитети и сл.; а во другата група се *специфичните фактори на земјата-реципиент* на капиталот, како што се, на пример, физичките и природните ресурси, инвестициската клима, географската лоцираност, условите на побарувачката, образовната структура на работната сила итн.

Оттука, Р.Косово перспективите за привлекување СДИ треба да ги гледа во унапредување на *индустриски специфичните детерминанти*, при што промоциските активности би се креирале во претставување на предностите што произлегуваат од блискоста на Р.Косово до европскиот пазар, регионалното поврзување со соседите за проширување на пазарот и зголемување на побарувачката (погодности во трговската размена), усогласување на образовните програми (особено во средното и високото образование) со промените во поширокото окружување, односно со современите предизвици за брзо адаптирање на новата економска парадигма.

**6.** Од компаративната анализа на СДИ може да се извлече заклучок дека во 2017 год. вкупните директни инвестиции на глобално ниво изнесувале **1.43 трилиони** американски долари. Приливот на СДИ во првите десет рангирани земји (во САД долари) е следниов: САД $275.4 billion, Кина $136.3 billion, Хон Конг $104.3 billion, Бразил $62.7 billion, Сингапур $62.0 billion, Холандија $58.0 billion, Франција $49.8 billion, Австралија $46.4 billion, Швајцарија $41.0 billion, Индија $39.9 billion. Но, за разлика од очекуваните резултати за првите три земји, изненадуваат податоците за британските Девствени острови и Кајманските острови коишто се рангирани на 11. и 12. место пред Германија и Бразил, коишто се на 13. и 14. место. Оттука следува импресивниот заклучок дека овие земји се пред развиените Канада, Велика Британија и Јапонија. Тоа значи дека СДИ се атрактивни и за развиените земји, но и за земјите во развој, вклучително и за Косово.

Од друга страна, приливот на странски директни инвестиции во земјите од Западен Балкан, иако беше забрзан во 2000. и 2010. година, вклучувајќи го и периодот по глобалната финансиска криза од 2008 до 2009 година, сепак, тој е бавен и неврамнотежен.

Оттука, земјите - кандидати и потенцијални аспиранти за влез во ЕУ мора да бидат подготвени да ја интензивираат својата реформска домашна задача, вклучувајќи ги и најтешките прашања за: конфликтните закони, човековите права, гаранциите за етничките, верските и другите малцинства, почитувањето на владеењето на правото, целосното нормализирање на односите со соседите , борбата против корупцијата, државната капа и организираниот криминал и модернизацијата на јавната администрација и судството.

Линеарниот тренд на СДИ кај земјите од Западен Балкан укажува на потребата за одделни реформи, особено во определените области што се поврзани со привлекувањето СДИ во иднина, и тоа според индикаторите за: започнување бизнис, добивање дозволи за градба, напојување со електрична енергија, регистрација на имотот, пристапот до кредитите, заштита на инвеститорите, даночните обврски на инвеститорите, прекуграничното тргување, спроведувањето на договорите и сл.

Оттука, особено е битна и атрактивноста на активата што им се нуди на инвеститорите за почетната цена (основното вложување), очекуваниот принос и степенот на ризик. Домицилниот партнер, што сака да привлече СДИ, мора овие параметри да ги направи транспарентни и погодни за различните видови анализа. Притоа, најмоќен фактор на конкурентноста на меѓународниот пазар се *современата технологија* и *знаењето*.Во тој контекст, *предлог-моделот на идната политика за привлекување СДИ во Р.Косово* содржи *интеграциска компонента* (бесцаринска зона во регионот на З.Балкан), како и идеја за *формирање еден инвестициски фонд*, којшто би ги презел сите активности поврзани со

странските директни инвестиции, а досегашната Агенција и институциите што се занимаваат со оваа проблематика би можеле да бидат сектори во инвестицискиот фонд.

Генерално, пак, може да се заклучи дека земјите - кандидати и потенцијални аспиранти за влез во ЕУ (каква што е и Република Косово) мора, пред сé, да бидат подготвени да ја интензивираат својата реформска домашна задача, вклучувајќи ги и најтешките прашања за: конфликтните закони, човековите права, гаранциите за етничките, верските и другите малцинства, почитувањето на владеењето на правото, целосното нормализирање на односите со соседите , борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и модернизацијата на јавната администрација и судството. Само на таков начин може идните проекции за развој на земјата да станат реалност.

На крај, тестирањето на хипотезите покажа дека ***се потврдија првичните хипотези*** преку анализата и испитувањето на состојбите на Косово во однос на потребата од ***менување на стратегијата за привлекување СДИ***, и тоа преку интензивирање на реформските процеси во клучните области и надминување на бариерите при контактите со странските инвеститори.

За **Republika Косово,** privlekuvaweto stranski investicii pretstavuva eden od osnovnite prioriteti za ekonomski razvoj**.** Vsu{nost, sostojbite vo еономските dvi`ewa кои покажуваат дојгорочно намалено investirawe, porast na nevrabotenosta, niski stapki na ekonomski razvoj, zatvoreni kapaciteti, ja nametnaa потребата од реформи неоходни во насока на pogolemata pazarna sloboda, stimuliraweto na individualnata inicijativa, razvojot na konkurencijata, макроеконосмка стабилност i pogolemoto privlekuvawe stranski investicii. Republika Косово во анализираниот период ostvari мал priliv na stranski investicii, koj{to e daleku pod o~ekuvaniot i potreben obem. Тоа пред се се должи на nepovolnoto nadvore{no opkru`uvawe, и visokorizi~носта на podra~je za investirawe. Procesot na tranzicija vo R. Косово se odvivaше so mnogu zabaveno tempo, kako posledica na многу потенцирани objektivni uslovi i sostojbi. Generalno, забележани се negativni ekonomski performansi re~isi kaj site pokazateli opa|awe na proizvodstvoto, бруто домашниот proizvod, investiciskite aktivnosti vo podolg period, opa|awe na nivoto na vrabotenost i permanentnoto zgolemuvawe na nevrabotenosta, golemiot i raste~ki trgovski deficit i dr.

Ottuka, за Rепублика Косово неоходно е во овој период sozdavawe uslovi za za{tita na postojnite i privlekuvawe novi stranski investicii. Stranskite investicii se potrebni za vbrizguvawe sve`a krv, transfer na menaxerski znaewa i ve{tini i stimulirawe na doma{nite investitori;

Za zgolemuvawe na atraktivnosta na zemjata za stranskite investitori postojano treba da se podobruva investiciskata klima, pred se preku zabrzuvawe na reformite i adaptirawe na relevantnite determinanti {to se vo korelacija so investiciskiot rizik. Toa podrazbira i formirawe posebno telo

(agencija) za promocija i privlekuvawe stranski investicii, ~ie{to formirawe vo ovie dvanaeset godini na pove}e pati be{e nagovesteno, no se u{te toa ne e realizirano. Исто така и pokraj toa {to vo ovoj period zakonskata regulativa na zemjata vo odnos na stranskite vlo`uvawa, vo visok stepen e prilagodena na me|unarodnite standardi, sepak potrebno e nejzino opredeleno promenuvawe i modificiraweso cel sozdavawe institucionalno zaokru`en praven sistem, so koj{to }e se otstranat site administrativni i sistemski pre~ki za stranskite investicii.

Istra`uvawata poka`uvaat, deka за да Republika Косово vo idniot period оствари поголем прилив странски директни инвестиции so pozna~ajno ефекти врз razvojot, {to poskoro e neophodno da kreira jasna стратегија **za privlekuvawe stranski investicii.** Vo koncipiraweto na таква стратегија treba: da se po~ituvaat osnovnite nasoki i principi, obezbedi seopfatnost na pove}eto pra{awa {to se od interes za stranskite investitori, no seto toa vo funkcija na razvojnite prioriteti na doma{nata ekonomija, precizno da se definiraat pravcite na dvi`ewe na stranskite investicii i zacrtaat potebnite reformi i revizii na postojnata sevkupna institucionalna ramka za stranskite vlo`uvawa;

Предлог-моделот на економската политика за привлекување СДИ на Косово, главно, треба да ги содржи следниве компоненти, коишто ја имаат проекциската карактеристика и би помогнале во реализирањето на странските директни вложувања во иднина, и тоа konkretno, za podobruvawe na atraktivnosta na zemjata i zgolemuvawe na interesot na stranskite investitori, a so toa i ostvaruvawe dolgoro~ni razvojni efekti, vo Republika Косово. Според тоа treba da se koncipira takva стратегија za privlekuvawe stranski investicii koja{to }e se se zasnova na slednovo :

- da bide vo funkcija na dolgoro~nata strategija za razvoj na zemjata i да се заснова на постојаното реформирање за градење пазарна и отворена економија за странски инвестиции, и тоа со стратегиски приоритет за побрзо интегрирање кон Европската унија, создавање атрактивен амбиент за инвестиции, како и рамноправен третман на домашните со странските инвеститори;
- задржување на стабилната политичко - безбедносна состојба во Р Косово;
- da bide vo koordinacija so strategijata za izvoz na nacionalnata ekonomija;
- da gi respektira postojnite atraktivnosti, komparativnite prednosti i nedostatocite na zemjata преку зацртување соодветни фискални и финансиски поттикнувачки и олеснителни мерки,
- da se zasnova na potenciranite prednosti i da gi respektira te{kotiite so koi{to se soo~uvaat postojnite stranski investitori;
- da kreira aktivnosti za postignuvawe pozitiven imix i povisok rejting na zemjata;
- da gi respektira egzogenite faktori (kako {to se: politikite na transnacionalnite korporacii, institucionalnata ramka i iskustvata na stranskite investicii od sosednite zemji, nau~no - tehni~kiot progres);
- da vlijae vrz menuvaweto na postojnata konstelacija na komparativnite prednosti i nedostatoci;

- обезбедување правна сигурност, владеење на правото, како и намалување на степенот на корупција и криминал во сите појавни облици;
- поедноставување на административните процедури за влез на странски инвестиции;
- зголемување и осмислување на промоцијата за искористување на можностите за инвестирање во косовската економија;
- jasno da gi definira celite, principite, aktivnostite i kriteriumite, potoa pravata i garanciite na stranskite investitori, oblastite dozvoleni za vlo`uvawe, pottiknuva~kite i olesnitelnite merki, promotivnite aktivnosti i drugo;

Ostvaruvaweto na o~ekuvanite dolgoro~ni efekti od idnite stranski investicii vo R. Косово pretpostavuva i: stabilizirawe na sevkupnata politi~ko - bezbednosna sostojba vo zemjata i regionot, t.e. odr`uvawe makroekonomska stabilnost; namaluvawe na stepenot na prisutnata korupcija i kriminal vo site segmenti na stopanskiot `ivot ; organizirawe pove}e korisni sredbi, forumi i kontakti na makedonskite stopanstvenici i akcioneri so stranskite potencijalni investitori; izbegnuvawe na iluziite za atraktivnosta na zemjata za stranskite investitori; intenzivirawe na promotivnite i marketin{kite aktivnosti; pogolema komercijalna orientiranost na koristenite krediti od razli~ni izvori i kreditori; re{avawe na problemite so sopstvenosta na zemji{teto i objektite; privlekuvawe provereni i renomirani stranski investitori; pogolema dostapnost na informaciite za ekonomskite tekovi; pogolemo anga`irawe na politi~kite strukturi; selektirawe na proektite za investirawe vrz osnova na razvojnite efekti, soodvetnata tehnologija, koristeweto na pazarite i investiciskite resursi.

## 7.2. Препораки

Исто така, генерално, ***препораките, мислењата и сугестиите*** за остварување позитивни резултатите од приливот на СДИ во Косово е оптималното пристапување и отворање на домашниот пазар на капитал кон меѓународните пазари.Имено, интеграциските процеси можат да се остваруваат во неколку фази, и тоа: ***прво***, намалување на фискалниот дефицит на земјата до одржливо ниво; ***второ***, либерализација на надворешната трговија; ***трето***, јакнење на капацитетите на финансиските институции; ***четврто,*** либерализација на капиталните и финансиските сметки во билансот на плаќањата и сл.

Привлекувањето, задржувањето и создавањето услови за поинтензивен прилив на меѓународно конкурентските и извозно- ориентираните СДИ на Косово има клучна улога за економскиот раст и развој на земјата. Затоа, таргет треба да бидат оние СДИ коишто позитивно ќе влијаат на пазарот на труд, конкурентноста, зголемувањето на извозот и унапредувањето на процесите за производство. Оттука, неопходно е да се искористат предностите што ги има Р.Косово, и тоа заради: регионалната положба и

можностите за пристап до пазарите како во западноевропските земји, така и во земјите на Исток; потоа човечките ресурси (ниската цена на трудот); реализацијата на отпочнатите реформски зафати во таргетираните области итн.

Но, мора да се напомене дека сé уште не е создадено макроекономско и деловно окружување, ниту соодветна инвестициска клима. Една од препораките би била: при формулирањето на *економската политика истратегијата за привлекување СДИ* потребно е во дијалогот да бидат вклучени (покрај Владата, ресорните министерства и агенции) и други учесници, на пример, деловни здруженија, локални фирми, стопанските комори, консултантски организации, научните институции, одделни експерти, невладините организации и граѓаните. Таквиот пристап би придонесол да се надминат постојните бариери за унапредување на бизнис климата, недоволно развиената инфраструктура, политичките ризици, корупцијата, проблемите во администрацијата, лошата ликвидност и профитабилност, лимитираната домашна потрошувачка, правната несигурност, одливот на стручните кадри и несоодветната селекција на потенцијалните инвеститори.

Искористувањето на ефектите од СДИ бара системски напори од креаторите на економската политика на земјата. Во тој контекст, пак, во оваа дисеретација е понуден *моделот на економска политика за привлекување СДИ* што би придонесол за олеснување на активностите при формулирањето на идните насоки и изборот на оние СДИ што ќе ги поддржат индистриските гранки во коишто Р.Косово има компаративни предности и развојни потенцијали.

## 7.3. Прашања за натамошно проучување

Атрактивноста и актуелноста на истражуваната проблематика наметнува потреба за натамошни истражувања, така што овде се презентирани одделни отворени прашања коишто би можеле да бидат предмет на анализа во иднина. Имено :

1. кои предности ги има Р.Косово во споредба со останатите конкурентски земји од Западен Балкан што, исто така, се стремат да привлечат поголем обем СДИ;
2. што ја чини земјата препознатлива во однос на другите земји од регионот;
3. колку искуствата во привлекувањето СДИ се компаративна предност за земјата;
4. дали маркетиншките и промоциските активности доволно се искористени или концептот„*Relationship marketing*" треба повеќе да биде застапен во иднина;
5. колкави се трошоците versus приходите од СДИ досега;
6. дали Р.Косово овозможува пристап на странските инвеститори до некои важни ресурси (минерални, водени, шумски и сл.), што ја прават земјата конкурентна на меѓународно ниво;
7. дали во свеста на странските инвеститори е создаден позитивен имиџ за земјата;

8. во кои области останатите земји и нивните институции од регионот се поефикасни во привлекувањето СДИ;
9. дали е потребно мапирање на оние гранки и компании од Р.Косово, што се интересни за странските инвеститори;
10. дали се испитувале портфолијата на странските директни инвеститори пред вложувањето на нивниот капитал во Р.Косово? итн.

## 7.4. Користени слики

Слика 1 Моделот на Лукас........................................................................ 60
Слика 2 Реална стапка на раст на БДП ........................................................ 84
Слика 3 Реален раст на стапката на раст на БДП од растат на извозот, потрошувачката и нето инвестициите .................................................................. 85
Слика 4 Увоз, извоз и трговско салдо .......................................................... 87
Слика 5 Приходи од девизни средства ......................................................... 92
Слика 6 Структура на буџетските расходи, во милиони евра ........................... 95
Слика 7 Потребниот и издадениот износ на хартии од вредност на Владата на Косово.......................................................................................................... 96
Слика 8 Стапка на инфлација, годишна промена .......................................... 100
Слика 9 Даночни приходи и фискални давачки ............................................ 108
Слика 10 Учество на приносот од финансискиот систем во БДП ..................... 114
Слика 11 Учество на средствата во структурата на капиталот ........................ 115
Слика 12 Берза на вкупни депоа и нови депозити, во милиони евра.............. 116
Слика 13 Состојба на вкупните кредити и новите кредити за компаниите и домаќинства, во милиони евра ................................................................... 117
Слика 14 Странски директни инвестиции, во милиони евра........................... 120
Слика 15 Странски директни инвестиции, во милиони евра........................... 122
Слика 16 Структурата на странските директни инвестиции според компонентите ......................................................................................................... 126
Слика 17 Процент на домаќинства коишто примаат дознаки во текот на испитуваните години ................................................................................. 178
Слика 18 Влијанието на тековните дознаки од странство врз економскиот раст на Косово ................................................................................................ 179
Слика 19 Канали за трансфер на дознаки, во текот на 2010 и 2011 година..... 181
Слика 20 Причини странските инвеститори да инвестираат во одделна земја. 207
Слика 21 Привлекување СДИ со поседување конкурентски предности........... 207

## 7.4. Користени табели

Табела 1 Најголеми земји инвеститори во светот, во милијарди $ (2000-2010) . 80
Табела 2 Приливи на СДИ во земјите во развој (2014-2018), во милиј.САД долари ...................................................................................................... 82
Табела 3 Структура на буџетски приходи, како% од БДП ............................... 173
Табела 4 Странски директни инвестиции во земјите од Западен Балкан, 2010 - 2018 .......................................................................................................... 210

## 7.5. Користени графикони


Графикон 1 Глобални СДИ приливи, милијарди американски долари (2000-2010) ..... 77

Графикон 2 Дистрибуција на странските директни инвестицициски проекти (2007-2010) ..... 81

Графикон 3 Странски директни инвестиции, во милиони евра ..... 146

Графикон 4 Структура на СДИ според главните економски активности, во% ..... 147

Графикон 5 СДИ според главните економски активности, во милиони евра ..... 147

Графикон 6 Странски директни инвестиции според формата на инвестициите, во милиони евра ..... 148

Графикон 7 Структура на странските директни инвестиции, според компонентите ..... 149

Графикон 8 Рангирање на индикаторот за стартување бизнис во текот на 2014-2018 година ..... 213

Графикон 9 Рангирање на индикаторот за дозвола за градба во 2014-2018 година ..... 214

Графикон 10 Рангирање на индикаторот за снабдување со електрична енергија во испитуваните земји во текот на 2014/2018 година ..... 215

Графикон 11 Рангирање на индикаторот за регистрација на имот во текот на 2014-2018 година ..... 217

Графикон 12 Рангирање на индикаторот за кредитна пристапност во текот на 2014-2018 година ..... 218

Графикон 13 Рангирање на индикаторот за заштита на инвеститорите во текот на 2014 до 2018 година ..... 220

Графикон 14 Рангирање на индикаторот - плаќање данок во текот на 2014/2018 година ..... 221

Графикон 15 Рангирање на индикаторот - прекугранично тргување во текот на 2014/2018 година ..... 222

Графикон 16 Рангирање на индикаторот - спроведување на договорите во текот на 2014/2018 година ..... 223

Графикон 17 Рангирање на индикаторот –солвентност на компаниите во текот на 2014/2018 година ..... 224

## 7.7. Користена литература


1. Андерсон Ј. И А. Гонзалез, (2013), „Дали деловното работење е важно за директни странски инвестиции?",

2. Андреја Оливал, Влијанието на институционалните варијабили на деловното работење врз странските директни инвестиции, (2012),

3. Бајрактар, Н., Странски директни инвестиции и инвеститорите во деловната клима, Зборник на трудови „Меѓународна академска конференција", Истанбул, Турција (2013)

4. Ankанков, С., Харт, О., и Ненова, Т., Инфициенција на инсолвентност, Документи за основно работење во 2003 година, Извештај за советодавни услуги од приватниот сектор, Светска банка, Вашингтон, ДЦ. (2002)

5. ДанингЈ.Х., Мултинационалните „претпријатијата и глобалната економија", 1993 година

6. Фаридах Шахадан, Тамат Сармиди, Фекир Јан Фајзи, „Односи помеѓу правење деловни индекси и нето-приливи на СДИ": Емпириско докажување од шест азиски земји (Авганистан, Бангладеш, Индија, Иран, Пакистан и Шри Ланка) (2014)

7. Харис, Р., Солис, Р., Применето моделирање и предвидување на временските серии, Вест Сасекс: Вили. (2003)

8. Хорнбергер, К. Батат, Ј и Кусек, П., Привлекување на СДИ: „колку е важна инвестициската клима?", 2011 година.

9. Мекмилан, СН. „Трендови во директните инвестиции и трансфер на технологија", во Б. Цикос-Наги и ДГ Јанг (ред), „Економски односи Исток-Запад за промена на глобалното опкружување" (ИЕА / Макмилан) (1986)

10. Пивонски, Кетрин (2010), "Дали леснотијата за водење бизнис "во земја со странско влијание има прилив на странски директни инвестиции?", необјавен труд, Универзитет Брајант (април 2010 година).

11. Ресмини, Л., „Детерминантите на странските директни инвестиции во ЦИЕ: нови докази од секторските модели", Економија на транзицијата, том. 8. (2000)

12. Руфи Османи, Фисник Морина, „Институционални реформи и подобрување на деловната клима во земјите од Југоисточна Европа", 2019

13. Розета Морис и Абдул Азиз, „Лесното работење и приливот на СДИ во супсахарска Африка и азиските земји", (2011)

14. Групацијата на Светска банка (2010-2018), Да се занимавате со бизнис, да се оди подалеку од ефикасноста, споредување на регулативата за деловните субјекти и домашните фирми во економиите на 189 земји, Група на Светска банка, Вашингтон, ДК.

15. УСАИД - Странски директни инвестиции: „вложувањекапитал за да се работи во земјите во развој", 2007 година

16. УНКТАД - „Трендови и детерминанти на светски инвестициски извештај".

17. УНКТАД - Светски извештај за инвестиции - „Транснационални корпорации, структура на пазарот и политика на конкуренција", 1997 г.

18. Agarwal J., Gubitz A., Nunnenkamp P. " Foreign Direct Investment in Developing Countries, The Case of Germany, Kiel,1991

19. Agosin M.R. and Mayer R., " Foreing Investment in Developing Countries : Does ot Crowd in Domestic Investment? UNCTAD Discussion paper,2000

20. Antevski M.,"Strane direktne investicije, karakteristike, obrasci i efekti", Institut za medjunarodnu politiku i privredu, Beaograd, 2008

21. Babic A., Pufnik A, Stucka T., "Teorija i stvarnost inozemnih izravnih ulaganja u svjetu i u tranzicijskim zemljama, s posebnim osvrtom na Hrvatske, Hrvatska Narodna banka (on-line)

22. Blomstrom M., Kokko A. Zejan M., "Foreign Direct Investment-Firm and Host Country Strategies", Macmillan Publishers, London,2000

23. Bilas V., Franc S., "Uloga inozemnih izravnih ulaganja i nacini poticanja, Sveuciliste u Zagrebu, Ekonomski fakultet-Zagreb,2013

24. Rose F., Think globally, script locally" Fortune, November 8,1999

25. A. G. Hopkins, The History of Globalization – and the Globalization of History, A. G. Hopkins (ed.) Globalization in World History, (Pimlico, Sydney) 2002

26. Henry Kissinger, "Globalisation: America's role for the millennium", The Irish Independent,1999

27. Džemal HATIBOVIĆ, O GLOBALIZACIJI JOŠ JEDNOM, http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2002/0025-85550201002H.pdf

28. Grgurević N., Uticaj direktnih stranih investicija na zemlje u Tranziciji, Anali poslovne ekonomije, godina V, sveska 1, broj 8.,

29. Desai *et al*. "Foreign Direct Investment and the Domestic Capital Stock", NBER Working

i. Paper 11075, Cambridge, MA: National Bureau of Economic Research, 2005,

30. Дарко Марјановиќ, Предраг Радојевиќ, UTICAJ STRANIH ULAGANJA NA IZGRADNJU KONKURENTNOSTI SRPSKE PRIVREDE, Економски факултет, Суботица,

31. *Dr. sc. Muharem Klapić, dr. sc. Sead Omerhodžić, dr. sc. Amra Nuhanović,* Strane direktne investicije (SDI) u zemljama u razvoju s posebnim osvrtom na zemlje Jugoistočne Europe, Економски весник, год.. XXVI, BR. 1/2013,

32. Увалич Милица, "Приватизација и корпоративно управување во Србија (СРЈ)", декември 2001,

33. Babić-Hodović V., Mehić E. Policies and strategies for the promotion and attraction FDI in services, Proceedings of 5th International Strategic Management Conference, Istanbul, Turkey, 2009.,

34. Григори К. Инграм и Ју Хун Хонг: "Фискална децентрализација и земјишна политика", издавач Институт за земјишна политика „ Линколн", ISBN 978-1-55844-178-1, 2008, Кембриџ - Масачусетс.,

35. Хорнбергер , К. Батат , Ј и Кусек , П. Привлекување на СДИ: „ Колку е важно инвестициската клима ". 2011 година. Fq.33,

36. Данинг, Н., Мултинационални претпријатија и глобална економија , 1993,

37. Жак Морисет и Оливер Луменга Несо, административни бариери за странските инвестиции во земјите во развој,

38. ДИРЕКТНИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО КОСОВО - Стратегија за економска политика, животна средина и промоција, Влада на Косово,

39. Neequaye , Nii Амона; Oladi , Реза " животна средина , раст , и СДИ revisited ". Меѓународен преглед на економија и финансии, 2015 година,

40. Kalamova , Margarita "Животната средина, политика, строгост и странски директни инвестиции, " 2011,

41. Министерство за финансии (2019) - Министерство за финансии и проценки на макроекономската единица,

42. Јек М. Минц: Раст и даноци, некои импликации за економиите во развој, страница. 207. „Јавните финансии во земјите во развој и во транзицијата”,
43. УСАИД - Странски директни инвестиции: отворање работа во земјите во развој , 2007 година,
44. УНКТАД - „ Трендови и детерминанти на светски инвестициски извештај “ ,1998 година,
45. УНКТАД, Светски инвестициски извештај-транснационални корпорации, структура на пазарот и политика на конкуренција,
46. УНКТАД - Светски извештај за инвестиции - „ Транснационални корпорации , структура на пазарот и политика на конкуренција “, 1997,
47. Извештај од истражувањето, "Буџетски систем на Косово - политики и одржливост", спроведен од Институтот Риинвест; 12 јуни 2013 година; Приштина,
48. Марк Галагер и Анте Бабиќ, Поедноставување на даноците за работни места и раст, 2005 година, Хрватска,
49. "Економски и социјален развој на Косово, предизвик за политичка стабилизација на регионот", Словенија, јуни 2006 година,
50. Checklist for Foreign Direct Investment Incetive Policies, OECD 2003,
51. Риинвест, Приватизација во Косово, Напред и назад, 2004,
52. Риинвест, "Меѓународна конференција: приватизација на општествените претпријатија и реформа на јавните претпријатија во Косово", јуни 2002 година,
53. Централна банка на Косово (2017) - "Годишен извештај" КБК, Приштина, www.bqk-kos.org,
54. Втор форум на високо ниво за енергетика "Енергетска стратегија и либерализација на пазарот". Приштина, 18 април 2017 година,
55. Република Косово, Канцеларија на генералниот ревизор, Годишен извештај за ревизија 2014 http://oagrks.org/repository/docs/RVA-Eng_319961.pdf,
56. Task Force за европска интеграција (2011) - Материјал за дискусија за косовскиот правосуден систем,
57. CBK (2018) - Извештај за финансиска стабилност (2017), бр. 12, 13, www.bqk-kos.org,
58. Агенција за борба против корупцијата, извештај (2019) - https://akk-ks.org/
59. „Миграција и економски развој на Косово“, Светска банка, 2017 година

60. European Commission, " The Western Balkans in Transition", Occasional Paper No.5, Brussels, 2004,
61. Krugman R.P., Obstfeld M. ,"Internationals economics: Theory& policy", 8-th edition, 2009,
62. Kovac O., Platni bilans i medjunarodne finansije", CESMEKON, Beograd, 1988,
63. Gavrilovic-Jovanovic P.,"Medjunarodno poslovno finansiranje", Ekonomski fakultet-Beograd, 1994,
64. Maksimovic Lj., "Globalizacija i tokovi stranih direktnih investicija", Poslovna politika, Nacionalna strategija pridruzivanju i pristupanju EU, 2002,
65. Moosa A.I.,"Foreign Direct Investment, Theory, evidence and practice", Palgrave, New York, 2002,
66. Protic M., "Menadzment stranih direktnih investicija", Univerzitet Singidunum, Beograd, 2011,
67. Unkovic M., "Medjunarodna ekonomija", Univerzitet Singidunum, Beograd, 2010,
68. Гверовски М., Долгорочни ефекти од странски инвестиции, со посебен осврт на Република Македонија, докторска дисертација, Еномски факултет-Прилеп, 2003 год.,
69. Роческа С., Меѓународна трговија, Прилеп, 2003,
70. Кикеркова И., Надворешна трговија, Економски факултет, Скопје, 2008,
71. Пејковски Ј., "Мултинационални корпорации и стратегиски алијанси", Економски факултет-Прилеп, 2008,
72. G. Mohan, "Structural Adjustment Theory, Practice and Impacts", New York, 2000,
73. C. Jayarajah and W. Branson, " Structural Adjustment and Sectoral Adjustment - World Bank Experience, 1980-1992", D.C.: World Bank, Washington, 1995,
74. J. Harrigan, "Modelling the impact of World Bank policy-based lending: The case of Malawiís Agricultural Sector", The Journal of Development Studies, 1997,
75. R.Krugman Paul, Obsfeld Maurice, "International economics", Theory and Policy, 8 edition Addison - Wasley, Boston, 2009,
76. Несторовски, проф. д-р Методија, „Економија на инвестиции", Економски факултет, Скопје, 2002,
77. В.Л.Хил Чарлс„Меѓународен бизнис", Универзитет во Вашиннгтон (четврто издание),
78. J.Henderson, Z. Shalizi and A. J. Venables, "Geography and Development", Journal of Economic Geography, 2001,

79. J. Frankel and D. Romer, "Does Trade Cause Growth?", American Economic Review, 1999,

80. M. A. Clemens and J. G. Williamson," Protection's Impact the World Around 1875–1997", National Bureau of Economic Research, 2001,

81. R. Robertson, "Trade Liberalization and Wage Inequality: Lessons from the Mexican Experience," World Economy 23, 2000,

82. D. Robbins,"Evidence on Trade and Wages in the Developing World", OECD Technical Paper No. 119,

83. R. Feenstra and G. Hanson, "Foreign Investment, outsourcing and relative wages", MIT Press, Cambridge, 1996,

84. A. Krueger, H.B. Lary, T. Monson and N. Akrasanee, Trade and Employment in Developing Countries, Vol. 1: Individual Studies, Chicago, 1981,

85. Ћiroviћ Milutin "Strane direktne investicije – trendovi i strategije", Naucen sobir "Makroekonomskata politika vo oblasta na finansiite", Makedonska akademija na naukite i umetnostite, Ekonomski fakultet – Skopje, Skopje 2001 god.,

86. S. Kuznets, "Economic Growth and Income Inequality", American Economic Review 45,1955,

87. Fakhri Y.Kaddori, "Direct investment and joint ventures view of Arab experience", Proceedings of the Second World Scientific Banking Meeting, "International Finansing of Economic Development", Dubrovnik, 1982,

88. Gveroski m-r Miroslav i Geramitcioski d – r Bozidar "Mnozestvoto raznovidni investicioni motivi – kako dvizecki sili na razvojot", Medjunaroden naucen simpozium "Alternativite na razvojot vo zemjite od Jugoistocna Evropa – ekonomski i socijalni aspekti", vo organizacija na EF – Prilep, dekemvri 1998g.,

89. K. Scheve and M. Slaughter,"Economic Insecurity and the Globalization of Production", *NBER Working Paper* 9339,

90. Grose, Robert, "The Teory of FDI", Essaus in International Business, Columbia: Universitu of South Carolina, Center for International Bussiness Studies, 1981,

91. В.Л.Хил Чарлс„Меѓународен бизнис", Универзитет во Вашингтон (четврто издание),

92. Jovanovic-Gavrilovic d-r Predrag: "Medjunarodno delovno finansiranje", Ekonomski fakultet, Beograd, 1994 g,

93. Milutin Cirovic: "Oblici priliva stranskog kapitala", Finansije, januari, 1997 god.

94. Foreign Direct Investment in Central and Eastern Europe, Polices and Trends in Fourteen Economies in Transition, OECD, Paris, 1994

95. УНДП, КРХС 2010 и КРХС 2011 година, „Студија за дознаки од странство во Косово‟

96. World investment report - New York and Geneva,2010,

97. Каплан и Нортон, 1992

98. Џозеф Стиглец: „Противречности глобализације‟ Социјална мисао, 2002

99. Holm, Hans-Henrik and Georg Sorensen "Introduction: What has changed", 1995

100. Holm, Hennk and Georg Sorensen " Introduction: What has changed", 1995

101. Biersteker, Thomas,"The 'Triumph' of Liberal Economic Ideas in the Developing World", New York: Cambridge University Press,.1995,

102. Biersteker, Thomas,"The 'Triumph' of Liberal Economic Ideas in the Developing World", New York: Cambridge University Press,.1995,

103. James H Mittelman," Globalization: Critical Reflections", Boulder, Colo.: Lynne Rienner Publishers ,1996;

104. E.Wallerstein, "The Modern World System: Capitalist Agriculture and the Origins of the European World Economy in the 16th Century" , New York: Academic Press, 1974

105. Pavicević, P., Petrović, V., Pantelić, I., Sitarski, M. & Milovanović, G. (2002). The Aspects of Globalization. Center for Research of Information Technologies, Belgrade Open School, 2002.

106. Kraay and D.Dollar,"Trade, Growth and Poverty", World Bank, 2000

107. UNCTAD, "UNCTAD Handbook of Statistics", New York, 2000

108. UNCTAD, "Trade and poverty", Geneva,2004

109. World Bank, " World development report", 2000

110. M. Porter, "Clusters and the New Economics of Competition", Harvard Business Review, 1998

111. Gore. C., "The Rise and Fall of the Washington Consensus as a Paradigm for Developing Countries, 2000,

112. J.E. Stiglitz, " Two Priciples for the Next Round: Or How to Bring Developing Coutries in from the Cold ", Geneva, 1999;

113. J. Stiglitz,"Must Financial Crises Be This Frequent and This Painful?," McKay Lecture, Pittsburgh, Pennsylvania, 23 September 1998;

114. World Bank,. World Development Report 199912000, New York: Oxford University Press for the World Bank, 2000;

115. Antevski, Miroslav, *Regionalna ekonomska integracija u Evropi*, Beograd, Универзитет Сингидунум, 2008,

116. Извештај за меѓународната инвестициона позиција на Република Македонија (2010 година), септември 2011 година, Народна банка на Република Македонија;

117. Кикеркова, проф. д-р Ирена, „Меѓународна економија", Економски факултет, Скопје, 2003,

118. Graham, 1995,

119. Милорад Унковиќ, Меѓународна економија, Основни појмови о међународној трговини (глава 1), Универзитет Сингидунум, 2010, петто допуњено изд.,

120. R.E. Lucas, "Why Doesn't Capital Flow from Rich to Poor Countries?", American Economic Review Papers and Proceedings,1990;

121. R.E. Lucas, "Some Macroeconomics for the 21st Century", Journal of Economic Perspectives, 2000,

122. Мирослав Антевски, Регионална интеграција у Европи, Веоград, 2008,

123. Zelenkov Branko, "Ekonomskata kriza i reformite vo Republika Makedonija", Skopje, 1997 god.

124. Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org,

125. Правило 2005/18 за изменување и дополнување на Регулативата 2002/12 за основање на Агенцијата за приватизација

126. Централна банка на Косово (2015) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 3, Приштина. www.bqk-kos.org

127. Централна банка на Косово (2018) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 13, Приштина.

128. Централна банка на Косово (2018) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 13, Приштина. www.bqk-kos.org

129. Централна банка на Косово (2017) - "Извештај за финансиска стабилност" бр. 12, Приштина. www.bqk-kos.org

130. Централна банка на Косово (2016) - "Извештај за макроекономски движења" бр. 4, Приштина. www.bqk-kos.org

131. Странски директни инвестиции: водач за одржлив развој, кон Самитот на Земјата 2002, Економски брифинг, Серија бр.1.

132. World Investment Report, UNKTAD - 1998 год

133. Babiħ d – r Blagoje: "Strani privatni kapital i razvoj nerazvijenih zemalja", Institut za medunarodnu politiku i privredu, Beograd, 1982.,

134. John – ren Chen, Foreign Direct Invstment, University of Innsbruck, Austria, 2000 y.

135. FDI and the Challenge of development, Chapter VIII, World Investment Report 1999,

136. Generating Employment and Strengthening the Skill Base Chapter IX – UNCTAD World Investment Report – 1999,

137. Geramitcioski d–r Bozidar: "Naucno – tehnickiot progres kako determiniracki element na strukturnite promeni vo razvojot", Medjunarodno naucen simpozium na tema: "Strukturnite promeni i razvojot na zemjite vo tranzicija", Univerzitet "Sv. Kliment Ohridski", - Bitola, 21 - 23 juni 1995 god.

138. Vasilevic d-r Vidoje: "Naucni i tehnoloski progres", Univerzitet u Beogradu - Ekonomski fakultet, Beograd, 1996 god.

139. World Investment Report 1991,

140. Nestoroski d-r Metodija: "Sozdavanje uslovi za povolna investiciska klima", Naucen sobir, "Investicii i finansiranje na razvojot vo Republika Makedonija", Fondacija "Fridrih Ebert" Skopje, 1997 g.

141. Nacionalna strategija za ekonomski razvoj na RM, MANU, Skopje, 1997 g.,

142. Jacques Morisset & Oliver Lumenga Neso, Administrative Barriers to Foreign Investment in Developing Countries

143. Анкета за бизнис ефикасност на претпријатија (BEEPS),

144. Извештаи за напредокот на Косово за 2013, 2014 и 2015 година.

**Закони и подзаконски акти**

1. Закон бр. 04/L-093 за банки, микрофинансиски институции и небанкарски финансиски институции
2. Закон бр.05/L-037 за данок на додадена вредност (http://www.atk-ks.org/legjislacioni/ligjet/)
3. Управна упатство МФ- бр.03 / 2015 за спроведување на законот бр.05 / Л-037 за данок на додадена вредност
4. Закон бр. 05/L-28 - Закон за персонален данок на доход (http://www.atk-ks.org/legjislacioni/ligjet/)
5. Административна упатство МФ-бр. 01/2016 година за спроведување на законот бр. 05 / L-029 за персонален данок на доход
6. Закон бр. 05 / L-029 за данок на добивка
7. Административна упатство МФ-бр. 02/2016 за спроведување на Законот бр. 05 / L-029 за данок на добивка
8. Закон бр. 06 / L-016 за компании

**Веб страници и линкови**

1. www.oecd.org
2. www.hbn.hr
3. www.worldbank.org
4. www.unctad.org
5. www.wto.org
6. www.bqk-kos.org
7. www.yased.org.tr
8. www.imf.org
9. www.un.org
10. www.wto.org, Agreement on Rules of Origin, Apr. 15, 1994
11. https://globalizacijaveljkoperovic.wordpress.com/2017/05/11/istorijski-koreni-globalizacije/
12. http://portal.sinteza.singidunum.ac.rs/Media/files/2015/345-348.pdf
    https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/0148296394000135

13. https://www.nationalgeographic.rs/reportaze/clanci/12200-marsal-makluan-covek-koji-je-1962-godine-predvideo-internet.html
14. https://akk-ks.org/sr/lajmi_i_plote/875
15. https://eeas.europa.eu/delegations/kosovo/55282/node/55282_mn
16. https://rm.coe.int/16806ef2dfhttp://www.psh-ks.net/repository/docs/Action_Plan_-_Corruption.pdf
17. https://www.koha.mk/tatimet-ne-shtetet-e-rajonit-maqedonia-me-ngarkese-mesatare-tabela
18. http://krex.k-state.edu/dspace/bitstream/2097/1116/1/XiaobaoDang2008.pdf
19. http://www.unctad-docs.org/files/UNCTAD-WIR2011-Full-en.pdf
20. https://www.visualcapitalist.com/mapped-foreign-direct-investment-by-country/
21. http://bruegel.org/wp-content/uploads/2018/02/PC-04_2018.pdf
22. http://documents.worldbank.org/curated/en/477511510774559876/pdf/121417-WP-PUBLIC.pdf
23. http://www.ekof.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2014/10/Rad-51.pdf?mlang=lat
24. https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/mswl_sectorial_strategy.pdf
25. https://www.usaid.gov/sites/default/files/documents/1863/CDCS_Kosovo_2014_SRB.pdf
26. https://globalizacijaveljkoperovic.wordpress.com/2017/05/11/istorijski-koreni-globalizacije/
27. http://www.imf.org/external/np/exr/facts/prsp.htm
28. http://www.nbrm.mk/?ItemID=A94F74106868704D973CB7FBCA7EDCE0
29. Косовски обвинителски совет, зголемување на Акциониот план и ефикасност на обвинителскиот систем во борбата противкорупција, стр. 3. Линкови: http://www.psh-ks.net/repository/docs/Action_Plan_-_Corruption.pdf